УЧЕБНИК ЗА ПРВА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА I

д-р Веселинка Лаброска
м-р Емилија Величкова
м-р Тања Андонова-Митревска
Наташа Ацевска

lamina

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА I, учебник по предметот Македонски јазик и литература за I (прва) година гимназиско образование
Авторски права © 2025, Арс Ламина – публикации

Издава
Арс Ламина – публикации, Скопје 2025

Главен уредник
Бранка Бугариска

Уредник
Бисера Бендевска

Автори
д-р Веселинка Лаброска
м-р Емилија Величкова
м-р Тања Андонова-Митревска
Наташа Ацевска

Јазична редакција
Васка Чоневска

Стручна редакција
проф. д-р Владимир Мартиновски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,
Филолошки факултет „Блаже Конески"
проф. д-р Снежана Петрова-Џамбазова, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје

Рецензенти
проф. д-р Марина Спасовска – УТ – Филолошки факултет – Тетово
Роска Јовановиќ – СУГС Гимназија „Раде Јовчевски Корчагин" – Скопје

Графичко и техничко уредување
Арс Ламина – публикации

Дизајн
Pointer Creative Agency

Печати
Бранко Гапо – графичко производство, Скопје 2025

Тираж
4500

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена согласност од издавачот.

Овој учебник е одобрен за употреба во средното гимназиско образование, со Одлука за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Македонски јазик и литература за I (прва) година гимназиско образование број 26-944/1 од 27.08.2025, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.

ПРЕДГОВОР

Почитувани наставници и ученици,

Пред да почнете со читање и спознавање на овој учебник што е пред вас, за миг размислете за сето она што сте го научиле досега. Сте слушале информации од различни извори, сте дозволиле тие информации да дојдат до вас, а пораките што пристигнувале до вас некој ги испратил со одредена цел.

Живеете во време кога комуникациите се сè подостапни, полесни, а, сепак, се случува да наидете на пречка при комуникација со некоја личност, било позната или непозната. Затоа, за да ви помогнеме на некој начин да го пронајдете вистинскиот збор, во вистинското време и на вистинското место, создадовме не само учебник по македонски јазик и литература, туку и едно помагало што ќе ви помогне да сфатите дека зборот е најсилното оружје на поединецот, особено кога е правилно употребен и насочен.

Овој учебник нема да биде само помош за добра оценка, туку и помош при проширување и продлабочување на знаењата за македонскиот стандарден јазик, како средство за комуникација и како основно идентификациско средство, а истовремено и за применување на стекнатите знаења во соодветен јазичен контекст. Во него ќе наидете на мноштво информации што ќе ви помогнат да ги примените вештините за самостојна анализа и интерпретација на литературни дела од различни автори, епохи и правци. Не оставајте другиот до вас да ја знае вистината и точноста на податоците што ви се потребни за лесно и едноставно, на критички, аргументиран начин да ги вреднувате литературните дела, проблемските ситуации, општествените и уметничко-културните појави и настани преку сопствени ставови и мислења. Со лесноТијата што ја нуди мајчиниот јазик, читајте ги сите информации што ви ги даваме во овој учебник и обидете се да ги врежете во вашата меморија за цел живот.

Научете како полесно да ги перципирате новите сознанија, дозволете им на другите личности да сознаат каква личност стои пред нив, помогнете си во одредени ситуации, кога не можете или не сакате да барате помош од друг. Молкот не значи секогаш неукост. Во поголем број ситуации значи разумност, која треба да ја поседувате. Научете вистински да ги употребувате зборовите: молам, благодарам, повелете, разбирам, веднаш, извинете...

Ниту едно учење во текот на животот не е бесполезно, па затоа ако ја усвоите содржината на овој учебник на вистински креативен начин, новите знаења лесно ќе се сместат во поширокаТа основа на знаења, која е потребно токму сега да ја изградите.

Со почит,
Авторките

СОДРЖИНА

ТЕМА 1: ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

1.1 ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК 10
Наука за јазикот 10
Комуникација 10
Видови комуникација 10
Јазикот како средство за комуникација 11
Учесници во комуникацискиот акт и функции на јазикот 12
Вештачки јазик и природен јазик 13
Дијалектен јазик и стандарден јазик 14
Македонскиот јазик во групата на јужнословенските јазици 16
Историски развој на македонскиот јазик 20
Почетоците на словенската писменост 20

1.2 ГРАМАТИКА 28
Фонетика и фонологија 28
Поделба на гласовите 29
Гласовни промени 30
Едначење на согласките по звучност 31
Испуштање на гласовите (елизија) 33
Акцент 35
Акцентот кај зборовите од туѓо потекло 37
Акцентски целости 39
Правопис и правоговор 43
Употреба на голема и на мала буква 44
Слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите 46
Правописни знаци 49
Скратеници (акроними) и скратувања (кратенки, абревијации) 57

1.3 СЛУШАЊЕ, ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ 70
Слушање и читање со разбирање 70
Пишување текстови за официјална (формална) и за неофицијална (неформална) комуникација 75
Текстови за официјална комуникација 75
Молба, барање 75
Писмо (деловно) 77
Електронско писмо (е-порака) 77
Понуда 78

Биографија (CV/сиви) 79
Мотивациско писмо 80
Извештај 81
Текстови за неофицијална (приватна) комуникација 82
Приватно писмо, напишано на хартија и пратено по пошта (класично писмо) 82
Е-порака во група 83
Е-порака до другар/другарка 83
Користење табели, графикони и други шематски прикази 84

ТЕМА 2: ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

2.1 ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРА 88
Литературата како уметност 88
Мит и митологија 90
Поделба на литературата 92
Лирика 96
Одлики на лириката 96
Структура на лирска песна 96
Лирски субјект 97
Стих 99
Строфа 102
Ритам 105
Рима 105
Лирски видови 106
Мотивска класификација на лириката 109
Љубовна лирика 109
Социјална лирика 110
Описна или пејзажна лирика 111
Религиска лирика 112
Патриотска лирика 113
Дијалектна лирика 113
Рефлексивна лирика 114
Стилски изразни средства (Фигуративен јазик) 116
Стилски изразни средства 117
Фигури на дикција 118
Фигури на конструкција 120
Фигури на зборот 121
Фигури на мисла 124
Епика 130
Одлики на епиката 130
Епски видови во стих и во проза 135

Епика во проза 136
Лирско-епски видови 146
Драма 150
Драмски елементи 152
Драмски видови 154
Видови комедии 155
Литературно-научни видови 163
2.2 ИСТОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРА 174
Периодизација на литературата 174
Најстарите литератури 174
Сумерско-вавилонска литература 179
„Гилгамеш" 179
Старогрчка литература 192
Хомер 193
Софокле 199
Аристофан 207
Словенска писменост и литература 215
Општествено-историски услови за појава на словенската писменост и литература 215
Св. Кирил и Методиј 216
Животописот на светите браќа Кирил и Методиј 216
Книжевната дејност на Св. Методиј 217
Мисионерската дејност на Св. Константин – Кирил Филозоф 218
Книжевна дејност 219
„Панонски легенди" 221
Литературни аспекти на „Панонските легенди" 221
Композициски аспекти на житијата на Св. Кирил и Методиј 222
„Панонските легенди" и мисиите на браќата Св. Кирил и Методиј 224
Св. Климент Охридски 227
Средновековната книжевност по смртта на браќата Св. Кирил и Методиј 227
Животописот на Св. Климент Охридски 227
Охридска книжевна школа 228
Творештвото на Св. Климент Охридски 228
Климентовата книжнина 229
Поучителните слова на Св. Климент Охридски 229
Похвала на нашиот татко и учител словенски Св. Кирил Филозоф 231
Црноризец Храбар 234
Интерпретација на „О писменех" (За буквите) 235
Средновековни книжевни школи 238
Средновековни книжевни жанрови 239
Воспоставување на средновековниот книжевен жанровски систем 239
Хагиографија – житие 239

Апокрифи 241
Средновековна белетристика 242
Македонска народна литература 246
Народното творештво кај Јужните Словени 246
Одлики на македонската народна литература 247
Собирачката дејност на народни умотворби во Македонија 247
Македонска народна поезија 248
Македонска народна проза 256
Одлики на македонското народно творештво 259
Хуманизам и ренесанса 261
Појава, особености, претставници 261
Данте Алигиери 262
Франческо Петрарка 270
Џовани Бокачо 272
Мигел де Сервантес 277
Вилијам Шекспир 282
2.3 ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ 290
Усно изразување или говорење 290
Куса историја на говорењето 290
Видови усно изразување/говорење 291
Есеј 294
Настанување на есејот како писмена форма на изразување 294
Видови есеи 294
Етапи (чекори) во пишување есеј 295
Креативно пишување 300
Настанување на креативното пишување како писмена форма на изразување 300
Видови форми креативно пишување или креативни стилови на пишување 300
ТЕМА 3: МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ
3. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ 310
Факти и мислења 310
Извори на информации 313
Проверка на факти 317
Пристрасност и манипулација во медиумите 319
Дезинформации и лажни информации 322
Манипулација со слики и видеа 325
Онлајн дебати и говор на омраза 327
РЕЧНИК НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ 330
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 333

Тема 1

ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

Јазикот е основно средство за комуникација. Тој е природна дарба на луѓето, но за да се научи да се зборува, се потребни општествени предуслови. Ако детето нема во својата најблиска околина луѓе кои ќе му зборуваат, тоа нема да го научи јазикот, односно ќе научи да изговара само звуци што ги слуша од природата. Следствено, самото учење јазик е комплексна работа и затоа секој родител или старател е должен да му зборува на детето за да го научи на мајчиниот (татковиот) јазик. На кој јазик ќе зборува едно човечко суштество, зависи од тоа во која средина расте, а не од неговите биолошки корени. Науката што го изучува јазикот како средство за комуникација, со сите негови општи и поединечни особености се вика лингвистика. Во овој дел од предметот Македонски јазик и литература ќе бидат дадени основните карактеристики на јазикот како средство за комуникација (општење). Ќе бидат објаснети јазичните функции и различните видови комуникација меѓу луѓето.

Македонскиот јазик како мајчин јазик и како јазик што претставува средство за разбирање на сите народи што живеат во нашата држава е централен предмет на анализа во овој учебник.

Објаснети се следниве значајни факти од историскиот развој на македонскиот јазик: местото на македонскиот јазик во големото словенско јазично семејство, поделбата на словенските јазици, поимот прајазик, историскиот развој на македонскиот јазик, видовите азбуки на кои порано се пишувало, црковнословенскиот период, дамаскинарската литература и влегувањето на народниот јазик во пишаните текстови. Дадени се и основните особености на македонскиот јазик што го прават единствен во големото јазично семејство на словенските јазици.

На планот на стандардниот македонски јазик се почнува со Фонетиката и фонологијата, како науки за најмалата јазична единица – гласот односно фонемата, а потоа се истакнуваат гласовните промени специфични за македонскиот стандарден јазик. Карактеристиките на акцентот и специфичните акцентски целости се обработени во посебен дел. Во поглед на правописните правила, се задржуваме на: Голема и мала буква, Слеано и разделено пишување и Скратеници. Во посебен дел, ќе добиеш и насоки за пишување одделни видови текстови за официјална и за неофицијална комуникација.

Успешна работа!

Резултати од учењето

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- да ја објаснуваш улогата на јазикот како средство за ефективна интеракција;
- да толкуваш историски и лингвистички аспекти на развојот на македонскиот јазик и да ги наведуваш неговите карактеристики;
- да применуваш правилно акцентирање во говорењето;
- да ги применуваш правописните правила при пишувањето (правила за употреба на голема буква, мала буква, слеано и разделено пишување, скратеници и скратувања и примена на правописните знаци);
- да слушаш и да читаш со разбирање;
- да креираш текстови за официјална и за неофицијална комуникација во различни контексти;
- да разбереш дека ефикасната комуникација зависи од приспособувањето на јазичната употреба во различни контексти, форми и средини;
- да разбереш дека говорењето на стандарден македонски јазик и пишувањето со следење на правописните правила придонесува за лична и за професионална реализација.



Автор на фотографијата: Бранка 88

1.1 ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Наука за јазикот

Комуникација

Комуникација (општење) претставува споделување или размена на информации, идеи или чувства. Таа не е еднонасочен процес бидејќи е потребно пораката (содржината што се пренесува) да пристигне до одредената цел за да дојде до комуникација.

Комуникацијата е свесна активност на размена на знаци и мисли преку кои луѓето се разбираат, а воедно се поттикнуваат едни со други на одреден вид акција.

Зборот комуникација значи интеракција или општење да се направи нешто општо или заедничко.

Комуникацијата е обично опишана преку три главни димензии: содржина, форма и цел. Заедно, содржината и формата на комуникацијата ја креираат пораката што се испраќа кон соговорникот со одредена цел. Комуникацијата е секојдневна, вообичаена активност. Таа е неопходна во сите процеси во коишто се пренесуваат какви било информации.

Видови комуникација

Комуникацијата како процес е свесна активност и ги опфаќа сите средства и методи со кои луѓето пренесуваат информации. Без разлика дали станува збор за усна или писмена, формална или неформална, комуникацијата оди преку различни канали и во различни насоки, со една цел: **меѓусебно разбирање.**

Во зависност од тоа дали примачот може да одговори на информацијата или не, разликуваме **заемна** комуникација, каде што примачот ја добива информацијата и може да одговори, односно да реагира на неа, но и **еднонасочна** комуникација, каде што примачот само ја добива информацијата, но не одговара, не реагира на неа од различни причини. Пример за еднонасочна комуникација е комуникацијата меѓу јавните медиуми (телевизија, радио, разни портали на интернет, поткасти и сл.) и слушателите. Исклучок се контактните емисии каде што комуникацијата е заемна.

Во зависност од бројот на учесниците, комуникацијата може да биде меѓу две или повеќе лица и се нарекува **интерперсонална** или лицето може да комуницира самото со себе и тогаш се нарекува **интраперсонална** комуникација.

Кога комуникацијата се одвива меѓу лица што се присутни едни покрај други, односно „во живо", тогаш се работи за **непосредна** комуникација, а кога се комуницира преку некое средство (телефон, компјутер, класично писмо, јавни медиуми и др.), тогаш се работи за **посредна** комуникација. Определбата „непосредна" кај комуникацијата е условно кажана бидејќи сосем непосредна (без воздухот што ги пренесува звучните бранови како посредник) е само телепатијата, но, во принцип, сметаме дека непосредно е кога испраќачот и примачот се физички присутни на исто место и комуницираат.

Во зависност од начинот на комуницирање, од тоа дали се зборува, односно дали во општењето се употребува човековиот говор или не, се јавуваат следните форми: **вербална** (зборовна) и **невербална** комуникација.

Вербална комуникација

Оваа форма на комуницирање се остварува преку изговорени или напишани зборови.

Таа може да биде лице в лице, преку телефон, преку видеоконференциски систем. Писмената форма на комуницирање може да биде во форма на писмо, меморандум, извештај, електронска порака и слично.

Невербална комуникација

Таа е начин на кој луѓето комуницираат без зборови, намерно или ненамерно. Невербалното општење се користи за: изразување емоции, покажување ставови, израз на особината на личноста и слично. Невербалните знаци вклучуваат: израз на лицето, тонот на гласот, гестови, положба на телото, поглед и друго. Еден вид невербална комуникација е и користењето емотикони во електронската комуникација.

Јазикот како средство за комуникација

Јазикот како средство за комуникација е стар толку колку што е старо и човештвото. Јазиците се развиле во различни делови на светот и затоа постојат различни јазици, а не само еден јазик. Првите јазици на кои зборувале луѓето, пред околу 100 000 години, биле едноставни, постоеле зборови само за она што ги опкружувало луѓето или што се однесувало лично на нив: делови на човечкото тело, потреби за преживување, како што се храната и спиењето, имиња за најблиските од заедницата и сл. Затоа во лингвистиката како наука за јазикот се смета дека во основниот фонд на зборови спаѓаат токму зборовите со кои се именуваме себеси и она што го гледаме околу себе. Најпрво имало зборови за конкретните реални нешта што се видливи, а дури потоа за нештата што се невидливи и се дел од нашите мисли и чувства и од нашата претстава за светот околу нас (религија, обичаи, култура и др.).

Со текот на развојот на општеството и на начините на кои живеел човекот, се јавувала потреба од посложени именувања на нештата, па почнале да се изведуваат зборови од веќе постојните или да се смислуваат нови. На тој начин јазиците се збогатувале, растел бројот на зборови во човековите јазици, а со тоа се овозможувала полесна комуникација, односно разбирање – општење меѓу членовите на една заедница.

Еден **јазик** претставува збир од договорени знаци, но воедно е општествена појава затоа што тој се појавува како потреба на еден колектив да комуницира, да се разбира меѓусебно. Според теориските согледувања, од природата на јазикот произлегуваат двете основни функции на јазикот, а тоа се **комуникативната** (заемно општење) и **спознајната** функција (дразбите што човекот ги прима од околината ги претвора во зборови, односно вербално ги материјализира во својата глава), кои се во тесна врска со другите функции на јазикот, кои, пак, се остваруваат во усна (говорена) и писмена (пишувана) форма. Денес и усната и писмената форма можат да се реализираат: 1) на класичен начин – директна усна

комуникација или пишување на хартија и 2) во електронска форма, при што модерните системи за електронска комуникација пренесуваат информации директно или одложено и во усна форма (телефонски разговор, Вибер, Телеграм, Тимс, снимен разговор) и во писмена форма (електронска порака преку различни медиуми, којашто може да стигне до примачот веднаш или по извесен период). При употреба на секоја од формите, доаѓаат до израз различните особености на јазикот.

Знакот е најважниот елемент на општењето. Знакот е израз да ѝ се даде смисла на намерата. Секогаш се восприема со определено човеково сетило (за вид, за слух или за допир): се гледа, се слуша, се допира. Тој може да биде испратен со намера, цел и се нарекува **симбол** (поздравување некоја личност, ѕвонче што означува почеток или крај на часот...) или ненамерно испратен, кој уште се нарекува **сигнал** (појавување ѕвезди на небото, ненадејна насмевка при средба со драга личност, зацрвенување на лицето кога се срамиме од нешто и сл.).

- Науката што ги проучува знаците се вика **семиологија**.
- Науката што го проучува човековиот јазик се нарекува **лингвистика**. Таа го проучува јазикот како систем од знаци за комуникација во сите негови реализации.

За да се реализира знакот, е потребна одредена материја. Знакот се состои од два дела: означеник (поимот – претставата во нашите глави за предметот во стварноста) и означувач (она со што се означува тој поим: низата од гласови и сл.). Пример, за предметот креда имаме знак КРЕДА, кој се состои од поимот во нашите глави оформен како збор со низата од гласови: К + Р + Е + Д + А. Изборот на овие гласови е произволен (немотивиран), но за да стане знакот разбирлив (за да има општење, комуникација), тој мора да стане задолжителен (договорен) за дадена јазична заедница. Објектот што постои во конкретната стварност се вика референт (предмет, содржина).

Јазикот е едноставно, воедно и сложено средство за комуникација. Едноставноста ја поврзуваме со способноста за секојдневно комуницирање со средината во која живееме, а сложеноста, пак, со познавањето на јазичните законитости. Некои од нив ги стекнуваме спонтано, додека за некои треба да се потрудиме да ги совладаме. Културата на јазичниот израз на секој говорител на стандардниот јазик најмногу се стекнува преку образовниот систем.

Учесници во комуникацискиот акт и функции на јазикот

За да се реализира комуникациски акт, потребни се: **испраќач, примач, порака, предмет**, (референт, содржина), **код** (јазик) и **медиум** (канал, контакт). Во зависност од тоа на кој од овие учесници во комуникацискиот акт се однесува, главно, конкретниот јазичен израз, разликуваме шест функции на јазикот: **предметна (референцијална), конативна, емотивна, фатичка (контактна), метајазична и поетска функција**.

Шема на учесниците во комуникацијата:

Форма (код, јазик)

Испраќач - - - - <канал> - - - - **порака** - - - - <канал> - - - - **примач**

Предмет на пораката (содржина)

Пример: Марко му праќа електронска порака на Јане: *Имам нов мобилен телефон.*

Испраќач: Марко

Примач: Јане

Предмет (содржина) на пораката: *Имам нов мобилен телефон.*

Форма на пораката: *Имам + нов + мобилен + телефон.* = реченица од 4 збора, составени од 21 фонема, поврзани во низа според граматичките правила на македонскиот јазик.

Канал за да се испрати оваа порака е интернетот или кабелот што пренесува електронски податоци.

Јазичната функција во оваа порака е **предметна**, односно **референцијална** (кажуваме за нешто – предмет, суштество и сл., во конкретниов случај – за новиот телефон).

Конативна функција е кога испраќачот бара нешто од примачот и му се обраќа директно: *Донеси ми чаша вода!*

Емотивна функција е кога испраќачот зборува за своите емоции: *Многу сум среќен!*

Фатичка (контактна) функција е кога испраќачот се обидува да воспостави контакт со примачот: *Ало, Сузана, ти ли си?*

Метајазична функција имаат сите реченици со кои се објаснува нешто за самиот јазик. Пример за реченица со метајазична функција: *Македонскиот јазик има седум сонанти.*

Зборот **метајазик** доаѓа од грчкиот збор *мета* (што овде значи 'над, повисоко') и зборот јазик. Метајазикот се користи над обичниот јазик за да го опишеме научно, т. е. лингвистички, но и да учиме некој јазик, па така, кога детето учи да зборува, поставува прашања, како на пример: *Мамо, што е ова?* (ја покажува калинката на масата), а мајката одговара: *Тоа е калинка*. Овие реченици имаат метајазична функција.

Поетска функција се јавува кога јазикот го користиме за пишување убави творби (белетристика), т. е. поезија, расказ, роман и сл. Кај оваа функција самата порака е во центарот на вниманието. Пример: *Везилке, кажи како да се роди проста и строга македонска песна...* (извадок од песната „Везилка" од Блаже Конески).

Дискусија:

1. Дали во епските народни песни има и други јазични функции, освен поетската?
2. Која јазична функција преовладува во лирската поезија?
3. Пронајди стих од народна песна каде што е одразена конативната јазична функција.

Вештачки јазик и природен јазик

Живите сродни јазици, но и постарите јазици за кои постојат зачувани текстови во писмена форма, служат за реконструкција на јазикот предок, односно за јазикот што бил нивни извор. Прајазикот се реконструира врз основа на белезите од јазиците што се развиле од него, односно врз белезите на сродна група јазици. Во принцип, не можеме да реконструираме јазик, ако не постојат зачувани записи и пишувани текстови за него, но можеме научно да

претпоставиме како изгледал некој прајазик, врз база на споредби на неговите живи наследници. Така, за словенското јазично семејство претпоставуваме дека прајазик бил прасловенскиот јазик, кој не е писмено зачуван, но правиме негова реконструкција.

Всушност, **природниот човеков јазик** се развивал низ спонтан процес во една човечка заедница, во подолг или во покус временски период. Природниот јазик се покажува низ народните говори на еден народ и уште се нарекува национален или општонароден јазик. Тој ги чува своите генетски особини, добиени од прајазикот од кој е настанат, но стекнува и други особини, предизвикани од контактите со население коешто зборува на друг јазик.

Наспроти природните јазици, во светот постојат и **вештачки јазици**, кај кои нема природен пат на развиток и чување на изворните белези. Всушност, овие јазици се помошни јазици за комуникација, тие содржат одделни белези од природните, но не се совпаѓаат со ниту еден од нив. Нивната употреба е најчесто да се пренесе нешто тајно, кодирано или, пак, потребата да не биде споделена и сознаена информацијата за поголема популација, но и можност за учење јазик што има поедноставни и еднозначни правила и форми (*есперанто, волапик, идо* и други). Овде спаѓаат и техничките јазици, но и тајните јазици што во минатото биле специфични за некои професии во Македонија: сидарски (бошкачки, форнички), папуџиски, терзиски и др.

Пример за реченица на есперанто: Maria manĝas pomon. = Марија јаде јаболко.

Дијалектен јазик и стандарден јазик

Дијалектот е средство за комуникација на определена територија. Тој се појавил како резултат на територијалната раслоеност на јазикот. Повеќе дијалекти со сродни јазични особености прават поголема целина наречена група говори, а повеќе групи говори прават наречје. Сите наречја на даден јазик го прават општонародниот јазик, што се протега на целата говорна територија. За да се направи стандарден јазик, се избира еден говор или група говори како основа за стандардот, а потоа се пропишуваат правила, на граматичко, на правописно и на правоговорно рамниште и се прави избор на азбуката со која ќе се пишува на дадениот стандарден јазик. Лексиката на стандардната форма на даден јазик се зема од неговите дијалекти, и, каде што е потребно, гласовно се приспособува според зацртаните гласовни и граматички правила. Значи, дијалектите се основа за стандардниот јазик. И во периодот на донесување на правилата за стандардниот јазик, но и потоа, дијалектите се изворот за неговото збогатување со нови зборови. По извесен период дијалектот се менува од различни јазични или нејазични (општествени) фактори, па тој може да се стопи со друг дијалект или да исчезне, под влијание на стандардниот јазик на дадена територија. Државите што имаат стандарден јазик во текот на подолг временски период, веќе имаат помалку дијалекти отколку во минатото, како што е, на пример, Полска. На македонската јазична територија убаво се чуваат различните дијалекти кои се групирани во 3 различни дијалектни наречја: западно, југоисточно и северно наречје, иако и тие подлежат на свој сопствен развој, во зависност од опкружувањето, од стандардниот јазик и сл.

Стандардниот јазик е белег на една нација со кој таа се изделува од другите нации. Тој ја олеснува комуникацијата со оглед на воспоставените и усвоените правила што е потребно да се почитуваат од сите членови на заедницата при официјално општење. Секоја единка е заслужна за збогатувањето и за продолжувањето на усното пренесување на традицијата, на културните и материјалните вредности на својата нација, а со тоа го продолжува времетраењето на својот мајчин јазик, односно го спречува неговото исчезнување.

Секој говорител треба добро да го познава стандардниот јазик (неговата граматика, правописот и лексиката), бидејќи само така непречено ќе извршува секојдневна официјална комуникација и притоа ќе го почитува главното идентификациско обележје на својот народ, а тоа е мајчиниот јазик.

Дијалектите и стандардниот јазик функционираат во постојан заемен однос и тој заемен однос придонесува да се создаваат и да се прифаќаат нови зборови од дијалектите во стандардниот јазик, што ја отсликуваат јазичната колоритност и му даваат специфичен белег на одреден јазик.

Запомни!

Комуникацијата е свесна активност на размена на знаци како израз на нашите мисли и чувства преку кои луѓето се разбираат, а воедно се стимулираат едни со други на одреден тип акција. Зборот 'комуникација' значи да се направи нешто општо или заедничко. Во зависност од бројот на учесниците во комуникацијата таа може да биде интерперсонална и интраперсонална, а во зависност од тоа дали има некое средство преку кое се одвива комуникацијата или таа се одвива директно, имаме посредна и непосредна комуникација. Ако во комуникацијата примачот може да реагира на пораката, таа е заемна, а ако примачот не може да реагира, комуникацијата е еднонасочна. Во зависност од начинот на комуницирање, од тоа дали се зборува, односно, дали се употребува човековиот говор во комуникацијата или не, се јавуваат следните форми: вербална (зборовна) и невербална комуникација. Јазикот е едноставно, воедно и сложено средство за комуникација. Неговите основни функции се комуникативната и спознајната. Стандардниот јазик е белег на една нација и со негова помош таа се изделува од другите нации. Дијалектот е средство за неформална (домашна) комуникација на ограничена територија.

Прашања и задачи:

1. Каква комуникација остваруваме кога го местиме алармот на телефонот да нè разбуди наутро? Дополни со сопствени примери и за другиот вид комуникација!
2. Посочи примери за вербална и за невербална комуникација, соодветно на дефинициите.
3. Каков вид комуникација е ако контактираш со некој модел на вештачка интелигенција (Чет-ГПТ, Гемини, Дипсик и др.)? Заемна и интерперсонална или...?
4. При изучување нов јазик се употребува систем од знаци и азбуката на соодветниот јазик. Кој систем од знаци ќе го употребиш при решавање математички задачи?
5. Направи вежба при која ќе употребиш сигнали и симболи!
6. Дискусија: Дијалектен, стандарден јазик или јазик со помош на емотикони (дали станува збор за вештачки јазик?)!
7. Колку наречја формираат македонските дијалекти? Дали тие се менуваат низ времето?
8. Прашај ги постарите членови во твоето семејство дали слушнале за тајните професионални јазици на сидарите, терзиите и на други занаетчии во минатото? Дали тие јазици биле природни или вештачки? Дали младите генерации имаат свои тајни јазици?

Македонскиот јазик во групата на јужнословенските јазици

Македонскиот јазик е словенски јазик, кој, како и другите словенски јазици, води потекло од заедничкиот извор, прасловенскиот јазик (прајазик). Прасловенскиот јазик, како предок на сите словенски јазици, кој влегува во однос со други јазици во светот, води потекло од постариот индоевропски јазик. Пишани споменици на прасловенски јазик нема. Формите на овој јазик се реконструираат со помош на споредби на јазичните промени во сите словенски јазици и се обележуваат со латинични букви, напред со ѕвездичка, како показател дека не е регистрирана таква форма во пишан текст.

Пример: (мак.) душа < (ст.сл.) дѹша < (прасл.) *duchja.

Во својот историски развој, како и другите јазици, и македонскиот јазик бил изложен на различни влијанија, најпрвин од соседните јазици, а потоа и од другите јазици, што е особено изразено во зборовниот состав. Ова се должи на меѓусебното општење на зборувачите, најчесто со говорители од соседните земји, пред сѐ, на дијалектно рамниште. Совпаѓањата во најголема мера се меѓу балканските јазици, што го става македонскиот јазик во балканскиот јазичен сојуз. Поголемиот број заеднички особини на македонскиот јазик и на јужнословенските јазици се должи и на **заедничкото потекло** (на заедничкиот јазик-предок), но и на **географската блискост**, како и на **економско-политичките врски** во кои стапувале во текот на историјата.

Словенските јазици, кои ги зборуваат словенските народи, заземаат широка територијална распространетост на европскиот континент и образуваат три групи јазици:

- **Западнословенска група** во која спаѓаат: полски, чешки, словачки, долнолужички, горнолужички и кашупски;
- **Источнословенска група** во која спаѓаат: руски, белоруски и украински;
- **Јужнословенска група** во која, покрај македонскиот, спаѓаат и: српскиот, хрватскиот, словенечкиот, босанскиот, црногорскиот и бугарскиот јазик.



Старословенски јазик – **прв литературен јазик** на сите Словени.

Источната и **западната** група словенски јазици се допираат географски, а јужнословенската група јазици е одделена од нив со германскиот, унгарскиот и романскиот јазик. Меѓусебните контакти на словенските јазици, од една страна, но и контактите со несродните соседни јазици, од друга страна, овозможуваат меѓусебни влијанија и развиток на секој од словенските јазици, во определена насока.

Јужнословенската група јазици се дели на две подгрупи:

- источнојужнословенска (македонскиот, бугарскиот) и
- западнојужнословенска (српскиот, хрватскиот, црногорскиот, босанскиот и словенечкиот).

Историски, во групата на јужнословенски јазици спаѓа и старословенскиот, кој претставувал прв литературен (стандарден) јазик за сите словенски народи.

Тргнувајќи од ист јазик предок, словенските јазици самостојно се развивале. Надворешно, најзабележлива разлика е во писмото. На пример, полскиот, чешкиот, словачкиот, лужичкиот, хрватскиот, босанскиот, црногорскиот и словенечкиот јазик го користат латиничното писмо, додека другите кириличното писмо.

- Долнолужичкиот јазик е близок до полскиот, а горнолужичкиот до чешкиот јазик. Овие јазици се зборуваат и се изучуваат во Лужице, територија што денес се наоѓа во источна Германија.
- Полапскиот јазик, како дел од западнословенските јазици, бил асимилиран од соседните јазици, најмногу од германскиот, додека кашупскиот јазик, кој е многу стар, бил асимилиран од полскиот јазик и денес се чува како дијалект.
- Македонскиот јазик се граничи со два (јужно)словенски јазика, бугарски и српски, и со два несловенски јазика, грчки и албански јазик.

Македонскиот јазик како словенски јазик има генетски врски со сите словенски јазици. Затоа во неговата сегашна форма се забележуваат заеднички особености во фонетиката, во зборообразувањето и во лексиката. Со јужнословенските јазици, македонскиот јазик покажува поголем број заеднички особености, кои, освен на заедничкото потекло, се должат и на непосредните врски.

- Со бугарскиот, како источнојужнословенски јазик, македонскиот покажува сличности во граматиката (отсуство на падежни форми, голем број глаголски времиња), но видно се разликува во фонетиката, изговорот, а делумно и во лексиката.

Родените зборувачи на еден словенски јазик лесно, со малку тешкотии, можат да разберат и да совладаат друг словенски јазик, пред сè, заради големиот број заеднички зборови. Пример, македонската реченица *Марија јаде јаболко*, преведена на сите други словенски јазици изгледа вака:

бугарски: Мария яде ябълка.

српски: Марија једе јабуку.

хрватски: Marija jede jabuku.

босански: Marija jede jabuku.

црногорски: Marija jede jabuku.

словенечки: Marija je jabolko.

словачки: Mária je jablko.

чешки: Marie jí jablko.

горнолужички: Marija jě jěbłko.

долнолужички: Marija jo jabłko.

полски: Maria je jabłko.

руски: Мария ест яблоко.

белоруски: Марыя есць яблык.

украински: Марія їсть яблуко.

Меѓу словенските јазици, македонскиот јазик се одликува со одделни особености што не се среќаваат во другите словенски јазици, на пример:

- отсуство на морфолошки форми на падежи (карактеристика на некои словенски јазици) и замена со различни граматички начини на поврзување во именската група или во реченицата (на пример, употреба на предлози, редослед во реченицата и друго: *Куќата од Милка, Му* реков *на детето,* Книгата е *на масата*, Тој влезе *во куќата*, Таа шета *со другарката*);
- удвојување на предметот: *него го видов, неа ја сакам, ним им реков*;
- глаголски конструкции со *има/нема* и помошниот глагол *сум*, како посебен вид минати глаголски времиња: *имам носено, немам јадено, сум јаден*;
- ист основен вокал кај сите глаголи во прво лице еднина сегашно време: *нос-а-м, јад-а-м, глед-а-м*;
- третосложен определен и динамичен акцент – се поместува за да се најде секогаш на третиот слог од крајот на зборот (*т'ет-рат-ка*; *тет-р'ат-ка-та*);
- тројниот член кај именските форми: *детево, детено, детето*;
- минато-идно време: *ќе прочитавме, немаше да седнам*;
- прекажаноста кај формите на минато неопределено време и кај идно прекажано време: *Царот имал една ќерка. Таа ќе одела на гости.*

Запомни!

Македонскиот јазик е јужнословенски јазик и е дел од големото словенско јазично семејство. Сите словенски јазици потекнуваат од еден јазик предок, а тоа е прасловенскиот јазик. Словенските јазици се делат на три групи: јужнословенски, западнословенски и источнословенски јазици. Македонскиот јазик е најблизок со другите јужнословенски јазици, а посебно со бугарскиот и со српскиот јазик. Македонскиот јазик во соседство со другите балкански несловенски јазици се стекнал со јазични особености што го прават дел и од балканскиот јазичен сојуз (губење на морфолошки падежни форми, развој на има и сум-конструкции во глаголскиот систем и сл.).


Прашања и задачи:

1. Разгледај ја табелата на страница 16 и посочи ги промените што се случиле за да дојде токму до оваа поделба. Освежи ги помнењата од историја и од географија!
2. Истражи кои јазици од словенската група се пишуваат со кирилично, а кои со латинично писмо! Дали влијае блискоста со несловенските јазици?
3. Кои јазици спаѓаат во јужнословенската група?
4. Во која група спаѓа старословенскиот јазик?
5. Дали има пишани споменици на прасловенски јазик?
6. Наведи дел од главните особености на македонскиот јазик што го прават различен од другите словенски јазици.
7. Дали знаеш да зборуваш некој друг словенски јазик?

Историски развој на македонскиот јазик

Почетоците на словенската писменост

- **Потсети се: што знаеш досега за почетоците на словенската писменост?**
- **Што сакаш да научиш повеќе? Дискутирај со другите во класот, а на крајот од часот забележи што научи ново.**



Словените, според Црноризец Храбар, пред мисијата на светите браќа Кирил и Методиј, пишувале со грчки и со римски букви, без правила и слушале богослужба на туѓи јазици. Во тој период само три јазици се сметале како достојни за на нив да се пишуваат црковни книги, а тоа биле грчкиот, латинскиот и хебрејскиот. Тогашната држава Византија решила да избере учени луѓе коишто ќе можат да направат посебна азбука за Словените и да ги преведат црковните книги на словенски јазик. Биле избрани браќата Кирил (Константин) и Методиј, кои својата мисија за описменување на словенското население ја реализирале со повеќе свои активности: измислиле оригинално словенско писмо, т. е. азбука, наречена глаголица, со 38 букви, ја превеле Библијата, односно изборното евангелие (апракосот) на старословенски, т. е. на јазикот на македонските Словени од околината на Солун и тргнале во Велика Моравија, каде што го ширеле христијанството на словенски јазик, иако имале големи пречки од страна на германските свештеници. Тие продолжиле кон Панонија, каде што биле добро примени, а потоа стигнале и во Рим, каде што пред папата Адријан II го бранеле правото на сите Словени да слушаат богослужба на својот јазик, а не на грчки или на латински. Кирил (Константин), со своето знаење и мудрост, успеал да се избори за правото на богослужба на словенски јазик, но се разболел и умрел во 869 година. Тој пред да почине, се замонашил и тогаш го добил црковното име Кирил. Погребан е во црквата Св. Климент во Рим. Брат му Методиј и неговите ученици се вратиле во Панонија, каде што ја продолжиле мисијата. Но Методиј бил фатен од страна на германски епископи и бил затворен во Баварија повеќе од две години. По пуштањето од заточение, Методиј се вратил во Моравија, но не бил добро примен од тогашниот владетел Сватоплук и истоштен и болен, борејќи се за словенската писменост, умрел во 885 година. За животот и делото на светите браќа Кирил и Методиј дознаваме опширно во „Панонските легенди", книга со две житија за овие наши просветители. Кој е авторот на „Панонските легенди" не се знае точно, но се претпоставува дека е Св. Климент Охридски, нивни најблизок ученик, кој по нивната смрт ја развил просветителската дејност во Охрид и Охридско.

Словенската писменост е заедничка за сите Словени, а може да се подели на два периода:

- **старословенски** (од средината на 9 век до крајот на 11 век) и
- **црковнословенски** (од почетокот на 12 до крајот на 18 век).

Старословенскиот период и почетоците на писменоста на Словените се поврзуваат со создавањето на првата словенска азбука, глаголицата, во 863 година. Дотогаш јазикот на Словените се нарекува прасловенски, а веќе со создавањето на азбуката станува старословенски јазик. Во старословенскиот период имало принципи на пишување од кои ќе ги издвоиме следниве: доследна употреба на двата ера Ъ и Ь (јор и јер) и на двете носовки Ѫ и Ѧ (задната носовка он и предната носовка ен), доследна поделба на именките според групите во кои се менувале по падежи, чување на стари форми на глаголските времиња и др.

Глаголицата е првата официјална словенска азбука, која содржела 38 букви и била создадена од Св. Кирил.

Кирилицата била создадена речиси еден век подоцна, врз основа на грчкото писмо и имала 44 букви. Не се знае точно кој е авторот на кирилицата.


Глаголицата го одразувала реалниот говор што тогаш го зборувале Словените во околината на Солун. Во неа има букви за сите гласови што ги има во подоцнежната кирилица. Во кирилицата има плус букви, односно знаци за комбинации од два гласа (ѣ, ю, ѧ, ѫ), но и знаци за некои грчки гласови што се употребувале во пишување на црковните книги (ѱ), а не биле својствени за старословенскиот јазик.



▲ Слика од глаголицата и кирилицата во книгата на проф. д-р Илија Велев: ***Континуитетот на македонската културноисториска традиција и современост*** (Скопје 2025).

Македонскиот јазик потекнува од прасловенскиот јазик, заедно со сите други словенски јазици. Старословенскиот јазик претставува првиот пишан словенски јазик, во чија основа влегле македонските дијалекти од околината на Солун. Тој во кирилометодиевскиот период бил разбирлив за сите Словени.

Зачувани писмени споменици напишани на глаголица од овој период во Македонија се: *Зографско евангелие*, *Асеманово евангелие*, *Мариинско евангелие* и др., а напишани на кирилица се: *Савина книга*, *Супрасалски кодекс*, *Енински апостол*, *Зографските ливчиња*, *Хилендарските ливчиња* и др.



▲ Скенирани фотографии од *Македонски споменици со глаголско и со кирилско писмо* од Велев, Макаријоска, Црвенковска (Скопје 2008): за глаголица *Зографско евангелие*



▲ Скенирани фотографии од *Македонски споменици со глаголско и со кирилско писмо* од Велев, Макаријоска, Црвенковска (Скопје 2008): за кирилица *Хилендарски лиѕчиња*

Во **црковнословенскиот период** се задржала основната функција на старословенскиот јазик за негова употреба во богослужбата, но тогаш веќе почнуваат промени во употребата на јазичните форми. Причина за тоа било навлегувањето на елементи на говорниот јазик во старословенскиот. Така, во периодот од 12 до 18 век се јавуваат посебни варијанти на старословенскиот јазик во одделни словенски земји, наречени варијанти на црковнословенскиот јазик.

Словенската писменост се остварувала преку книжевните школи, **Охридска** и **Лесновска** во Македонија, каде што подолг период се употребувала **глаголицата** како азбука за пишување, и **Преславската школа** во Бугарија, каде што се употребувала само кирилицата како писмо.

Заедничките правописни и јазични особености на ракописите од Охридската и од Лесновската книжевна школа ја претставуваат **македонската варијанта на црковнословенскиот јазик, која била особено изразена во ракописите пишувани од 12 до 14 век.** Тие особености се следниве: т.н. мешање на носовките, т. е. развој на ѧ во ѧ зад меките гласови р', л', н' и усните консонанти + л', а ѧ (ен) во ѧ (он) зад ш, ж, с, ч, шт, жд, ј; употреба на групите шт и жд; замена на еровите во силна позиција (на пример, пред ер во краен слог) и тоа ь > е, ъ > о (па имаме промена на зборот дьнь во *ден*; на зборот сънъ во *сон*); мешање на ѧ со ѣ и на ѣ со е; појава на ново s (како *звонче*); губење на носниот изговор на двете носовки, и тоа ѧ во а, оѫ, ъ и ѧ во е. Дека вакви промени се случиле во македонскиот јазик имаме сведоштво и денес, во некои наши дијалекти, кои имаат архаични фонетски карактеристики, па може да се слушне *чендо* наместо *чедо*, *гренда* наместо *греда*, *л'ап* наместо *леб* итн.

Македонската варијанта на црковнословенскиот јазик е одразена во повеќе црковнословенски споменици од 12 до 14 век, пишувани во овие две школи, а како најпознати ќе ги споменеме: *Добромировото евангелие*, *Битолскиот триод*, *Погодиновиот псалтир* и *Охридскиот апостол* од 12 век; *Болоњскиот псалтир*, *Радомировото евангелие*, *Добрејшовото евангелие*, *Македонското евангелие на поп Јован*, *Вранешничкиот апостол* од 13 век; *Станиславовиот пролог* и *Лесновскиот паренезис* од 14 век и др. Сите овие ракописи се веќе во голем дел јазично анализирани и тие покажуваат континуитет во развојот на македонскиот јазик, посебно во лексиката, односно во зборовниот состав.

Во периодот меѓу 15 и 17 век се појавуваат текстови наречени дамаскини, кои името го добиле според грчкиот проповедник Дамаскин Студит, кој се заложувал за едноставен и разбирлив јазик. На тој начин, македонскиот народен јазик сè повеќе навлегувал во текстови напишани на црковнословенски. Со текот на времето, јазикот почнал стилски да се раслојува на висок стил (црковнословенски, во богослужбата) и низок стил (народен јазик, кој се употребувал во правно-административни текстови, наречени **грамоти**).

Дамаскинарската македонска литература ја опфаќаат најстарите и најобемни дамаскини, кои го следат текстот на грчкиот оригинал и поновите дамаскини, кои се кратки зборници богати со различна содржина. Старите дамаскини се пишувани на црковнословенски јазик, со вметнати особености од народниот јазик, додека новите дамаскини се пишувани на македонски народен говор. Записите покажуваат околу 200 дамаскини што водат потекло од Македонија. Еден од најпознатите дамаскини е *Крнинскиот дамаскин*, кој датира од 16 век и е пронајден во манастирот Крнино, т. е. во манастирот Св. Богородица Пречиста, во близина на Кичево.

г‹лаго›ла емъ пр‹ѣ›у‹и›стаа павлє любимиүє възлюблєнномоү моємъ с‹ы›ноү и мєнѣ с‹ы›нь мои и радость моа да тє оүтѣшить и тєбѣ и иннѣх оүүєницѣхь 163vKrn

▲ Извадок од *Крнинскиот дамаскин* (Расчитан пример од текстот на *Крнинскиот дамаскин* според Картотеката на Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје).

Дека во 16 век веќе бил во употреба македонски народен јазик, што е мошне сличен на денешниот, покажува и еден мал Речник од Костурско, попознат како *Речникот на Ѓанели и Вајан*. Овој речник е напишан со грчки букви, веројатно затоа што во тој регион на Македонија се прекинала традицијата на (пре)пишување на црковнословенски ракописи, па луѓето ги заборавиле словенските азбуки.

Од ова што го кажавме досега можеме да заклучиме дека развојот на македонскиот јазик може да се следи преку писмените записи, од првите споменици што се напишани на говорот на македонските Словени од околината на Солун, па сѐ до денес. За овој долг период, јазикот претрпил значителни промени на фонетско, на морфолошко и на синтаксичко рамниште. На лексичко рамниште претрпил промени, исто така, но основната лексика останала иста – словенска, со фонетски и со зборообразувачки промени.

Кои се најзначајните промени на македонскиот јазик од 9 век до денес?

Првиот јазик на старословенските споменици имал дури 11 самогласки, а потоа, со текот на вековите, тие самогласки на македонска почва се губеле, се менувале, како резултат на внатрешен развој или како резултат на влијание од други јазици, па системот на самогласки во современиот македонски јазик се намалил на пет (а, е, и, о, у). Кај согласките, исто така, имало сложен систем во старословенскиот период, бидејќи постоела опозиција по мекост, па секоја согласка имала и своја мека варијанта. Македонскиот јазик спаѓа во оние словенски јазици, кои оваа опозиција по мекост ја редуцирале, а ја доразвиле опозицијата по звучност, па денес разликуваме парови од звучни и безвучни консонанти, вкупно девет пара и согласката /х/ што нема парник, а самата е безвучна. Некои денешни согласки не биле познати во старословенскиот јазик, како гласовите /ф/ и /џ/, или /ќ/ и /ѓ/, на пример, но затоа, пак, некои од согласките ја намалиле честотата на употреба, како што е гласот /х/, кој порано го имало во многу повеќе позиции отколку што го има денес во стандардниот јазик. Акцентот, кој во прасловенскиот јазик бил по место слободен и подвижен, а по природа бил тоничен, во современиот македонски јазик станува фонетски фиксиран на третиот слог од крајот на зборот, а по природа е динамичен. Во македонскиот јазик постојат акцентски целости, односно повеќе зборови поврзани со еден акцент.

Во нашиот стар јазик постоел падежен систем кај сите именски зборови, со дури седум падежни морфолошки форми: номинатив, генитив, датив, акузатив, вокатив, инструментал и локатив. Но, овој систем, со текот на времето подлежел на упростување, исто така, па денес се задржани само акузативни и дативни форми кај заменките (*него го/нему му*; *кого/кому* итн.), како и вокативни форми (форми за повикување: *Марије, Стојане, професоре, професорке*) кај именките. Во дијалектите се зачувани акузативни форми кај личните и роднинските имиња од машки род (*Го видов Блажета, го поздравив вујка*) и дативни форми кај некои лични и роднински имиња, и од машки и од женски род (*Му дадов Божоту/вујчету*; *Је реков Мари/тетки*).

Во глаголскиот систем, пак, од старословенскиот период до денес, настанало усложнување во македонскиот јазик. Денес не само што се чуваат старите прости глаголски времиња (сегашно време – *учиме*, минато определено свршено – *научивме* и несвршено време – *учевме*), стариот перфект и плусквамперфект (*сум одел, беше оздравел*), туку се развиени и една цела низа нови минати времиња (конструкции со *сум* и *има*: *сум оден во Париз, имам читано многу за тоа*), но и нови начини за изразување на нереални дејства, со помош на честичката **'ќе'** (идно време – *ќе учиме*, минато-идно време – *ќе учевте* и идно прекажано време – *ќе сте учеле*). Исто така, се изгубил стариот инфинитив (тоа е формата што вообичаено само го именува глаголското дејство), се изгубиле партиципите (именските форми на глаголот), но затоа се развиле: *глаголска именка*, *глаголски прилог*, *глаголска придавка* и *глаголска л-форма*. Кај словенскиот сум-перфект (минатото неопределено време) се развило значењето на прекажаност, мошне специфична семантичка категорија со која се збогатува начинот на којшто раскажуваме за незасведочени настани. Сето ова придонесло македонскиот јазик да стане уникатен словенски јазик – со аналитичко изразување на именскиот систем (без падежни форми, туку со предлози или со просто надоврзување во реченицата), со мошне сложен глаголски систем и со многу различни значења вградени во глаголските парадигми.

Можеме да заклучиме дека македонскиот јазик е словенски јазик со уникатна граматичка структура и со уникатен акцентски систем. Исто така, тој е дел од балканскиот јазичен сојуз и, наоѓајќи се во самиот негов центар, споделува повеќе структурни особености со другите балкански јазици.

Запомни!

Словенската писменост е заедничка за сите Словени, а може да се подели на два периода: старословенски и црковнословенски период. Азбуките што се создадени и се употребуваат во процесот на описменување на сите Словени се глаголицата и кирилицата. Браќата Кирил и Методиј, кои потекнуваат од Солун, ја измислиле глаголицата, ги превеле првите богослужбени книги на старословенски јазик и придонеле за ширење на писменоста меѓу сите Словени. Затоа тие се нарекуваат сесловенски просветители. Словенската писменост се остварувала преку книжевните школи, **Охридска** и **Лесновска** во Македонија, каде што подолг период се употребувала **глаголицата** како азбука за пишување и **Преславската** школа во Бугарија, каде што се употребувала само **кирилицата** како писмо. Заедничките правописни и јазични особености на ракописите од Охридската и од Лесновската книжевна школа ја претставуваат **македонската варијанта на црковнословенскиот јазик**. Во периодот од 15 до 17 век се појавиле книжевни текстови – дамаскини во кои почнале да навлегуваат елементи од народниот јазик. Најпознат **дамаскин** од 16 век, со вметнати народни елементи во црковнословенскиот јазик, е *Крнинскиот дамаскин*, пронајден во манастирот Св. Богородица Пречиста (Крнино), во близина на Кичево. Македонскиот јазик, според *Речникот на Ѓанели и Вајан* од Костурско, уште во 16 век бил речиси ист како денешниот македонски јазик.

Прашања и задачи:

1. Кога е создадена првата словенска азбука?
2. Кои се причините за почетоците на словенската писменост?
3. Објасни ги периодите на писмената активност на Словените!
4. Кои се азбуките со кои се описменил словенскиот народ?
5. Кои книжевни школи дејствувале во Македонија во црковнословенскиот период?
6. Кои особености на именскиот систем се промениле од минатото до денес?
7. Кои особености на глаголскиот систем се промениле од минатото до денес?
8. Во кој век македонскиот јазик веќе изгледал слично како денес?
9. Како можеме да го опишеме македонскиот јазик денес во рамките на словенското јазично семејство?

1.2 ГРАМАТИКА

Фонетика и фонологија

Изговори ги гласовите А, К, П, Р и О и запиши што забележуваш при нивниот изговор. Постои ли разлика кога се изговараат сами и кога се изговараат во комбинација со други гласови? А што ќе се добие ако ги изговориш по овој редослед: К, О, Р, П, А?

Фонетиката претставува наука што ја проучува артикулацијата на човечките гласови и нивното пренесување. Таа има сопствени методи за подетален опис и обработка на гласовите, и тоа во однос на нивниот изговор, нивната звучност и нивното восприемање, односно како тие се слушаат. Фонетиката, со експерименталните начини на обработка на гласовите, се доближува до физиката, односно ги користи физичките својства на гласот за да го анализира.

Фонологијата, која ја нарекуваме уште и функционална фонетика, претставува гранка на лингвистиката, која го изучува гласовниот систем на еден определен јазик. Разликата меѓу фонетиката и фонологијата е појдовната точка на проучување на гласот: фонетиката му пристапува на гласот како на физичка појава и го разгледува самостојно, одделно, а фонологијата го проучува гласот како дел од гласовниот систем на даден јазик, изговорен во говорна низа, заедно со сите придружни елементи во изговорот: акцент, интонација, ритам.

Лингвистичките дисциплини, **правопис** и **правоговор**, се во тесна врска со фонетиката и фонологијата. Имињата наведуваат на нивното значење, правилно пишување (ортографија) на стандардниот јазик и правилен изговор (ортоепија). Правилата на овие дисциплини придонесуваат за полесна и попрецизна комуникација во сите сфери на општење (сите јазични стилови), вклучувајќи ги сите говорители на јазикот.

Гласот е најмала јазична единица што човекот ја изговара и докажува дека јазикот се материјализира, се изговара. Во македонскиот стандарден јазик гласовниот систем е составен од 31 глас.

Гласовите што внесуваат разлики во зборовите што ги формираат се нарекуваат **фонеми**. Фонемите немаат значење, само разликувачка функција: **баба-жаба**, **лулка-булка**, **бело-цело**.

Фонетиката го употребува терминот глас, а фонологијата терминот фонема.

На пример, зборот „р а к а“ е составен од четири гласа. Ако првиот глас „р“ го замениме со гласот „м“, тогаш од зборот „рака“ ќе го добиеме зборот „мака“. Тука, гласот има смислоразликувачка функција, односно со промена на гласот, се сменило и значењето на зборот. Во ваков случај зборуваме за фонема.

Македонското кирилично писмо е гласовно (фонетско) писмо. Секој одделен глас во гласовниот систем има по еден знак (**графема, буква**) со чија помош говорената форма на јазикот се пренесува во пишана форма.

Буквите се само начин за писмено пренесување на гласовите. Буквите се резултат на договор и затоа еден ист јазик може да биде пренесуван со различни азбуки. **Азбука на македонскиот јазик е македонската кирилица**!

Забелешка: за практични цели, во меѓународни документи и во текстови за поширока меѓународна употреба, може да се пишува и со латинично писмо, но тоа никако не треба да биде практика во секојдневната употреба на македонскиот јазик!

Поделба на гласовите

Гласовниот систем на македонскиот јазик се дели на повеќе групи и подгрупи, а критериумите врз кои се врши поделбата се: **движењето и положбата на говорните органи при образувањето (артикулацијата) и различните треперења на воздушната струја (акустиката).**

Поделбата на **самогласки** (вокали) и **согласки** (консонанти) се врши врз основа на присуство или отсуство на пречка при движењето на воздушната струја низ нашиот говорен апарат.

При изговор на самогласките воздушната струја се движи слободно, не наидува на никаква пречка. Поради тоа самогласките ги слушаме како тонови, а воедно како карактеристика се изделува нивната способност да образуваат слогови (слогообразувачки).

При изговорот на согласките постои пречка, во вид на преграда или теснина, при испуштање на воздушната струја низ говорниот апарат (најчесто јазикот и усните се најподвижни и прават некоја преграда или теснина со непцето, со забите и сл.). Поради тоа согласките ги слушаме како шумови и, за разлика од самогласките, тие не можат да образуваат слог (неслогообразувачки).

Слогот мора да содржи самогласка бидејќи таа претставува негово јадро (најважен и најистакнат дел). Слогот најчесто има два или повеќе гласа, но, во некои случаи, може да биде изграден и само од еден глас (са-ка-**а**/са-ка-**ат**).

Во македонскиот стандарден јазик има пет **самогласки** (вокали): **а, е, и, о, у,** кои се групираат на неколку начини.

Според височината на јазикот	Според движењето на јазикот во насока напред-назад		
	предни	средни	задни
високи	И		У
средни	Е		О
ниски		А	
	незаокружени		заокружени
	Според положбата на усните		

Гласот **„р"** во некои зборови може да биде **слоготворен**, односно да има функција на самогласка, на пример: кога „р" се наоѓа меѓу две согласки: *крв, дрво, црн, прв, срце;* кога „р" се наоѓа на почетокот на зборот, пред согласка и тогаш се пишува апостроф (ˈ): *ˈрж, ˈрбет, ˈрѓа* и кога „р" се наоѓа зад префикс што завршува на самогласка: *заˈржи, заˈрти*. Но кога префиксот завршува на согласка, апострофот се губи: *изрти, безрбетник*. Освен гласот „р", слоготворна функција можат да вршат и други сонанти. Пример, во македонскиот јазик се позајмени зборови во кои „л" врши слоготворна функција: *бинокл, дебакл* и др.

Согласките (26 на број) во македонскиот стандарден јазик се групираат на неколку начини: според местото на образување (уснени, забновенечни, венечни, тврдонепчени, меконепчени), според начинот на образување (во зависност дали постои преграда или теснина при минување на воздушната струја: преградни, теснински и преградно-теснински) и според треперењето или мирувањето на гласните жици (според звучноста): безвучни, звучни и сонанти (позвучни од звучните).

Според начинот на образувањето	Согласки според местото на образување				
	уснени	забно-венечни	венечни	тврдо-непчени	меко-непчени
преградни	Б П М	Д Т Н		Њ	Г К
теснински	В Ф	З С Л	Ж Ш Љ Р	Ј	Х
преградно-теснински		Ѕ Ц	Џ Ч	Ќ Ѓ	

Согласките според звучноста										
звучни	Б	В	Г	Д	Ѓ	Ж	З	Ѕ	Џ	
безвучни	П	Ф	К	Т	Ќ	Ш	С	Ц	Ч	Х
сонанти	Р Л Љ М Н Њ Ј									

Гласовни промени

Во гласовната низа, при меѓусебен допир на гласовите, како резултат на одредени услови и закони, доаѓа до промени на гласовите, што ги именуваме како **гласовни промени.** Најчести причини за гласовни промени се:

а) приспособување на артикулацијата (движењето на говорните органи) на гласовите: (тежок → тежка → тешка);

б) внатрешниот развој на јазикот;

в) влијанието на другите јазици;

г) генерациските разлики;

д) брзината на зборувањето.

Поделба на гласовните промени во однос на времето во кое се остваруваат:

- **спонтани гласовни промени** → се јавуваат само во одреден временски период: на пример, замената на старите носни самогласки ен (Ѧ) и он (Ѫ) со е и а (пример: мясо > месо, рѫка > рака, и замената на старите темни гласови јор (Ъ) и јер (Ь) со о и е: сънъ > сон, дьнь > ден);
- условени гласовни промени → не се ограничени ниту временски ниту просторно, ги имало порано, ги има сега, а ќе ги има и во иднина (на пример, едначењето на согласките по звучност).

Најчести гласовни промени во современиот македонски јазик се:

- едначење на согласките по звучност;
- обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот;
- редување на самогласките и согласките;
- испуштање на согласките и самогласките.

Едначење на согласките по звучност

Кога во промената на некои форми на зборот или во изведувањата од него ќе се најдат **една до друга две согласки различни по звучност** станува едначење (асимилација) на согласките по звучност.

Кога во зборот ќе се најдат две согласки една до друга, различни по звучност, тие се изедначуваат, односно двете стануваат звучни или двете безвучни. Тоа зависи од звучноста на втората согласка. Односно, едначењето се врши според втората согласка.

звучна + безвучна = две безвучни	**безвучна + звучна = две звучни**
б + безвучна согласка = п (враб + че = врапче)	с + звучна = з (гос + ба = гозба)
г + безвучна = к (снег + че = снекче)	т + звучна = д (сват + ба = свадба)
д + безвучна = т (град + че = гратче)	

а) Едначењето се случува секогаш на границата на два значенски дела на зборот (морфемите): *сосед – сосед + ка = сосетка*; *раз + сони = рассони = расони*; *од + тука = оттука.*

б) Правописот наложува бележење на едначењето според втората согласка:

- звучните согласки пред безвучните преминуваат во својот безвучен парник: *врабец – врапче, врапци*; *риба – рипче, рипка*; *брег – брекче*; *град – гратче*; *рид – ритче*; *сладок – слатка, слатко, слатки*; *маж – машки*; *жежок – жешка, жешко, жешки*;
- безвучните согласки пред звучни преминуваат во својот звучен парник: *сват – свадба*; *срет(н)е – средба*; *шета – шедба*; *Велик ден – Велигден*; *гостин – гозба.*

Вообичаено има едначење по звучност на спојот на префиксите со основата на зборот:

ЗАД-	затскрие, заткулисен;
НАД-	натпис, натфрли, наттрча;
ОД-	отсега, оттука, оттаму;
ПОД-	потсвест, поттекст, поттик;
ПРЕД-	претседател, претпладне, претстава, претчувство;
БЕЗ-	бессовесен, бесмислен, бесмртен, бесрамен, бестрашен;
ИЗ-	истури, исклучи, истече, истрча;
РАЗ-	расели, расчисти, расцвета.

Едначењето по звучност не се одбележува во следните случаи:

Д не се едначи пред:		
-ски: градски, охридски, судски; **-ствен:** родствен, посредствен; **-ство:** производство, родство, раководство;	**-ци** (множинска форма за машки род): очевидец – очевидци, предок – предци, крадец – крадци, ороводец – ороводци, домородец – домородци;	**-та** (како членска наставка): заповед – заповедта, жед – жедта, исповед – исповедта.

Едначењето по звучност не се обележува во пишана форма и кога доаѓа до гласовна промена кај гласот **в**, во позиција пред и по безвучна согласка. Најчесто се слуша **ф, но се пишува в**, како во следните примери: *сваќа* ('жена на сватот' различно од сфаќа 'разбира'), *тиква, жетва, смоква, љубовта, евтин, научивте, паднавте, читавте* и др.

Обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот е гласовна промена каде што звучните согласки на крајот од зборот се изговараат безвучно (но, се пишуваат звучните):

– се пишува: *прав, брег, снег, млад, мраз, воз*, но се изговара: *праф, брек, снек, млат, мрас, вос.*

Редување (замена) на гласовите (почесто се случува меѓу основниот дел на зборот [коренот] и другите делови, а поретко во самиот корен на зборот):

- редување на самогласките: *бере – брал; избере – избира*;
- редување на согласките: *сведок – сведоци – сведочење – сведоштво; воздух – воздушен; плати – плаќа; белег – белези.*

Испуштање на гласовите (елизија)

- Испуштање на самогласките: *петел – петли, потомок – потомци, добар – добри.*
- Испуштање на согласките: *лист – листје = лисје; брест – брестје = бресје; радост – радостна = радосна, радосно, радосни; жалост – жалостна = жалосна, жалосно, жалосни; пристаниште – пристанишна, пристанишно, пристанишни* (но: *пристаништен*); *училиште – училишна, училишно, училишни* (но: *училиштен*); *грозд – гроздје = грозје.*

Освен испуштање на гласови, имаме и појава на додавање на гласот **и** во членуваните форми за машки род еднина кај придавките: *цртан – цртаниот, свилен – свилениот, радосен – радосниот.* Овој глас е остаток од сложените форми на придавките од нашиот стар јазик.

Кај дел од зборовите имаме и т.н. подвижно **е**, што во некои форми го има, а во други не: *радосен – радосна – радосни; жалосен – жалосна – жалосни; устен – усна – усни; петел – петли; орел – орли* и др. Ова е, исто така, остаток од гласовните промени во нашиот стар јазик.

Запомни!

Гласот е најмалата изговорена јазична единица. Кога тој внесува разлика во значењето на зборот, тогаш е фонема. Буквата е графички знак за гласот. Основната поделба на гласовите е на самогласки (5) и согласки (26). Во гласовната низа, во допир со другите гласови, како резултат на одредени услови и закони доаѓа до промени на гласовите што ги именуваме како гласовни промени: едначење на согласките по звучност, обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот, редување на самогласките и на согласките, испуштање на согласките и на самогласките.

Прашања и задачи:

1. **Додај ги следните префикси кон зборовите и напиши ги во тетратка новодобиените зборови:**

зад- ___скрие, ___кулисен; **над-** ___пис, ___превар, ___фрли, ___даде; **од-** ___пише, ___плаќа, ___сега, ___тука, ___тогаш, ___долу, ___далеку, ___десно, ___должи, ___далечи; **под-** ___пис, ___свест, ___текст, ___тури, ___дршка, ___држи, ___дувне;	**пред-** ___пладне, ___собје, ___чувство, ___седател; **без-** ___целно, ___куќник, ___звучен, ___смртен, ___смислен, ___совесен, ___законие, ___каматен, ___чувствителен; **из-** ___клучи, ___каже, ___тера, ___цеди, ___чепка, ___чисти, ___шара, ___штипне; **раз-** ___положи, ___ход, ___цути, ___чекор, ___зелени, ___сее, ___сели, ___сони, ___штима, ___шири, ___штрка.

2. Изведи ги формите за женски род од следниве придавки: *редок, сладок, низок, близок, тежок, жежок, кревок.*
3. Образувај именки со суфиксот *-ство* и придавки со суфиксот *-ствен* од следниве зборови (таму каде што е можно): *роб, удобен, суд, род, следи, раководи, произведува, сроден.*
4. Изведи придавки од следниве именки (во машки и во женски род еднина): *уста, жалост, место, пост, област, училиште, пристаниште, кожа.*
5. Образувај множина од следниве именки: *човекољубец, женомразец, предок, крадец, домородец, старец.*
6. Членувај ги именките и броевите: *смрт, пот, болест, радост, пет, девет, десет, шест.*
7. Наспроти именките што означуваат лице од машки пол, образувај именки што означуваат лице од женски пол: *судија, адвокат, лекар, министер, келнер, асистент, проектант, студент, архитект, солист, спортист, журналист.*
8. Заокружи ги точните зборови: *равнотежа, симне, равнодушност, фнук, племна, натре, нивни, пси, пцовиса, псуе, пциха, вапца, тепсија, прокопса, пшеница, пченкарен, шкорче, шкембе, чкрта, чкрапја, черешна, црево, црн, чврст, опшество, пешчера, гуштер, шо, дож, страв, страм, сестра, здрав, стреќа, зравство, здрел, зрак, жрепка, ждребе.*
9. Образувај деминутивни форми со наставките *-че, -це, -ца* од следните именки: *клас, лист, мост, гуска, маст, глас, образ, воз, месо, круша, опашка, пушка.*

Акцент

- Акцентирај ги зборовите *тетратка, планина, вода, нос* и *чекајќи*.
- Подискутирај за поимот акцент.
- Како ги акцентираше дадените зборови?

Акцентот во македонскиот јазик има свои обележја, кои го прават јазикот специфичен. **Акцент** е нагласеното, посилно и подолготрајно изговарање на еден слог во зборот. Слогот врз кој паѓа акцентот се вика акцентиран слог. Акцентот ги засега самогласките, како гласови со најголема звучност и како основа на слогот.

Според своите фонетски особености, акцентот во македонскиот јазик е **динамичен**. Тоа значи дека тој се одликува со силина на гласовниот удар врз определен слог. Затоа што акцентот на самостојните зборови во македонскиот јазик секогаш паѓа на третиот слог од крајот на зборот, за него се смета дека е **определен**. Исклучок се само двосложните и еднослоните зборови, односно двосложните се акцентираат на вториот слог од крајот на зборот, а еднослоните на единствениот слог. Македонскиот акцент е динамичен и определен. Македонскиот акцент секогаш паѓа на **третиот** слог од крајот на зборот кај **трисложни** или **повеќесложни** зборови (на пример, *т'ат-ко-то, т'ат-ков-ци, тат-к'ов-ци-те, Ма-к'е-до-нец*), на **вториот** слог кај **двосложни** зборови (на пример, *д'е-те, м'ај-ка, т'ат-ко*) и на **единствениот** слог кај **еднослоните** зборови (на пример, *р'ог, с'рп, к'рв*). При зголемување на бројот на слоговите кај еден ист збор, акцентот го менува слогот, при што пак се води сметка тој да биде на третиот слог од крајот на зборот. Така имаме: *'учител – уч'ителот – учит'елите* и сл.

Правила за акцентирање:

1. Акцентот кај еднослоните зборови паѓа на единствениот слог:
   - *бел, бил, праг, крал, леб, рид, твој*;
2. Акцентот кај двосложните зборови паѓа на вториот слог од крајот на зборот:
   - *висок, горе, добар, долу, наше, носи, пеат, поле, село, татко, ќерка*;
3. Кај трисложните и повеќесложните зборови, акцентот паѓа на третиот слог од крајот на зборот:
   - *внимателно, полиција – полицијата, половина, празнина, рамнина – рамнината, сообраќај – сообраќајот.*

Во тетратка обележи го акцентот според правилата!

Во зависност од видот на изделената единица, било да е слог, збор или реченица, акцентот може да биде **зборовен** (слоговен) и **реченичен** (фразен). При изговор на еден збор, се забележува дека сите слогови во него не се изговараат со еднаква сила (еднакво). Еден слог во зборот обично се изговара со поголема сила на гласот, со повисок тон.

Зборовен акцент е тој акцент со кој се изделува еден слог од зборот. Секој изговорен збор има акцент и таквите зборови се нарекуваат **акцентогени**. (*Учен'иците 'учат н'ов др'амски т'екст.*) Сепак, во јазикот има зборови што немаат акцент и тие се наречени **клитики** или **неакцентогени** зборови, пример, кратките заменски форми за директен и за индиректен предмет (*го, ја, му, им* и др.), честичките *ќе* и *би*, негацијата, некои сврзници, некои форми на помошниот глагол *сум* и сл. Овие зборови можат да го преземат акцентот врз себе при правење на акцентски целости, односно ацентот преминува врз нив за да се добие акцентирање на третиот слог од крајот на зборот: *Не_му_ј'а_дадов дом'ашната з'адача. Не_би_м'у_рекол т'ака. И_с'о_тебе ќе_се_в'идиме.*

Со **реченичниот** акцент се истакнува еден збор во реченицата наспроти другите зборови во неа, сè со цел да се даде некаква нијанса во значењето. Така, во тесна врска со реченичниот акцент се **логичкиот** или смисловен и **емоционалниот** или афективен акцент. (***Учен'иците*** *'учат н'ов др'амски т'екст. / Учен'иците '**учат** н'ов др'амски т'екст. / Учен'иците 'учат **н'ов** др'амски т'екст.*) Зацрнетите зборови во дадениве реченици носат реченичен акцент и се истакнуваат посебно во реченицата. Врз нив паѓа фокусот на кажаната информација.

Зборовите во чиј состав влегуваат два или повеќе зборови, кои се подведуваат под еден акцент се нарекуваат **сложени зборови** (сложенки). Познато е дека акцентирањето на самостојните зборови во македонскиот јазик е третосложно, но какво е тоа кај сложените зборови?

- Сложенки составени од два или повеќе збора: *р'усокос, с'ончоглед, д'рворед*;
- Сложени бројни именки: *петт'емина, дваес'етмина, седумт'емина, ст'омина*;
- Сложени прилози: *н'ајбргу, остр'оумно, едноп'одруго, 'отстрана, с'осила*;
- Сложени состави од заменски зборови: *шт'о-годе, к'ој-годе, какв'а-годе*;
- Броеви со значење на приближна вредност: *три-ч'етири, пет-шестн'аесет, два-тр'иесет.*

Постојат повеќе ситуации што наложуваат отстапување од третосложното акцентирање кај:

а) глаголскиот прилог: *вик'ајќи, организир'ајќи, пишув'ајќи, раскажув'ајќи, сак'ајќи*;

б) прилозите за време: *годин'ава, зим'ава, лет'ово*
(*Год'инава беше мошне студена.* (која?) → *Годинава која сè уште трае. /*
Годин'ава ќе одиме на скијање. (кога?) → *Оваа година*;

в) некои именки од турско потекло: *апс'ана, барут'ана, тарап'ана, топ'ана*;

г) сложени зборови од типот: *југоз'апад, југо'исток, североз'апад, северо'исток* (но: *југоз'ападен, југо'источен, североз'ападен, северо'источен*).

Акцентот во македонскиот стандарден јазик никогаш не паѓа на четвртиот слог од крајот на зборот, независно од тоа дали се работи за одделен изговорен збор или за синтагматска единица.

Запомни!

Акцентот во македонскиот јазик има свои обележја, кои го прават јазикот специфичен. Акцентот уште се нарекува и нагласок. Македонскиот акцент е динамичен и определен. Македонскиот акцент, по правило, паѓа на третиот слог од крајот на зборот кај трисложни или повеќесложни зборови, на вториот слог од крајот на зборот кај двосложни зборови и на единствениот слог кај еднослоѓните зборови. Зборовен акцент е тој акцент со кој се изделува еден слог од зборот. Секој изговорен збор има акцент и таквите зборови се нарекуваат акцентогени. Има и неакцентогени зборови (клитики) што акцентски се потпираат на акцентогениот збор, но тие можат да го преземат акцентот врз себе во акцентските целости.

Акцентот кај зборовите од туѓо потекло

Лексичкиот систем на секој јазик е најотворен систем, во кој потребите за именување на нови предмети или односи често се пополнуваат со позајмување зборови, зборови од туѓо потекло, т. е. **заемки**. Тие постојат во сите етапи од развојот на јазикот, а кога првпат ќе влезат во македонскиот јазик, тие обично:

- се изговараат неприспособено – како во оригиналниот јазик;
- или делумно приспособено – се изговараат со два вида акцент – според оригиналниот јазик и според македонските правила за акцентирање.

Со текот на времето, дел од нив се **приспособуваат** на нашиот јазик и целосно се вклопуваат во македонскиот акцентски систем.

Македонскиот јазик, наоѓајќи се на балканскиот простор, усвоил слој заеднички балкански зборови, најчесто од грчко или од турско потекло, што ги има и во соседните балкански јазици, и ваквите зборови говорителите најчесто и не ги чувствуваат како туѓи, а во поглед на изговорот тие се речиси целосно приспособени на говорните правила на македонскиот стандарден јазик. Тука, пред сè, ги имаме предвид турцизмите, грцизмите и другите балканизми, како што се: *б'аклава, б'алтија, б'урек, бур'екчија, боз'аџија, каба'етлија, касм'етлија, м'усака, п'ембе, т'азе, ќебапч'илница, ќ'ефлија, џ'ам, ш'ише, ш'ербет; архи'епископ, 'епископ, с'интакса, к'иниса, ч'упе* и други. Како што може да се констатира, кај овие заемки акцентирањето е според правилата што важат за домашната лексика.

Во македонскиот стандарден јазик, акцентот кај **заемките** што се акцентски **приспособени** паѓа на:

- **вториот слог од крајот** кај двосложни зборови: *к'иви, м'аршал, с'имбол, д'екан, п'арфем, п'илот;*

- **третиот слог од крајот** кај трисложни и повеќесложни зборови: *'апостол, ф'изичар, 'епилог, т'елескоп, с'уфицит, 'аптека, коал'иција, инсп'екција, м'ашина.*

Зборови со **неприспособен акцент** имаме во следните ситуации:

– **Двосложни зборови** со акцент на **првиот слог од крајот на зборот**: *ав'анс, антр'е, ал'арм, пан'о, деп'о, плат'о, сак'о, клиш'е, банкр'от, бас'ист, бат'ист, бил'анс, бискв'ит, билј'ард, сиж'е, куп'е, буд'ист, бурж'уј, мен'и, хорм'он.* Овие зборови можат да се слушнат во секојдневниот говор и со акцент на почетниот слог, т. е. како приспособени, бидејќи нема опасност од нејаснотии или поклопување со ист домашен збор.

– **Трисложни и повеќесложни зборови**:

1. **со акцент на првиот слог од крајот на зборот**: *авантур'ист, адвок'ат, астрол'ог, атент'ат, афинит'ет, ацет'он, балет'ан, бонб'он* (и *бонб'она*), *булев'ар, вагаб'онт, ваг'он-рестор'ан, вазел'ин, ватерпол'ист, велосип'ед, ветерин'ар, витам'ин, волонт'ер, пресед'ан, пуберт'ет, снајпер'ист, термин'ал*;

2. **со акцент на вториот слог од крајот на зборот**: *астрон'аут, авант'ура, анал'иза, анк'ета, балер'ина, балкан'изам, банкн'ота, бари'ера, билингв'изам, блок'ада, бомбони'ера, бронх'итис, вакц'ина, вегетариј'анец, ветер'ина, ветерин'арен, витам'ински, вокат'ивен, медиц'ина, футр'ола.*

Како што се гледа и од приложените многубројни примери, поголем број трисложни и повеќесложни заемки во македонскиот јазик, кога се во основната форма се акцентираат на вториот слог од крајот на зборот.

Кога овие зборови се членуваат, најчесто се вклопуваат во правилото за третосложно акцентирање: *аг'ендата, акт'ивата, банкн'отите, ван'илата, ветерин'арниот, вокат'ивниот, медиц'ината.*

– Глаголите образувани со суфиксот *-(из)ира* во својата основна форма (трето лице еднина сегашно време) се акцентираат на **вториот слог од крајот на зборот:** *акредит'ира, аларм'ира, аранж'ира, асист'ира, балканиз'ира, банкрот'ира, буџет'ира, вакцин'ира, вибр'ира, вокализ'ира, жонгл'ира, идеализ'ира, лаж'ира, минимиз'ира, структур'ира, трет'ира, функцион'ира, шпион'ира, шут'ира.*

Сепак, при употреба на други зборформи на овие глаголи (во друго лице, време и сл.), тие се акцентираат според третосложното правило: *ти/тој аларм'ираше, н'ие акредит'иравме, в'ие асист'иравте, т'ие шпекул'ираа, т'аа беше_аларм'ирала, тие резерв'ирале, н'ие ќе_тактиз'ираме* итн.

Во новиот Правопис (2017), некои зборови се наведени како **неприспособени**, иако веќе се изговараат според македонските акцентски правила: *б'ифе, 'екран, м'икрофон, н'ервоза, п'ортрет, р'езерва, р'еформа, с'еместар, ст'адион, т'елефон, фр'агмент, ш'ампон.*

Запомни!

Акцентот кај заемките најчесто паѓа на вториот или на третиот слог од крајот на зборот. Постојат исклучоци, односно зборови од туѓо потекло, со акцент на првиот слог од крајот на зборот, особено кај некои двосложни и трисложни зборови. При членување на именките и менување на глаголските форми на *-(из)ира*, акцентот кај дел од овие туѓи зборови автоматски може да дојде на третиот слог и да се вклопи во правилото за третосложно акцентирање. Некои зборови како *екран*, *резерва*, *семестар*, *шампон* и сл. веќе се изговараат како приспособени на македонскиот акцентски систем, иако формално се водат како неприспособени.

Акцентски целости

Акцентските целости се една од основните одлики во изговорот на македонскиот стандарден јазик. Под **акцентска целост** подразбираме група зборови што се изговара со заеднички акцент. Во акцентската целост, акцентот, исто така, стои на третиот слог од крајот на целоста што ја изговараме со заедничкиот акцент: на пример, *вторат'а_жена, не_ни_г'о_зеде*.

Во однос на видовите зборови што се подведени под еден акцент, се разликуваат два вида: акцентски целости со два полнозначни збора и акцентски целости со клитики.

- **Акцентски целости со два полнозначни збора** се добиваат кога два акцентогени збора се претставуваат како еден поим и се подведени под еден акцент. На пример:
  - **придавка + именка** = *сув'о_грозје, црн'и_сливи, зимн'о_време, стар'и_луѓе, топл'а_вода, старит'е_луѓе, леват'а_рака, црнот'о_палто, вторат'а_жена, нашат'а_куќа, б'ел_ден, Долн'и_Пролог, Мечк'ин_Камен, Нов'о_Село, Сув'а_Река*;
  - **именка + именка** (првата именка ја определува втората) = *поп_Ст'ојан, доктор_'Арсов, тетка_С'авка, баба_Р'ада*; (акцентот е на втората именка);
  - **заменска придавка + именка** = *м'ој_човек си ти, наш'и_луѓе се тие, ај и на твој'а_глава*;
  - **показна заменка + именка** = *т'ој_ден, 'овој_пат, та'а жена*;
  - **број + именка** (акцентот е пренесен врз бројот) = *п'ет_пари_н'е_дава, ст'о_пари, п'ет_збора, дв'а_гроша*; **додека кај приближните броеви + именка** акцентот не се пренесува и тука немаме акцентска целост: *дв'а-три д'ена, п'ет-шест н'оќи*;
  - **прилог + именка** = *колк'у_време, малк'у_пари*;
  - **приближни броеви** = *дв'а-три, сед'ум-осум, три-четирин'аесет*;
  - **прашални зборови + именка (само кога е именката двосложна)** = *К'ој_човек р'ече? К'ој_тапан ч'ука?*

Акцентски целости со клитики

Акцентски целости со проклитика се добиваат кога кратките клитички форми се изговараат пред полнозначен акцентоген збор. Притоа, ако акцентогениот збор е двосложен, акцентот преминува врз проклитиката, ако е трисложен, акцентот останува врз акцентогениот збор.

- **Акцентски целости со негацијата 'не':**

  а) Негацијата **'не'** и глаголот што следува се подведуваат под заеднички акцент.

  На пример: *н'е_дојде, н'е_кажа, н'е_пее.* (но: *не-д'оаѓа, не-к'ажува*).

  Во овие примери акцентот паѓа на негацијата 'не', групата се изговара заедно, па дури многу често погрешно се пишува заедно (особено со често употребуваните глаголи: *може, сака, знае*).

  б) Кога меѓу негацијата **'не'** и глаголот има една или две кратки заменски форми, сите образуваат акцентска целост.

  На пример: *не_му_ј'а_даде, не_ни_г'о_зеде.*

  в) Кога по негацијата следува помошниот глагол **'сум'**, и тој влегува во акцентската целост.

  На пример: *не_с'ум_видел, не_сум_ј'а_видел.*

  г) Кога по негацијата следува честичката **'ќе'**, и таа влегува во акцентската целост.

  На пример: *не_ќе_п'омине, не_ќе_ја_з'апомни.*

  д) Кога честицата **'би'**, кога следува по негацијата, влегува во акцентската целост.

  На пример: *не_б'и_кажал, не_би_му_го_напр'авила.*

- **Акцентски целости од предлог и долга заменска форма.**

  Во акцентска целост не влегуваат само предлозите: **освен, наспроти, заради** и **поради**. Сите други предлози образуваат акцентски целости.

  На пример: *с'о_мене, б'ез_тебе, з'ад_него, пр'ед_вас, п'о_нив.*

- **Акцентски целости од прашален прилог и друг прашален збор со глагол.**

  На пример: *ког'а_дојде?, како_п'омина?, кај_'отиде?, кога_г'о_виде?, кај_г'о_најде?, како_му_г'о_зеде?*

  И кратките заменски форми меѓу прашалниот збор и глаголот влегуваат во акцентската целост.

- **Акцентски целости од прашален збор и именка.**

  На пример: *колку_д'енови?, какв'и_книги?*

  Исклучок правиме кога логички истакнуваме (потенцираме).

  На пример: *К'аква кн'ига б'араш?*

- **Акцентски целости од предлог и именка.**

  Овие акцентски целости се образуваат само под услов:

  – содржината на именката логички да не се истакнува и

  – именката да не е членувана.

  На пример: *н'а_дрво, з'ад_врата, н'ад_глава, п'од_вода, н'а_раце, н'а_душа.*

- **Акцентски целости од прост број и именка.**

  На пример: *п'ет_дена, две_луб'еници.*

- **Акцентски целости со енклитика** (полнозначен збор и кратки клитички форми)
- **Акцентски целости со заповеден начин и кратки заменски форми:**

  а) Кога зад заповедниот начин следуваат кратки заменски форми, тие се подведуваат под ист акцент.

  На пример: *д'ај_ми, д'ај_ми_ја, дајт'е_ми_ги.*

  б) Кога пред заповедниот начин стои негацијата и таа влегува во акцентската целост.

  На пример: *не_д'авај_му, не_давајт'е_му_ги.*

- **Акцентски целости со именка што означува сродство и кратка заменска форма што следува по неа.**

  На пример: *м'ајка_ми, т'атко_ти, с'естра_му, б'аба_ѝ.*

  Овие акцентски целости често погрешно се пишуваат заедно на што треба особено да се внимава (не: *мајками, таткоми* и сл.).

- **Акцентска целост од показна честичка и кратка заменска форма.**

  На пример: *'еве_го, 'ене_ја, 'ете_ги.*

- **Прашалниот збор 'камо' образува акцентска целост.**

  На пример: *к'амо_ја?, кам'о_ти_ги? к'амо_го?*

Запомни!

Акцентот во македонскиот јазик е динамичен и определен. Тој паѓа на третиот слог од крајот на зборот кај трисложни или кај повеќесложни зборови, на вториот слог кај двосложни зборови и на единствениот слог кај еднослоѓните зборови.

Зборовите од туѓо потекло најчесто се приспособуваат на третосложното акцентирање, но некои од нив се неприспособени, па затоа можат да се издвојат акцентски потсистеми со поинаков акцент од тој во македонскиот.

Акцентските целости претставуваат група зборови подведени под еден заеднички акцент. Во акцентската целост, акцентот, исто така, стои на третиот слог од крајот на целоста што ја изговараме со заедничкиот акцент. Има акцентски целости од два полнозначни збора и акцентски целости со клитики. Кога клитиката се наоѓа пред акцентогениот збор, се вика **проклитика**, а кога се наоѓа по акцентогениот збор, се вика **енклитика**. Примери: *с'о_мене, н'а_земја* (акцентски целости со проклитика); *д'ајте_му, м'ајка_ми* (акцентски целости со енклитика).

Прашања и задачи:

Зборови со акцент на третиот слог од крајот на зборот	Зборови со акцент на вториот слог од крајот на зборот	Зборови со акцент на првиот слог од крајот на зборот
г'одина	бид'ејќи	ателј'е

1. **Според примерот даден погоре, во тетратката подреди ги следниве зборови во колоната во која сметаш дека припаѓаат. Обрни внимание на правилата за акцентирање и на потеклото на зборовите:**

   резиме, малерозен, аспект, година, декември, момент, објект, парфем, генијалец, респект, субјект, турнир, училиште, конфликт, афинитет, стетоскоп, директен, планиран, локален, професор, монитор, сиже, дежурен, петтемина, семафор, нервозен, самоодбрана, камбана, интервју, бидејќи, ателје, јубилеј, потенцијал, аргумент, каква-годе, сарказам, кариера, остроумно, компјутер, идеја, баснописец, анкета, актуелен, генијален, пишувајќи, идеален, симболизира, тенденциозен, мотивиран, северозапад, позитивен, пет-шеснаесет, релативен, наталитет, русокоса, сако, рефлекс, претекст, модел, хотел, картел, орден, терен, кретен, билтен, момент, експрес, експерт.

2. **Во понудените зборови, пронајди ги акцентските целости. Запиши во тетратката каков вид акцентски целости си забележал/а:**

   а) *суво грозје, црни сливи, зимно време, стари луѓе, топла вода, старите луѓе, левата рака, црното палто, втората жена, нашата куќа.*

   б) *Те молам, купи кисело млеко кога ќе одиш на пазар. Кој да купи? Што да купам? Купи кисело млеко, а не пресно. Добре дојде! Добар ден! Добро утро!*

   в) *Фрли го каменов во вода! Петре е за глава повисок од Марко. Кога ја чу таа работа, таа се фати за глава. Таа купи двесте грама кафе.*

   г) *Еве ти го моливот. Однесете му ја книгава на професорот. Однесувајќи се културно, тој ги освои симпатиите на аудиториумот. Зборувајќи на македонски литературен јазик, ги воодушеви сите.*

   д) *Годинава беше успешна. Работата годинава беше успешна.*

Правопис и правоговор

Зборот **правопис** (грч. *orthographia* = запишување на зборот онака како што се изговара), во потесна смисла значи правилен начин на пишување, правилна употреба на графичките знаци и на интерпункцијата во даден јазик, додека во поширока смисла значи збир од правила за пишување на зборовите, кој го одразува развитокот и напредокот на јазичната практика.

Зборот **правоговор** (грч. *orthos* = правилен, *epos* = говор), значи правилен изговор на напишаното и на кажаното.

Правописните правила и законитости за различните јазици се уредуваат според три принципи:

- **фонолошкиот** (фонетски) принцип – се однесува на звуковната страна, односно за секој глас постои буква, графема, а се изговара така како што се пишува или се пишува како што се изговара;
- **морфолошкиот** принцип ја разгледува структурата на зборот, односно изделувањето на морфемите во еден збор;
- **етимолошкиот** принцип ги одразува правописните норми врз основа на постариот период на неговиот развој.

Македонскиот правопис го следи фонолошкиот принцип, односно се пишува како што се изговара!

Преглед на изданијата на Правописот на македонскиот јазик:

Прво издание под наслов Македонски правопис – 1945 година.
Второ издание со измени и дополнувања – 1950 година.
Трето издание со обемни измени и дополнувања – Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник – 1970 година.
Четврто издание со изменет и дополнет текст – 1998 година.
Најново издание Правопис на македонскиот јазик – 2015/2017/2025 година. Достапен на: https://pravopis.mk/

Употреба на голема и на мала буква

Направи листа со правила на употреба на голема и на мала буква.

Во Правописот на македонскиот јазик постојат правила за употреба на голема буква. Поголем дел од нив ги знаеш, ама, сепак, да се потсетиме:

- првата буква од првиот збор во нова реченица;
- првата буква од првиот збор во директен говор, по претходно завршена реченица зад која стојат две точки или голема црта или наводници: „...Ви ветив... Ќе го исполнам...“;
- лични имиња: Илија, Лилјана, Фердинанд, Лудвиг ван Бетовен/Ван Бетовен...;
- презимиња: Конески, Прличев, Толстој...;
- прекари: Пиперката...;
- име на жител на континент: Африканка, Европеец, Азијка, Австралијка...;
- име на жител на држава: Македонец, Србин, Хрват, Чех, Чилеанец, Украинка... но, жители на населени места: скопјанки, паланчанки, тетовчанки...;
- топоними (географски имиња): Вевчани, Драчево, Битола, Охридско Езеро, Овче Поле, Крива Паланка, Западна Македонија, Егејска Македонија...;
- објекти: Судска палата, Трговски центар, Драмски театар...;
- институции: Министерство за образование и наука, Стопанска банка...;
- имиња на божества и митолошки суштества: Зевс, Венера, Херкул, Гилгамеш...;
- имиња на празници: Велигден, Божиќ, Нова година, Бајрам...;
- војна, востание: Втора светска војна, Илинденско востание...;
- заменските форми за обраќање со почит: Вие, Вашето, Вам Ви се обраќам...

Со мала почетна буква се пишуваат:

- жители на населени места (град, село, населба, маало): скопјанец, крушевчанец, драчевец, новоселец;
- придавки изведени од лични имиња и географски поими: езоповски (начин), скопски, македонски, албански, вардарски, охридски, шарпланински;

  (Најчесто ваквите придавки учениците погрешно ги пишуваат со голема буква.)
- имињата на месеците, деновите во неделата, годишните времиња: април, јануари, среда, сабота, лето, зима;
- страните на светот: исток, запад, север, југ, југозапад, југоисток, северозапад, североисток;
- природните и вештачките јазици: македонски, албански, турски, српски, бугарски, англиски, јапонски, есперанто.

Прашања и задачи:

1. Пронајди ги правилните примери и запиши ги во тетратката.
   а) Лудвиг ван Бетовен – Лудвиг Ван Бетовен – Лудвиг Ванбетовен;
   б) Леонардо Давинчи – Леонардо Да Винчи – Леонардо да Винчи;
   в) Мао Це Тунг – Мао це Тунг – Мао-Це-Тунг;
   г) Јуџин о Нил – Јуџин О'Нил – Јуџин О Нил;
   д) Цар Самоил – цар Самоил; Поп Цветан – поп Цветан;
   ѓ) Проф. Д-р Николов – Проф. д-р Николов – проф. д-р Николов;
   е) Господ, Бог, Алах, Ѓавол, Буда, Јупитер, Зевс;
   ж) Адамово јаболко – Адамово Јаболко – адамово јаболко; ахилова пета – Ахилова Пета – Ахилова пета; езоповски јазик – Езоповски Јазик – Езоповски јазик.

2. Препиши ги зборовите во тетратка со употреба на голема буква онаму каде што е потребно.
   а) европеец, скопјанец, македонски, влав, прилепска општина, црнец, вирџинија (тутун), европски, македонец, бардовци, новоселец, скопска околија, охридска архиепископија;
   б) соединети американски држави, брегот на слоновата коска, црна река, балкански полуостров, северен пол, панамски канал, рио де жанеиро, франкфурт на мајна, селечка планина, ново село, обединето кралство велика британија и северна ирска, емирати, јужна кореја, северно ледено море, западно римско царство, северна македонија, исток, далечен исток;
   в) земја, сонце, месечина, марс, венера, млечен пат, земјина тежа, сончев систем, патник, космос;
   г) улица илинденска, булевар партизански одреди, булевар на револуцијата, кеј 13 ноември, плоштад на крушевската република, плоштад македонија, камен мост, мост гоце делчев, улица XII бригада, булевар 11 октомври;
   д) светска банка, деканат на филозофскиот факултет во скопје, македонски народен театар, врховен суд на македонија, министерство за надворешни работи, управа за јавни приходи, железничко транспортно претпријатие, јавно претпријатие водовод и канализација, културно-уметничко друштво кочо рацин, организација на обединетите нации, втора светска војна, награда климент охридски, нобелова награда за мир;
   ѓ) велигден, нова година, први мај, 1 мај, петровден, Св. Никола, црква Св. Никола, рамазан бајрам, Св. Елена, остров Св. Елена, ѓурѓовден, 8 март;
   е) модерна, реализам, нов век, стар век, камена епоха, бронзена ера, преродба.

Слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите

Разгледај ги дадените зборови и определи кој од нив не е правилно напишан. Зошто?

таткоми, полу време, сеуште, незнам, не знаејќи, два пати, илјада, седум мина, Велик ден, петшеесет, кој што, добре дојде, југо запад, радио емисија, по малку.

Сложените зборови и изрази од два или повеќе збора можат да се пишуваат **слеано**, **полуслеано** или **разделено**. Принципот според којшто два збора се пишуваат слеано, полуслеано или разделено зависи од тоа дали со двата збора се создал сосем нов поим, што има единствено значење (слеано) или двата дела делумно се надополнуваат со значењето (полуслеано) или, пак, се работи само за дообјаснување на едниот збор со другиот (разделено). Понекаде Правописот се повикува и на долгата традиција во пишување на некои состави од зборови, како што е во примерот *сè уште*, кој се пишува разделено, а се изговара со еден акцент и најмногу се прават грешки при неговото пишување.

Слеано се пишуваат:

- сложени именки и придавки што прават нов поим со своето спојување: *југозапад, баснописец, добродушен, првопласиран, новоизбран, срцевиден...*;
- сложени именки чиј прв дел е туѓ збор: ***аудио**техника, **видео**запис, **радио**емисија, **хидро**енергија, **хипер**маркет, **микро**филм...*;
- именките и придавките чиј прв елемент е *пол-, полу-*: *полчасовен, полкило, полупроизвод, полувистина...*;
- имињата на празниците што го содржат зборот 'ден': *Велигден, Иванден, Ѓурѓовден...*;
- сложени прилози што често се користат едно до друго и се изговараат со еден акцент: *двапати, секојпат, вчераутро, сеедно, едноподруго, неколкупати, надолу, однадвор, прекуред, насон, надолу, честопати...*;
- со претставките *по-* и *нај-* се образуваат зборови што се пишуваат секогаш слеано: *поубав, најдобар, најискрен* и сл.;
- сложени заменки или сврзувачки зборови: *којшто, чијшто, чиешто, тукушто, штотуку*, но: *така што, каков што, како што, каде што, макар што...*;
- стотките од двесте до илјада: *триста, четиристотини...*;
- сложени именки и придавки кај кои првиот збор е број: *осумкатница, тридневен, седумчасовен, петвековен...*;
- приближните броеви: *петнаесетина, триесетина, седумдесетина...*;
- бројните именки: *петмина, седуммина, двестемина*, дури и кога се членувани: *седумтемина, петтемина* (не: *петминатa*)...;
- редните броеви (придавки): *триесетти, педесетти, двестота, тристоти, деветстото...*

Полуслеано се пишуваат:

- со цртичка се пишуваат приближните броеви: *два-три, шест-седум, седум-осумдесет, две-три стотини, пет-шест стотини...*;
- приближни бројни именки: *два-тројца, пет-шестмина, пет-шеесетмина...*;
- сложени придавки помеѓу кои би можел да стои сврзникот *и* наместо цртичката: *воспитно-образовен, македонско-англиски, земјоделско-индустриски, жолто-црвен, зелено-сино*, но: *светлосино, темносино...*;
- зборовни состави што означуваат еден поим: *нацрт-закон, визит-карта, нето-тежина, заменик-министер* и сл. Кај ваквите состави членската морфема се става на вториот дел: *заменик-министерот, визит-картите* и сл.;
- поздравите што се составени од два или повеќе зборови се пишуваат **одделно**: *добар ден, добре дојде, до видување, до гледање, со здравје, добра вечер* (но: *добровечер*).

Разделено се пишуваат:

- двочлени состави од именки (како *жена борец, куче чувар*) и се членуваат на првата именка;
- географски имиња со самостојни зборови: *Црна Гора, Шар Планина, Јужна Америка*;
- хемиски соединенија без самогласката -о-: *алуминиум хлорид, метил алкохол*;
- странски и латински изрази (*ин виво, пост скриптум*), освен некои што се слеани (*априори, ангро*);
- кога првиот дел е сложен израз, вториот се пишува разделено: *ад хок комисија, њу еџи движење*;
- лични имиња и презимиња, освен традиционални слеани форми (*Љубомир, Мирослава*);
- титули и занимања пред името: *професор Панов, цар Самуил*;
- ориентални титули пред името се членуваат и се пишуваат разделено, а по името со цртичка: *Сулејман-ага*;
- именките *поп, хаџи/аџи* пред или по името се пишуваат разделено, а во презимето според определбата: *Поп-Стојанов, Хаџивасилев*.

Повеќе примери за слеано, полуслеано и разделено пишување ќе најдеш во Правописот на македонскиот јазик, достапен електронски.

Прашања и задачи:

1. Посочи ја точната форма следејќи ги правилата за слеано, полуслеано и разделено пишување. Препиши ги во тетратка точните форми.

Велик ден – Велигден;

Иван ден – Иванден;

Петров ден – Петровден;

термо метар – термометар;

волт метар – волтметар;

ампер метар – амперметар;

Насрадин-оџа – Насрадин оџа – Насрадин Оџа;

Смаил-ага – Смаил ага – Смаил Ага;

Омер-паша – Омер паша – Омер Паша;

поп-Стојан – поп Стојан;

аџи-Трајко – аџи Трајко;

нацрт закон – нацрт-закон – нацртзакон;

заменик претседател – заменик-претседател;

соло пејач – соло-пејач – солопејач;

жиро сметка – жиро-сметка – жиросметка;

таан алва – таан-алва – тааналва;

сода вода – сода-вода – содавода;

ќор сокак – ќор-сокак – ќорсокак;

визит карта – визит-карта – визиткарта;

прес конференција – прес-конференција – пресконференција;

фикс идеја – фикс-идеја – фиксидеја;

пинг понг – пинг-понг – пинкпонг;

фифти фифти – фифти-фифти – фифтифифти;

џез музика – џез-музика – џезмузика;

ранг листа – ранг-листа – ранглиста;

дваесет годишнина – дваесетгодишнина – 20-годишнина;

педесет и пет годишнина/ педесет и петгодишнина/ педесетипетгодишнина/ 55-годишнина;

само критика – само-критика – самокритика;

само одбрана – само-одбрана – самоодбрана;

само заљубен – само-заљубен – самозаљубен;

себе понижувачки – себе-понижувачки – себепонижувачки;

семоќен – се моќен – сè моќен;

се уште – сè уште – сеуште;

авио механичар – авио-механичар – авиомеханичар;

електро индустрија – електро-индустрија – електроиндустрија;

кино реклама – кино-реклама – кинореклама;

микро биологија – микро-биологија – микробиологија;

радио активен – радио-активен – радиоактивен;

радио пренос – радио-пренос, радиопренос;

фото апарат – фото-апарат – фотоапарат;

супер ѕвезда – супер-ѕвезда – суперѕвезда;

хидро авион – хидро-авион – хидроавион.

Правописни знаци

Да повториме:

Правописните знаци служат за разбирање на конкретен збор или на група зборови во реченицата. Правописни знаци се: точка (.), запирка (,), две точки (:), црта (–), цртичка (-), загради (( ), [ ]), коса црта (/), надреден знак(ˋ), апостроф (ʼ), ѕвездичка (*), белина (празно место), знакот за акцент (ˊ) и други.

Знаците *точка, запирка, две точки, црта, загради, коса црта* се употребуваат и како интерпункциски и како правописни знаци.

Со нив текстот станува појасен и полесен за читање. Со помош на правописните знаци, полесно го разбираме она што е напишано.

Кога знаците ни покажуваат каде да паузираме, каква интонација имаме, каде има набројување, каде завршува реченицата или што значи нешто што е издвоено, тогаш станува збор за интерпункциски знаци.

Точката (.) како интерпункциски знак ни кажува дека реченицата завршила.

Како правописен знак, точката ја употребуваме кога скратуваме некои зборови или кога пишуваме датуми.

Се пишува:

- При скратувања на зборови: *проф., на пр., и сл.*;
- По редни броеви: *1. задача, 2. пример*;
- Во датуми: *7.9.2025 г.*;
- Во интернет-адреси: *www.skola.mk*;
- Во математика (множење): $2 \cdot 3 = 6$.

Не се пишува:

- Кај кратенки за држави: *САД, РМ*;
- По број + месец/година/век: *15 март 2025 година, 21 век*;
- По римски броеви: *XXI век*;
- Кај броеви со празнини: *1 000 000*.

Запирката (,) како интерпункциски знак ја покажува паузата во текстот и набројувањето на различни содржини.

Како правописен знак, запирката се пишува:

- Во децимални броеви – за одделување на целиот број од децималниот дел: *3,2 % инфлација, 65,25, 4,6 милијарди години, 2,5 см*;
- При набројување децимални броеви – за да не се меша со интерпункциска запирка, се користи точка и запирка: *2,5; 3,8; 4,7*;
- Кај изрази за место и време: *Скопје, 14 мај 2014 година, 7 декември 1856, Петроград*;

- Во библиографски податоци: *Блаже Конески.* Историја на македонскиот јазик. *Скопје: Култура, 1986*;
- За мерење време (секунди и делови од секундата): *2:03,89 минути – значи 2 минути, 3 секунди и 89 стотинки.*

Две точки (:), како правописен знак, се пишуваат:

- За време (час и минути): *9:00, 14:30, 1:49,23* (без белина пред и по двете точки);
- За резултати и размери: *2 : 1, 1 : 500, 1 : 1 000* (со белина пред и по двете точки);
- За спротивности и сооднос: *црно : бело, носи : износи*;
- Во математика (делење): *8 : 2, 180 : 4*;
- Во библиографија и цитати: *Скопје: Култура, 1986, Мисирков 1903: 250*;
- Во интернет-адреси: *http://, https://*

Црта (–), како правописен знак, се пишува најчесто кога се означува односот од – до; растојание помеѓу две места; кога се означува односот 'помеѓу' или 'против' меѓу два поима.

Црта со белини пред и по неа се користи:

- За временски периоди или датуми: *понеделник – петок, октомври 2013 – февруари 2014, Блаже Конески (1921 – 1993)*;
- За растојание или правец: *Гостивар – Кичево, Скопје – Гевгелија*;
- За натпревари или спротивставени поими: *Македонија – Србија, одговори – одговара*;
- За неповрзани реченици како примери: *– Маглата беше виновник. – Настанот траеше три дена*;
- За набројување поими еден под друг:
  – име и презиме
  – датум на раѓање
  – адреса
  – телефон;
- Во математика (за минус): *6 – 4 = 2, 96 – 14 = 82.*

Црта без белини:

- За поврзани имиња: *Селимова–Желчевски*;
- Кога периодот сè уште трае: *Речник на народна поезија (1993–)*; *Радован Павловски (1937–)*;
- За соседни страници во цитат: *Конески 1982: 122–124*.

Важно: Ако се користи предлогот 'од', не се пишува црта, туку се додава предлогот 'до': од IV до III милениум, од 2 до 3 пати.

Цртичка (-), како правописен знак, се пишува при пренесување делови од зборот во друг ред; меѓу двојни презимиња; при скратување на зборови; меѓу две именки кои означуваат еден поим. Секогаш се пишува без белина од двете страни.

- За еден поим од две именки: *нацрт-закон*, *жиро-сметка*;
- Кај сложени зборови со самостојни делови: *општествено-политички*, *Охридско-струшка Котлина*, *македонско-француски речник*;
- За двојни презимиња: *Петрова-Николовска*, *Стојановска-Поповска*;
- За прекар: *Методија Андонов-Ченто*;
- Кога првиот дел е бројка: *4-годишно образование*, *3-члена комисија*, *60-годишнина*, *60-тите години*;
- Во скратени изрази: *д-р*, *м-р*, *г-ѓа*, *ТВ-програма*, *Rh-фактор*, *pH-вредност*;
- При пренос на збор во друг ред: *вр-вулица*, *врву-лица*;
- За делење на збор на слогови: *у-ли-ца*;
- За нагласени зборови (писмено): *На-пред Вар-дар!*
- За ономатопеја (звуци): *тик-так*, *клип-клоп*;
- За броеви и кодови: *2038-456*, *210-884-9875439*, *90-60-90*;
- Во интернет-адреси: *www.sk-airport.mk*.

Загради (( ), [ ]), како правописен знак, се пишуваат за да се загради делот од зборот што може да се изостави. Заградите ни помагаат да покажеме варијанти, значенски врски, или структура во текстот. Тие се мал знак со голема функција.

1. За алтернативна форма на зборот: Делот во заграда може да се изостави, но зборот останува разбирлив: Арап(ин) → Арап или Арапин, викот(ница) → викот или викотница, спом(е)нува → спомнува или споменува;

2. За покажување на заеднички значенски дел: Заградениот дел покажува дека има два различни збора со слично значење: (се)вкупно → вкупно или севкупно, (интер) активен → активен или интерактивен, (по)мајка → мајка или помајка;
3. При набројување со цифри или букви се користи вториот дел од заградите: 1), 2), 3), а), б), в).

Коса црта (/) е практичен правописен знак, што ни помага да скратиме, да повземе, или да одвоиме без да пишуваме долги објаснувања.

Со белина пред и по косата црта:

- За стихови во еден ред: *Спаси ме Боже / од болните луѓе / што се накажани...*
- За одделување строфи во еден ред (две коси црти): *Денови ли се денови / аргатски маки големи! // Стани си утре порано...*

Без белина пред и по косата црта:

- Наместо зборовите 'и', 'или', 'односно': *ама/но, директор/директорка, спомнува/споменува*;
- За временски интервали: *10/11:00 часот, понеделник/вторник, пролет/лето, 2013/2014 година, 19/20 век*;
- За сооднос на мерни единици: *120 км/час, 1 гр/см³, 1 м³/сек*;
- Во адреси (наместо 'низ'): *бул. „Климент Охридски" бр. 74/4/3; ул. „Илинденска" бр. 6/2*;
- Во интернет-адреси: *mk.wikipedia.org/wiki; https://www.ppp.com.mk*.

Надреден знак (ˋ) е само правописен знак. Тој се става над **'е'** во кратката заменска форма *нѐ*, над **'и'** во кратката заменска форма *ѝ*, и во количествената заменска форма *сѐ*:

Никој не нѐ виде.	На сѐ се смее.	Влезе и ѝ кажа тивко.

Апостроф (') е само правописен знак. Тој се пишува за да се покаже дека отпаднал некој глас од зборот, а во одредени ситуации се обележува и самогласно 'р' ('рж, за'ржи, В'чков, к'смет).

Ѕвездичка (*) е само правописен знак. Неа ја употребуваме кога сакаме под текстот да објасниме некој збор, идеја или мислење. Таа се пишува од десната страна, над последната буква од зборот што сакаме да го објасниме. Ако има повеќе такви објаснувања во текстот, бројот на ѕвездичките се зголемува (прва е *, следна е **, потоа *** и така натаму).

Објаснувањата што ги означуваме со ѕвездички се додаваат под текстот, во посебен дел што го викаме **фуснота**.

Белината е, исто така, правописен знак. Таа не е само празно место, таа го прави текстот читлив и правилен.

Белина се употребува:

- Меѓу зборови: *Нашата улица е најдолга во градот.*
- Зад интерпункциски знаци: *точка, запирка, прашалник, извичник, две точки, три точки*;
- Кај римски броеви во датуми: *8.IX 1991 г.*;
- Меѓу скратени зборови: *и др., и сл.*;
- Меѓу иницијали: *Б. К., Џ. Г. Бајрон*;
- Кај математички операции: *3 + 2 = 5*;
- Помеѓу број и мерна единица: *10 кг, 32 °C*;
- Помеѓу број и знак за процент или промил: *24 %, 36 ‰*;
- Помеѓу број и парична единица: *400 МКД, 10 €*.

Белина не се употребува:

- Пред интерпункциски знаци: *Тој рече: „Да“.* (не се остава белина пред точката);
- Во и околу наводници, загради, полунаводници: *„Крсте Мисирков“, (женски и машки)*;
- Помеѓу десен наводник и следниот знак: *„Заминувам“, рече таа.*;
- Внатре во збор со заграда: *бакал(ин), викот(ница)*;
- Кај сложени скратени зборови: *т.н., зам.-мин.*;
- Пред и зад коса црта во мерни единици и дропки: *50 м/сек, 1/3*;
- Зад запирка кај децимални броеви: *3,14, 6,2*;
- Помеѓу број и знак за + или –: *+5, –10*;
- Помеѓу број и знак за степен, минута, секунда: *20', 13''*;
- Зад двете точки во време: *19:00 часот, 2:56 минути*;
- Кај апостроф пред 'р': *'рбет, за'ржи*;
- Кај датуми со арапски бројки: *8.9.1991 г.*

Други знаци

1. **Акцент (ˈ)** се користи во лингвистички текстови за да се означи каде паѓа акцентот: *сакˈо, литература, киселˈо_млеко*;
2. **Математички знаци (=, +, –, ×, ·, :, >, <, ≤, ≥)** се пишуваат со белина од двете страни: *2 + 2 = 4, x ≤ 3, y ≥ 4*;
3. **Знак за еднаквост (=)** понекогаш се користи за објаснување значење: *дом = живеалиште*. Подобро е да се користат полунаводници: *дом 'живеалиште'*;
4. **Плус (+) и минус (–)** за позитивни и негативни броеви: *–8 °C, +2 °C*;
5. **Процент (%)** се пишува со белина: *60 % вода*;
6. **Степен (°)** за агли: 90° (без белина); за температура: *100 °C* (со белина пред °, но не пред C);
7. **Тилда (~)** Овој знак обично се користи во речнички статии. Тој заменува збор што се повторува: *се ~ → се накити, се дотера*;
8. **Параграф (§)** се користи наместо зборот „параграф": *в. § 4*;
9. **Знакот @ (се чита *ет* или *на*)** како составен дел на е-пошта и интернет-адреси: *contact@yahoo.com*.

Основните интерпункциски знаци, *точка, прашалник* и *извичник*, всушност ја заменуваат интонацијата од усниот говор, а интерпункциските знаци: *запирка, точка запирка, две точки* и *три точки* ја заменуваат паузата што ја правиме при зборувањето во различни делови на исказот (реченициte). *Заградите, цртата* и *наводниците* се користат за: одвојување делови од исказот што претставуваат наши дополнувања на реченицата (заградите), истакнувања на делови во реченицата: *наводниците, полунаводниците* и *долгата црта*.

Прашања и задачи:

1. Со каква функција се употребени знаците во следниве примери? Интерпункциска или правописна?
   а) Томи рече: „Денеска ќе си одиме порано".
   б) Распоредот денеска е следен: математика, хемија...
   в) Ќе дојдеш вечерва?
   г) Застанав до автобуска постојка.
   д) На состанокот се повикани: Марко, претседателот на класот; Весна – секретарката; Миле – чуварот и Мира – благајничката.
   ѓ) Автобусот вози на релација Скопје – Охрид.
   е) Треба да дојдете во 16:30 часот.
   ж) Зборот разбој со значењето 'направа за ткаење' се сретнува во повеќе македонски народни песни.
   з) Почитувана професорке! Вашето предавање ме воодушеви!
2. Употреби го правилно правописниот знак цртичка во реченициите:
   а) Нашиот дрес е жолто зелен.
   б) Црно белите фотографии се веќе минато.
   в) Таа немаше повеќе од пет шеснаесет години.
   г) Зборот јагода на слогови се дели: ја го да.
   д) Вчера се запознав со д-р Ана Спасовска Георгиева.
   ѓ) Сумата уплати ја на оваа жиро сметка.
3. Употреби ја цртата како правописен знак во реченициите:
   а) На вратата пишуваше: работно време: понеделник петок, 9 19 часот.
   б) На патот Маврово Дебар е забрането возење на камиони со приколки.
   в) Патот Скопје Белград е подолг од 400 километри.
   г) Изненадува твојата амбиција петка на крајот на годината!
   д) Возот одеше на релација Солун Скопје Белград секој петок.
   ѓ) Натпреварот Вардар Ѓер заврши со резултат 29:26.
4. Според наведените примери, состави по две реченици во тетратката, употребувајќи ги правописните знаци.
5. Препиши го во тетратка следниот текст и вметни интерпункциски и правописни знаци онаму каде што недостасуваат.

Луѓето што имаат поголем круг на пријатели имаат повисок праг на толеранција на болка откриваат истражувачите од Оксфорд Во новата студија објавена во Научни извештаи докторандот од универзитетот Оксфорд Катерина Џонсон ја истражувала невробиологијата на пријателските врски. Нејзиното истражување било под менторство на проф Робин Данбар,

пронаоѓачот на познатиот Данбаров број кој ги застапува постулатите дека луѓето во основата имаат 150 пријатели од кои една третина се сметаат за блиски

Нејзиниот фокус на истражување бил производството на хормонот ендорфин кој природно се наоѓа во телото и при негово ослободување се добива чувство на задоволство и намалување на болката Студијата започнала како испитување на една теорија позната како мозоко-опоидна теорија на социјално поврзување според која социјалните интеракции активираат позитивни емоции кога ендорфинот се врзува со опоидните рецептори во мозокот Ова поврзување ни го дава чувството на добросостојба кога се гледаме со пријателите

За да ја испитаме оваа теорија се потпревме на фактот дека ендорфинот има моќен ефект на ослободување од болка посилен дури и од морфиум изјави Џонсон

Исто така истражувачите откриле дека оние што се фит и оние што кажале дека се под стрес имаат помал социјален круг и покрај фактот дека оние што биле фит имале повисок праг на болка Овие податоци може да укажуваат на интересно објаснување, односно дека оние што вежбаат наместо преку социјализација ослободуваат ендорфин преку вежбање Големите социјални мрежи им помагаат на луѓето подобро да се соочат со стресот или можеби заради стресот и неговите причини луѓето имаат помалку време за социјални активности намалувајќи го кругот на пријатели додава Џонсон.

Скратеници (акроними) и скратувања (кратенки, абревијации)

Скратениците и скратувањата во еден јазик се создаваат заради економичност на јазикот и непотребни повторувања на долги имиња. Тие можат да доведат до пократок комуникациски процес, и во говорената, и во пишуваната форма.

Скратениците се добиваат со скратување на одделни зборови или со спојување на почетните букви (или групи букви) од зборовите што влегуваат во составот на сложените називи.

Најголем дел од скратениците (акронимите) во македонскиот јазик се добиваат од почетните букви на составните делови на називот:

- *АРМ – Армија на Република Македонија*
- *АСНОМ – Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија*
- *ДПМ – Друштво на писатели на Македонија*
- *ЕУ – Европска Унија*
- *ЈСП – Јавно сообраќајно претпријатие*
- *МАНУ – Македонска академија на науките и уметностите*
- *МЖ – Македонски железници*
- *ОН – Обединети нации*
- *РСМ – Република Северна Македонија*
- *САД – Соединети Американски Држави*
- *УЕФА – Унија на европските фудбалски асоцијации*
- *УЈП – Управа за јавни приходи*

Во македонскиот јазик сè почесто се среќаваат скратеници од туѓо потекло што се скратени според првите букви напишани на друг јазик и што се читаат според абецедата. Примери: *НБА = ен-бе-а* (National Basketball Association), *АТП = а-те-пе* (Association of Tennis Professionals), *СМС = ес-ем-ес* (Short Message Service).

Во употреба се и меѓународни скратеници што се читаат како еден збор: *УНИЦЕФ, УНЕСКО, ФИФА*.

Некои од туѓите скратеници се осамостојуваат како општи именки: *ласер, радар, цеде, уесбе, натовски* и др.

Список на скратеници во македонскиот јазик:

А

ААМ – Асоцијација на архитекти на Македонија
АВНОЈ – Антифашистичко собрание на народното ослободување на Југославија
АВРМ – Агенција за вработување на Република Македонија
АД – акционерско друштво
АЕК – Агенција за електронски комуникации
АКН – Агенција за катастар на недвижности
АКРМ – Адвокатска комора на Република Македонија
АМС – Агенција за млади и спорт
АМСМ – Авто-мото сојуз на Македонија
АРМ – Армија на Република Македонија
АСНОМ – Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија
АСУЦ – Автосообраќаен училиштен центар
АТП – Асоцијација на тениските професионалци
АХВ – Агенција за храна и ветеринарство
АЦВ – Агенција за цивилно воздухопловство

Б

БДП – бруто-домашен производ
БЕУК – Европско биро на здруженијата на потрошувачите
БЈБ – Биро за јавна безбедност
БНП – бруто-национален производ
БРО – Биро за развој на образованието
БСВ – Биро за судски вештачења

В

ВКВ – висококвалификуван
ВМК – Врховен македонски комитет
ВМРО – Внатрешна македонска револуционерна организација
ВПД – воспитно-поправен дом
ВСРМ – Врховен суд на Република Македонија
ВСС – висока стручна специјализација

Г

ГАК – Гинеколошко-акушерска клиника
ГЗЗЗ – Градски завод за здравствена заштита
ГМО – генетски модифициран организам
ГОБ – Градска општа болница
ГП – градежно претпријатие
ГП – граничен премин
ГТД – градежно трговско друштво
ГТЦ – Градски трговски центар
ГУП – генерален урбанистички план
ГУЦ – Градежен училиштен центар
ГШ – генералштаб

Д

Д – дизел
ДАРМ – Државен архив на Република Македонија
ДДВ – данок на додадена вредност
ДЗИС – Државен завод за индустриска сопственост
ДЗЛП – Дирекција за заштита на лични податоци
ДЗР – Државен завод за ревизија
ДЗС – Државен завод за статистика
ДИК – Државна изборна комисија
ДЛУМ – Друштво на ликовните уметници на Македонија
ДНК – дезоксирибонуклеинска киселина
ДОО – друштво со ограничена одговорност
ДООЕЛ – друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
ДПМ – Друштво на писателите на Македонија
ДСУ – државно средно училиште
ДУП – детален урбанистички план
ДУТ – Државен универзитет во Тетово

Е

ЕАНУ – Европска академија на науките и уметностите
ЕБОР – Европска банка за обнова и развој
ЕБРД – в. ЕБОР

ЕБУ – Европска унија за радиодифузија
ЕДБ – единствен даночен број
ЕЕГ – електроенцефалограм
ЕИБ – Европска инвестициска банка
ЕК – Европска комисија
ЕКГ – електрокардиограм
ЕКТС – Европски кредитен трансфер систем
ЕЛЕМ – Електрани на Македонија
ЕЛС – единица на локална самоуправа
ЕМБГ – единствен матичен број на граѓанинот
ЕМС – Европски монетарен систем
ЕМУ – Економска и монетарна унија
ЕПГ – електронски програмски водич
ЕУ – Европска Унија
ЕУТЕЛСАТ – Европска организација за сателитски телекомуникации

З

З – запад
ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа
ЗКП – Закон за кривична постапка
ЗНД – Заедница на Независни Држави
ЗОИ – зимски олимписки игри
ЗПП – Закон за парнична постапка
ЗРО – Закон за работни односи

И

И – исток
ИВЗ – Исламска верска заедница
ИЗИИС – Институт за земјотресно инженерство и земјотресна сеизмологија
ИК – извршен комитет
ИКТ – информациски и комуникациски технологии
ИМЈ – Институт за македонски јазик
ИМЛ – Институт за македонска литература
ИНИ – Институт за национална историја
ИО – извршен одбор
ИОК – Меѓународен олимписки комитет
ИП – интернетски протокол
ИПА – претпристапна помош

ИСО – Меѓународна организација за стандардизација
ИСРМ – Институт за стандардизација на Република Македонија

Ј

Ј – југ
ЈЗ – југозапад
ЈЗО – јавна здравствена организација
ЈИ – југоисток
ЈКП – јавно комунално претпријатие
ЈП – јавно претпријатие
ЈСП – јавно сообраќајно претпријатие

К

КК – кошаркарски клуб
КС – коњски сили
КТВ – кабелска телевизија
КУД – културно-уметничко друштво

Л

ЛЕД – светлечка диода
ЛКМ – Лекарска комора на Македонија
ЛОИ – летни олимписки игри
ЛЦД – течнокристален екран
ЛШ – Лига на шампиони

М

МАНУ – Македонска академија на науките и уметностите
МЖ – Македонски железници
МИА – Македонска информативна агенција
ММФ – Меѓународен монетарен фонд
МНТ – Македонски народен театар
МОБ – Македонска опера и балет
МОК – Македонски олимписки комитет
МПЦ – Македонска православна црква

Н

НАТО – Организација на Северноатлантски договор
НБРМ – Народна банка на Република Македонија

НЛО – неидентификуван летечки објект
НОБ – Народноослободителна борба

О

ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа
ОЛЕД – органска светлечка диода
ОН – Обединети нации
ООН – Организација на обединетите нации
ОПЕК – Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати
ОУ – основно училиште

П

ПЕН – Меѓународно здружение на писатели
ПИОМ – Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија
ПТТ – пошта, телеграф, телефон

Р

Р – република
РК – ракометен клуб
РМ – Република Македонија

С

С – север
САД – Соединети Американски Држави
СВП – Струшки вечери на поезијата
СЕП – Секретаријат за европски прашања
СЗ – северозапад
СЗО – Светска здравствена организација
СИ – североисток
СМС – сервис за кратки пораки
СОУ – средно општинско училиште
СССР – Сојуз на Советските Социјалистички Републики
СУГС – средно училиште на Град Скопје
СФРЈ – Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Т

ТВ – телевизија, телевизиски
ТЕЦ – термоелектрична централа

У

УБК – Управа за безбедност и контраразузнавање
УГД – Универзитет „Гоце Делчев“
УЕФА – Унија на европските фудбалски асоцијации
УКБ – ултракратки бранови
УКИМ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
УКЛО – Универзитет „Св. Климент Охридски“
УЈП – Управа за јавни приходи
УНЕСКО – Образовна, научна и културна организација при Обединетите нации
УНИЦЕФ – Фонд за деца на Обединетите нации
УО – управен одбор
УХМР – Управа за хидрометеоролошки работи

Ф

Ф – Фаренхајт(ови) (степени)
ФАО – Организација на ОН за храна и земјоделство
ФЗО – Фонд за здравствено осигурување
ФИФА – Меѓународна фудбалска федерација
ФК – фудбалски клуб
ФФМ – Фудбалска федерација на Македонија

Х

ХДР – високодинамички опсег
ХЕЦ – хидроелектрична централа

Ц

Ц – Целзиус(ови) (степени)
ЦЕРН – Европска организација за нуклеарни истражувања
ЦК – централен комитет

Ч

ЧССР – Чехословачка Социјалистичка Република

Ш

ШС – шумско стопанство
ШФМ – Шаховска федерација на Македонија

Правилата за создавање на скратувања (кратенки) во македонскиот јазик се следниве:

скратување само со почетни букви: **г.** – господин, **ж. р.** – женски род, но **ср. р.** – среден род, **н. е.** – нова ера, но **пр. н. е.** – пред наша ера, **т. е.** – то ест, **т.н.** – таканаречен;
скратување на зборови до прва самогласка: **бр.** – број, **др.** – друго, **и др.** – и друго, **и сл.** – и слично, **мн.** – множина, **на пр.** – на пример, **кн.** – книга;
скратување на зборовите до првиот слог, односно до согласката на вториот слог: **арх.** – архитект, **гимн.** – гимназија, **ден.** – денари, **проф.** – професор, **комп.** – компаратив, **грам.** – граматика;
за скратување на сите видови мерки се употребуваат кратенки напишани на кирилица и не се пишува точка до нив, но во науката се употребуваат меѓународни кратенки напишани на латиница;
кратенки со поврзување на првата и последната буква или последниот слог: **д-р** – доктор, **м-р** – магистер, **г-ѓа** – госпоѓа;
Личните имиња, заради економичност, се кратат по првата буква, без разлика дали е согласка или самогласка: *Б. Видоески, Л. Минова-Ѓуркова, О. Ќорвезироска, А. Прокопиев, Г. Смилевски* и сл.

Список на почести скратувања (кратенки) во македонскиот јазик:

А

админ. – административно
алб. – албански
англ. – англиски
акад. – академик
амер. – американски
ас. – асистент

Б

б. б. – без број
биол. – биологија
бел. – белешка
бр. – број

В

в. – век
в. – види
вонр. – вонреден
в. – весник
в. д. – вршител на должност

Г

г. – година
г. – господин
г. д. – географска должина
г. ш. – географска ширина
геогр. – географија
герм. – германски
гимн. – гимназија
гл. – глава
гл. – главен
гл. – глагол
год. – година
грам. – граматика
грч. – грчки
г-а – госпоѓа (неутрална форма за означување женско лице)
г-ѓа – госпоѓа (возрасно женско лице без оглед на брачниот статус)
г-ца – госпоѓица (младо женско лице без оглед на брачниот статус)

Д

дипл. – дипломиран
дијал. – дијалектно
дир. – директор
д-р – доктор (научна титула)

Е

евр. – европски
е-дневник – електронски дневник
екол. – екологија
екон. – економија
е-пошта – електронска пошта

Ж

ж. – женски
ж. р. – женски род
жарг. – жаргонски

З

зб. – збир
зб. – збирка
зоол. – зоологија

И

Ибид./Ibid., Иб./Ib. – исто
и др. – и друго, и други
и сл. – и слично
изд. – издание
инж. – инженер
ислам. – исламски
ист. – историја
итн. – и така натаму

Ј

ј. – јазик
јаз. – јазик

К

кат. – категорија
кин. – кинески
катол. – католички
кн. – книга

Л

л. – лице
лингв. – лингвистика
лат. – латински
лит. – литература

М

м. – машки
м. – место
мак. – македонски
мед. – медицина
м-р – магистер
м. – месец
м. р. – машки род
мат. – математика
мил. – милион

Н

н. е. – наша/нова ера
на пр. – на пример
н. в. – надморска висина
нар. – народен

О

о. г. – оваа година
одн. – односно
о. м. – овој месец

П

перс. - персиски
пол. – половина
пр. н. е. – пред нашата ера
прасл. – прасловенски
прев. – преведувач
проф. – професор
по Хр. – по Христа
пр. – пример
пр. Хр. – пред Христа
правосл. – православно
прив. – приватен

Р

р. – род
ред. – редовен
рус. – руски
р. – роден
ром. – романски

С

Св. – свети, света
сл. – слично
слов. – словенечки
сп. – списание
спорт. – спортски термин
ср. – среден
стр. – страница
сл. – слика
сл. – словенски
словач. – словачки
сп. – споредиˆ
срп. – српски
ср. р. – среден род
ст.сл.–старословенски

Т

т. – точка
таб. – табела
т.н. – таканаречен
тур. – турски
т. е. – то ест
техн. – технички
трад. – традиционално

У

укр. – украински
ул. – улица
уч. – ученик, ученичка
унг. – унгарски
ул. – улога
ур. – уредник

Ф

фиг. – фигуративно
филоз. – филозофија
филос. – философија
физ. – физика
филол. – филологија
фр. – француски

Х

хем. – хемија
хрв. – хрватски

Ч

чеш. – чешки
чл. – член

Ш

шв. – шведски
шп. – шпански

Запомни!

Правописните правила се задолжителни за сите корисници на македонскиот јазик во официјалната писмена комуникација.

Голема буква се пишува на почетокот на реченицата и кај сите именки што претставуваат лично име на некое суштество (реално или измислено), регион, населено место – село, град, држава, континент, водни површини и др.: *Петар Стојанов, Кочо Рацин, Кузман Јосифовски-Питу, Перун, Хари Потер, Ново Село, Велес, Скопско, Југозападна Македонија, Европа, Вардар, Охридско Езеро, Бело Море, Атлантски Океан.* Кај називите на институции, доколку во називот нема лично име, со голема почетна буква се пишува само првиот збор: *Министерство за образование и наука, Економски факултет,* но: *Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје.*

Кај придавките, со голема буква се пишуваат само тие што се изведени со суфиксите *-ов, -ев* и *-ин: Ахилеева петица, Морзеова азбука, Пандорина кутија.*

Сложените зборови и изрази од два или повеќе збора можат да се пишуваат слеано, полуслеано или разделено. Принципот според којшто ќе бидат напишани зависи од тоа дали со зборовите се создал сосем нов поим што има единствено значење (слеано), двата дела делумно се надополнуваат со значењето (полуслеано) или се работи само за дообјаснување на едниот збор со другиот (разделено). Примери за слеано пишување: *дрворед, баснописец, средношколец, клукајдрвец, Лазарополе, самодоверба, прибрат, електродистрибуција, светлозелен* и др. Примери за полуслеано пишување: *бизнис-заедница, фитнес-инструктор, шопинг-центар, пинг-понг, лего-коцка, дроб-сарма, СМС-порака, културно-историски* и др. Разделено се пишуваат: *ангел чувар, град домаќин, јаглерод диоксид, онлајн настава, сè уште, фер игра.*

Скратениците и скратувањата се користат за поголема економичност во пишувањето, а може и во зборувањето (Учениците дојдоа во МАНУ на промоција). Тие се добиваат со спојување на почетните букви (или групи букви) од зборовите што влегуваат во составот на сложените називи и така се добиваат скратениците, т. е. акронимите (АРМ, ЈСП, ОН) или со скратување на одделни зборови и така се добиваат скратувањата, односно кратенките т. е. абревијациите (*г., др., пр. н. е., д-р, г-ѓа* и др.).

Прашања и задачи:

1. Направи скратувања на следниве зборови: доктор, наставник, госпоѓица, архитект, госпоѓа, господа, инженер, директор, метар, километар, милилитар, килограм, декаграм, сантиметар, литар, грам, тон, дециграм.
2. Препиши ги во тетратка реченицитe со тоа што ќе ги замениш скратувањата со цели зборови.
   а) На стр. _____ 12 од учебникот се обработуваат заемките од тур._____ јазик.
   б) На часот по мат. _____ учевме за мерните единици: м_____, км _____ и мм _____.
   в) Илија е студ. _____ на Филолошкиот факултет и откако ќе дипломира ќе биде проф. _____ по мак. _____ јазик.
   г) Ја барав куќата бр. _____ 12 на ул. _____ „Вардарска".
   д) Вчера бев во градската гимн. _____ за да се видам со проф. _____ Васев.
   ѓ) Зборовите во едн. _____ и во мн. _____ добиваат различни наставки.
   е) Нивата на дедо Драган беше голема 3 ха _____ и во неа се родиле три т _____ компири.
   ж) Треба да знаеш дека дкг _____ и дг _____ не е исто.
   з) Во садот можат да се соберат 10 л _____ течност, сл. _____ како и во бурето.
   ѕ) Во кн. _____ бр. _____ 4 на стр. _____ 42 пишува дека именките од ср. р _____ се помалку застапени од другите именски родови.
3. Запиши ги најчестите скратеници и скратувања што ги употребуваш при секојдневно допишување со другарите. Размисли дали можеш да пронајдеш правило според кое си ги скратил/а зборовите!

1.3 СЛУШАЊЕ, ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ

За да се разбере исказ на мајчиниот јазик треба само внимателно да се слуша говорителот и да се има богат фонд на зборови, а за да се постигне тоа е потребно многу читање и пишување. Следствено, слушањето, читањето и пишувањето на мајчин македонски јазик во средното образование треба да бидат наједноставната обврска што може да му се даде на еден средношколец. Верувајќи дека сите ученици во основното образование веќе ги усвоиле сите значајни правила за пишување на македонски јазик и имаат доволен фонд на зборови за да читаат секакви текстови со разбирање, во овој дел од учебникот се трудиме само да ги потврдиме и да ги усовршиме вашите знаења за овие три јазични вештини. Во делот за пишување се дадени примери за различни видови официјални и неофицијални текстови, што можат да придонесат за полесно комуницирање во иднина во разни пригоди. Се разбира, примерите што ги даваме и за читање и за пишување се избрани со цел да бидат интересни за средношколци, но и да произлегуваат од можните конкретни потреби за официјална, но и за приватна комуникација.

Јазикот секогаш се учи според шаблоните што ги слушаме или читаме, и затоа секој конкретен текст што е даден овде е само шаблон во кој вие утре може да ги вградите вашето барање, молба, жалба или мотивациско писмо. Со грижлив однос не само кон овој дел од предметот *Македонски јазик и литература* туку и кон сите други делови, твоите комуникациски вештини ќе бидат на високо рамниште, што ќе ти овозможи полесно вработување и поширок можности за високо образование.

Слушање и читање со разбирање

Еден од учениците да го прочита овој текст, а потоа да се дискутира според поставените прашања. Изложете ги вашите различни искуства со темата на текстот.

Како настанува виножито

Сигурно досега на небото сте го забележале прекрасниот спектар од бои што се создава кога по пороен дожд ќе засјае сонцето. Таа низа од бои се нарекува виножито или дуница. Но знаете ли како се создава овој природен феномен?

Виножитото настанува кога сончевите зраци, по дожд, минуваат низ малите капки вода во воздухот. Сончевата светлина, всушност, се состои од неколку нијанси: црвена, портокалова, жолта, зелена, сина и виолетова.

Водените капки стануваат мали призми низ кои се прекршува светлината. Кога ќе се гледа од авион, виножитото има кружен облик. Бидејќи очите на двајца луѓе не можат да бидат на исто место во исто време, секој гледа поинакво виножито.

Зошто е така? Затоа што дождовните капки постојано се движат во воздухот, па нивниот изглед постојано се менува.

Затоа секогаш кога го гледате виножитото, тоа е единствено. Многумина веруваат дека виножитото е добар знак и ако поминете под него ќе имате среќа и ќе ви се случи нешто убаво.

Легендите на многу култури велат дека виножитото е нешто како мост меѓу небото и земјата. Така, во Иран веруваат дека дури и боите на виножитото имаат одредено значење. Ако преовладува зелената, тоа значи изобилство, црвената значи војна, а жолтата носи несреќа. Индијанците Аравак во Јужна Америка виножитото го сметаат за среќен знак ако се појави над морето, додека жителите на северен Сибир го сфаќаат како говор на сонцето.

Извор: https://novamakedonija.com.mk/prilozi/kolibri/kako-nastanuva-vinozhito/ (пристапено на 12.5.2025 г.)

Прашања и задачи:

1. Што се создава на небото по пороен дожд?
2. Како уште се нарекува оваа појава на македонски јазик?
3. Кој наш познат пејач има музички албум со наслов на оваа атмосферска појава?
4. Од колку бои се состои сончевата светлина?
5. Преку што се прекршува светлината за да се добие виножитото?
6. Дали од сите страни виножитото изгледа како лак?
7. Легендите на кои народи се спомнати во овој текст?
8. Ако знаете други македонски називи за виножитото, наведете ги!

„Вештачката интелигенција крие опасни ризици за човештвото“

Џефри Хинтон, водечки развоен експерт во американскиот технолошки гигант „Гугл“ познат како „кум на вештачката интелигенција“ дал отказ од своето работно место и во понеделничкото издание на весникот „Њујорк тајмс“ предупреди: напредокот на полето на вештачка интелигенција значи „сериозна опасност за општеството и за човештвото“.

Конкуренцијата ги тера технолошките претпријатија на „опасно темпо“ во развојот на сè понови форми на вештачка интелигенција, преку што се шират дезинформации и се доведуваат во опасност работни места, предупредува Хинтон: „Тешко е и да се претпостави на каков начин би можеле да бидат спречени злонамерните да ја користат вештачката интелигенција за лоши цели“.

„Гугл“ и фирмата „Опен АИ“, стартап кој го разви познатиот четбот „Чет-ГПТ“, минатата година започнаа со креирање на системи способни да чуваат и да обработуваат информации кои далеку го надминуваат капацитетот на човечкиот мозок и можат во одделни случаи и да го стават во сенка.

Во поглед на работните места, Хинтон стравува дека вештачката интелигенција може да доведе до тоа „робовската работа“ да стане непотребна, да дојде до укинување на работни места.

Хинтон минатиот месец се простил од „Гугл", компанија која меѓу првите објави рамки за користењето на вештачка интелигенција. „'Гугл' и натаму се чувствува обврзана на одговорен пристап кон вештачката интелигенција, постојано учи од постојните ризици, без да прекине со храбро воведување на новитети", истакна Џеф Дин, шеф на Хинтон во „Гугл".

На крајот на март, технолошкиот милијардер Илон Маск и бројни експерти апелираа да се направи пауза во развојот на посебно напредната вештачка интелигенција. „Системите на вештачка интелигенција способни да им конкурираат на луѓето, можат да кријат огромни ризици за општеството и за човештвото. Моќните системи на вештачка интелигенција треба да бидат развивани тогаш кога ќе бидат обезбедени уверливи претпоставки за нивно позитивно влијание и можности за контрола на нивните ризици", предупредија експертите во отвореното писмо.

Извор: https://www.dw.com/mk/vestacka-inteligencija-sto-ako-slugata-stane-gospodar/a-65491471 (пристапено на: 19.5.2025 г.)

Прашања и задачи:

1. Како се вика „Кумот на вештачката интелигенција"?
2. Со какво темпо се развива вештачката интелигенција?
3. Кој би можел да ја користи вештачката интелигенција за лоши цели?
4. Какви системи за чување информации креираат „Гугл" и фирмата „Опен АИ"?
5. Во која фирма дал оставка Џефри Хинтон?
6. Кој дава оправдување за начинот на работа со вештачката интелигенција во „Гугл"?
7. Дали технолошкиот милијардер Илон Маск инсистира на побрз развој на вештачката интелигенција?
8. Кои услови треба да бидат задоволени за да се развиваат можните системи на вештачка интелигенција?
9. Дали ти си користел „Чет ГПТ" или друг модел на ВИ (вештачка интелигенција)? Пробај да комуницираш на македонски со „Чет ГПТ"!
10. Што мислиш, што би правеле ние, луѓето, ако компјутерот сите задачи и проблеми ги решава сам?

Историја на компјутерите

Првиот електронски компјутер бил компјутерот од 1946 година, кој бил конструиран на Универзитетот во Пенсилванија, познат под името ЕНИАК (ENIAC – Electronic Numeral Integrator and Calculator) – електронски нумерички интегратор и калкулатор. Конструкторите Џон Мокли и Преспер Екерт во него вградиле 18 000 електронски ламби. ЕНИАК бил огромна машина која зафаќала околу 150 квадратни метри површина и тежела 30 тони.

Со ЕНИАК започнува првата генерација компјутери, која траела до 1959 година. Голем недостаток на компјутерите било загревањето на електронските ламби. Тоа барало дополнителни уреди за ладење. Брзината на тие компјутери била мала, имале и мала меморија, а за паметење на податоците се користела дупчена хартиена картичка.

Периодот од 1959 до 1964 година е познат како втора генерација компјутери. Компјутерите од оваа генерација се изградени врз база на транзистор. Тоа е електронски елемент што може да ја извршува истата функција како и електронската ламба само што е многу помал, троши помала енергија и помалку се загрева, а е многу побрз од неа. Оттаму и произлегуваат карактеристиките на компјутерите: имале мали димензии, поголема брзина на пресметување, а за памтење на податоците се користела магнетна лента.

Пронаоѓањето на интегралните кола довело до појава на третата генерација компјутери, која траела од 1964 до 1969 година. Интегралното коло содржи еквивалент од неколку стотини транзистори на минијатурно парче материјал. Тоа придонело димензиите на овие компјутери многу да се намалат и затоа ги нарекле миникомпјутери. Нивната брзина се зголемила, цената им се намалила и примената се проширила во многу области од човековата дејност.

Во седумдесеттите години од минатиот век се јавува мал тенок слој силициум т.н. чип, на кој може да се „отпечати" комплетно интегрално коло. Појавата на чипот ќе доведе до четвртата генерација компјутери.

Четвртата генерација компјутери се појавува во 1970 година. Во 1975 година е направен првиот персонален компјутер. Затоа оваа генерација е наречена и генерација на персонални компјутери (од анг. Personal Computer – PC). Името го добиле бидејќи се наменети за работа на едно лице.

Поради малите димензии, големите можности, масовното производство и ниските цени, употребата на персонални компјутери доживува невидени размери. Со нив може да се комуницира со кој било компјутер во светот, преку посебни компјутерски мрежи.

Денес се користат и компјутери од т.н. петта генерација, кои имаат способност за паралелна работа.

Исто така, се развива и шестата генерација компјутери, т.н. невронски, чија работа е слична со работата на невроните во човечкиот мозок.

Извор: https://computers-informatics.wikispaces.com/Историја+на+компјутерите (пристапено на 29.11.2016 г.)

Прашања и задачи:

1. Компјутерите од втората генерација биле изградени од:
   А. Чипови.
   Б. Транзистори.
   В. Електронски ламби.
   Г. Неврони.

2. Транзисторот е елемент што:
   А. Троши помала енергија од електронските ламби.
   Б. Е сличен со невроните во човечкиот мозок.
   В. Е со големи димензии.
   Г. Е направен од тенок слој силициум.

3. Првиот персонален компјутер е направен во:
   А. 1946 г.
   Б. 1964 г.
   В. 1970 г.
   Г. 1975 г.

4. Која генерација компјутери се развива денес?
   А. Втората.
   Б. Третата.
   В. Четвртата.
   Г. Шестата.

5. Интегралното коло содржи:
   А. Плоча со електронски ламби.
   Б. Еквивалент од неколку стотини транзистори.
   В. Еквивалент од неколку стотини чипови.
   Г. Електронски нумерички калкулатор и интегратор.

6. Првиот електронски компјутер зафаќал:
   А. Мали димензии, а големи можности.
   Б. Околу 150 квадратни метри површина.
   В. Минијатурно парче материјал.
   Г. Површина од еден персонален компјутер.

7. Невронските компјутери работат слично со:
   А. Системите за регулирање на енергија.
   Б. Компјутерските мрежи.
   В. Невроните во човечкиот мозок.
   Г. Периферниот крвен систем.

8. Миникомпјутери се наречени компјутерите од:
   А. Првата генерација.
   Б. Третата генерација.
   В. Седмата генерација.
   Г. Деветтата генерација.

Пишување текстови за официјална (формална) и за неофицијална (неформална) комуникација

Јазикот е основно средство за изразување на мислите, а стилот е начин на кој се прави тоа. Напишаниот текст вреди толку колку што во него е внесено стручно знаење, општа култура и лично искуство. Секој пишан состав треба технички да биде добро обработен без разлика на тоа со кои средства на комуникација се обработува, но целта е да остави добар впечаток.

Кај пишаната комуникација е потребно да се води сметка за правописот, правилната употреба на термините, стилот, граматиката, правилната употреба на странски зборови, за стручната терминологија и друго.

Кога почнува да се пишува какво било соопштение, па дури и една телефонска забелешка, мора да се внимава на правилата на пишување за да се избегнат можните грешки, недостатоци или да се направи погрешна интерпретација на напишаниот текст.

Текстови за официјална комуникација

Молба, барање

Молбата и барањето најчесто имаат ист облик. Разликата е во содржината, во молбата – молиме за нешто, а во барањето – бараме, мислејќи дека нештото е потребно да го добиеме.

МОЛБА (БАРАЊЕ)

- се пишуваат податоците за подносителот на документот (име, презиме и сè што сметаш дека можеш и е потребно да го споделиш);
- се пишува содржината на документот, во зависност од тоа што се моли или што се бара. Кратко, јасно и прецизно, образложувајќи ја ситуацијата со која цел е поднесен документот;
- се изразува благодарност за можноста на позитивен одговор;
- доколку е потребно, доставуваш документи во прилог на документот.

датум и место: подносител:

_____

(своерачен потпис)

До Претседателката
на Здружението на наставници по англиски јазик – Скопје,
проф. м-р Весна Стојановска

МОЛБА (БАРАЊЕ)

од Калина Николовска, ученичка во II-б при СУГС „Осми септември".

ПРЕДМЕТ: Поместување на термин за натпревар

Почитувана претседателке, проф. м-р Весна Стојановска,

Бидејќи освоив прво место на натпревар по англиски јазик на Град Скопје и треба да учествувам на државниот натпревар на 20.5.2025 година, Ве молам ако е можно да се помести натпреварот за два дена. Токму во тој период (од 15 до 20 мај 2025 г.), треба да бидам во Франција со моите соученици од билингвалната француска паралелка.

Во прилог на молбата Ви ги доставувам следните документи што треба да послужат како доказ:

1. Диплома за освоено прво место на натпреварот по англиски јазик на Град Скопје;
2. Покана за гостување во гимназијата во Лион во Франција.

Ви благодарам однапред.

1.5.2025 г. Скопје

молител:

Калина Николовска

До Директорот на
СУГС „Вера Ацева"

БАРАЊЕ

од Петровски Петар, ученик во III-2 при СУГС „Вера Ацева".

ПРЕДМЕТ: Ослободување од настава

Како активен спортист и член на фудбалскиот клуб „Вардар" – Скопје, барам да бидам ослободен од наставата во периодот од 10.5.2025 г. до 24.5.2025 г. поради учество на меѓународен турнир во фудбал во Истанбул, Турција.

Во прилог на молбата ги доставувам следните документи што треба да послужат како доказ:

1. Потврда за членство во ФК „Вардар" – Скопје;
2. Покана за учество од организаторот на турнирот.

Ви благодарам однапред.

Скопје,
5.5.2025 г.

подносител:

Петар Петровски

Писмо (деловно)

Деловното писмо служи за официјална комуникација меѓу институции, фирми, организации и др. Треба да содржи едноставна порака во форма на известување, потврда, покана, понуда. Се повикуваме на неколку точки: Зошто пишуваме? Бараме информации. Што сакаме да постигнеме и што очекуваме?

Од
ХУ Директор
НАМА ДООЕЛ
ул. ББ
Скопје

Почитуван господине Петров,

Ве информираме дека по повод одбележување на десет години од постоењето на нашата фирма во периодот 1.6.2020 – 15.6.2020 одобруваме 20 % попуст на целиот асортиман за сите потрошувачи.

Во знак на благодарност за укажаната доверба и коректната долгогодишна соработка нашата фирма Ви одобрува дополнителни 10 % попуст (вкупно 30 %) и бесплатен транспорт. Надевајќи се дека ќе ги искористите поволностите што ги нудиме, срдечно Ве поздравуваме.

Скопје,
15.5.2020 г.

Со почит,
Александар Коревски

Електронско писмо (е-порака)

Електронско писмо или електронска пошта (е-порака) е најбрзиот начин на пренесување информација, а истовремено и најупотребуваниот. Секогаш внимавај при обраќањето да го напишеш името на примачот со сите негови определби (професија, титула, позиција во општеството и во фирмата и др.).

Почитувани родители,

Најнапред среќни и бериќетни празници, со најубави желби за 2020 година.
Ве известувам дека второто полугодие почнува на 21.1.2020 г. (вторник).
Ве поканувам на родителска средба на 23.1. (четврток) во 18 часот.

Срдечен поздрав,

класен раководител: Симона Симоновска

Почитуван директоре, проф. Спиро Марковски,

Ви се обраќаме за да Ве поканиме на приредбата што ние, учениците од трети клас, ја правиме по повод меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21 февруари.

Приредбата ќе се одржи во аулата на нашата гимназија и со задоволство Ве покануваме да присуствувате.

15.2.2025 г., Тетово

Учениците од трети клас,

Гимназија „Кирил Пејчиновиќ"

Понуда

Пишувањето понуда најчесто се врзува за набавка или за соработка на една фирма со друга.

ПОНУДА

Дел 1.
Информации за понудувачот

- адреса _____
- телефон _____
- факс _____
- е-пошта _____
- лице за контакт _____

Дел 2.
Во овој дел понудувачот ги наведува стоките/услугите/работите што ги нуди со сите потребни технички карактеристики, а воедно ги наведува и цените.

Дел 3.
Во овој дел како прилог се вметнуваат дополнителни брошури, каталози и слично за стоките што се нудат.

Дел 4.
Се утврдува начинот и рокот на испорака.

Дел 5.
Се утврдува начинот на исплата.

Дел 6.
Се прифаќаат сите услови предвидени во тендерската документација.

датум и место:

подносител:

(своерачен потпис)

Биографија (CV/сиви)

Зборот *CV (сиви)* е кратенка од латинското Curriculum Vitae и во буквален превод значи 'историја на животот'. Тој во денешно време се користи наместо изразот *кратка биографија*. Кратката биографија вклучува повеќе информации од твојата типична биографија, вклучувајќи детали за твоето образование и академските достигнувања, истражувања, публикации, награди и друго. Кратката биографија е долга две или три страници. Таа треба да биде јасна, концизна, целосна и актуелна, со тековните информации за вработување и образование.

Елементите што ги вклучуваш ќе зависат од она за што аплицираш, па не заборавај да ги вклучиш најсуштинските информации за поддршка на твојата кандидатура во твоето *CV*.

Лични податоци и контакт-информации. Повеќето биографии почнуваат со информации за контакт и лични податоци, но внимавај да избегнеш излишни детали, како што се верската припадност, имињата на децата и така натаму.

Образование и квалификации. Внимавај да ги вклучиш имињата на институциите и датумите по обратен редослед од највисокото до најниското: докторски, магистерски, додипломски.

Работно искуство/историја на вработување. Најприфатениот стил за опис на вработување е хронолошка биографија. Твојата историја на кариера е прикажана во обратен редослед, почнувајќи од најновата. Постигнувањата и одговорностите се наведени за секоја улога. Повеќе акцент/информации треба да се стават на поновите работни места.

Вештини. Вклучи различни компјутерски вештини, вештини за странски јазици и која било друга неодамнешна обука што е релевантна за бараната улога. Дополни со професионални лиценци и сертификати, членства, хобија и интереси.

Нема потреба да ја вклучиш твојата фотографија, твојата историја на плата, причината поради која си ја напуштил претходната позиција или препораките во твоето **CV**. Референциите треба да бидат наведени одделно и дадени на работодавачите по барање.

Колку долга треба да биде биографијата?

Добрата биографија идеално би требало да опфати не повеќе од две страници и никогаш повеќе од три. Целта е содржината да биде јасна, структурирана, концизна и целисходна. Употребата на зборoформи, наместо на цели реченици, може да помогне да се минимизира употребата на зборот.

ПРИМЕР ЗА КРАТКА БИОГРАФИЈА (CV)

Твоите информации за контакт

- Име
- Адреса
- Телефон
- Мобилен телефон
- Е-пошта

Изборни лични информации

- Датум на раѓање
- Место на раѓање
- Државјанство
- Статус на виза
- Пол

Историја на вработување
Списокот по хронолошки редослед, вклучува детали и датуми

- Историја на работа
- Академски позиции
- Истражување и обука

Образование
Вклучи датуми, специјални дипломи и детали за степени, обука и сертификати

- Постдокторска обука
- Факултет
- Универзитет
- Средно школо

Професионални квалификации
Сертификати и акредитации

- Компјутерски вештини
- Награди
- Публикации
- Книги
- Професионални членства
- Интереси

Мотивациско писмо

Мотивациско писмо се пишува тогаш кога ученикот сака да се вклучи во некоја активност надвор од училиштето, било да се работи за проект, невладина организација, здружение или нешто слично. Во мотивациското писмо се пишуваат главните мотиви на ученикот за да се пријави за вклучување во дадената активност.

До невладината организација
„Храна за сите"

МОТИВАЦИСКО ПИСМО

Почитувани членови на невладината организација „Храна за сите"!

Јас како средношколец сакам да помогнам во собирањето и доставувањето храна до оние што им е потребна, затоа што во 21 век треба да нема гладни луѓе.

Подготвен сум да се вклучам во активностите за прибирање прехранбени производи што се пред истекот на рокот во големите маркети, како и во собирање храна од приватни дарители на одредените пунктови за дарување храна.

Бидејќи сум на училиште само во претпладневните часови, во работни денови можам да се вклучам во различни активности во попладневните часови, а за викендите во кој било дел од денот.

Можам да помогнам за достава и со својот велосипед, ако има потреба.

Ја поздравувам вашата намера да обезбедите што е можно повеќе количини добра храна за нашите сограѓани што немаат услови сами да ја купат.

Со надеж дека ќе ме вклучите во оваа хуманитарна организација, срдечно ве поздравувам!

Со почит,

Битола, 1.5.2025 г.

Александар Спасев,

ученик во СОЕУ „Јане Сандански"

Извештај

Извештајот е сличен документ како записникот, само се разликува по тоа што по заклучоците се даваат препораки за понатамошни случувања. Во воведниот дел на извештајот треба да се докаже веродостојноста и овластувањето за пишување извештај, да се наведе кој го барал и кој го одобрил, за кого е напишан, која област ја опфаќа. Тонот во извештајот не треба да има емоции.

Главниот дел на извештајот треба да ги содржи целите и причините за извештај и да се обликува според проблемот. Главниот дел содржи детали и наоди, впрочем дава докази, поткрепа на заклучоците и аргументите и како се дошло до нив. Може да се користат табели, карти и слики за појаснување.

По завршување со претставените наоди во извештајот треба да се напишат заклучоци. Заклучоците се одговори на прашањата што го поттикнале изготвувањето на извештајот.

Препораките се пишуваат на крајот на извештајот и претставуваат мислење за тоа што треба да се преземе во поглед на заклучоците.

Извештај за реализирана обука:
Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност

Цели на обуката:

- да се поттикнат наставниците да користат современи методи и техники во наставата и учењето;
- да користат ИКТ во наставата и учењето (дигитални содржини, информации, податоци);
- да ја организираат и да ја реализираат наставата за да поттикнат поголем интерес кај учениците, критичко размислување и учење со разбирање.

Целна група (училиште):

наставници од средните училишта

Место на одржување на обуката (обуките):

СОУГ „Кочо Рацин" – Велес

Датум на одржување на обуката (обуките):

17 – 18 јануари 2023 година

Обучувач: доц. д-р Ристе Ристевски

Текстови за неофицијална (приватна) комуникација

Приватната комуникација, што уште се нарекува неофицијална или неформална комуникација, опфаќа различни видови писма и пораки. Во денешната брза комуникација со мобилни телефони, најбројни се е-пораките, без разлика дали се на некоја од социјалните мрежи или пак се обични СМС-пораки. Во продолжение се прикажани неколку видови приватна комуникација.

Приватно писмо, напишано на хартија и пратено по пошта (класично писмо)

Овој вид писма на некој начин се веќе дел од историјата на комуникацијата, но бидејќи сè уште може да се комуницира и на овој начин, ќе наведеме пример и ќе ги објасниме накратко карактеристиките.

Приватното класично писмо се разликува од деловното по тоа што во него се внесува личен став на искажување.

За правилно испраќање писмо по пошта, потребно е пликот од писмото да биде јасно и уредно пополнет со следните податоци:

Примач (адресат) – се запишува во долната десна страна: име и презиме; улица и број; поштенски број и место; држава (само за меѓународни пратки).

Испраќач (адресант) – се запишува во горната лева страна: име и презиме; улица и број; поштенски број и место; држава (ако е потребно).

Драга моја Сања,

Изминаа два месеца од нашата последна средба, но не избледнеаја спомените што постојано ми навираат.

Денеска е недела и слободното време, верувала или не, го поминав разгледувајќи ги фотографиите што го овековечија нашето дружење. Всушност, тие се и причината што го пишувам ова писмо. Гледајќи ги фотографиите, сфатив колку ми недостигаш и дека морам што поскоро да те видам.

До крајот на јуни треба да го искористам минатогодишниот одмор, па би било супер, доколку немаш други планови, да те посетам во преубавата Будимпешта и повторно да поминеме незаборавни моменти на убавиот син Дунав.

Те поздравувам,
Твојот Горан

Е-порака во група

Еј, друштво, здраво, ќе одиме на забавата? Колку е влез? Дали сте биле досега таму? Велат дека кафулето е топ! Ај, се гледаме вечер!

Е-порака до другар/другарка

Хај, Цаци! Ја виде ли онаа прчла? Само што не ѝ падна носот од важна што се правеше. Е со таква не сакам да се дружам! Ќе си седи сама во клупа! Позз, се гледаме утре! Биби/Боби

Запомни!

1. При пишување официјален документ задолжително напиши го името на примачот, односно адресатот во горниот дел (според погоре дадените упатства).
2. Кога се обраќаш кон едно лице што не го познаваш или има некоја надредена функција, обраќај се задолжително со множина од почит и со пишување на сите заменски форми за второто лице множина со голема почетна буква: ***Почитуван професоре, Ви благодарам за темата. Јас би сакал Вие да бидете во комисијата и Ве замолувам да ми пишете што друго треба да прочитам.***

3. На крајот на документот задолжително потпиши се! Името на испраќачот, т. е. адресантот, мора да биде напишано. Во спротивно, дописот се смета за анонимен!
4. Употребувај кирилично писмо со сите надредни знаци на буквите!
5. Не употребувај емотикони во официјална комуникација со непознато лице!

Прашања и задачи:

1. **Дали во ваков вид пораки користиш дијалектни зборови и фразеологизми? Најди го фразеологизмот во погорната порака!**
2. **Дискутирајте на час колкав процент од зборовите што ги користите за приватна комуникација се на македонски стандарден јазик, колку на дијалект или жаргон, а колку на друг јазик (англиски, германски и сл.)!**

Користење табели, графикони и други шематски прикази

Во табелата подолу се дадени податоци за бројот на ученици според државниот завод за статистика во РС Македонија за учебните 2023/24 и 2024/25 година. Направи извештај за тоа како се бројно распоредени според возраста ученичките во во I и II година.

Размисли и сподели со останатите ученици во класот свој став за причината што во прва година има ученички на 16 и 17 години!

Ученици во редовното средно образование според возраста, полот и годината на учење

		Вкупно	14	15	16	17	18	19	20	21 и повеќе години
2024/2025										
Вкупно		67 278	1 897	16 742	17 516	16 804	13 997	314	6	2
	ученички	33 058	909	8 094	8 442	8 404	7 069	139	1	-
Вкупно		67 143	2 214	17 618	17 194	15 517	13 838	748	13	1
	ученички	32 958	1 121	8 551	8 240	7 596	7 061	383	5	1
I	сè	17 984	2 214	15 347	392	30	1	-	-	-
	ученички	8 644	1 121	7 367	147	9		-	-	-
II	сè	17 189	-	2 271	14 310	582	15	11	-	-
	ученички	8 289	-	1 184	6 845	254	5	1	-	-
III	сè	16 483	-	-	2 492	12 667	1 311	11	2	-
	ученички	8 038	-	-	1 248	6 104	681	5	-	-
IV	сè	15 487	-	-	-	2 238	12 511	726	11	1
	ученички	7 987	-	-	-	1 229	6 375	377	5	1

Извор: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=17 (пристапено на 26.5.2025 г.)

Разгледај го графиконот и дискутирај со помош на следните прашања:

а) Кој јазик е најзастапен како втор задолжителен?

б) Кои три јазици се најмалку застапени?

в) Што мислиш, зошто германскиот јазик е толку популарен?



Разгледај ја сликата подолу и одговори на поставените прашања, потсетувајќи се на своите предзнаења.

- Наведи ги трите словенски групи што се спомнуваат во мисловната мапа.
- Што значи „наречје“ и како се разликува од „дијалект“?
- Објасни со свои зборови што претставува „литературен јазик“. Зошто е важен?
- Што претставува „литературен јазик“ и како се разликува од „дијалект“?
- Што подразбира „мешање на носовки“?
- Кога е создадена македонската азбука и кој е нејзиниот автор?
- Зошто е важно да се изучуваат дијалектите во рамките на наставата по македонски јазик?



Тема 2

ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

Оваа година ќе се запознаеш со основните поими поврзани со книжевноста како наука и како уметност.

Преку науката за уметничката литература ќе ги осознаеш поимите кои од научен аспект ја појаснуваат книжевноста. Овие поими овозможуваат да знаеме каков текст читаме, а тоа ни овозможува негово полесно разбирање. Некои поими можеби веќе ги знаеш. Некои ќе ти бидат сосема нови. Основните теоретски поими за кои ќе учиш оваа година се книжевни родови и видови, лирика, епика, драма, мит, фолклор, ритмички стапки, фарса, ретроспекција, антидрама...

Преку литературата како уметност ќе ги осознаеш литературата и нејзините дела како читање на нова стварност во која знајниот или незнајниот творец-уметник го искажува својот светоглед. Од искона, па сè до денес, човекот е творец и тој на свој начин ги искажува сопствените емоции и мисли. Во овој дел ќе ја согледаш разликата меѓу литературно и литературно-уметничко дело. Основни поими кои ќе ја појаснуваат уметничката литература како уметност се првобитен синкретизам, фигуративен јазик, периодизација на книжевноста...

Насоки кои може да ги користиш за полесно разбирање на сите содржини за кои ќе учиш во рамките на предметот Македонски јазик и литература:

- Запиши ги почетните асоцијации за секој поим. Врати се на тие записи откако ќе сметаш дека имаш доволно знаење. Спореди ги новите сознанија со почетните асоцијации.
- Извлечи ги и организирај ги на свој начин (во табели, подредени во некаков ред) сознанијата за поимите.
- Поставувај си прашања себеси или на наставникот или на соучениците во текот на часот или кога ќе ги читаш или ќе ги учиш содржините. Секое прашање е добредојдено и плод на твојата љубопитност! Одамна рекле: „Не постојат погрешни прашања".

Резултати од учењето

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- да слушаш и читаш со разбирање литературни текстови од различни литературни периоди;
- да анализираш литературни текстови користејќи литературно-теориски поими од наратологијата и поетиката;
- да објаснуваш и разликуваш литературни родови, видови и нивните карактеристики преку примери од македонската и од светската литература, вклучувајќи ја македонската народна литература;
- да формулираш аргументирани и критички ставови за литературни дела и културно-општествени појави, поврзувајќи ги со современи контексти;
- да создаваш оригинални текстови – есејски и креативни – со почитување на јазичните норми, структурата и правилата за пишан израз;
- да разбереш дека читањето со разбирање на литературни дела влијае врз развојот на комуникациските способности, врз начинот на размислување и врз развојот на креативноста;
- да разбереш дека стекнатите вештини преку читањето и толкувањето на литературните текстови се применливи и корисни за учење и стекнување знаења во сите други области.



2.1 ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРА

Теоријата на литературата (книжевноста) е една од основните научни дисциплини која спаѓа во науката за литература. Во рамките на науката за литература, освен теоријата на литература се вбројуваат и **историјата на литературата и книжевната критика**. Трите дисциплини меѓусебно се поврзани во основните цели на проучување, со што се добива јасна слика за поимот литература како наука, односно како уметност.

Наука за литература	
Теорија на литература	Научна дисциплина која системски ги истражува и ги проучува спецификите на литературно-уметничките дела и нивната форма и начин на изразување како и посебните **карактеристики на анализирање и интерпретирање на литературните дела**.
Историја на литература	Научна дисциплина која ги истражува **појавата и развитокот на литературните стилови, правци и епохи.**
Книжевна критика	Научна дисциплина со која се откриваат и се вреднуваат спецификите на **литературните дела**.

Литературата како уметност

Во поширока смисла на зборот, под литература се подразбира **сè што е напишано за некое подрачје или за една култура, цивилизација**. Поимот литература потекнува од латинскиот збор ***littera*** што значи буква, па оттука е широкото сфаќање на поимот литература за сè што е напишано. Но, ако во литературата, односно, во нејзините дела се препознаваат естетски вредности, тогаш таа претставува **уметност на пишаниот/изговорениот збор**.

Еволутивниот развој на човекот е тесно поврзан со развојот на литературата како уметност. На почетокот, човекот најпрвин создавал за да преживее, но со текот на времето создадените орудија, облека, засолништа сè повеќе поттикнувале чувства на восхит или задоволство. Ова е период што претставува зачеток на појавата на уметноста. Појавата на говорот има големо значење во развојот на литературата како уметност. Во ритамот на првобитните извици

- Што подразбираш под поимот литература?
- Дали секоја литература претставува уметност?
- Како настанала литературата како уметност?
- Што користи човекот за да создаде уметност?
- Како првобитниот човек создавал несвесни уметнички „остварувања" кои се развивале паралелно со него?
- Направи листа на уметности кои ги познаваш и подискутирај за нив.

кои означувале имитирање на звуците во природата или искажување на некакви чувства се препознава почетокот на елементите кои денес се поврзуваат со поезијата, музиката и сл. Оттука, никулците на литературата постоеле и пред појавата на писмото. Во предисториското општество се создавале првите трудови и обредни песни кои биле изведувани низ игра и танц. Поврзувањето на првобитните елементи од повеќето уметности се дел од т.н. синкретична уметност. Распаѓањето на родовскиот поредок на луѓето значело и крај на ваквото сфаќање на уметноста. Но, остатоците на синкретизмот се чувствуваат и денес, кога новите уметности се обидуваат да спојат повеќе уметности во едно единствено уметничко дело.

Запомни!

Под поимот литература се подразбира сè што е напишано за некое подрачје или за една култура, цивилизација.

Кога во делата се препознаваат естетски вредности, тогаш литературата претставува уметност.

Уметноста постои откако постои и човекот. Таа е насекаде околу нас и претставува општествена врска со заедницата. Секоја уметност има сопствен материјал со кој се создава, а материјалот со кој писателите создаваат уметност е јазикот. Затоа, литературата се нарекува и „уметност на јазикот".

Прашања и задачи:

1. Што е литература, а што уметничка литература?
2. Која е разликата меѓу поимите литература, уметничка литература и синкретизам?
3. Што се подразбира под поимот синкретизам?
4. Наведи кои уметности се спојуваат во сликарството, балетот, филмот.
5. Обиди се да откриеш елементи на синкретичната уметност во компјутерските игри, стриповите, графитите, рекламите.
6. Напиши кус есеј на тема: Не се сите дела што ги читам уметнички дела.
7. Напиши кус есеј на тема: Синкретизмот на уметностите денес.

Мит и митологија

Замисли дека не знаеш ништо за настанокот на дрвото. **Измисли** приказна во која ќе го објасниш неговиот настанок. **Размисли** што претставува текстот што го измисли.

Појавата на литературата се поврзува со појавите на првите приказни што ги создавал човекот. Тој своите знаења и искуства првенствено ги пренесувал преку устен пат, со предавање од колено на колено. Опстојувањето на човекот е поврзано со природата и промените во неа затоа што преку земјоделските дејности, тој ги обезбедувал своите основни потреби. Живеејќи во заедница, човекот морал да ги уреди меѓусебните односи, па така создавал одредени обреди кои се изведувале во исто време, од исти луѓе и во заедничка релација. Во зависност од нивната намена, обредите биле календарски или семејни. Календарските обреди биле поврзани со материјалниот опстанок на човекот и се правеле за да осигурат подобра берба, подобар плод и побогат живот. Семејните обреди се поврзани со основните моменти на човековото живеење, раѓањето, бракот, смртта. И двата типа обреди биле меѓусебно поврзани бидејќи човековиот живот бил условен од периодите на земјоделските дејства. Обредното време на човекот се поврзува и со создавањето на приказните преку кои тој си ги појаснувал појавите околу него. Овие приказни се нарекувале митови. **Митот** е света, религиска приказна преку која се појаснува прапочетокот на светот. Во зависност од темата (за што се зборува во нив), митовите се делат на:

- митови за настанокот на живиот свет во природата;
- митови за настанокот на небесните тела (Сонцето, Месечината, ѕвездите);
- митови за настанокот на космосот (светот создаден од еден бог);
- митови за настанокот на ритуалите;
- митови за крајот на светот и др.

Науката која се занимава со систематско истражување, излагање, споредување и објаснување на митовите се нарекува **митологија**. Таа придонесува за подобро запознавање на културите на луѓето.

Митот е составен дел од културата на секоја цивилизација. Тој нема одредено историско време бидејќи неговото време е измислено. Во прво време митот имал свет карактер и не се раскажувал секому бидејќи се верувало дека на тој начин се губи неговата енергија. Кога митот престанал да биде света приказна и почнал да се раскажува, тогаш станал основа за создавање на литературата. Митот има раскажувачка структура и на литературата ѝ служи како инспирација за мотиви, но самата приказна не се смета за литературна форма.

Секоја цивилизација има своја митологија. Познати митологии во светот се египетската, сумерската, индиската, кинеската, грчката, римската, словенската... Митот во литературата овозможил создавање на врвни литературни дела. Така, Митот за златното јаболко е иницијален за создавањето на големиот еп „Илијада" од Хомер.

Митот за Нарцис

Цветот нарцис своето име го добил според митот за Нарцис. Нарцис живеел во Беотија и бил многу убав. Еден ден, додека бил на лов, во него се вљубила нимфата Ехо. Откако ја одбивал неколкупати нејзината љубов, таа побарала од Немезида, божицата на праведните казни, да го казни барем еднаш, со болка, страдање. Тоа и се случило. Еден ден, жеден по долгиот лов, Нарцис се наведнал да се напие вода, во неа го видел сопствениот одраз и веднаш се вљубил. Долго време се обидувал да го заведе прекрасното момче. Кога посакал да го бакне сфатил дека тоа е самиот тој. Тогаш го зел својот меч и од тага се самоубил. Неговиот труп се претворил во цвет кој бил наречен по неговото име.

Митовите, без разлика на која митологија ѝ припаѓаат, содржат свои специфики, но заедничка нишка за сите се универзалните човечки верувања за создавањето на светот, опасностите кои демнат во него и стравот од крајот на човековото постоење. Голем број митови се поврзани со мотиви за култни јунаци кои оставиле трајни сведоштва за делата што ги создале за благосостојбата на своите заедници.

Запомни!

Митот е основа за создавањето на литературата која најпрвин настанала како мит кој ги појаснува првобитниот свет и појавите во него. Митовите потоа се преобразиле во бајки кои се составен дел од фолклорот на секој народ. Тие се пренесувале од колено на колено и опстојувале и во создавањето на литературните творби. Митската инспирација за секој автор претставува нов начин на прикажување на човековиот свет некогаш и денес.

Прашања и задачи:

1. Како митот се поврзува со фолклорот (Црвенкапа, Силјан Штркот)?
2. Спореди ги митовите за настанокот на светот во различни цивилизации и обиди се да најдеш сличности меѓу нив (сумерската цивилизација и Библијата)!
3. Истражувај и прочитај митови кои се поврзани со потеклото на зборовите од современиот јазик (Едипов комплекс, Танталови маки, Сизифов труд, нарцизам)!

Поделба на литературата

Теоријата на литературата ги истражува и ги проучува спецификите на литературно-уметничките дела и нивната форма и начин на изразување, како и посебните карактеристики на анализирање и интерпретирање на литературните дела.

Издвоените специфики на литературно-уметничките дела и на литературата како уметност во целина овозможуваат да се направи поделба на уметничката литература од различни аспекти.

Во продолжение се дадени извадоци од различни литературни уметнички дела. Употреби го твоето предзнаење од основно училиште и одреди го видот на уметничкото дело според особеностите кои ги препознаваш. Размисли за нивните сличности и разлики.

Ветрот носи убаво време

Ветрот носи убаво време.
Вилнее, јачи во нас.
Ветрот носи убаво време.

Убавото е убаво и поминува.
Останува тагата.
Понекогаш она нè обзема полека,
легнува на нашите очи,
и густо напластена погледот ни го смрачува.
Тогаш нешто страшно тегобно и болно,
нешто големо и наше, непојмливо за другите
нè измачува.

Но некогаш тагата нè докоснува како трепетлика,
како измаглина премрежена над жуберлива река
крај која стоиме загледани бесцелно и немо.
Тогаш сите предмети прилегаат на сказна
па велиме: невозможно, колку е сè убаво.

Ветрот вилнее и јачи.
Ветрот носи убаво време.

АЦО ШОПОВ

Митра гледа: некако Доста непара е ќевлија. На јадење – последна седнува, прва станува. Сè што ѝ се буричка, ѝ иде на повраќање, како болна изгледа, а од ништо не се жали. Ваму многу е весела. Оди, седи, лежи, само си потпева некакви грчки, руски, турски песни и со Илка сè нешто потскришум си шепотат.

– Море, ата ќе те најде – си вели Митра еден ден. – Од двете, едното ти е: или си болна, или... те изел в'кот. Ама ќе разбера јас, па мајка Јана да ти е – и почна да внимава што прави Доста, како оди, како работи, што јаде, што пие. И кога почна Доста полека да оди, полесно да крева, да не се уморува, кога пак почна кисели сливи да ѝ бара, Митра веќе беше начисто, дека оваа „орјатка" ќе окучи некое кучило на свет и почна да се жали.

СТАЛЕ ПОПОВ

МИТРЕ: (*Ѝ ја затвора со рака устата.*) Псс! Ами што, кум ли ќе го правам?

МАРА: (*Итро.*) Ако не да му ги сокриеме и да речеме ти не си донесол таква работа — пари во куќава.

МИТРЕ: Не може, никој нас не ќе ни верува. Секој ќе каже, кој што не оставил не бара... Овој не ги има спечалено со пот... Затоа ти велам: секирата на овега! (*Брзо излегува.*)

МАРА: (*Оди и клекнува пред иконата.*) Свети Никола златен, Богородице мајко, што сега идеш, тргни му го она лошо од главана; дај му дах светен и смири го да не направи будалија. (*Станува и се мисли.*) Ќе го разбудам, ќе го разбудам па што сака нека ми прави, мене нека ме отепа. (*Потрчува да влезе кај Анѓелета, но во тоа време Митре влегува со брзи чекори и со секирата во раката.*)

МИТРЕ: (*Сфаќајќи што сака Мара да направи, за рамења ја исфрлува надвор и ја затвора вратата; застанува пред вратата кај Анѓелета и, откако неколку пати, нерешително се пушта да ја фати квaката, решително влегува.*)

РИСТО КРЛЕ

Во теоријата и во историјата на литературата, од античкиот период, па сѐ до денес, има повеќе обиди да се направи севкупна, според сите карактеристики, поделба на литературно-уметничките дела. Но, таква севкупна поделба не е можна затоа што има повеќе специфични критериуми кои не можат да бидат целосно поврзани или целосно издвоени. Во современата теорија на уметничката литература се издвојуваат три основни принципи на поделба, и тоа:

1. Според принципот за авторство на творбата и според начинот на кој таа се пренесува до читателот;
2. Според формата на литературно-уметничките дела;
3. Според особеностите на формата и на содржината на книжевните дела.

Освен овие три основни принципи, делата од уметничката литература може да се поделат и според времето (периодот) на создавање, според националната припадност на уметничката литература, според јазикот на кој се создадени и според намената за која се напишани.

1. Според принципот за авторство на творбата и според начинот на кој таа се пренесува до читателот:

Поделбата на уметничката литература, која се смета за најстара, е **според принципот на авторство** и според начинот на кој таа се пренесува до читателот:

- **Усна (народна)** литература, која се пренесувала од генерација на генерација. Усната литература е литературата која нема писмен запис и се нарекува **народна** (фолклорна), анонимна или колективна бидејќи нејзиниот автор не е познат. Таа му припаѓа на народниот творец. Во народната литература најпрвин се создале песните, па потоа и приказните, преданијата, легендите, пословиците, гатанките... Се претпоставува дека за неа е карактеристичен народниот збор кој овозможувал лесна запаметливост, па овие творби изобилуваат со повторувања, ритмички говор, раскажување.
- **Авторска (пишана)** литература, која е поврзана со појавата на писмото кое овозможило уметничките литературни дела да се пишуваат и да имаат автор, кој го изразувал својот

светоглед низ еден сопствен фигуративен јазик. Но и по појавата на писмото, напоредно се развивале и усната и авторската литература. Честа појава е авторската литература да биде инспирирана од усната.

2. Според формата на литературно-уметничките дела:

Според **формата** (начинот на изразување на напишаното), уметничката литература може да биде напишана во **стих (поезија)** и во **проза.**

- Поезија – уметничка литература напишана во стихови.
- Проза – уметничка литература напишана во врзан текст.

Секако, и во оваа поделба постојат хибридни облици, како што се песната во проза и романот во стих.

3. Според особеностите на формата и на содржината на литературно-уметничките дела:

Најважната поделба на литературата е според **внатрешните својства** (или уште позната како поделба според најшироко сфатена форма на делата) **на уметничките дела.** Според овој критериум таа се дели на три литературни рода: **лирика, епика** и **драма.** Овие три рода постојат низ сиот историски развиток на литературата, а нивната единствена варијација се должи на формата на изразување на уметничките дела. Од овој аспект на класификација, едно литературно дело може да биде определено од три аспекти: 1. со **родот** (лирски, епски, драмски); 2. со **видот** (во секој род има различни видови) и 3. со **стилот** (на секој литературен вид му соодветствува определен стил).

Според **историскиот развиток,** таа се дели на **литературни периоди/правци**. Литературната периодизација опфаќа класификација на литературата според определување на временски периоди коишто се одликуваат со специфичен литературен израз. Па, така низ историскиот развиток на литературата се разликуваат периодите: античка литература, среден век (средновековна), хуманизам и ренесанса, барок, класицизам, романтизам, реализам, модернизам, постмодернизам.

Литературата може да се класифицира и според јазичната и **националната припадност на авторите**, па така се разликува и македонска, англиска, француска, италијанска, српска, албанска, турска, бугарска книжевност. Постојат и автори кои пишуваат на повеќе јазици.

Според **намената** на литературната творба, таа се дели на **дидактичка** и **публицистичка**.

Запомни!

Литературата се дели според различни критериуми.

Трите основни принципи на поделба се:

- според авторството (народна и авторска);
- според формата (стих и проза);
- според внатрешните својства (лирика, епика и драма).

Поделба според карактеристични својства на уметничката литература:

- според историскиот развиток (периоди и правци);
- според национална и јазична припадност на авторот;
- според намената (дидактичка и публицистичка).

Прашања и задачи:

1. Која литература нема писмен запис?
2. Кој вид творби се првосоздадени во народната литература?
3. Која литература се нарекува авторска?
4. Според првото визуелно читање на литературната творба, како може да се подели таа?
5. Како можат да се поделат литературните творби во зависност од времето кога се напишани?
6. Според кои внатрешни особености може да се поделат литературните творби?
7. Направи споредба на трите различни творби (дадени претходно) и посочи ги нивните сличности и разлики.
8. Препиши ја табелата во тетратка и внеси ги критериумите по кои се прави поделбата на литературата.

Поделба на литературата според:	Критериуми за поделба:
форма	
внатрешни својства	
авторство	
историски развој	
намена	

Лирика

Потсети се на листата која ја изработи во претходните барања и набројг ги одликите на песната што ја читаше.

Во науката за уметничката литература, поточно, според теоријата на литературата, **лириката** се смета за еден од најстарите литературни родови. Записите кажуваат дека лириката опстојува уште од времето на антиката, кога создадените творби се изведуваат во придружба на инструментот лира и други сродни жичени инструменти, па оттука го добила и името лирика. Во минатото човекот осознал дека лесно може да ги поврзе гласовите во зборовите со одредени звуци кои ја претставувале првобитната музика. Ова поврзување е особено видливо кога во првобитните заедници човекот во процесот на изведување на некаква работа, некаков обред, користел извици, подоцна зборови со кои го претставувал тоа што го правел. Тргнувајќи од овие информации, повеќето историчари на литературата сметаат дека корените на лирските песни треба да се бараат во таканаречениот првобитен синкретизам, што претставува спој на говорот, играта, музиката и глумата при изведувањето на некој древен ритуал. Во видот на ритуалот се препознава зачетокот на различни видови епски песни (трудови, обредни, религиозни песни...).

Лириката како литературен род од научен, теоретски аспект се утврдила дури во 18 век. Лирските дела претставуваат уметност на изразување чувства за нешто, за некоја личност, појава. Лирските творби користат специфичен спој на звуците на секојдневните зборови и нивното поврзување секогаш има за цел да искаже презасилена емоционалност која создава поинаква смисла на нивното значење.

Одлики на лириката

Како најзначајни, најзабележливи и најпрепознатливи карактеристики на лириката многу често се споменуваат и се нагласуваат субјективноста и емоционалноста. Авторот преку лирскиот субјект во лирските песни ги искажува своите чувства и мисли, своите внатрешни, субјективни (индивидуални) доживувања предизвикани од случувањата во надворешниот свет – радост, среќа, надеж, љубов, тага, мака, болка, омраза и слично.

Лирските песни се кратки јазични искази кои ги искажуваат личните настроенија на поетот, неговите размислувања и односи кон сѐ што го опкружува.

Структура на лирска песна

Во структурата на лирската песна се присутни повеќе елементи, но како основни се издвојуваат:

1. Лирски субјект
2. Стих
3. Строфа
4. Ритам
5. Рима

Лирски субјект

Гласот преку кој се искажуваат чувствата, мислите и расположенијата во песната се нарекува **лирски субјект** или **лирско јас**. Лирскиот субјект е јас-конструкт и може да биде во прво и во трето лице. Тој се открива со помош на граматичката особеност на јазикот, преку лицето во кое се наоѓаат глаголите во песната. **Лирскиот субјект не треба да го изедначиме со поетот (авторот на песната).**

Прочитај ги песните и одреди го лирскиот субјект:

Утка

Местото ти е да живееш в планина
да ги тажиш височините
Што бараш по таваните на градот
Ти фосфорна и темна птица од нигдина
По месечина бавно леташ како столетие
што бара некој изгубен накит од небото
Со сувиот ветер на крилјата сè испари
И љубовта ја потроши и не можеш да полеташ таму
каде што ти побегна гласот
О кога со страк трева
Се враќам во градот да не бидам самотен
Ти ме пречекуваш со хор утки во темнина
Ништо не ни преостанува освен
Она што го гледаме дење да го оплакуваме ноќе.

РАДОВАН ПАВЛОВСКИ

Ангелот на Света Софија

Ти којшто толку време мина
под малтерот на ѕидот мрачен,
пак слободен си в простор зрачен
– о сине тих на мисла сина –
со живот пак ти гори видот
и зори како небо ѕидот.
Но таа лика што се крие
под малтерот на мојте гради
и – утеха од дните млади –
по убост како сестра ти е,
не, нема мајстор да ја спаси,
со мојот живот ќе се згаси.

БЛАЖЕ КОНЕСКИ

Исповед

„Нешто ме тера
да измислувам, да увеличувам
да премолчувам, да додавам
да разместувам, да менувам
а, ме копка копитото
на умирањето
и не кријам дека
ми се разлеваат
и сега, поривите
ту на лево, ту на десно
вон лежиштето
како добро изгмечено тесто
како клацкано шампањско
саноќ чекам да ми се јави
меѓу редови, гласот на Бога
да не го изумам сонот
пред да го запомнам
секавањето ми се преполнило
збувнало, прекипело
вулкан не му е рамен
огнена стихија тече
'Царство давам за добра песна'
и од утехата се откажувам
сѐ додека ми суфлира
стих по стих, стихови
Оној онаму Отаде
од Вишновата градина."

КАТИЦА ЌУЛАВКОВА

Стих

Основен елемент на лириката е **стихот**. Надворешно, тој претставува еден ред од песната (поетскиот текст), но кога ќе го прочитаме, тогаш ја забележуваме неговата внатрешност која ја претставува **значенската целина која во себе носи ритмичност и звуковна обоеност**.

Стихот како специфична поетска форма има карактеристики кои се издвојуваат според кои е направена поделбата. Во науката за уметничката литература најчесто прифатените карактеристики за поделба се: **должината на стихот, бројот на слоговите** и **акцентот на слоговите во стихот**.

- Најчестиот поетски стих е **силабичен** стих кој има одреден број слогови. Во зависност од бројот на слоговите, разликуваме четверец, петерец, шестерец, седмерец, осмерец, деветерец, десетерец, единаесетерец, дванаесетерец... Најдолг стих е шеснаесетерецот којшто е составен од шеснаесет слогови. Во силабичкиот стих нема ритмички стапки и во него е важен бројот на слоговите, цезурата или пауза во средина на стихот и паузата на крајот од стихот. Силабичниот стих е широко застапен во македонската народна песна во која најчесто застапени стихови се осмерецот и дванаесетерецот.

Песна	Број на слогови	Вид стих
Камбани		
Попусто ближен бараше срцето желно, прежелно... Самотник одам некаде заслушан в темен шум. Срамотно му е некому еден за друг да се смислиме, еден за друг да најдеме најискрен, добар збор. Загина сешто невратно, самотно што сум сонувал – остана само навреда, на срце горок жал. БЛАЖЕ КОНЕСКИ		

Песна	Број на слогови	Вид стих

Питал је Стојан Бојана

Питал је Стојан Бојана,
Питал је за три години,
Мајка је не ја даваше,
Бојана ми го сакаше.
Ми стана бела Бојана,
Ми влезе в земни керали,
Откључи ковчек шарени,
Бело си руво изваде,
И лепо ми се промена;
Си посла рамни дворои,
Си посла мека постеља
.....

(НАРОДНА ПЕСНА)

Основната карактеристика на тонскиот стих е еднаквиот број акцентирани слогови. Значајно обележје на овој вид стих е постоењето на ритмичката стапка со која творбата има сопствен ритам. Овој вид стих поретко се среќава во поетските творби.

Тешкото

О тешкото! Зурли штом диво ќе писнат,
(U – U) (U – U) (U – U) (U – U)
штом тапан ќе грмне со подземен екот –
(U – U) (U – U) (U – U) (U – U)
во градиве зошто жал лута ме стиска,
(U – U) (U – U) (U – U) (U – U)
во очиве зошто ми навира река
(U – U) (U – U) (U – U) (U – U)
и зошто ми иде да плачам ко дете,
(U – U) (U – U) (U – U) (U – U)
да превијам раце, да прекријам лик
та гризам јас усни, стегам срце клето,
да не пушти вик.
.....



„Тешкото"

Силаботонски стих претставува спој од еднаков број слогови и еднаков број ритмички стапки. Нагласените и ненагласените слогови рамномерно се повторуваат.

Денови

Стани си утре порано
дојди си вечер подоцна,
наутро радост понеси
навечер тага донеси —
.....

КОЧО РАЦИН

Слободен стих

Во поделбата на видови стихови се јавува и слободниот стих. Основно обележје за овој стих е тоа што во создавањето, творецот е целосно слободен и нема ограничувања во однос на ритмичките стапки, силабичноста, тонот, ниту групирањето во строфи или римувањето. Слободниот стих може да се сретне и под името **интонациски стих** затоа што во него значајна улога има интонацијата. Покрај повеќето форми на овој вид стихови, како типичен може да се издели **скалестиот стих** којшто е графички раскинат стих со тоа што дел од него се пренесува во нов ред.

Слободен стих

Луд излез

Ме плашат дека ми фали
Една даска во главата
И уште ме плашат
Дека ќе ме покопаат
Во сандак од три даски
Ме плашат а не насетуваат
Дека без четвртата даска
Јас нив ќе ги исплашам
Ми се фали веселото будалче
Од нашата улица

ВАСКО ПОПА

Скалест стих

Лет

Летав. Летав
И долетав
До врвот на небесното
Чудесното.
*
Во писмото животот
Скриен е.
Кој
Го чита
Ќе преживее.

МИХАИЛ РЕНЏОВ

Строфа

Строфа е организирана целина од песната која најчесто е одделена со белина.

Композиција на песна претставува подреденост на стиховите во строфи, а строфите во песна која е една уметничка целина.

Во зависност од бројот на стиховите во строфата, една песна може да содржи **моностих** (1), **дистих** (2), **терцет** (3), **катрен** (4), **пентина** (5), **секстина** (6), **септима** (7), **октава** (8), **нона** (9), **децима** (10). Во лириката ретко се среќаваат строфи со повеќе од десет стиха. Лирската песна освен во стих може да биде пишувана и во проза.

Според подреденоста на стиховите во строфата, односно во песната, разликуваме:

Астрофична песна (без строфи)

Бели тонови

Пролетта, како сновалка на бела преѓа,
се заплеткува, се отплеткува, се пресипува
на лединатa, зад градината,
до чешмата од спомени чиста!
Далечни, темни, длабоки гласови,
никогаш недопрени до нашата душа,
а вечно откинати од нас самите.
Гласови сребрени, гласови меки
– пролетни гласови
дојдени до сенката на нашата среќа
некогаш барана, никогаш ненајдена
сега изгубена. Руменило едноставно
по образите на девојките, по цутовите,
по голите камени ридишта
прокипува – пред само ние да пристигнеме,
исчезнува – пред само ние да помислиме.
Ослободена, како светлина од дофат
душата го напушта телото, трепери...
А можеше да биде сè наше, но не е!

ЈОВАН КОТЕСКИ

Хетерострофична песна (има строфи со различен број стихови)

Љубов

Милувам прашинка да си,
тих повеј да ми те донесе...

Прашинка љубов, прашинка ништотна,
прашинка невидна,
но сепак љубов, сепак љубов.

Дај да те имам во дланкиве
Нетежина, Несетило.
Дај да поверувам дека си во мене,
стуткана некаде во мене.

Милувам прашинка да си,
тих повеј да ми те донесе...

Како што на пролет цветниците зачнуваат
дај да те заплодам,
за да се родиш во мене
љубов богатница, љубов имовита,
љубов плод љубов надрочен.

Милувам прашинка да си,
тих повеј да ми те донесе...

Но, јас те имам немаштино,
најтрајна недостиг,
најблиска недофат,
најголем недорек,
па место грижата за тебе
поначесто сум доволен од себеси.

ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

Строфична песна (има строфи со ист број стихови)

Квечерина

Спиј. Каменот спие. Спијат водите.
Зад ридјето на твоите веѓи
со плашиците на твојот поглед.
Залез на сонцето.

Спиј. Каменот спие. Спијат водите.
Врз исчадената греда на твојата мисла
ко клупци во селска куќарка
излитени играчки на денот.

Спиј. Каменот спие. Спијат водите.
Над јаболкницата на твоите соништа
над јаболкницата светлотрепетлива
свезди зорници.

— АЦО ШОПОВ

Лирска песна во проза

Побрзај и почекај!

Побрзај да стигнеш до паркот и таму почекај да расцутат дрвцата. Побрзај да влезеш во концертната сала и чекај диригентот да замавне со палката. Побрзај да се качиш на авионот и чекај пилотот да добие дозвола за полетување. Побрзај да го фатиш првиот автобус од аеродромот до градот и таму чекај го трамвајот што ќе те однесе до плоштадот. Побрзај да се качиш со тешките куфери и почекај да ти го побараат билетот. Побрзај да стигнеш навреме на плоштадот, застани до споменикот и почекај ме таму. Побрзај и почекај!

Веројатно малку ќе задоцнам.

— ВЛАДИМИР МАРТИНОВСКИ

Ритам

Во поезијата, рамномерното повторување на дел од составните елементи од кои се составени стиховите и строфите се нарекува **ритам** (*rhythmós* = рамномерно, одмерено движење). Ритамот во една песна претставува поврзување на нагласени (акцентирани) и ненагласени (неакцентирани) слогови во целината на стихот. Што во суштина претставува ритамот најдобро се препознава во музиката. Присуството на ритамот во поетските творби ја покажува тесната поврзаност меѓу лириката и музиката како уметности.

Основни обележја на ритамот се **ритмичките стапки** и **цезурата.**

Ритмичката стапка претставува збир, односно комбинација од долги и кратки слогови или, пак, од нагласени (акцентирани) и ненагласени (неакцентирани) слогови во еден стих. Во зависност од бројот на долгите и кратките, односно, нагласените и ненагласените слогови, постојат повеќе видови ритмички стапки како што се јамб, трохеј, дактил, амфибрах, анапест и други. Цезурата е интонациска пауза во рамките на стихот. Цезурата е кратка пауза на определено место во стихот.

Во книжевната теорија има тенденција да се издели посебна научна поддисциплина под името ритмика која како предмет на проучување би ги имала природата и улогата на ритамот во сета уметничка литература.

Рима

Повторувањето на слоговите од зборовите на крајот на два или повеќе стихови **се нарекува рима.** Таа може да се класифицира според бројот на слоговите и според дистрибуцијата на римата во строфите.

Според бројот на римуваните слогови постојат четири вида рима: **едносложна или машка рима** (род-под), **двосложна или женска рима** (чека-река), **трисложна или дактилска рима** (накажана-излажана) и повеќесложна или хипердактилска рима (промислуваат-домислуваат).

Врз основа на распоредот на римата во строфите разликуваме:

- **парна рима**, кога се римуваат два стиха еден до друг (ААББ-ВВГГ),
- **вкрстена рима** кога се римуваат првиот и третиот и вториот и четвртиот стих (АБАБ ВГВГ),
- **прегрната рима**: кога се римуваат првиот и четвртиот и вториот и третиот стих (АББА ВГГВ) и
- **преплетена рима** која се јавува кај строфите од три стиха, каде што римата преминува од една во друга строфа (АБВ-АВБ; АБВ-ВБА).

Ах таа убавина

Ах таа убавина, ах таа убавина
тоа диво во крвта завивање.
Кине, граба, сече, носи како лавина
вечна е притаеност и вечно откривање.

Не, не треба починка, не треба смирување
сето поле пукнало од здравина,
па крвта е моја светло разденување
од таа разгаленост, од таа убавина.

АЦО ШОПОВ

Старо Скопје

Чувај ја, чувај ја мојата улица мала,
нерамна, крива, кај сурија кучиња лае,
каде што навечер чудесни ѕвезди се палат
и месецот долго врз прозорец зачуден трае.

Таму сè уште најдобрите другари мои,
попусто времето гробишта бесплодни копа,
улицо малецна, од тебе кој ќе ме двои,
многу јас уште на твоите порти ќе тропам.

Отвори потајно, желба ме тагосна згреа,
удира старата камбана – нешто сум далечно допрал,
колку е спокојно овде под твојата стреа,
сè ми е познато, улицо, каде со очи ќе сопрам.

Дамна облеката не сум ја облекол стара,
жолтее една на ѕидот дотраена слика,
пушти ме повтор со прстот низ правта да шарам,
не оставај сега никој, никој да ме вика.

Да дочекам кога тиха ќе наближи вечер,
а кога ќе земе ноќта под клепки да расне,
пушти уште еднаш мајка да ме свлече
и тихо во сонот ламба таа да ми згасне.

Отвори потајно, далечен патник ти идам,
старите пристани секогаш блиски ги имам,
кога сум изморен, сосипан кога се видам,
со утешна надеж патот дамнешен го зимам.

Таму се моите безгрижи, селици – птици,
зелена ливада, зрели мирисаат круши,
врапците пеат на градските слупени жици,
високо своето летало јас сум го кренал.

Улицо малецна, попусто времето копа,
залудно ветерот лисје изгниено кине,
многу јас уште на твоите порти ќе тропам,
не си ти, улицо, нешто што може да мине.

ГОГО ИВАНОВСКИ

Лирски видови

Како најстари, традиционални лирски творби во литературата се застапени лирската песна, одата, химната, елегијата, сонетот и други.

Лирска песна е поетска форма со различна структура која има единствен звук и смисла и која покажува специфична поврзаност на искажаните чувства со светогледот на авторот.

Одата е лирска песна во која доминираат возвишени чувства на лирскиот субјект или, пак, на целата заедница кон одредени личности и појави кои имаат значење за индивидуата или, пак, на сета заедница.

Химната е свечена пофалбена песна со која се искажува возвишувањето и големото значење на некое божество, државата, нацијата. Овој вид песна е и вид **свечена фалбена песна во чест на некого или нешто и најчесто се восприема во придружба на музика**. Според мотивската определба се разликуваат религиозна и национална химна.

Ода

Ода на радоста

Кога си пролет,
секогаш си само почеток
а никогаш крај.
Кога си пролет,
не знаеш што е осаменост.
Танцуваш со боите на слободата,
а твојот златен одблесок влева надеж
за едно волшебно утро во кое можеш да бидеш
и песната на славејот
и славејот
и детето што возбудено му се восхитува.
Кога си пролет се вивнуваш над облаците низ
бестрашен лет,
а сите луди месечари ти ја бираат прегратката за
соучесник.
Кога си пролет, тогаш си и
првата искра на радоста,
лудоста,
храброста.
Јас бев есен,
а не се плашев да чекорам боса низ твоите трња.
И не е нималку чудно што го засакав секој миг на
твојата пролет.
Ама што знае пролетта што е љубов,
кога е секогаш само почеток,
а никогаш крај.

МАРИЈА ПАНДИЛОВСКА

Химна

Химна на Македонија

Денес над Македонија се раѓа,
ново сонце на слободата!
Македонците се борат,
за своите правдини!
Македонците се борат,
за своите правдини!

Одново сега знамето се вее,
на Крушевската Република!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!

Горите македонски шумно пеат,
нови песни, нови весници!
Македонија слободна,
слободно живее!
Македонија слободна,
слободно живее!

ВЛАДО МАЛЕСКИ



Химна

Песна за Скопје (Градот убав)

Градот убав пак ќе никне, среде песни в дружен фат,
пак ко сонце цел ќе бликне, како топол нежен кат.
Скопје младост ти ќе бидеш, Скопје ти ќе бидеш цвет,
и ќе бидеш израз свиден, на сè братско в овој свет.
Покрај Вардар ќе се крене, ќе го буди детски вик,
и ќе брои ново време, радост ќе му краси лик.
Скопје младост ти ќе бидеш, Скопје ти ќе бидеш цвет,
и ќе бидеш израз свиден на сè братско в овој свет.

БОШКО СМАЌОСКИ

Елегијата (*elegeîā* = тажна песна, тажаленка) е лирска песна во која се искажуваат тажни чувства и најчесто се изведувала со флејта и била пишувана во дистих. Тажните расположби на поетот можат да бидат поттикнати од смртта на некој близок, од жал за младоста, за загубената љубов, осаменоста и слично. Во елегиите се опејуваат тажни чувства поради состојбите во татковината, изгубената слобода или слично.

Елегии за тебе

1. „Чернеј горо, чернеј сестро!...“

Вчера си појдов, наминав
низ таја гора зелена
под тија буки високи
по килим сенки широки.

Одев со глава замаен
наведнат, мртов, зачмаен,
одев со грутка на срце
и каракамен на гради.

Деј гиди горо зелена!
Деј гиди водо студена!
Пилците пеат – ти плачеш,
сонцето грее – ти темнеш.

Ако ги криеш коските
на дели млади јунаци
тука што лежат по тебе
во тија темни дубрави –
зошто ги таиш песните?

Зошто по тебе дрвјата
и на дрвјата гранките
и на гранките лисјата
шумолат скришно таговно?

.....

КОЧО РАЦИН

Сонетот е една од утврдените форми која води потекло од италијанската книжевност и тоа некаде од почетокот на 13 век. Како зачетник на оваа лирска форма се смета Франческо Петрарка (1304 – 1374). Првичната форма на сонетот содржи 14 стихови распоредени во

два катрени и две терцини (4 + 4 + 3 + 3) со неколку различни комбинации во распоредот на римите. Во англиската ренесансна литература сонетот е сочинет од три катрени и еден дистих, а најпознати се сонетите на Шекспир.

Оваа лирска форма се појавила подоцна во историскиот развој на литературата, а постои и денес.

Сонет

Можеби си спомен, нечујно што минал
низ моите мечти, оставајќи трага?
Можеби си зборот јас што сум го скинал
од усните свои, низ насмевка блага?

Можеби си сенка што во ноќта сина
одмина без „збогум", недофатена, драга.
Или: крик на страдник безгласно што зинал.
Или: лик на свидна, неплакана тага?

Остани за навек Моја, Една, Блиска.
Биди само име в занес што се блада,
биди песна звучна што низ солзи плиска.

Остани за навек далечна и нема.
Биди вечен гост на срцето што страда,
од кај не ќе може никој да те зема!

ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

Сонетен венец е сложена поетска форма составена од 15 сонети, кои се меѓусебно поврзани на специфичен начин. Првите 14 сонети се поврзани така што последниот стих од еден сонет е прв стих на следниот. Последниот, петнаесеттиот сонет е составен од првите стихови на претходните 14 сонети, редоследно подредени. Автори кои ја пишувале оваа поетска форма се: Франце Прешерн, Лазо Каровски, Магдалена Хорват и други.

Мотивска класификација на лириката

Поетските творби може да имаат различен мотив со кој се изразуваат чувства. **Мотивот претставува најмала тематска целина која не може да се разложува.** Во една песна можат да бидат застапени и преплетени повеќе мотиви, но мотивот на лирската песна се определува според најдоминантниот во неа.

Љубовна лирика

Љубовта претставува вечна тема во уметноста затоа што е најзастапено чувство во човековиот живот. Во литературата се пишува за сите форми на љубовта (љубовта кон родителите, децата, пријателите, живи и неживи суштества), но, сепак, во љубовната лирика доминантни се чувствата и еротскиот копнеж кон партнерот.

Во песните во кои љубовта е главниот мотив, таа може да биде опеана како возвратена, невозвратена, тајна, возвишена, па затоа и тонот на воспевање е среќен или тажен. Љубовните песни во кои се претставени лично доживеани чувства на поетот се вбројуваат во **интимната лирика.** Во нив лирскиот субјект искажува различни чувства како осаменост, страдање, вознемиреност, очај, тага, радост, копнеж, сомнеж.

Поповка

Нас нè дели метар и пол,
од црвена цигла и кал издигнато.
Или само ние сме малечки
од годините и срамот.
Полн сум копнеж и стрв
по игрите со калта, кај задниот двор.
Единствено насон би се извишил над ѕидот,
само за да ѕирнам.
Дотогаш во училница, со тишината
ги повторуваме лекциите
што ќе нè обучат да умреме послушно.
Ги чекам ноќните лекции
по школото, на полјанката,
со кои учиме за милост.
И потоа дома во шпајзот ги сокривам
мечтите збрани тој ден.
За на судна ноќ
со нашиот молк,
да се подадеме
со љубопитните прсти.
Преку ѕидот.

ДИМЕ ДАНОВ

Социјална лирика

Човековата нееднаквост од материјален и социјален аспект како мотив е дел од социјалната лирика. Тешкиот живот на човекот исполнет со сиромаштија и желбата за подобро утре се најчесто опеани мотиви во социјалната лирика. Во некои социјални песни, освен описите на состојбите во кои се наоѓал обесправениот човек, се повикува на бунт и отпор против угнетувачите. Ваквите социјални песни се нарекуваат и **револуционерни**.

Работник

По земници влажни
ноќеви тежат,
а векови тажни
на срце лежат.

А брзам сабајле
и полн со гајле
у мугра да станам
лимња да фанам.

Сѐ работа сакам,
по клубови акам,
а никој ме нејќе –
ех, стар сум веќе.

Сѐ така се молкнам
парталав-кален,
сѐ така го тегнам
животот жален.

А младост-црнина
по скелиња мина,
сѐ малтер си носев,
без стра се јазев.

А сега ме свило –
злото ме пие
и драго и мило
без ден ќе згние.

До кога ли вака
шепот без екот?
Па доста сме браќа,
робја на векот.

Од матен ни поглед
да молсне веда
да стокмиме довлет
за наш'те чеда.

КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ

Описна или пејзажна лирика

Во описната лирика доминираат описите на природата и појавите во неа. Природата и нејзиниот надворешен опис никогаш не се единствените поетски слики кои доминираат во пејзажната лирика, туку секогаш надворешниот опис на природата е испреплетен со чувствата и мислите на лирскиот субјект. Личното расположение на поетот многу често се поврзува со сликата која се опишува, па, така, ако поетот е тажен, пред него не може да има весели тонови и колоритна слика на природата. Сликовитоста на природата, т. е. нејзините пејзажи се зголемуваат со употребата на стилските изразни средства.

Залез во градот

На зајдисонце градот страда од губење рамнотежа:
се наведнува по малку секоја улица.
Сенки од смола и стакло врз плоштадите лежат
и децата преку нив играат прескакулица.

Мушички во воздухот: воздухот е пегав.
Пожар во оранжериите. Стакларницата гори.
Еден пајтон напразно низ блесокот бега.
Велосипедистите се само сјајни метеори.

Заоѓа сонцето и градот страда од главоболие:
прозорците ги фаќа маларична треска.
Збива во оган паркот штотуку полиен.
Лековите в аптека како предупредувања блескаат.

ВЛАДА УРОШЕВИЌ

Религиска лирика

Религиската лирика се свртува кон религијата, како однос на човекот кон божественото. Овие песни се застапени уште кај древните народи преку обредните и митолошките песни. Во религиската лирика припаѓаат песни во кои се спомнуваат митолошки суштества, богови, божества и односот на човекот кон религијата.

Симнување од крстот (фреска)

Кога го симнуваа –
Плачеа.

Крстот на птица му заличи
Од раните миро му течеше
На лицето, ах, на лицето
Жолто овошје меѓу два реда ѕвезди
Ангели му слетуваа
Бел босилек му цутеше.

Ангели ми слетуваа
Бел босилок цутеше
На лицето, ах, на лицето
Жолто овошје меѓу два реда ѕвезди
Крстот на птица ми заличи
Од раните миро ми течеше.

Кога ме качуваа
Ах, кога ме качуваа

Плачеа.

МИХАИЛ РЕНЦОВ

Патриотска лирика

Во патриотската лирика спаѓаат песни во кои доминираат патриотските чувства, т. е. се искажува љубовта кон татковината, кон народот, кон историското минато. Во нив патриотизмот е основно чувство, без разлика на времето на нивното создавање и на тоа дали се поврзани со копнежот за национално ослободување, оддавање почит кон јунаците кои го жртвувале животот за својот народ или изразување љубов кон татковината.

Татковина имам

Татковина имам, родна стреа,
дење неа сводот син ја краси.
Ноќе светат ѕвездни полилео,
изутрина светол ден ги гаси.

Кога ноќе за дома си одам,
вјасаница, под стреите темни,
надушувам – до куќата родна
со оружје в рака враг ме демне!

Ти со сказни ме учеше мамо
да ги сакам сите како тебе.
Би ги сакал, би ги сакал, само.

НИКОЛА ЈОНКОВ ВАПЦАРОВ

Дијалектна лирика

Дијалектната лирика е поврзана со односот кон јазикот. Во неа припаѓаат песни кои се напишани на дијалект, кога во литературата постои стандарден и нормиран јазик. Така, песните во македонската поезија кои се напишани пред кодификацијата на македонскиот јазик не припаѓаат на дијалектната лирика. За дијалектна лирика се сметаат песните кои се пишуваат во современата македонска поезија и се напишани на дијалект.

Слика

Лизга се под куќе д'н
све игра и трчи преко њиве,
вода пое нешто од'мн'шњо,
ш'пка нешто, нејасно кажуе,
исфрља га с'с трске на брег.

Боси шљапкав и деца и старци,
у пламенче далеко нас'рќав,
радуев се покрај врбов стожар,
а под ќерамиде, пред да се сокрие,
мало ѓаволче
на цел глас се смее.

САНДЕ СТОЈЧЕВСКИ

Рефлексивна лирика

Песните во кои поетот ги искажува своите ставови се дел од рефлексивната, односно мисловната лирика. Во основата на лирската поезија се наоѓа субјективното доживување на светот и поетот во нив не го доживува непосредно светот, туку својата мисла за светот. Така, на пример, тој не ја искажува својата љубов кон саканата, туку однадвор ја набљудува љубовта и ги искажува своите ставови и размислувања за неа. Поетите во рефлексивната лирика најчесто пишуваат за одредени појави во животот како смртта, судбината, болката, смислата на животот...

Песји очи

Не сме какви што сме во очите на пците.
Тие нè гледаат снижени, смалени, дребни.
Со тоа се објаснува дрскоста на лајачите.
Оттука нивната смелост да ни се загнат.
Отаде нашиот страв и покрај нашата надмоќ.

ПЕТАР Т. БОШКОВСКИ

Запомни!

Лириката е доживувачка уметност и нејзин основен елемент е стихот. Лирскиот субјект е оној кој ги изразува чувствата и тој не се поистоветува со поетот.

Стиховите во песната се групираат во строфи кои можат да имаат различен број стихови. Во зависност од распоредот на стиховите, песната може да биде: строфична, астрофична и хетерострофична.

Лирската песна може да обработува различни теми и мотиви (љубовни, патриотски, пејзажни, социјални, рефлексивни, религиски и други).

За збогатување на нејзината музикалност се употребуваат ритмички стапки и рима.

Прашања и задачи:

1. Како се дели литературата според нејзините внатрешни својства?
2. Набroj ги основните елементи кои ја сочинуваат лириката.
3. Што е стих?
4. Како се класифицираат песните според распоредот на стиховите во нив?
5. Кој е најдолгиот стих според бројот на слоговите во него?
6. Што е строфа?

7. Набројги традиционалните лирски форми.
8. Посочи ја разликата меѓу одата и химната.
9. Дефинирај го поимот мотив.
10. Како се делат песните според мотивската класификација?
11. Како се нарекуваат песните во кои поетот ги искажува своите ставови, размислувања?
12. Кој поим претставува синоним за рефлексивната лирика?
13. Како се нарекуваат социјалните песни во кои обесправениот човек се повикува на бунт и отпор против угнетувачите?
14. Обиди се да направиш структурална и мотивска анализа на дадените песни. Препиши ја табелата во тетратка и пополни ја според дадените насоки.

Разделба	Нашинска
Нам ни е дадено за ден да сакаме и пак на разделба тажни да бидиме, и пак си велиме: не заборавај ме! а може никогаш да не се видиме. Пат ќе ни препречат мостој соборени, пат ќе ни препречат градој изгорени, пат ќе ни препречи куршумот в чело. И пак сме можеле тажни да бидиме, и пак си велиме: не заборавај ме! а може никогаш да не се видиме. Блаже Конески	Да ни е да сме доста колку за да се разбистри небото над Бистрине, Корабине – Да ни е да сме доволно колку за да се довардиме покрај Вардарине и Струмине – Да ни е да сме мерата колку за да се прелееме од колено во колено до кај истрајвекот – Малчичка сме ли ете па што малчичка божем а веќе со векови по стопати по севезден нѐ пребројуваат Но ние сме како што сте како што се И покрај сѐ и покрај сѐ колку сме толку сме токму сме! Гане Тодоровски
вид песна според распоредот на стиховите:	вид песна според распоредот на стиховите:
мотив:	мотив:
лирски субјект:	лирски субјект:
вид строфа:	вид строфа:
рима:	рима:

Тајна	Вилино коњче
Пак ли сакаш да ти го кажам тоа што ти го кажав вчера во сината ноќ дека си за мене и смев и солза дека си за мене и слабост и моќ. Ах, остави ја веќе таа исповед нека спие мирно во твоето срце и мојата душа нека биде твоја а мое да биде твоето лице. Ацо Караманов	Не памети ни години, ни зима, ниту вчерашни спомени има, ниту староста сака да ја сретне... Само ќе пламне, ќе брчне, ќе претне, ќе рипне, воздухот ќе го скине, ко темјанушка низ него ќе мине, ќе поигра над водата малце, како над шарено огледалце и ќе се види и во денот иден кај што не треба повеќе да биде и, ко што пламна, ќе угасне исто тоа еднодневно пламенче чисто... Петре М. Андреевски
вид песна според распоредот на стиховите:	вид песна според распоредот на стиховите:
мотив:	мотив:
лирски субјект:	лирски субјект:
вид строфа:	вид строфа:
рима:	рима:

15. **Напиши хетерострофична песна составена од два дистиха, една терцина и еден катрен со љубовен мотив.**
16. **Обиди се да напишеш сонет.**

Стилски изразни средства (Фигуративен јазик)

Прочитај ги овие јазични искази и одреди го значењето:

- „во нејзината соба не се менува ни дневната светлина";
- „во нејзината соба нема промени / сè е како порано".

Кој од овие искази ќе го употребиш во секојдневниот разговор? Појасни зошто.

Напиши два стиха во кои во составот на секој збор ќе има ЛИ!

Прочитај ги стиховите и посочи што забележуваш.

Употребата на фигуративните изразни средства што ние денес во книжевната теорија и во стилистиката како научна дисциплина ги детерминираме како стилски фигури (или метаболи) бездруго е стара колку што е стара и способноста на човекот да создава артикулиран говор, но и неартикулирани звуци. Сосема е веројатно, на пример, дека првобитните луѓе

ја употребувале ономатопејата (имитирање звуци од природата) во меѓусебната комуникација, а тоа е веќе практикување на фигуративен израз.

Стилски изразни средства

Проблематиката на разбирањето на стилските изразни средства (стилски фигури) датира уште од појавата на првите книжевни дела, односно уште од времето на најстарите литератури во светот и во таа смисла од раната антика, па сè до денес, се појавиле многубројни дефиниции за терминот стилска фигура. Најчестата определба за стилските изразни средства е онаа дека тие се „јазични средства со кои се остварува сликовито изразување" (Бојковска и др., 2008: 350). Оваа дефиниција за стилските фигури упатува на основната функција на стилските фигури да создаваат слика за она што го означуваат.

Во антиката, стилските фигури биле сфаќани како „свесно засилување на јазичното изразување со нови изразни можности" (Речник на книжевни термини, Нолит, 1991: 817). Меѓутоа, една од најзастапуваните теории за карактерот на стилските фигури е таканаречената теорија на отстапка (отклонување) од јазичната норма (Дикро, Тодоров, 2, 1994: 161). Оваа теорија, имено, се базира врз тезата дека стилските фигури претставуваат отстапување (отклонување) од вообичаениот јазичен израз.

Иако постојат бројни определби, но и многубројни несогласувања во врска со сфаќањето на стилските фигури, сепак, може да се каже дека во структурата на стилските изразни средства се најкарактеристични и најдоминантни две појави како што се – создавањето слика и отстапката од јазичната норма, но и од секојдневниот говор. Како практично функционираат тие механизми во фигуративниот говор може да се види од прегледот на конкретните стилски фигури и нивните суштински особености што се наведени подолу.

За да комуницираме, користиме зборови со кои ги искажуваме сопствените мисли и чувства. Во тоа секојдневно општење, на пример, на одредени исти зборови им даваме различен тон, различно ги спојуваме. И во такви ситуации тие зборови од основното значење добиваат преносна смисла која читателот ја разбира на свој начин. На пример, основното разбирање на зборот „сонце" е светлината која ја гледаме во текот на денот. Но, ако зборот „сонце" го употребиме во преносна смисла на значењето, сонцето може да значи топлина, љубов, слобода... Користењето на зборовите со различно значење од нивното првично, основно значење, поточно, во преносна смисла, во теоријата на литературата се нарекува **фигуративен јазик**.

Присуството на стилските фигури во поезијата уште од почетоците на книжевноста, па сè до денес, зборува за нивната мошне значајна улога во развојот на стихот како книжевна форма, а и на секоја литературна уметничка творба. Стилските изразни средства истото влијание го имаат и во создавањето на прозните дела.

Со помош на овие средства за убаво пишување во уметничката литература, особено во поезијата, се збогатува експресивноста и се создава поинаква смисла на уметничките дела. Не постои само едно правило според кое авторите ги употребуваат, комбинираат, подредуваат во делото што го создаваат. Стилските изразни средства и нивното присуство во уметничката творба е индивидуална креација на авторот.

Со цел да се добијат повеќе информации за мотивот во песната, поголема емоционалност, различни поетски слики, описи на настани и ликови се користат стилски изразни средства.

Со користењето на стилските фигури, поетите и писателите креираат сликовито изразување со јазик кој отстапува од стандардниот јазичен израз.

Ако, на пример, прочитаме во некое уметничко дело „зазори зората", преносното значење нè упатува на разбирање на оваа јазична спојка како „се разденува". Претпоставениот творец со употреба на јазичната спојка „зазори зората" го користи преносното значење на како „се разденува", односно истовремено користи метафора и персонификација. Кај Хомер, пак, на пример, поетот користи неколку сложени епитети за да ја долови зората „шафраноризна" или „ружопрста" слика.

Во зависност од начинот на обликување на зборовите и изразите, како и јазичниот сегмент на дејствување (гласот, зборот, реченицата, мислата) постојат четири вида стилски изразни средства. Тоа се:

1. **фигури на дикцијата (гласовни);**
2. **фигури на зборот (тропи);**
3. **фигури на конструкција;**
4. **фигури на мислата.**

Стилски фигури/Стилски изразни средства			
Фигури на формата		Фигури на содржината	
фигури на дикцијата (фонетски)	фигури на конструкција (синтаксички)	фигури на зборот	фигури на мислата
асонанца	инверзија	метафора	споредба
алитерација	елипса	метонимија	антитеза
ономатопеја	асиндетон	персонификација	хипербола
анафора	полисиндетон	синегдоха	градација
епифора		еуфемизам	ирониј а
парономазија		епитет	парадокс
		алегорија	
		симбол	

Фигури на дикција

Фигурите на дикцијата (**гласовните фигури**) влијаат врз гласовите во зборот, па поради тоа уште се нарекуваат фонолошки фигури. Различните промени на гласовите и комбинации кои се прават при градбата на исказот овозможуваат звучно боење на изразот и засилување на емотивноста.

Алитерација значи повторување на исти согласки (консонанти) или гласовни групи во стихот.

Белите боски на Босилка бодат
Болно во очите на срамежливите
(...)

— ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

Асонанца е повторување на исти самогласки (вокали) во стихот. Асонанцата и алитерацијата се среќаваат мошне често и заедно.

Небото немо некаде тоне,
ветар вее во вечер во венење.

— ЈОВАН КОТЕСКИ

Анафора е повторување на исти зборови на почетокот на стихот.

(...)
гроздовите не црвенеат од себе;
дојдовме
да бидеме јужен ветер,
да бидеме топла влага,
да бидеме сонце
и црвена песна во гроздовите

— ЦАНЕ АНДРЕЕВСКИ

Епифора се образува со повторување на исти зборови на крајот на стихот.

Ги заборавивме
родните сестри
со нивниот бол
што беше наш бол,
со нивните очи
што беа наша добрина, (...)

— ЈОВАН КОТЕСКИ

Ономатопеја е звучно боење на предметите, кое не мора да биде со класично имитирање на звуците, туку тие звуци можат да се вметнат во самите зборови од стиховите.

Зурли трештат на сред село,
тапан бие рум-дум-дум,
млади моми и ергени,
до две ора вијат.
Оздол' иде стар бел дедо,
засукал мустаќи,
право трга на орото
и тој да се фати...

Парономазија е повторување на гласови во зборови со различно значење. Најчесто зборовите во кои се повторуваат гласови имаат ист корен и новоизведените зборови имаат различни гласови.

....
Но, јас те имам, немаштино,
најтрајна недостиг,
најблиска недофат,
најголем недорек,
па место грижата за тебе
поначесто сум доволен од себеси.

— ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

Фигури на конструкција

Елипсата претставува испуштање на зборови од реченичната целина при што смислата и натаму може да се разбере.

.....
'Ржењето ги урива темелите
небото се дави
Коњу однеси ме одовде
дур' е време.

— БОГОМИЛ ЃУЗЕЛ

Инверзија е спротивен збороред од стандардната форма на јазикот.

Не ме остава сеќавањето,
ниту зборот твој.
Копа во мојата душа тој.

— РАДОВАН П. ЦВЕТКОВСКИ

Асиндетон претставува редење (нижење) на зборовите без нивно граматичко поврзување, односно без сврзници.

Чувте ли, о, чувте ли што стана?
Од смеа – плачка,
од глушец – мачка,
од лева – десна,
од кавга – песна.

— ЦАНЕ АНДРЕЕВСКИ

Полисиндетон подразбира редење (нижење) на сврзници без граматичка потреба, односно повторување на сврзници. Оваа фигура е спротивна на фигурата асиндетон.

.....
И расте и натаму и натаму
и сега во неа е собата
И куќата и градот и земјата
и светот во кој таа била.

ВАСКО ПОПА

Фигури на зборот

Фигурите на зборот (**тропи**) уште се нарекуваат семантички бидејќи влијаат врз основното значење на зборот. Тие се образуваат кога зборот ќе добие преносно значење.

Епитет (додавка, придавка) претставува збор или група зборови, кои му се додаваат на главниот збор за да се истакне некоја особина.

Така почнува таа слобода на болот
Запишана со **камена** азбука
Меѓу малку земја и една **запалена** песна
со горчини.

АНТЕ ПОПОВСКИ

Метафора е пренесување на значењето од еден збор на друг, по принцип на сличност меѓу поимите што се означуваат со нив и затоа се нарекува скратена споредба. Таа е основа за создавање на сите останати стилски фигури кои се образуваат со пренесување на значењето преку замена на еден збор со друг.

Преку метафората доаѓа до израз сличноста меѓу поимите и таа може да се образува од сите видови зборови (именка, придавка, прилог, глагол), па оттука се разликуваат два вида метафора – атрибутивна и предикативна. Според структурата, метафората може да биде **проста**, составена од еден збор и **разгранета**, ако е составена од повеќе зборови.

Патиштата се трошат
И вселената се троши
Клучеви и катанци
некои од дното морско
други од сфера поларна
на трпезата на југот
вечераат
Клучни места менуваат
Во чиниите –
храна и времиња.

РАДОВАН ПАВЛОВСКИ

Метонимијата поимите ги преименува според блискост, според некои вистински односи со воспоставување на логичка врска и зависност меѓу поимите. На пример, во исказот „доаѓа македонски" зборот „македонски" е метонимија за наставникот по македонски, односно преку целината (македонски) се претставува делот наставникот.

Светот ќе биде среќен
ако ги преораме со трактори границите
и ги преквалификуваме војниците
во продавачи на цвеќе.

— ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

Персонификација е олицетворување на предметите и појавите т. е. давање на човечки особини на животни, предмети, појави. Својствена е и за сказните и басните.

.....
И врбите влегоа од пладне
Во реката со покрив од мушички...

— ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ

Алегоријата претставува продолжена метафора, чие значење е во контекст на целото дело т. е. кога поетските слики ќе се заменат со поими. Со неа сликовито се изразуваат мислите. Најтипичен пример за употреба на алегорија се басните во кои преку ликовите на животните се претставуваат различни човекови карактери и особини.

(...) Во дворот
на тивките промени би го поканил,
за мекоста на ѕвездите
пред заспивање, би му се доверил.
Да ги скрие зборовите на големите утра,
би го замолил.

— НИКОЛА МАЏИРОВ

Синегдоха претставува подвид на метонимија. Со ова изразно средство, целината се заменува со еден поим и обратно.

Се употребува и во секојдневниот јазик, често слушаме „без кров на глава" со значење – нема дом, куќа.

.....
Гавранот, штом седна таму, еден збор тој гракна само
в душа божем тој збор може сам да начне разговор.
Друго појќе ни да каже, ни да пафне пердув влажен,
(...)

ЕДГАР АЛАН ПО

Еуфемизам претставува добар, убав, позитивен говор.

Лошите навредливи зборови и изрази се заменуваат со некој попријатен, поблаг или побезопасен збор кој го означува истиот предмет или поим.

Тоа значи дека наместо директен и правилен израз за непријатни, застрашувачки или непристојни појави и поими, се користат поблаги, разубавени и пријатни зборови.

И тој отиде, и отиде, и отиде,
И тој повеќе го нема...

ДОБРИЦА ЦЕСАРИЌ

Симбол е стилско изразно средство со кое имињата на конкретните предмети или животни, како и имињата на одделни појави во природата се земаат како знаци, како слики за да се искаже мислата позбиено, посликовито. Симболот е знак за некој поим или група поими.

Мојот јазик има душа
(Ко сѐ што оди и пее)
Ме рани кога е суша

(А кога студи ме грее)
И твој празник е мојот јазик
Тој на животот е гласник

ВЛАДИМИР МАРТИНОВСКИ

Фигури на мисла

Фигурите на мислата се блиски до тропите бидејќи тие не го менуваат само значењето на зборот, туку значењето на изразот во поширока смисла.

Компарација е споредба на два поима со употреба на **како, ко, налик на, сличен на, личи, прилега, потсетува** и други споредбени зборови.

Ти си само овде **како** прастар жител
и играш врз ова тело гневно што те роди.

АЦО ШОПОВ

Градација – постепено засилување. Зборовите се подредени така што првиот го дава најнискиот степен, а последниот највисокиот.

.....
Прва година помина
грутка в срцето ѝ легна,
втора година намина
болест ја в гради искина.
Трета година земјата
на Ленка покри снагата.

КОЧО РАЦИН

Антитеза е противставување на два или повеќе збора или поими со спротивно значење.

.....
Овде је мрачно, и мрак м'обвива;
и темна м'гла земја покрива;
мразој и снегој, и пепелници,..

Тамо зората греит душата,
и с'нце светло зајдвит в гората;
тамо дарбите природна сила
со с'та роскош ги растурила (...)

КОНСТАНТИН МИЛАДИНОВ

Како посебен вид антитеза која е типична за словенската литература е **словенската антитеза** која се состои од три дела – прашање, негација на прашањето и одговор на поставеното прашање.

Словенската антитеза е карактеристична за народната поезија, но таа е застапена и во современата лирика. Најстарите примери за словенска антитеза се среќаваат во „Илијада" од Хомер, а со неа започнува и поемата „Сердарот" од Григор Прличев.

Иронија е изразување преку спротивности бидејќи она што се мисли е обратното од она што се кажува директно.

Кога иронијата е добронамерна, тогаш тоа е шега, а кога иронијата е злонамерна, зајадлива и навредлива, тогаш тоа е **сарказам.**

Овдека лежи човек сломен од многу здравје,
презаситен од денови, имаштини и славје.
Почива в метар спокој со црнозем под зглавје.

— ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

Хипербола е преувеличување, зголемување на моќите. Тоа е стилска фигура со која нештата се преувеличуваат, со цел да се нагласи определен емоционален однос кон лицата, предметите, појавите или дејствата. Хиперболата често можеме да ја сретнеме и во секојдневниот говор: *ти реков сто пати да седиш мирен*. Особено е својствена за епската поезија.

Дури ми се зора обзорила,
ми дојдоја града Стамбола,
ми купија таа остра сабја,
што се дипли дванаесет дипли,
што се носи во бела пазува,
што ми сече дрво и камење.

— „Марко купува сабја" – НАРОДНА ПЕСНА

Парадоксот е искажана мисла која на прв поглед изгледа противречна, бесмислена, но која е, всушност, сосема логична и која во себе носи некоја голема вистина. Со парадоксот се кажува некоја длабока вистина на духовит начин, со привидна противречност. Еден сега веќе класичен пример за парадокс е Сократовата мисла „Сега знам дека ништо не знам".

.....
Започнуваш од својата куќа да крадеш
ама од неа не можеш да избегаш
и тогаш за првпат се гледаш
.....
Е, море виножитна злодобрино
оној што го браниш го убиваш
па гледајќи те плачеме за ништо (...)

— ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ

Запомни!

Разликуваме четири вида фигуративен говор:

1. фигури на дикцијата (гласовни);
2. фигури на зборот (тропи);
3. фигури на конструкција и
4. фигури на мислата.

Фигуративниот говор е одлика на уметноста на зборот и е застапен во сите литературни творби, но најдоминантен е во лириката. Во процесот на откривање на стилските изразни средства во една творба се случува творецот да ги комбинира, па така во стих, строфа да препознаваме доминантна фигура, но и други кои се дел од поетската творба.

На пример:

да бидеме јужен ветер,

да бидеме топла влага.

Во овие стихови има анафора, епитет и персонификација.

Прашања и задачи:

1. Каква улога имаат стилските изразни средства во лириката?
2. Според кои принципи е направена поделбата на стилските изразни средства?
3. Освен во лириката, каде може да се користат стилските изразни средства?
4. Во тетратката запиши ги имињата на стилските фигури застапени во примерите подолу:

1. Во невреме јас знам химна да запеам Потоа кон ѕвездите да се оддалечам и да бидам вечна светлина	2. Дај да те имам во дланкиве, Нетежина, Несетило. Дај да поверувам дека си во мене, стуткана некаде во мене.	3. Прашинка љубов, прашинка ништотна, прашинка невидна, но сепак љубов, сепак љубов!
4. На заѓдисонце градот страда од губење рамнотежа: се наведнува по малку секоја улица.	5. Погледав во овие раце Два огна Две реки Темно чекање	6. Листе лилјаково личи на летна луња лудорија.

7. ... векови невекувани години неизгодинети денови неразденети	8. Цело село се крена на нозе кога го виде.	9. Мој корабе, да одиме! Ти сечи бран, на долг сме пат! Кај сакаш таму води ме, но само не во татков кат.
10. ... наутро радост понеси навечер тага донеси – ај пуст да е, пуст да би останал живот кучешки!	11. Ќе ти пратам бела книга бела книга – црно писмо.	12. Зафатиле свадба да ми чинат, мала свадба – токму три години.
13. Прва година помина грутка в срцето ѝ легна, втора година намина болест ја в гради искина. Трета година земјата на Ленка покри снагата.	14. Живее од своите десет прсти.	15. Се родив многу стар. За да не бидам безделен Си ја орав сенката пред себе И врз неа садев овошки
16. Пронајди таков вистински збор налик на сите мирни затвореници.	17. Ти – бакнеж, брчка, благослов и бол, Ти – преграб страсен, Ти – најлуд алкохол, Ти – воздишко низ која првпат сме заплакале.	18. Нејзините зборови се меки и прилегаат на најубавите бели пердуви.
19. Ене го крајот во возбуда сина, таму детството мое мина. Плачат оние планини за мене!	20. Тој што ми даде јаболко, кај' него да се тркала. Тој што ми даде златен прстен низ него да се провира. Тој што ме мене целива, дај ми го боже на јаве со него век да векувам.	

Дадените извадоци нека ти послужат за примена на стекнатите знаења од лирика.

Без очекувања

Дух што живее на овој свет
а не носи љубовна руба,
таквото постоење е длабока срамота.

Безглаво вљуби се,
оти ништо друго нема освен љубовта.

Нема пат до присуството
освен преку љубовна размена.

Ако некој праша, Но што е љубовта?
одговори, Распојување на волјата.

Вистинската слобода ја добиваат оние
кои се ослободиле од прашањата
за слободна волја и судбина.

Љубовта е владетел.
Двата света играат преку него.
Тој едвај и забележува како се препелкаат.

Љубовта и љубовникот живеат во вечноста
Другите желби се замена
за таквиот облик на постоење.

Колку долго лежиш во прегратка со труп?
Љуби ја поарно душата што не се прегрнува.
Сѐ што се раѓа напролет умира наесен,
но љубовта не се менува со добите.

Од вино измолзено од грозје
очекувај мамурлук.

На овој љубовен пат нема очекувања.
Не ти е лесно да го јаваш телото?
Симни се. Патувај без товар.
Крилја ќе ти се дадат.
Биди чист ко огледало
што ништо не одразува.

Исчисти се од слики и грижи
произлезени од замисли.

Sури во она што не се срами
и што не се плаши од никаква вистина.

Содржи ги сите ликови човекови во својот
без да ги судиш.

Биди чиста празнина.
Што има во неа? Прашуваш.
Тишина само можам да кажам.

Љубовниците имаат некои тајни
кои скришно ги чуваат.

МЕВЛАНА

Дар без причина

Љубовта е безглаво смела; не разумот.
Разумот бара добит.
Љубовта преплавува,
се согорува себеси, незасрамена.

А сепак, во мака,
Љубовта стапи ко воденичен камен,
тврдокорен и направ.

Веќе умрело гајлето за себе,
Таа ризикува сè и не баш ништо.
Љубовта го прокоцкува секој дар од Бога.

Без причина Господ ни го дал Битието;
без причина, возврати го дарот.

МЕВЛАНА

Сива сторија

денот стемнет
се слуша како офка
низ водопадот на кристалниот поток
и веднаш луња ја напаѓа шумата
пред која пее лин
полека се губи неговиот убав глас
во хаосот
но песната ја спасуваат планинските птици
бегајќи од сивилото
потоа се појавува горда
ноќта
се грижи да не се слушне неизреченото
од песната на лин
која ги расцветува цвеќињата
се крева високо
се шири пространо во ноќта
да не ја дозволи насмевката на зората
која ми ги одврзува прангите
што ме држат врзана
за камениот стол

ЛИНДИТА АХМЕТИ

Епика

- Напиши кус состав од 100 збора во кој ќе опишеш некоја случка.
- Размисли кои елементи ти беа потребни за да го составиш текстот.

Епиката е еден од трите литературни рода. Главна одлика на епиката е раскажувањето. Во епските творби се претставуваат настани кои имаат некакво значење за авторот и се случиле во минатото. Основна форма на изразување во епиката е прозата, но во литературата се среќаваат и епски творби во стих.

Одлики на епиката

Во основните одлики на епиката како литературен род се среќаваат:

1. **Епски техники – со чии елементи се создаваат творбите кои се дел од епиката:**
   - Раскажување,
   - Опишување,
   - Епски дијалог,
   - Презентирање мисли и емоции на епските ликови и на епскиот раскажувач.
2. **Должината на творбата, епска широчина – се препознава во комбинација на повеќе ликови, повеќе настани, повеќе описи, повеќе детали.**
   - Објективност во приказот на темите и мотивите.
   - Постоење на ликови од реална средина и од опкружувањето на творците.

Основни елементи на секоја епска творба се: **настан, дејство, фабула, сиже, нарација, опис, наратор, тема, лик, време, простор.**

Настанот е неизоставен дел на раскажувачкиот текст и со него се опишуваат процеси (дејства). Епските прозни дела не можат да се претстават без опишување на дејството на ликовите (она што го прават ликовите).

Нижењето на настаните во времето претставува **фабула**. Причинско-последичните настани ги подредува читателот бидејќи авторот може да ги измести и да ги подреди како тој што сака.

Авторскиот ред на настаните се нарекува **сиже**. Фабулата и сижето се изградени од истите настани, но се разликуваат според нивното нижење. Во фабулата настаните ги подредува читателот, а во сижето авторот. Некогаш фабулата и сижето се совпаѓаат, особено во делата создадени во минатото.

Раскажување или **нарација** е изложување на настаните во нивниот природен, хронолошки редослед. Во нарацијата доминираат описот, монологот и дијалогот. Нарацијата ја врши **раскажувач** или **наратор** кој самостојно ја бира формата на раскажување со што ја искажува сопствената оригиналност.

Во зависност од гледната точка (времето) на раскажувачот, нарацијата може да биде **хронолошка, ретроспективна, интроспективна и проспективна.**

Хронолошката нарација се одликува со раскажување на настаните хронолошки, по следствен ред на случувањата во дејството на творбата.

Ретроспективна нарација е кога авторот, раскажувачот во делото ја користи **ретроспекцијата и настаните ги пренесува по сеќавање или со навраќање во минатото.**

Во создавањето на епските дела авторите често користат **интроспекција**, што им овозможува да го истражуваат внатрешниот живот на ликовите, нивните мотиви, чувства, мисли и желби, анализирајќи ги подлабоките слоеви на нивната личност и внатрешните дилеми.

Авторите користат и **проспекција**, кога раскажувачот ги најавува случувањата т. е. ги предвидува (навестува), најчесто преку сон. Така, на пример, сонот на Неда од „Сердарот" на Прличев и неговото толкување ги навестува случувањата што следуваат.

Во епските творби авторот честопати го забавува или го одложува дејството, со што се поттикнува драматичноста на настаните, а со тоа се зголемуваат напнатоста и интересот на читателот. Оваа постапка во теоријата на литература се нарекува **ретардација**. Раскажувачот, наместо директно да ја продолжи главната случка, вметнува опис на ликови, природа, предмети, историски дигресии, дијалози или монолози или споредни настани. Во епот „Илијада", на пример, пред приказот на битките често се користени долги описи на оружјето, облеката или на потеклото на херојот.

Освен ретардација, во епиката се користи и стилската постапка **антиципација**, со што се навестува или се најавува настан што допрва ќе се случи во раскажувањето. Таа внесува предвремено откривање на дел од идната содржина со цел да се зголеми интересот, неизвесноста или напрегнатоста кај читателот.

Раскажувачот или нараторот е „гласот" кој раскажува во епската творба и не се поистоветува секогаш со писателот. Според формата на нарацијата се разликуваат два вида раскажувачи: **епски раскажувач и лик раскажувач. Епскиот раскажувач** раскажува во трето лице (раскажување преку формата „тој"). Тој не учествува директно во настаните, знае сè и секаде е присутен (во позиција на набљудувач-бог) и затоа се нарекува сезнаен и сеприсутен. **Ликот раскажувач** може да раскажува во прво лице (раскажување преку формата „јас"), како дел од раскажувачкиот свет, но и во трето лице, следејќи ги чувствата и мислите на некој лик. **Нараторот се открива преку јазикот,** т. е. во кое лице се јавуваат глаголите. Во една епска творба не мора да има само еден раскажувач, туку можат да се јават и повеќе раскажувачи. Во ретки случаи, некои приказни се раскажани и во второ лице еднина. Авторот е тој кој прави испреплетување на раскажувачите, со цел да постигне оригиналност на своето дело. Раскажувачот не мора секогаш да биде човек бидејќи во литературата се среќаваат и наратори-животни (во басните, народните приказни), предмети, објекти и фантастични ликови.

Темата е она за што се зборува во епската творба, без разлика дали е тоа настан, лик или проблем кој се појавува и разработува. Темата може да биде разновидна и повеќеслојна, т. е. во една епска творба можат да се јават и повеќе теми на разработка. За да ја определиме полесно темата, прашањето што треба да го поставиме е: **За што се раскажува во делото?**

Ликот во епската творба се јавува како еден од основните елементи бидејќи тој претставува дел од раскажувачкиот свет. Тој е во улога на објект и субјект во една епска творба бидејќи може да го врши дејството (субјект), но и да биде објект на дејството. Ликот никогаш не треба да се изедначи со поимот личност бидејќи ликот не мора секогаш да биде човек (личност), туку тој може да биде животно или предмет. Ликот во текот на раскажувањето се одликува со особини, својства и карактери. Тоа се **атрибути на ликот** кои ги осознаваме преку читањето на текстот. Така, кога атрибутизираме лик, треба да ги гледаме неговите надворешни карактеристики (слаб, дебел, висок, низок, возраст), но и внатрешните – карактерни особини и постапки (добар, [не] себичен, тивок, повлечен...).

Освен лик, во епските творби разликуваме и **јунак** и **карактер**. Во епиката, јунак е ликот што се истакнува со херојство, храброст и големи подвизи, а карактер е внатрешната и моралната особина на ликот.

Лик	Секој што се појавува во делото. (Ахил, Хектор, Марко Крале...)
Јунак	Лик што се истакнува со херојски дела. (Марко Крале е јунак затоа што се бори за својот народ.)
Карактер	Внатрешни особини на ликот – неговата личност. (Марко Крале има силен, праведен и борбен карактер.)

Времето и местото се дел од раскажувачкиот свет. Секој настан од раскажувањето се одвива во одредено време и на одредено место на случување. Овие два елемента на епиката, времето (**хронос**) и местото (**топос**) не мора точно да бидат наведени во прозното дело, туку читателот сам ги открива преку читањето на текстот и претставените случувања.

Запомни!

Епиката е претставувачка уметност и може да се пишува во стих и во проза. Основен елемент на прозната творба е настанот кој го раскажува раскажувач. Тој може да биде епски или лик раскажувач и се определува според лицето во кое се наоѓаат глаголите во текстот. Ликовите се дел од раскажувачкиот свет и мошне често преку нивното дејствување како читатели градиме сопствени ставови, кои ги споредуваме или спротивставуваме со ставовите на ликовите. При анализата на прозна творба треба да се определи: видот на творбата, времето и местото на случувањето на дејството, темата, нараторот и нарацијата, фабулата и атрибутите на ликовите.

Прашања и задачи:

1. Која е главна одлика на епиката?
2. Во каква форма може да биде напишана епската творба?
3. Набројги основните елементи на епиката.
4. Што е фабула, а што сиже? Одреди ја разликата и посочи пример по твој избор.
5. Што е раскажување и какви видови раскажувања се разликуваат?
6. Како се именува гласот кој раскажува во епската творба?
7. На кој начин се открива раскажувачот во епската творба?
8. Определи го раскажувачот во дадените извадоци:

а)

Се зачленив во библиотеката. Ги зедов „Грижа за кожата", „Потеклото на видовите" и книга од една жена што мајка ми постојано ја споменува. Се вика „Гордост и предрасуда" од некоја Џејн Остин. Забележав дека библиотекарката се воодушеви. Можеби е интелектуалец како мене. Не ми го погледна мозолчето, па можеби се намалило. Конечно!

Г. Лукас беше во кујната и пиеше кафе со мајка ми. Собата беше полна со чад. Се смееја, но кога влегов, престанаа.

Г-ѓа Лукас веднаш до нас ги чистеше одводните канали. Изгледаше лошо расположена. Мислам дека г. и г-ѓа Лукас имаат несреќен брак. Кутриот г. Лукас!

„Тајниот дневник на Адријан Мол" – СЈУ ТАУНСЕНД

б)

Патот до Белград ѝ се пристори бесконечно долг, како со секоја изминатa станица растојанието да се зголемуваше. Немирно ги кинеше аглите на списанието што ја допираше само со мазнината на страниците. Не можеше да започне разговор со момчето стегнато во војничка униформа, кое високо и ковчесто, одвреме-навреме ја допираше со лактот груб од рапавоста на шајакот. По возраст можеше да ѝ биде син, па се почувствува виновна што потпрена до прозорецот, со десната рака го сокрива лицето исклучувајќи секаква можност за разговор. Поради тоа чувство, но и поради својата скриена нежност кон машките врсници на своите деца, му купи сендвичи на станицата во С.

„Ноќно патување за Петроград" – ЈАДРАНКА ВЛАДОВА

в)

Сега, кога ќе ги склопам очиве, пред мене оживува сѐ она што се случи тоа попладне. Можеби оттаму желбата да го раскажам ова; можеби оттаму онаа скриена надеж дека ќе успеам да ја дополнам сета моја радост по тоа враќање, или најмалку да ја ослободам од сенките на тагата, што потоа го затемнија нејзиниот сјај, зашто таа радост беше мојата прва радост на возрасен човек, а во тоа попладне јас израснав и првпат почувствував дека детството изминало. Дека со детството е веќе свршено. Иако за сите нив останував дете. За сите нив почнувајќи од стариот вратар дедо Никола, па завршувајќи со татко ми.

Таа есен беше есен на чуда. Не минуваше ден без некој нов настан што ќе ги раздвижи неуморните фантазии. А таа есен беше и гробар. Во таа есен раѓањето не суштествуваше. Суштествуваше само смртта, започнувајќи од она бледо, бескрвно умирање на лисјата, па завршувајќи со оние крвави борби под градот. Понекогаш нас нѐ разбудуваа непријатните, заглушни удари на експлозиите, а потоа го гледавме исплашеното крваво раѓање на сонцето и измореното враќање на колоните по полето.

„Тажна радост" – СРБО ИВАНОВСКИ

9. Определи ги времето и местото во дадениот извадок:

Здогледана во далечината, малечката силуета чудно занишана предизвикува сожалување. Поместениот колк го прекрива широка облека (лете голема маица, зиме излитено палто со спуштени раменици), но при секој чекор десната нога прави полулак и некако несигурно се потпира врз земјата нишнувајќи го телото вдесно и нанапред во необично движење што ја раѓа мислата дека секој чекор му прави болка на момчето. Тоа момче со големо, бесполно лице врз кое се нацртани бледи очи и кое чувајќи ја плашливата полунасмевка во аглите на устата, заличува на бесправедно повреден, за несторен злостор обвинет ангел. Ангел. Можеби живее на Гази Баба или во Дуѓанџик? Во некоја од уличките кај Куршумли-ан? Никој не знаеше. Ни моите пријатели од библиотеката каде што секогаш доаѓал барајќи книги вообичаени за студентите од Правниот факултет.

„Кнезот Мишкин од Бит-пазар" – ЈАДРАНКА ВЛАДОВА

10. Атрибутизирај ги ликовите во претходните извадоци.

11. Во тетратката пополни ја дадената табела во која на левата половина се дадени поими поврзани со прозните творби, а во десната треба да ги набројиш нивните одлики.

Елементи на прозна творба	Одлики
настан	
дејство	
фабула/сиже	
нарација/наратор	
време/простор	
тема/лик	

12. Прочитај го расказот „Офталмологија" од Оливера Ќорвезироска, направи табела како во примерот и пополни ја.

Епски видови во стих и во проза

- Потсети се на песните за Крале Марко и Болен Дојчин кои си ги читал/а во изминатите години. Повикувајќи се на предзнаењето од претходното образование, обиди се да ги запишеш карактеристиките на овие песни. . Што препознаваш прво во песните? Запиши.
- Која од наведените карактеристики за уметничко дело ќе ги поврзеш со епска творба: раскажување, емоции, опис, лик, строфа, рима, настан, раскажувач, тонски стих...
- Откако ќе се запознаеш со поимите поврзани со епските видови, провери што ти било познато, а што ти е ново..

Поделбата на епиката се врши врз основа на два критериума, **според формата** и **според обемот на епското дело**. Според формата епиката се дели на **епика во стих** и **епика во проза**, а според обемот постојат **мали** и **големи епски творби**.

Епски видови во стих претставуваат раскажувачка литература во стихови. Овие творби внатрешно ги имаат сите одлики на епиката (настан, раскажување, ликови...), но надворешно ја имаат стихуваната форма, т. е. напишани се во стих. Епски видови во стих се: **еп, епска песна** и **епски циклус (епопеја).**

Епот е долга епска творба напишана во стих. Тој се разликува од епската песна само според должината. Епот во кој се опеваат настани кои се од голема важност за заедницата, за народот се нарекуваат епопеи. Најчесто еповите структурално се составени од повеќе епски песни кои можат да се компонираат самостојно со нумеризација или со поднаслови. Нараторот во епот најчесто раскажува во трето лице и не брза за да ја заврши приказната. Неговите описи се долги, детални, па затоа често застранува од основната раскажувачка линија (дигресии). Ликовите водат дијалози во кои мошне често се јавуваат т.н. ретардации (забавувања), чести повторувања кои го забавуваат дејството. Тематски се разликуваат повеќе видови епови: херојски, митолошки, дидактички, филозофски, религиозни и идилични. Во зависност од темите кои се застапени во епот, тие можат да комбинираат повеќе тематски целини. Така епот може да биде херојски, но и херојско-митолошки. Најпознати епови во светската литература се сумерскиот еп „Гилгамеш", индиските епови „Рамајана" и „Махабхарата", „Илијада" и „Одисеја" од Хомер, „Теогонија" од Хесиод, „Енеида" од Вергилиј, „Метаморфози" од Овидиј, „Божествена комедија" од Данте Алигиери и други. Во теоријата на уметничката литература се среќава и поистоветување на т.н. **епски циклус** или **епопеја** со епот. **Епопејата** е епско дело со најголем број стихови и темата на епопеите е најчесто историски настан од национално значење.

Епската песна е карактеристична за народната литература, но застапена е и во уметничката. Таа претставува кус епски вид во кој се опева еден настан (случка) кој е значаен за животот на една личност или за целата заедница. Епските песни во кои се застапени исти теми или ист лик-јунак сочинуваат **епски циклус**. Епските песни најчесто се поврзани со јунаци во кои се опишуваат нивните јуначки подвизи, авантури, мегдани и секогаш се претставени со натприродни моќи. Во нив може да се сретнат и митолошки ликови и суштества. Познати епски песни во македонската литература се епските песни за Крале Марко и Болен Дојчин.

Епика во проза

Епските видови во проза ги имаат истите структурни делови на епското дело и се разликуваат според формата на изразување. Творбите се напишани во проза. Првите епски творби во проза биле куси по обем и со нив народот си ги објаснувал природните појави. Тука се вбројуваат сите епски прозни творби кои му припаѓаат на народното творештво, како митовите, легендите, преданијата, приказните, басните, поговорките, пословиците, гатанките и други. Епските творби во проза најчесто се делат на:

1) едноставни епски форми:

- **мит** – света приказна што објаснува нешто непознато за човекот;
- **бајка** – се појавуваат нереални настани и ликови кои се испреплетуваат со вистински настани. Постои поларизација на ликовите во добро и зло;
- **басна** – е напишана во форма на алегорија. Ликовите се најчесто животни преку кои се прикажуваат човечки ликови;
- **легенда** – ја раскажува приказната за животот на еден човек чие однесување е пример за другите луѓе;
- **сага** – приказна за настан од далечното минато, загатка – посебна форма на поставување прашање, шега – концизна презентација на некои ситуации, настани или ликови на начин што на крајот предизвикува комичен впечаток.

2) сложени епски форми:

- **расказ, новела, повест, роман.**

Со почетокот на создавањето на уметничката литература започнува и развојот на прозното творештво. Епски видови во проза се: расказ, новела, повест и роман. Не секогаш должината на епската творба е критериум за класификација бидејќи во стручната литература постојат различни мислења за овој вид поделба.

Расказот е куса епска творба во проза, во која раскажувачот вешто и без никакви застранувања го води дејството кон конечно решение. Во него се опишува еден настан или случка и бројот на ликови е сведен на минимум бидејќи дејството се случува во кус временски период. Ликовите се прикажани во служба на случката и нема податоци кои даваат придонес кон развојот на фабулата.

Откриј ги и запиши ги во тетратка епските одлики во овие текстови:

Шега

Еднаш напладне отидов сам на лизгавицата; смешан со толпата, видов како Наденька приоѓа кон ридот, како ме бара со поглед... Потоа преплашено оди нагоре по скалите... Страв ѝ е да се спушти сама, о колку ѝ е страв! Таа е бледа како снегот, се тресе како да оди на губилиште, но оди, оди без да се сврти, решително. Таа очигледно решила конечно да испита: ќе се слушнат ли тие прекрасни слатки зборови кога мене ме нема? Ја гледам како пребледена, со уста отворена од ужас, седнува во санката, ги затвора очите и, збогувајќи се за навек со земјата, полетува надолу... „Сссс", пишти санката. Не знам дали Наденька ги слуша тие зборови... Само гледам како станува од санката изнемоштена, слаба. По нејзиното лице се гледа дека ниту таа самата не знае дали слушнала нешто или не. Додека се спуштала надолу, стравот ѝ ја одзел способноста да слуша, да разликува звуци, да разбира...

АНТОН П. ЧЕХОВ

Најубавиот подарок

Скокотлив го помнам допирот онаму каде што прстите збунето колебајќи се лизгаат од увото низ образот опфаќајќи го со морници и вратот. Само допир роден во широкото движење на раката, која префрлена преку рамото така прекрасно, за миг, а цела вечност прегрнува...

Најслучајната средба нема време да ја сокрие возбудата. Сè станува убаво. (Восхит во погледот што ја гали косата, што го бакнува слепото око, образот – скршнувајќи... Случајно свртената глава во обраќањето ги дарува и очите. Неиздржливо, па погледот трепкаво скршнува.) Одеднаш – молскавично наведнување и – на неговата дланка, како на чудна почва, помеѓу прстите никнува цвет. Подадена рака и – цветот е повторно скинат!

Најубавиот подарок е жешко око со разлеана црнка, која како сонце ја осветлува жолтилото на прашникот.

ЈАДРАНКА ВЛАДОВА

Новелата е подолга од расказот, но не доволно долга за да биде повест. Терминот е изведенка од италијанскиот збор *novello*, кој означува „ново". Таа опишува еден настан со мал број ликови кој се случува во краток временски интервал. Дејството е динамично и интересно, со неочекувани пресврти кои авторот често ги завршува со завршен коментар кој може да биде и една реченица. Бидејќи содржи само еден настан најчесто претставува сценски извадок кој не дозволува детализации. За прв автор на новели се смета Џовани Бокачо, кој собрал 100 вакви прозни форми раскажани од 10 раскажувачи (7 жени и 3 мажи) во збирката **„Декамерон"**.

Повест е средно епско дело со посложена структура од расказот и новелата. Во него се опишуваат повеќе настани и ликови кои се обединуваат на крајот од делото и сочинуваат една целина. Тоа е дело кое е предолго за да биде расказ, а прекусо за да биде роман. Во повеста се опишуваат повеќе настани и ликови, а приказната е напишана едноставно и има цел да се нагласи етиката, крајот е предвидлив и обично е среќен. Во македонската литература најпознат пример за повест е делото „Улица" од Славко Јаневски.

Романот е долга епска творба во проза. Во него се дадени поголем број настани и ликови кои можат да припаѓаат на кој било временски период, класа, националност. Во зависност од темата и мотивот кои се застапени во романот, тој може да биде: општествен, семеен, психолошки, историски, авантуристички, љубовен, витешки, криминалистички... При определбата на видот на романот можат да бидат застапени повеќе класификации, во зависност од присутните теми. Романот како најобемно епско дело има голем број ликови, но носител на дејството најчесто е еден лик кој се нарекува главен лик. Со него се поврзани сите настани кои се случуваат во романот, без разлика дали се тие реални или фантастични. Ликовите во романот често можат да припаѓаат на конкретна општествена класа и така да ги отсликуваат нивните специфики. Ваквите ликови во литературата се нарекуваат типични ликови. Ваква типизација на ликови е карактеристична за романите од втората половина на 19 век.

Запомни!

Разликуваме епика во стих и епика во проза.

Епската поезија е древен облик на раскажување и одлика на старите цивилизации.

Основни видови на епиката во стих се епот и епската песна.

Епиката во проза станува доминантна во 19 век и нејзини основни видови се романот и расказот. Секоја прозна творба може да обработува различна тема и мотив, кои можат да се преплетуваат.

Прашања и задачи:

1. Врз кои критериуми се врши поделбата на епиката?
2. Како се класифицираат епските творби според обемот?
3. Набројги одликите на прозните творби!
4. Која е суштинската разлика меѓу прозните творби во стих и проза?
5. Што е епски циклус?
6. Како се вика најмалата епска творба во стих?
7. Набројги и објасни ги одликите на епот.
8. Какви можат да бидат еповите според темата?
9. Која творба припаѓа во кусите прозни епски творби?
10. Што е новела?
11. Кој е носител на дејството во романот?
12. Набројги елементите според кои повеста се разликува од расказот.
13. Какви можат да бидат романите според темата која е застапена во нивната содржина?
14. Изработи Венов дијаграм за епските творби во стих и во проза!
15. Прочитај ја дадената песна и откриј ги епските одлики во неа.

Марко Крале ја одменува свадбарината

Едно утро Марко ми подранил
из Прилепа Марко из Варошот,
да прошета Косовска наија.
Уште први петли не пејале,
тој се фрли Шарцу на рамена
и ми тргна по бели друмови,
по среде ноќ низ Скопје помина,
дури петли први пропеале,
тој помина Качански клисури,
дури зора утро зазорила,
тој натури Косовска наија,
дури сонце утро да изгрее,
тој ми влезе во Косовско поле.

Ништо Марко среќа не го срети,
саде сретна Косовска девојка.
Марко нејзе вели: – Добро утро,
добро утро Косовко вдовице.

А таа нему одговори:
– Јас не сум ти Косовска вдовица,
тук сум си Косовска девојка.
Тогаш рече Марко Крале:
– Ај ти тебе, Косовке девојке,
ќе те прашам, право да ми кажеш:
што ти тебе коси побелеле,
бело лико ти се расипало?
Али жалиш од рода твоего?
Што не си се млада омажила?
Тога рече Косовка девојка:
– Ја не жалам од рода моего,
туку има триесет години,
как' ми дошол црна Арапина,
од цара ми свадбина прекупил:
кој ќе јунак млади се ожени,
нему сака триесет и три минца,
а девојка која ќе се мажи,
нејзе сакат триесет минцови.
Мои браќа ми се сиромаси,
ми немаат азно да му дадат,
затоа ми коси побелеле,
бело лико ми се расипало!

Тога бара Марко во пазува,
ми извади триесет минцови,
и ѝ даде Косовке девојке.
Тога рече Марко Кралевиќе:
– Да си сакаш момче спроти тебе,
да си сакаш, да си се омажиш
и на Арап свадбина да платиш.
Ќе те прашам Косовке девојке,
ќе те прашам, право да ми кажеш,
жити рода и твојта крвина,
жити вера наша православна,
жити име Христос Исусово,
немој мене ти да ме излажеш:
Каде му се кули Арапови?

Дадените извадоци нека ти послужат за примена на стекнатите знаења од епика.

Ѓон

Не знам точно дали приказнава започнува во вторник или петок ама сигурен сум дека беше тоа еден пазарен ден во Битола, а во Битола само вторниците и петоците е пазар, тоа сите битолчани, а и многу небитолчани го знаат. Бев дојден од Скопје со ноќниот воз по некоја работа, ми се чини ново крштениче ми требаше или некој сличен документ што само во Битола можев да го добијам. Шалтерите кога работат работат до десет, а јас, под претпоставка дека ќе имам среќа да работат, пресметав дека ми остануваат два-три сати за убивање. Затоа, штом се симнав од валканиот воз и минав низ Железничката станица, една стара зграда што и по својот изглед и амбиентот недвосмислено потсеќаше на последните романтично утописки денови на грофот Толстој, без нервоза тргнав пешки низ паркот што започнуваше веднаш тука, едно дваесетина метри подалеку од станицата. Беше почеток на октомври, утрото студеникаво, некаков прозирен сињак ми се нафаќаше по брадата и мустаќите. За среќа, бев мошне прикладно облечен, со тегет мантил и полувисоки есенски чевли. Големиот нужник во паркот покрај кој мора да се мине смрдеше како што секогаш си смрдел, а тука беше и јавната чешма со скршената славина и баричка околу неа. Поодев уште педесетина минути и излегов кај ширинката пред Фискултурниот дом којшто имаше две вртелешки, а на стожерот од едната, еден врзан пес беспризорно се мочаше по асфалтот. Чистиот воздух за кратко време успеа да ме опие и ко со волшебна рака да ми го светне омацуреното лице. Од ширинката убаво се гледаше есента како утрински се тегне на Неолица, онаа позната лавчанска корија од народните песни. Потоа минав низ теснецот меѓу ракометното игралиште и фискултурниот дом, поодев уште педесетина метри и излегов пред Офицерски, на самиот почеток на главната улица.

.....

И што сега? Јас сум човек на кого брзо му врви лутината ама збунетоста никогаш. Затоа, мислам дека најмногу ми одговара една состојба на врамнотеженост на нештата, состојба на мир со секого па дури и со роденият брат. Значи, тргнав послушно, ко мало дете по брат ми. Тој, како малку да се срамеше од мене, или така мене ми се чинеше, одеше малку понапред, баш како што одат, ако сте виделе, нашите постари или барем многумина од нив: мажот напред за жената два-три чекори и тоа малку надесно зад него. Нема да ви зборувам како го минавме Широк Сокак, само ќе ви кажам дека тоа беше многу чудно одење, секој би рекол дека брат ми ме водеше баш како пес врзан за него со невидлив синџир. Кај кино Македонија свртивме десно и откако го преминавме Драгор кај Ленски Мост се најдовме во чаршијата. Беше сигурно пазарен ден, оти помнам, насекаде вриеше од луѓе, сите дуќани беа отворени се слушаше чукање од ударите врз вжештеното железо од ковачниците, стотици селани, селанки, граѓани и граѓанки се стискаа низ сокачињата со зембили, торби и кошници во рацете, кај папуџиите имаше многу шаренолики пантофли извадени надвор пред отворените кепенци, потоа јорганџиите, наланџиите, леблебиџиите, многу беше живо, навистина...

„Ти само иди по мене!“ пак ми рече брат ми и како ништо да не било ми намигна со левото око оти уште од мал знам само со левото можеше да намигне никако со десното не му успеваше, секогаш двете истовремено ги замижуваше.

.....

„Ќе ојш на Бит Пазар, кај шо се кондураџите, и ќе прашаш кај работи љазе Шилото, и ко ќе го најш ќе му речиш за ѓоно, дека јас, Стојан Козето од Битола те праќам, да ти нај ѓон под нурум а ти знајш после. За пари колај работа!"

И што можев сега да кажам? Кого требаше да го прекорам, да го прашам, да ми одговори што се случува? Стоев збунет како мало дете и со погледот побарав спас од брат ми, но тој, баш тогаш, со сета страст и дрчност се нафрли врз слаткото од дуњи што на убавата тафта му го принесе домаќинката. Ми се стори дека бескрајно долго го шлапкаше слаткото и ја пиеше водата од бисерно чистата чаша.

„И велиш во Скопје живејш?" продолжи човекот, „во то лајно палати да ми даваш не останвам! Шо велиш ти!" Што велам јас, што знам што велам јас, што можев, всушност, и да бев тогаш во состојба, да кажам за Скопје. Бев млад, многу млад, имав само дваесет и три години, таман имав почнато со работа, ама баш ништо не знаев за Скопје, во смисла не знаев што таму се случува, што може човек да знае како е некаде кога е и самиот на почетокот од животот. Ништо не успеав да кажам, ги кренав раменицте, ништо не сфаќав, ама баш ништо.

ДРАГИ МИХАЈЛОВСКИ

Девојката со стотина белезици

Една девојка со премногу белезици на раката станува од постела, го крева мобилниот телефон од подот и си ги брише солзите со ракавот од пижамите.

Влечејќи ги нозете се упатува кон собата на родителите за да им каже дека е подготвена, кога, всушност, не е така.

Оди боса низ ходникот, ја отвора вратата бавно и гледа две тела што спијат свртени со грб едниот кон другиот. Се доближува до делот од креветот на кој спие мајка ѝ, поблиску до вратата, и го набљудува нејзиното дишење: спуштањето и кревањето на нејзините гради, тивкиот звук на воздухот кога излегува низ нејзината подотворена уста...

Токму во тој момент ѕвони будилникот и таа потскокнува. За миг се напнува и не знае што да прави: дали да избега трчајќи, дали да ја разбуди...

– Мила, што правиш тука? Да не се случило нешто? – ја прашува мајка ѝ поткревајќи се во постелата.

– Денеска – ѝ одговара таа.

Тишина.

– Дали си сигурна? – ја прашува додека ги вади рацете од под чаршафот канејќи ја да легне покрај неа.

– Да, подготвена сум.

– Тогаш нека биде денеска.

Мајка ѝ се тргa настрана и ѝ прави место на девојката со белезиците за да легне покрај неа. Знае дека ќерка ѝ не е подготвена, всушност ниедна од двете не е, сепак, тоа ќе биде тој ден.

Денеска.

* * *

Одеднаш нејзината рака престанува да ми ја држи ногата.

Ја гледам и ја набљудувам како се обидува да го скрие прозевањето, како ги отвора очите, ме гледа и ми се насмевнува.

– Здраво, мил мој! – ми вели додека ми го бакнува челото со бакнеж што се чини дека е бескраен. – Како спиеше?

– Подобро, мислам дека не се будев цела ноќ – мамам.

Гледам дека лагата ја прави да се насмевне и ме прегрнува.

– Добро, тоа значи еден ден помалку – ми вели додека станува со тешкотија.

Се слушаат количките со кои ќе го донесат појадокот, се слуша смеа, некој што плаче, разговори во соседната соба... Сè почнува одново. Брзо, многу брзо, бидејќи тука сè се случува брзо. Се појадува брзо, се руча брзо, се вечера брзо... но ноќта се одолжува, ноќта е многу долга.

Мајка ми, како секое утро, ме води во тоалет и многу се срамам поради тоа. Таа чека надвор, нормално, а јас седам внатре, но вратата останува подотворена за да не се откачи сондата што ја поврзува мојата рака со апаратот.

Кога одам само за да мокрам, нема проблем, но кога одам за друго... тогаш навистина се срамам бидејќи вратата е подотворена. Особено кога имам гасови, а речиси секогаш имам поради лековите.

– Измиј го убаво лицето! Дотерај се бидејќи денес имаш посета! – ми вика однадвор.

Посетата, точно, заборавив.

Толку непријатна посета што мајка ми не се осмелува да го каже ни името на посетителот.

Посета што не ми е потребна, што не ја барав и што не ја сакам.

Проклета посета.

„Невидлив" – ЕЛОЈ МОРЕНО

Летото кога научив да летам

На траектот се качивме ненаспани, истуткани, смрдливи и скарани. Од нервоза ја изедов сета преостаната лапачка. Дури и киселото млеко. Морав да го откопчам и копчето на фармерките, не можев да дишам. До нас седеа Италијанци, околу седум-осуммина. Играа карти и лудо се забавуваа, за разлика од мене. Меѓу нив имаше еден пар, постојано се пипкаа и бацуваа. Се чувствував толку бедно што дури не се ни срамев што баба 'рчеше навалена врз моето рамо. Ми цркна батеријата на мобилниот, па не можев ни музика да слушам.

.....

На враќање од плажата видов момче и девојче како мијат чамец што беше врзан за брегот. Пред чамецот стоеше табла со натпис FOR RENT. Додека поминував крај таблата, момчето нешто ми зборуваше, ама ништо не го разбрав. Се правев дека ништо не разбирам. Се правев дека не го забележувам. Гледав пред себе и се движев. Би рекла дека е врсник на Лука, а девојчето е помладо од мене. Сигурно е петто. И додека така го одминував, од чамецот скокна големо бело куче. Како лудо трчаше околу мене, а јас се обидував да го смирам и да го погалам. Игравме неколку минути. Се сетив на Цврле. Потоа момчето свирна и кучето се врати во чамецот.

.....

Кога попладнето се враќав од плажа, повторно го видов големиот бел пес. Беше во чамец со девојчето и дедото од пекарницата. Вообразениот го немаше. Сигурно останал дома да си се восхитува на себеси во огледалото. Психијатрија! Се влечев од плажата ко претепана мачка. Ме болеа и нозете, и рацете, и главата. Пред мене одеа дечко и девојка. Морав малку да подзапрам зашто не можев веќе да ги гледам така заљубени и среќни. Тогаш го забележав чамецот. Девојчето седеше кај клунот. Крај неа лежеше песот.

.....

Ја набивам главата во перница. Размислувам. Какво е чувството кога ќе се вратиш дома по толку години? Дали тогаш си среќен или тажен? Сигурно човек целосно се губи. Бабиниот случај. Ја вртам главата кон неа. Ја гледам како спие. Мирна е. Не 'рчи веќе. Повремено ѝ се мрдаат прстите на рацете. Исто како на Цврле шепите кога сонува дека трча. Што ли сонува баба? Да не свири клавир? Или игра балет? Хахаха... Мојата баба балерина. Ова звучи како наслов на некој тинејџерски роман. Ах, што би дала да сум сега во својата соба и во својот кревет!

.....

– Како да те чујам кога су заспана? А оти си ти будна?

– Затоа што ти 'рчиш.

– Шо пак тоа тебе ти пречи? – баба ме врти околу малиот прст.

– Бидејќи сме во иста соба.

– А ти сакаш вонка да спијам? – цимерката го подигнува тонот.

– Не. Само сврти се настрана и сѐ ќе биде во ред – се обидувам да ја смирам ситуацијата.

– Лека ноќ – баба ми врти грб. Лута е.

– Лека ноќ – и јас ѝ вртам грб. И јас сум лута.

Гледам во пукнатините на ѕидот. Дури сега не можам да заспијам. Целосно се расонив. Да сум во мојата соба, би си ја вклучила ламбата и би читала.

.....

Ја гледам баба. Не мрда. А и не 'рчи. Уште почудно. Инаку, баба и нона се договорија утре да одиме на излет. Станување во пет наутро. Прво со автобус до Јелса на Хвар, па со катамаран (вид брод со два трупа) до Бол на Брач. Ништо не ми одговара, ама тоа е. Ни времето, ни местото, а најмалку друштвото. Мене ми е доста бол и тука, не морам да одам на Брач.

.....

Лежев така на плажата и замислував дека летам. Веќе не ми требаа ни Бастијан, ни Атреј, ни Детската Царица. Беше доволно да ги соберам рацете до телото, да се смирам и веќе бев полетана. Лесно се кревав. Под мене се губеше џагорот од капачите, чадорите, лежалките, ситните бели каменчиња, боровата шума. Уште некое време одозгора ги гледав баба и нона како брановите ги плискаат во плиткото и како се радуваат ко мали деца. А потоа и тие две исчезнуваа. Пред мене беше само небото. Кога целосно ќе се опуштев, наместо раце добивав големи бели крилја. Со нив беше доволно да замавнам само два-три пати и уште долго да пловам низ воздухот. Дури можев и да се превртам на грб и да го продолжам летањето во иста насока.

.....

И така јас и нона се заменувавме. Ќе раскаже таа виц, па јас, па таа... Баба само се смееше. Таа не памти вицеви. Нејзе можеш еден ист виц сто пати да ѝ го кажеш и секогаш ќе се смее како прв пат да го слуша. А да беше Лука со нас, е тоа ќе беше луда забава. Тој знае многу вицеви и супер ги кажува. Денес му испратив порака. Го прашав дали би дошол во Стари Град, ама кретенот ништо не ми одговори. Баш би било супер и тој да е тука.

.....

Се плашам дека никогаш нема да имам дечко. Јас не знам да водам нормален разговор, а камоли љубовен. Кај нона секоја комуникација тече бавно, без разлика дали станува збор за политика, љубов, салата или секс. Таа смее да каже сѐ што мисли и чувствува, за разлика од мене. Во моето одделение никој не знае дека му напишав љубовно писмо на Џастин Бибер. Никој, дури ни Пеќа.

Го преспав поголемиот дел од патот. Кога ги отворив очите, надвор истураше дожд. Автобусот стоеше на граница, а баба како лавица се бореше за секое шише маслиново масло што го зеде од Хвар. Цариниците на крај ја пуштија, а што да прават луѓето, видоа со кого си имаат работа. Кога таа ќе одлучи да направи нешто, полоша е од булдожер. Таа и Чак Норис би го надмудрила. Ама доста за баба, сакам и јас малку да го почувствувам раскошот на бината.

На автобуската не ме пречека баш црвен тепих, ама беше живо и весело. Тато ме вртеше во круг, мама ме бацуваше, Цврле скокаше по мене, а Лука братот ме прегрнуваше со патерицата. Публиката аплаудираше, блицевите блескаа, обожавателите ми бараа автограми, новинарите трчаа по мене. Сѐ на сѐ, беше како на филм. Конечно, и јас да бидам главна глумица во мојот живот. Јас и баба патувавме цел ден и цела ноќ и еве ме сега во својот кревет. Наместо штурци, слушам трамваи. Цврле спие, јас го земам мобилниот и почнувам да пишувам пораки...

ЈАСМИНКА ПЕТРОВИЌ

Лирско-епски видови

- Потсети се и направи листа со одликите на лириката и на епиката.
- Продискутирај дали имаат заеднички одлики и дали може да се комбинираат.

Лирско-епските книжевни творби претставуваат преод меѓу лириката и епиката. Тие во себе содржат елементи кои се карактеристични и за лириката и за епиката. Лирското во нив е емоционалноста, субјективноста и формата (напишани се во стих). Епските елементи во лирско-епските видови произлегуваат од раскажувањето. Во нив има фабула, дејство, описи и ликови. Во лирско-епски книжевни видови спаѓаат: баладата, романсата и поемата.

Баладата е лирско-епска песна која раскажува трагична случка. Во неа се опева содржина во која творецот прикажува необична реалност што најчесто поттикнува тажни чувства. Судбината на некој лик или настан се прикажува со наративните драмски признаци кои се забележуваат во опевањето исполнето со драмска напнатост, конфликтни ситуации, кулминација и трагичен расплет. Крајот на баладата е секогаш трагичен и може да заврши со смрт на јунакот. Сите овие настани се проследени со многу емоции, опеани со бавен ритам и тажен тон. Често во баладата се среќаваат мистични и фантастични елементи. Најзастапени мотиви во баладите се фаталната убавина на жената (несреќна, попречена љубов, родоскрвен грев, присилно стапување во брак), јуначките мегдани, волшебното и чудесното кое е искомбинирано со магичен збор (клетва, благослов, урок). Карактеристично за баладите е црно-белото сликање на ликовите т. е. позитивни (добри) и негативни (лоши).

Романсата е брза, разиграна, весела лирско-епска песна. Во неа се обработуваат настани од секојдневниот живот ставајќи акцент на љубовта. Тие се одликуваат со наративна ведрина која кај читателот создава весели чувства. Стилот на романсата е мирен и одмерен, а крајот е секогаш среќен.

Поемата како литературен вид се појавила во првата половина на 19 век, во периодот на романтизмот. Таа, за разлика од баладата и романсата, е подолга лирско-епска творба. Во неа се опева настан од историјата, митологијата или случка од животот на некоја личност. Во поемата, иако има епска основа, сепак центар на внимание не е дадениот настан, туку чувствата на ликовите. Авторот на поемата секогаш ги внесува своите лирски расположенија со драматични заплети и расплети. Во неа често се јавува повеќе од еден лик, но само еден од нив е носител на главното дејство. Јунак во поемата може да биде и лирскиот субјект кој го опева и го пренесува настанот преку своите лични, субјективни доживувања. Прв автор кој пишувал поеми е англискиот поет Џорџ Гордон Бајрон. Во македонската книжевност поемата се појавила во втората половина на 19 век. Најпозната е поемата „Сердарот" од Григор Прличев. Покрај Прличев, други македонски автори кои пишувале поеми се: Коле Неделковски, Блаже Конески, Анте Поповски, Михаил Ренџов, Ристо Лазаров, Ефтим Клетников и др.

Запомни!

Лирско-епските творби имаат одлики кои се карактеристични за лирските и епските творби. Она што е епско во овој вид творби се: настанот, раскажувањето, темата, ликовите, времето и местото на дејството.

Единствените лирски елементи кои во себе ги содржат лирско-епските творби се лирските расположби и стихот.

Баладата раскажува тажна случка исполнета со таинственост и морничавост.

Романсата е весела и разиграна песна со љубовна тематика.

Поемата е подолга лирско-епска творба која особено става акцент на чувствата на ликовите.

Прашања и задачи:

1. Што е балада?
2. Посочи ги елементите според кои се разликуваат баладата и романсата.
3. Прочитај ги дадените примери, анализирај ги и пополни ги табелите.
4. Изработи листа и посочи ги епските и лирските елементи во дадените песни.
5. Што е поема?
6. Наведи ги одликите на поемата и посочи кои елементи ја одделуваат од баладата и од романсата.
7. Прочитај ги примерите подолу и во тетратката одговори на поставените барања.

Стојан заљубил бела Марија

Стојан заљубил бела Марија,
Ама не можит да си ја видит.
И си ја прашат мајка си:
– Умреф, мајко ле, загинаф,
Како да видам Марија?
Тогај му мајка велеше:
– Стојане, синко, Стојане,
ак' ти сум мајка, машчаа,
ја шчо ќе ти речам да сториш.
поарџи азно стребрено,
направ си чешма мраморна,
сите девојќи ќе дојдат,
вода да си ми залеат,
белки ќе дојдит, Стојане,
и твоја бела Марија!
Направи чешма мраморна,
направи тасој стребрени,
и синџирите јалдази,
поарџи азно стребрено.
Сите девојќи дојдоа,
чешмата да ми ја видат,
вода да си ми залеат,
Марија не ми је дошла!
Излезе Стојан с кајмакам,
со шарен кавал сфиреше,
и на мајка си ѝ велеше:
– Изгореф, мајко, изгореф,
Марија не си ја видоф!
Тогај му велит мајка му:
– Стојане, синко, Стојане,
ак' ти сум мајка, машчаа,
послушај шчо ќе ти речам:
легни, Стојане, умри си,
сите девојќи ќе дојдат,
белким Марија ќе дојдит!

Јанкула војвода дење арамија, ноќе ќесаџија!

Ми се плачи млада Јанкулица:
„На душа ти, мори, стара мајко,
што ме даде Јанкула војвода!
Дење јоди в' гора арамија,
ноќе јоди по пат ќесаџија!
веќе ми се, мајко, здодејало,
од перење крвави кошули!
Кога стана, мајко, једно утро,
ву кошула једна руса глава,
руса глава со се вилти чешел, –
ми се гледа од мојето брате!"
Уште така Јана зборуваше,
што ми дојде помали Богоја:
„Дејди, Јано, моја мила сестро,
ќе жениме наше мило брате,
утре рано свадба ќе му биди".
„Дејди, брате, помали Богоја,
ај, почекај, јаз да се променам,
да променам руво пандзурово."
„Дејди, Јано, моја мила сестро,
свадба ми је многу наврапито!"
Кинисаја по бели друмови,
она јоди, бре, под пат и над пат,
она бери секакви цвеќиња,
утре рано венец да ми вије,
венец убав за млада невеста.
Наближија нивните дворови –
глас се дава како на јумрено!
Јотидоа, дома си влегоа,
кога виде јубава невеста –
незно брате глава му ја нема!
„Дејди, брате, помали Богоја,
оти право, право не ми рече?
да му ј' земам таја руса глава,
руса глава со се вилти чешел,

Легна си Стојан од наул,
легна си Стојан, умре си!
Сите девојќи дојдоа,
свеќица му донесоа,
и бела Марија му дошла,
кискица му е донесла,
свеќица му е донесла,
високи гласои је дала:
– Стојане, мили Стојане,
на живот не се видофме,
на смрт ќе се видиме!
Окото му је на поглед,
а раката му је на пограб,
ногата му је на потскок!
Тога си Стојан рипнало,
та си пограбил Марија.

што ја донел Јанкула војвода,
одејќи в' гора арамија,
одејќи по пат ќесаџија,
арамија, да од Бога најде!"

тема:	тема:
раскажувач:	раскажувач:
ликови:	ликови:
фабула:	фабула:
емоции:	емоции:

8. По личен избор прочитај едно пеење од поемата „Сердарот" од Григор Прличев, анализирај го според барањата од претходната вежба и направи споредба.

Драма

1.

– Да ви вратам – рече Растињак кој брзо отвори едно ќесе и ѝ изброи сто и четириесет франкови на госпоѓа Вокер. – Чиста сметка, долга љубов – ѝ рече тој на вдовицата. – Сега сме исплатени до Нова година. Разменете ми ги овие сто суи.

– Долга љубов со чисти сметки – повтори Поаре гледајќи го Вотрен.

– Еве, дваесет суи – рече Растињак давајќи ѝ една монета на сфингата со перика.

– Би рекол човек дека ви е страв да ми должите нешто? – извика Вотрен продирајќи со својот поглед во душата на младиот човек на кого му се насмевна со онаа подбивна и зајадлива насмевка поради која Ежен повеќепати одвај се беше воздржал да не пламне.

– Па... така е – одговори студентот кој беше станал за да се качи во својата соба, носејќи ги своите ќесиња во двете раце. Вотрен излегуваше низ вратата што водеше во салонот, а студентот се готвеше да излезе низ онаа што водеше кон скалите.

.....

ОНОРЕ ДЕ БАЛЗАК

2.

ДАМИС

Зар неговиот бес дотаму ќе оди?

ЕЛМИРА

Не! Сепак, тој нема душа толку бедна,
а неблагодарноста му е очигледна.

КЛЕАНТ

Не брзајте: тој е човек расипан,
и против вас, зету, има готов план.
А со тежината и на една сплетка,
ќе може да ја збрка вашата сметка.
А ако тој има некаков цврст доказ,
и ние сè ќе изнесеме на показ.

ОРГОН

Да, но што да правам? Со таква зла подлост,
уште не се судрила мојата гордост.

КЛЕАНТ

Ако прифатите пријателски збор,
треба мирно да се реши овој спор.

ЕЛМИРА

Да знаев какво оружје крие тој,
немаше да го пуштам во домот свој.

ОРГОН

(*Ѝ се обраќа на Дорина, за да види кој доаѓа.*)
Видете кој е? И каква новост има?
Не сум настроен сега гости да примам!

.....

ЖАН БАТИСТ МОЛИЕР

3.

– Јас најмалку добив – мрмореше детето – јас сум гладен.

Детето ја раскопчуваше својата кошула и го покажуваше своето голо меше.

– Јас сум гладен – повторуваше детето.

Другите деца се смееја. Бришејќи си ги своите поцрвенети муцки, децата низ полните усти зборуваа:

– Биди питач, батенце.

– Биди питач – навалуваа децата. – Можеби ќе добиеш.

– Добро – рече детето – ќе бидам питач.

Тој ја протегнуваше својата слабичка рака и со зарипнат глас на питач ќе почнеше да моли:

– Мои добри луѓе, смилувајте се... Стрико Пане, ти што имаш душа како ангел, отвори го својот амбар...

.....

ЖИВКО ЧИНГО

- Обиди се според одликите за уметнички текст во проза да одредиш на кој вид му припаѓаат извадоците 1, 2 и 3.
- Запиши според кој критериум (одлика) ја направи поделбата.
- Провери го запишаното и провери што ти е познато, а што е ново за тебе.

Размисли и подискутирај по што се изделува драмата од лирската песна и од прозниот текст.

Драмата е најсложениот литературен род. Во драмскиот текст се среќаваат лирски и епски елементи, а кога драмското дело се изведува на сцена тогаш во целината се јавуваат музиката и танцот. Токму оваа комбинација од повеќе уметности ја прави драмата сложено уметничко дело. Драмата е претставувачка уметност која дејството го дава преку дијалог, што е основната одлика на делата од овој литературен род. Таа се појавила во античкиот период. Нејзиното име потекнува од грчкиот збор *δράμα*, што значи дејство. Како книжевен род, многумина драматурзи сметаат дека драмата потекнува од прастарите обредни ритуали во синкретизмот (трагедијата, на пример, води потекло од дитирамбите кои биле изведувани при обредите во чест на богот Дионис).

Настаните во драмата се претставуваат преку лица (протагонисти) кои дејствуваат, па затоа основен сегмент на драмата е драмското дејство (активностите на ликовите). Раскажувачката структура на драмата се гради преку дијалогот на ликовите. Во текот на историскиот развој, драмата била пишувана во стих, но подоцна како утврдена форма на изразување се појавила прозата. Во драмскиот опус може да се сретнат дела кои се претставени и во стих и во проза. Драмата има двојна природа: текстот може да се чита, но може да биде поставен и на сцена.

Драмски елементи

Основни елементи на драмата се: конфликт, фабула, композиција, ликови, простор и време, дијалог, монолог, пролог, епилог, чин, слика, сцена и дидаскалии.

Конфликтот претставува пресек на тематските противречности, па затоа често се јавува како спротивставување на ставовите и погледите на ликовите или судир со сопствените идеи и чувства.

Фабулата претставува збир (низа) драмски настани кои се причинско-последично поврзани и преку нив се отсликуваат особините на ликовите.

Композицијата на драмата ја претставува внатрешната градба на драмата. Таа е составена од **пет етапи на дејството**: експозиција, заплет, кулминација, перипетија и расплет.

Експозицијата го одредува основниот тон на драмата, настаните кои му претходат на драмското дејство и основните карактеристики на ликовите. Експозицијата е вовед во драмата (запознавање со дејството) и трае сè до мигот на внесување на првиот конфликт во драмата. Во античката драма клучна улога во експозицијата има хорот.

Заплетот го претставува развивањето на конфликтот (судирот, недоразбирањето) кој ликовите се обидуваат да го решат до крајот на драмата.

Кулминацијата е највисоката точка (врвот) на конфликтот во драмското дејство, во која на некој начин започнува и разрешувањето на конфликтот во драмското дејство.

Перипетијата претставува пресврт во драмското дејство. Во него се случува она што читателот (гледачот) не го очекувал, не предвидел дека ќе се случи. Неретко се користи и терминот пресврт во дејството.

Расплетот е разрешување на конфликтот.

Прологот и епилогот се дел од композицијата на драмата, но не се задолжителни. Прологот се јавува на почетокот на драмата, пред да започне драмското дејство и е наменет за читателот (публиката). Преку него може да се добијат информации за времето и местото на дејството или, пак, некаков податок за ликовите. Епилогот се наоѓа на крајот на драмата, по завршувањето на драмското дејство, и нуди информации со кои се појаснува што се случило по расплетот (крајот) на драмата. Со него може да се искаже и некаква порака од авторот.

Овие композициски елементи се карактеристични за трагедијата и комедијата бидејќи во современата драма може да ги нема сите елементи на композицијата.

Ликовите се носителите на драмското дејство и преку нивниот дијалог (монолог) читателот (гледачот) ја сознава содржината. Преку дијалогот и монологот се искажуваат чувствата, расположенијата и размислувањата на ликовите. Главниот лик во една драма

се нарекува протагонист, а неретко името на драмата соодветствува со името на протагонистот (Антигона, Хамлет, Дон Жуан).

Дијалогот е разговор меѓу два или повеќе лика, а **монолог** е кога ликот зборува сам со себе. **Просторот и времето** се дел од драмското дејство и тоа треба да се разликува од просторот и времето за изведба на театарската претстава. При анализата на драмската творба се бараат просторот и времето во кои се прикажани драмските дејства.

Во **структурата** на драмата се појавуваат чинови, појави, слики, сцени. **Чинот** е најголемата заокружена целина во драмската творба и може да биде поделен на слики и сцени. **Сликата** е краток временски дел од драмата кој заокружува едно дејство на ликовите, а **сцената** е заокружена целина на сликата, која завршува со влегување на нов лик во драмата. Она што е напишано во загради (и со различни букви од драмскиот текст), покрај името на ликот во драмскиот текст, а служи како појаснување за читателот (актерот, режисерот) се нарекува **дидаскалија**. Листата со имињата на ликовите која се наоѓа на почетокот на драмскиот текст и во која се дадени неопходни информации за ликовите, времето и местото на случување се нарекува **афиша**.

Запомни!

Драмата е литературно дело кое има двојна природа: наменета за читање и за сценска изведба. Основен двигател на драмското дејство е конфликтот. Содржината на драмата ја дознаваме преку дијалогот на ликовите. Структурално драмата е составена од чинови, а композициски од етапи на дејството. Историската појава на драмата ја обележуваат два драмски вида: трагедијата и комедијата.

Прашања и задачи:

1. Наведи ги одликите со кои драмата се разликува од епските и од лирско-епските видови!
2. Што претставува драмскиот дијалог?
3. Наведи ги и објасни ги етапите низ кои се претставува драмското дејство!
4. Како се нарекува највисоката точка на драмското дејство?
5. Од кои композициски елементи е составена драмата?
6. Која е функцијата на прологот и епилогот во драмската творба?
7. Кој е носител на драмското дејство?
8. Преку што се осознава содржината на драмата?
9. Какви форми на искажување можат да се јават во драмската творба?
10. Од кои структурални целини е составен драмскиот текст?
11. Што е афиша?
12. Како се нарекува драмската целина во која се заокружува едно дејство на ликовите?
13. Прочитај кус расказ по сопствен избор и адаптирај го за игра на сцена!
14. Напиши кус монолог за тема која најмногу те засега и изведи го монологот на час.

Драмски видови

- Препиши ја табелата во тетратка и пополни ги првата и втората колона во дадената табела и сподели го пополнетото со соучениците, а на крајот од часот пополни ја и последната колона.

З (знам)	С (сакам да знам)	Н (научив)

Од антиката, па сè до 18 век, во развојот на драмата се јавуваат два драмски вида, трагедија и комедија. Подоцна се појавува и терминот драма од кој произлегуваат различните видови современа драма (романтичарска, социјална, битова, драма на апсурд итн.).

Трагедијата е првиот вид драма која се појавила во европската литература. Во Античка Грција се појавиле првите писатели на трагедии, како Софокле, Есхил и Еврипид, а Аристотел ги дал првите теориски правила на драмата како литературна творба. Според Аристотел, трагедијата е драма чие дејство предизвикува страв и сожалување. Во неа се прикажува несреќната судбина на јунакот кој си поставил цел која е возвишена, но и недостижна. Типичниот трагичен јунак требало да биде сличен на гледачот и својата несреќа ја добива како производ на некоја грешка. Трагичната грешка направена од незнаење или судбинска одреденост кај ликот создава вина и го прави бесен, гневен, горд и неумерен во своето однесување, па така ги нарушува општествените норми. Како „казна" трагичниот јунак најчесто умира или е испратен во прогонство. Во своите теориски поставки за единството на време, место и дејство, Аристотел сметал дека една трагедија мора да има пет чина и секој од нив да биде етапа од драмското дејство. Дејството во драмата не треба да трае подолго од 24 часа и настаните во петте чина треба да се одвиваат на едно исто место (простор). Во драмата, според Аристотел, мора да постои конфликт, без разлика дали е тој меѓу два лика, меѓу ликот и општеството или ликот сам со себе има конфликт. Ваквото правило на драмско единство во литературата се напушта во 19 век со појавата на романтичарската драма.

Комедијата се појавила во античката литература по појавата на трагедијата. За неа Аристотел исто така расправал во својата книга „За поетиката" и според него комедијата е драмски вид спротивен на трагедијата. Во неа се обработуваат негативните појави кај поединецот или општеството за да се исмее и критикува таа појава. Овој вид драмско дело ги црта смешните страни на животот и луѓето, ги исмева нивните мани и недостатоци. Комедиите биле наменети за пониските слоеви во општеството и во нив главниот лик не смеел да биде благородник. Во зависност од развојот на комедиографското дејство, се појавиле повеќе видови комедија.

Во литературата, со мешање на комичното и трагичното се создава **трагикомедијата.** Во неа разликата меѓу тагата и среќата е мала бидејќи комичното и трагичното се споени и измешани. Неретко, по низа трагични настани се случува комичен пресврт и среќен крај.

Видови комедии

Комедија на карактери е драма во која се исмеваат недостатоците на комичниот лик кој најчесто се преувеличува со негативни карактерни особини (скржавост, фалбаџиство, вообразеност, чесност итн.), кои преминуваат во општествени карактери бидејќи не се единствени.

Комедија на нарави е комедија во која се исмеваат сфаќањата, обичаите и навиките на една општествена група, епоха или генерација. Целта на оваа комедија е да ги коригира социјалните неправди.

Комедија на интрига е кога смешното се развива врз основа на некаква забуна, сплетка, невнимание.

Комедија на ситуација е комедија во која комичното произлегува од некоја ситуација во која се наоѓа комичниот лик. Честопати оваа комедија се поистоветува со комедијата на интрига.

Комедија на конверзација е кога смешното произлегува од самиот разговор, од начинот на разговарање меѓу ликовите. Честопати смешното е плод на недоразбирање.

Во една комедија, често може да се сретне мешање на комедиографските техники, па таа да припаѓа на повеќе видови комедии.

Комедија дел арте е комедија под маски која се појавила во периодот на ренесансата. Главни ликови се најчесто слугата и неговиот господар, а основната интрига ја сочинуваат судирот меѓу младите и старите, глупавите и паметните, сиромашните и богатите.

Фарса е куса драмска творба со изразито гротескно-комичен карактер. Комичноста во фарсите е сурова, полна со груби шеги и карикатурално претставување на ликовите. Дејството се одликува со брзи и неочекувани промени на ситуациите. Заплетот на дејството е едноставен, со многу недоразбирања, карневализам и гротескни маски.

Современа драма е драма која ги обработува темите од секојдневниот живот на обичниот човек. Најчесто во неа се застапени ликови од различни општествени слоеви и се проследува нивната психолошка состојба и нивните класни и општествени односи. Драмското дејство во овие драми ги спојува комичното и трагичното, ги доближува посочувајќи дека трагичното и комичното не постојат како апсолутни спротивности во човековиот живот.

Драма на апсурдот или **антидрама** претставува драмски жанр кој се јавува во средината на 20 век. Овој вид драма е спротивност на класичната драма затоа што ги изоставува сите структурни елементи што ја сочинуваат драмата. Во овој вид драма нема етапи на драмското дејство и типизирани ликови. Најпознати антидрами се: „Чекајќи го Годо" од Семјуел Бекет, „Ќелавата пејачка" од Ежен Јонеско, „Враќањето" од Харолд Пинтер и други.

Запомни!

Драмата е претставувачка уметност која дејството го дава преку дијалог што е основната одлика на делата од овој литературен род.

Основни видови драмски творби се трагедија и комедија. Трагедијата е драма со тажен, а комедијата со среќен крај. Драмата во која се испреплетуваат трагичните и комичните елементи се нарекува трагикомедија. За разлика од трагедијата, во комедијата се развиле различни видови комедија: комедија на нарави, комедија на карактери, комедија на интрига, комедија на ситуација, комедија на конверзација. Драмите кои обработуваат теми од секојдневјето на современиот човек се викаат современи драми.

Прашања и задачи:

1. Какви видови драмски творби има?
2. Кој вид драмска творба се појавила прва?
3. Набројги карактеристиките на типичниот трагичен лик во античката драма.
4. Кои елементи треба да ги поседува трагедијата според Аристотел?
5. Објасни го тројното единство кај античката трагедија.
6. Истражувај како изгледал актерот во античкиот театар и опиши го!
7. На кој начин се создава потсмевот во комедијата?
8. Наведи ги одликите со кои трагедијата се разликува од комедијата!
9. Набројги видовите комедии.
10. Како се нарекува комедијата во која смешното произлегува од разговорот на ликовите?
11. Кој вид комедија се карактеризира со застапеност на гротескни маски?
12. Посочи ги разликите кај различните видови комедии!
13. Кои видови комедии директно го исмеваат човекот и неговите постапки?
14. Како се создава трагикомедија?
15. Обиди се да создадеш трагикомедија со настани од секојдневниот живот.
16. Прочитај ги извадоците. Размисли! Одреди го времето на настанување на драмите (според извадоците).

Борика: Од што си незадоволен? Против кого се бунтуваш?

Драшко: „Што сакаш биди во животот, но биди најдобар во својата професија или не биди ништо...". Се сеќаваш ли – ти ми го имаш речено тоа...

Борика: Сентиментално, нели?

Драшко: Женски. Ти ги сакаш само светлите, нежните изреки. А во животот тоа излегува инаку. Ете – не успеав да бидам најдобар.

Борика: Што изигруваш ти? Диоген?

Драшко: Диоген го барал човекот надвор од себе. А јас се обидов да го најдам во мене, овде... Не го најдов.

Борика: Што ти недостига тебе?

Драшко: Ќе ти кажам. Прашај ги луѓето, Борика, прашај ги другарите, пријателите, прашај се себеси: каде е единствениот човек што е задоволен од себеси? Сите бараат нешто, на сите нешто им недостасува, сите за нешто се борат, трчаат, измислуваат илјада начини да ги решат своите проблеми! Мене ме опфаќаше паника кога помислував дека ништо не ми треба, дека не мора ништо да освојувам, дека немам никаков идеал, никаква цел ниту една желба... Јас имав сè.

„Парадоксот на Диоген" – ТОМЕ АРСОВСКИ

ХОР

Се гледа, силна природа е ќеркава
од татко цврст, од злото не отстапува.

КРЕОНТ

Но знај дека тврдите глави најбргу
се веднат, зашто најцврстото железо
во оган жарено – на ситни парченца,
ќе видиш, се распаднало, се скршило.
А коњи палави со узда малечка
се кротат. Гордост никако не прилега
на тој што роб им е на своите најблиски.
А таа сака уште да се гордее
со тоа што законите ги прекрши.
И друга дрскост: тоа штом го направи
се фали и се потсмева со делото.
Но, не ќе сум јас маж, а таа ќе е маж,
за ова дело ако казна не плати.
И сестрична нек' ми е, род мој најблизок
од Зевс да ми е, кој ми дом закрилува,
ни таа, ниту сестра ѝ ќе избегнат
смрт стравотна; и неа ја обвинувам;
и таа овој погреб го посакала.
Викнете ја, во дворецот ја видов јас
баш сега; беше како споулавена.

А духот најнапред ги открива
оние кои ко крадец кришум снованат зло.
Го мразам тој, што кога в злостор фатен е
за добро сака злото да го прикаже.

АНТИГОНА
Ме фати. Убиј ме! Што сакаш повеќе?

КРЕОНТ
О, ништо. Сè ќе имам јас со твојта смрт.

АНТИГОНА
Па што чекаш? О, колку твоите зборови
ме грозат; мили никогаш не ми биле,
ко тебе што не ти се мили моите.
Зар инаку ќе стекнам слава пресветла
од она што го братот роден погребав.
Знај, сите ова ми го одобруваат.
Би кажале, страв уста да не им врза.
Тој власт што има, среќа има голема;
што волја му е прави тој и зборува.

КРЕОНТ
Ти само така гледаш од Кадмејците.

АНТИГОНА
И тие гледаат, но молчат пред тебе.

КРЕОНТ
Зар не се срамуваш што така мислиш ти?

АНТИГОНА
Да почиташ брат роден не е срамота.

КРЕОНТ
Зар не е брат и тој што падна со него?

АНТИГОНА
Од еден татко и од една мајка – брат.

КРЕОНТ

Па зошто него безбожно го почиташ?

АНТИГОНА

Умрениот со тоа не би се сложил.

КРЕОНТ

Но еднакво го честиш со безбожникот.

АНТИГОНА

Тој загина ко брат мој роден, не ко роб.

КРЕОНТ

Ко рушител на градот – овој како бранител.

АНТИГОНА

Хад бара закон еднаков за секого.

КРЕОНТ

Но не и честит да е еднаков со никаквец.

АНТИГОНА

Којзнае дали тоа долу свето е...

КРЕОНТ

Злосторникот ни мртов не е мил.

АНТИГОНА

За љубов, не за омраза сум родена.

КРЕОНТ

Па појди долу и по волја љуби ги
но јас дур жив сум, жена не ќе владее.
(...)

„Антигона" – СОФОКЛЕ

17. **Направи анализа на дадените извадоци и примени ги знаењата за литературниот род драма.**

ВТОР ЧИН

Друга соба, од улица. Назад два прозорци. Лево: врата што е затворена и пред која е поставен висок шкаф, а десно две врати.

I

ДАНИЦА, ИВКОВИЌ, ПАВКА

ДАНИЦА (испраќајќи го со мајка си Ивковиќ, којшто ја свршил визитата и си тргнал): Зошто толку итате?

ИВКОВИЌ: Што да се прави, работа! Вие знаете дека јас на драго срце би останал овде колку се може повеќе.

ПАВКА: Подобро би било кога и татко ти би си ја гледал вака својата работа. Вистина, зете, да беше му проговорил ти? Крена човекот раце од дуќанот па нејќе повеќе ни да наспе.

ИВКОВИЌ: Незгодно ми е да му зборувам јас. Тој би мислел дека сакам да му попречам во агитацијата. Зар не гледате дека целиот се вдал на агитација против мене?

ДАНИЦА: Господи, колку е непријатно тоа. Вие работите против него, а тој против вас!

ИВКОВИЌ: Признавам дека е непријатно, па сепак може и да биде интересно, зашто кој и да победи, од вашава куќа ќе има еден пратеник во Белград.

ДАНИЦА: Да, но тој не ве навредува.

ПАВКА: Е, пак немој ти сега, и зетот го навредува него.

ИВКОВИЌ: Јас?

ПАВКА: Така тој вели, дека зборуваш на собирите против него.

ИВКОВИЌ: Тоа е веќе друго, сосем друго. Само, татко отиде подалеку од тоа, тој се впушти со последните луѓе што измислуваат, клеветат и потставуваат. Ги фаќаат дури и оние што јас поради работата ги бркам. Ете, си спомнувате ли за оној... што по грешка беше дошол кај вас, кога еднаш ме барал... го тужев поради жената?

ПАВКА (се сеќава): Како да ќе беше Сима Сокиќ.

ИВКОВИЌ: Да. Тој им е сега наголемиот агитатор, го насаскале та какви ли сè гадости не зборува.

ДАНИЦА: Одвај чекам да се свршат тие избори. Мене просто ми е страв!

ИВКОВИЌ: Па, сепак ние не ќе се скараме. Не плашете се! Кој ќе победи, тој ќе му прости после на својот противник. Нели? (Гледа во часовникот.) Имам судење што не смеам да го напуштам. Ќе гледам сепак до пладне да дојдам. Госпоѓице Данице, вам ви ги доверувам интересите на мојата партија. Татко му заповедал на момокот, та на секој што ќе ме бара да му каже дека не сум дома и дека нема ни да дојдам, па на таков начин ми ги одбива избирачите. Ви се молам, ако ме побара некој, речете му дека скоро ќе се вратам.

ДАНИЦА: А ако чуе татко дека тоа сум го направила?

ИВКОВИЌ: А вие речете му отворено дека вие сега ѝ припаѓате на мојата партија, а не на неговата. До видување... (Си оди.)

ДАНИЦА (на вратата): Дојдете на пладне!

II

ДАНИЦА, ПАВКА

ДАНИЦА: Знаеш, мајко, право да ти кажам, сѐ нешто ми е страв од тие избори.

ПАВКА: А зошто?

ДАНИЦА: Нешто да не се расипе.

ПАВКА: Па тоа, ако сакаме право, тој би требало да попушти, помлад е.

ДАНИЦА: Па нема тука што да се попушти: кој ќе добие повеќе гласови, тој ќе е пратеник.

ПАВКА: Знам, ама гледаш, ако сакаме онака фамилијарно, право би било јас и татко ти да одиме сега како пратеници во Белград, а вие двајцата помлади сте, имате време.

ДАНИЦА: Тоа сѐ зависи од тоа кој ја има довербата народна.

ПАВКА: А тој божем ја има?

ДАНИЦА: Па ја има.

ПАВКА: Молчи, жити бога, се фатил со никакви!

ДАНИЦА: А пак веќе татко!...

ПАВКА: Што татко?

ДАНИЦА: Тој божем со поарни се фатил!

ПАВКА: Леле! Уште против роденият татко ќе почнеш да зборуваш!

ДАНИЦА: Не, ама што е право, право е! Ете, зар татко не се фатил и со оној Срета, а целиот град, целиот округ го знаат кој е и каков е...

ПАВКА: И целиот град и целиот округ да го знае, ама ти не мораш да го знаеш, ниту тоа тебе те засега. Гледај ја ти неа! Немој да мислиш ако се согласивме да те дадеме за него, дека сме те запишале и во неговата партија.

ДАНИЦА: А од кога си пак ти во партијата на татко?

ПАВКА: Од кога сум се омажила, ќерко.

ДАНИЦА: Е, па и јас од кога се свршив!

ПАВКА: Прво и прво, ако си се свршила, тој уште не ти е маж, а второ, и да ти е маж, твојата одбрана не би му помогнала ништо за да стане пратеник.

ДАНИЦА: Па ќе биде тој пратеник и без мојата одбрана.

ПАВКА: Е, а кој ти го вели тоа?

ДАНИЦА: Јас го велам!

ПАВКА: Сигурно од него си го чула?

ДАНИЦА: Па од него.

ПАВКА: А, јас пак, гледаш, чув од Јеврема дека тој нема да стане пратеник и дека со-сема за бадијала се плетка и се мачи.

ДАНИЦА: Не го знае тоа татко, тој мисли...

ПАВКА: Гледај ја сега ти неа! Значи, татко ти не знае, а тој знае?

ДАНИЦА: Па да!

ПАВКА: Господи боже, ти тоа така од инает само!

ДАНИЦА: Јас само велам дека тој ќе биде пратеник.

ПАВКА: Ако е за инает, ќерко запамети: мојот маж мора да биде пратеник!

ДАНИЦА: Па нека биде, ако може.

ПАВКА: Ќе биде, жими бога, јас ти го велам тоа!

ДАНИЦА: Освен ако гласаш ти за него.

ПАВКА: Ни мајка ми гласала, па ни јас ќе гласам. Ама јас умеам и поинаку, ако е за инает. Ќе тргнам по куќите, ќе ги запалам жените!

ДАНИЦА: Да гласаат?

ПАВКА: Не да гласаат, туку да гласаат нивните мажи така како што жените ќе сакаат. Знам јас арно во кои куќи да појдам и во која куќа е жената господар, па ќе видиме. Кога е инает, умеам и јас!

ДАНИЦА: Само уште тоа ако не помогне!

ПАВКА (се крсти): Леле, леле, леле! Е, слушај ти, си пуштила јазик како вистинска опо-зиција. Зар не ти е срам така да зборуваш со мајка си?

ДАНИЦА: Па, не ама...

ПАВКА: Ни збор повеќе да не чујам, да не ми преврие. Поарно истави ми се од пред очи.

ДАНИЦА: Добро, ќе се иставам! (Оди од собата.)

„Народен пратеник" – БРАНИСЛАВ НУШИЌ

Литературно-научни видови

Во книжевноста има дела кои според белезите се на преминот меѓу уметничката литература и науката. Најчесто темите во овие дела се историски настани, животот на значајни личности, предизвици од науката и уметноста кои се интересни за авторот. Наративната форма на изразување проткаена со лични чувства на авторот и фигуративниот јазик се белезите на уметничката литература, а внесените научни факти кои се поврзани со темата го одредува научниот карактер на делото.

Некогаш книжевно-научните дела се поблиски до литературата, некогаш до науката, но секое од нив содржи и литературни и научни карактеристики. Во стручната литература најчестата одредница за овој вид творби е дека тие според начинот на прикажување имаат карактеристики на уметничка литература, а според предметот на презентација припаѓаат на науката.

Во групата на литературно-научни видови спаѓаат **биографија**, **автобиографија**, **дневник**, **есеј**.

Биографија е дело кое го опишува животот на значајна личност: државник, политичар, уметник, научник, спортист итн. Биографот може да го опише целиот живот на значајна личност или само еден период од животот на таа личност. Не смее ништо да измислува, а своето дело го пишува врз основа на пишани документи или приказни на живи луѓе, вистински очевидци.

Биографијата ја опишува работата на личноста, нејзиниот физички изглед и карактеристики, искуства, настани, воопшто сè што придонесува за целосна презентација на одредена личност. Биографијата треба да биде интересно напишана и затоа во биографиите се користи уверливо раскажување за животот на личноста. Информациите поврзани со животот се прикажуваат по хронолошки ред на случувањата. Ако во животот на личноста кому му е посветена биографијата има некоја пишана информација таа треба силно да ја оживее, но не смее да ја менува вистината. Биографиите се напишани за личности со висока човечка вредност и истите имаат важност во општеството или во светот.

Карактеристично за биографијата како литературно-научен вид е тоа што таа може да биде напишана во прво и во трето лице во зависност од креативноста на авторот.

Оваа форма на пишување била присутна во античките старогрчка и римска литература. Најпознат биограф од тој период е Тацит и неговото дело „Агрикола". Житијата за светите браќа Кирил и Методиј и за Св. Климент Охридски напишани од Теофилакт и Хоматијан го отсликуваат средниот век и претставуваат вид биографии како дела. Во денешно време постојат повеќе биографии за познати писатели, политичари, музичари, спортисти, научници. На полиците во книжарниците може да се најдат биографии за познатите писатели, на пример: Шекспир, Сервантес, Сартр, Ками, Конески... за познати научници како што се: Ајнштајн, Тесла, Њутн... за познати пејачи (артисти): Елвис Пресли, „Битлси", „Ју-ту"... за најдобрите фудбалери во нашата држава и во светот: Франц Бекенбауер, Дарко Панчев итн.

„Кога дошле во Скопје, по двете преселби поради поплавата и земјотресот, мајка ми и татко ми се доселиле во населбата Кисела Вода. Кога потпораснав, сфатив дека за мене беше среќна околност што живееме токму таму. Кисела Вода беше млада населба со тазе изградени згради. Во населбата живееја претежно млади луѓе од работничката класа, кои имаа деца приближно на моја возраст. И среќата беше токму во тоа – што имав со кого да си играм. Набрзо го изградија и новото училиште 'Кирил Пејчиновиќ' со прекрасен школски двор и таму си игравме по цели денови. Растев во многу убаво маало, кое живееше во еден спортски дух, а ние што се дружевме бевме навистина убаво друштво. Ќе ги споменам Коки, со кого подоцна заедно дојдовме меѓу пионерите во ФК 'Вардар', потоа Зоки, Цонка, Бубе, Мише, Марјан, Боше, Вања... Па така, сите тие спортски игри што сме ги практикувале на улица, потоа ми помогнаа да се развијам како спортист."

.....

Дарко уште тогаш беше популарен, зашто беше „главниот" во училишниот двор кога се играа фудбалски натпревари меѓу одделенијата. Сите зборуваа за него, за неговите потези и умешноста со која владееше со топката. Сето тоа придонесе да стане „славен" и интересен за девојчињата кои сакаа да се дружат со најпопуларниот.

„Сега можам да ја откријам мојата тајна. Во истото одделение со мене, во ОУ 'Кирил Пејчиновиќ' учеше и едно симпатично девојче – Сузе. Јас постојано бев околу неа и чувствував некоја посебна возбуда кога ќе поминеше покрај мене. Како целиот да се топев во тие моменти. Така, лека-полека и Сузе почувствува дека има нешто што ме привлекува кон неа, па по извесно време станавме и први другари. Јас како вистински кавалер се нудев да ја придружувам за да не оди сама до автобуската станица на која требаше да се качи во автобусот што одеше преку Кисела Вода во Пинтија и Драчево. Таа со насмевка на лицето го прифаќаше мојот предлог. Тоа ми значеше многу, зашто сфатив дека и Сузе не е рамнодушна кон мене. Бев пресреќен, почна да ме скокотка нешто што укажуваше на тоа дека меѓу нас двајца има заемна симпатија. Ќе бев многу разочаран ако ме одбиеше. Така меѓу нас се создаде блискост. Тогаш сфатив зошто некој се чувствува толку тажно и осамено кога љубовта нема да му биде возвратена!"

Овој однос помеѓу Дарко и Сузе во еден неочекуван момент – кулминира.

„На едно од секојдневните испраќања до автобуската станица, кога стигна автобусот за нејзината населба, таа се доближи до мене и пред да влезе во автобусот, ме бакна. Ми се чини дека ќе се онесвестев, се почувствував толку збунето, изгубено, но и пријатно. Бев пресреќен што добив неочекуван бакнеж од Сузе. Тоа за мене претставуваше нешто посебно, нешто што толку многу ме возбуди, така што неколку ноќи по бакнежот од Сузе, се превртував на креветот и не можев да заспијам.

Со Сузе се дружевме уште некое време, за да сфатиме потоа дека сепак тоа беше детска љубов и дека за онаа вистинската – двајцата имавме уште многу, многу време. Така, секој отиде на својата страна, а јас и не знам дали воопшто денес Сузе знае дека

јас сум токму оној Дарко Панчев што стана врвен фудбалер и голгетер, а некогаш бев нејзина симпатија – не само јас нејзе, туку и таа мене."

Иако рекордите се бележат најчесто во индивидуалните спортови, особено во атлетиката, сепак, и во фудбалот има рекордери. Има рекордери по бројот на настапи за својот клуб, за националната репрезентација, рекордери по постигнати голови. Еден таков рекорд, токму поврзан со постигнати голови држи и Дарко Панчев. Но, тој рекорд не е на локално, туку на светско ниво, и тоа како најдобар најмлад голгетер меѓу играчите на сениорски прволигашки екипи во сите национални лиги на земјите од целиот свет. Еве, всушност, за што станува збор...

Во сезоната 1983/84 година, во Првата фудбалска лига на поранешна Југославија, значи во сениорска конкуренција, Дарко Панчев, како јуниор со 18 години и 266 дена, постигна 19 гола. Така, тој е најмладиот фудбалер кој станал прв стрелец во некоја професионална лига во светот, со што го урна рекордот на Флоријан Алберт, Златната топка од 1967 година. Но, тоа не е сè, затоа што и следната година, кога сè уште немаше навршено 20 години, тој постигна 21 гол и покажа дека тоа што го реализираше претходната година не беше случајно. Покажа и докажа дека тој уште од млади години е врвен стрелец, пред кој претстои блескава иднина.

„Дарко Панчев: Авторизирана биографија" – ЗОРАН МИХАЈЛОВ

Автобиографија е дело во кое авторот го опишува својот живот, обично од раѓање до старост или само некои делови од неговиот живот. Делото го пишува по сеќавање и, бидејќи писателот зборува за себе и врз основа на меморијата, секогаш постои можност нешто да преувеличува или потцени, нешто да испушти поради лична потврда, на некој настан да му даде поголемо или помало значење поради љубов или омраза кон некого или нешто.

Автобиографијата може да има голема вредност ако деталите за различни настани или искуства се избрани и реални, ако стилот е живописен и интересен и ако споменува личности со кои авторот стапил во контакт.

Карактеристиките на овој вид дела се поистоветуваат со белезите на биографијата, а разликата се наоѓа во авторот, кој е самиот творец. Креативноста на авторот во создавање на автобиографијата ја одредува уметничката, односно научната вредност на делото. Самиот автор употребува оригинална нарација на настаните кои се вистинити и сите внесени информации, особено тие кои не се поврзани со животот на авторот, претставуваат непобитни факти. Од автобиографиите читателот открива многу информации за авторот кои овозможуваат да се создаде целосна слика за неговото значење во областа во која тој припаѓа како деец.

Познати автобиографии се делата на Марко Цепенков, Григор Прличев, Никола Тесла...

Нункото иде!

Има мнозина филозофи што се говедари и мнозина говедари што станале филозофи. Вака велат нашите стари. И вистина – така си е, според тоа како сум ги проценил мнозина мои пријатели и непријатели, а најмногу од сите сум му се чудел на татко ми, бог да го прости. Татко ми се викаше Коста Марков Цепенков. Дедо ми беше од село Ореоец, Прилепско,* и работеше самарџилак во Прилеп. Јас дедо ми не го затекнав. Татко ми ми раскажуваше за дедо ми за тоа како му го дале прекарот Цепенко. Еден неделен ден бил облечен со едни бели гаќи, многу расцепени, дури до газот, па излегол сретсело да игра со децата. Штом го виделе, тие му довикнале: „Марко Цепенко, Марко Цепенко", и од тој ден му беше останал прекарот „Цепенко". Дедо ми бил голем песнаџија и имал многу силен глас. Штом ќе тргнел да оди во село Коњари, да венчава или да крсти кај крштениците што ги имал, веднаш ќе запеел една песна, толку гласно што дури во Коњари ќе се чуело. Така, штом ќе го слушнеле крштениците, веднаш ќе излезеле на буниште да го пречекаат. „Деца, невести, излегувајте да го пречекаме, оти нункото иде." Вака ќе речеле крштениците и ќе излегле на буниште да го пречекаат.

.....

Еден неделен ден се качил на една црница да јаде боболки во Долни Бавчи** и за пакост, дошле арачлиите, та седнале под црницата 'и отвориле тефтерите да гледаат кој го платил арачот, а кој не го платил. Како седеле, а седеле повеќе од два саата, никако не се опулиле горе на црницата да го видат татко ми. Татко ми, стоејќи на една гранка два-три саата, му капнале нозете, стоејќи, и на крајот беше рипнал од црницата долу и веднаш се беше исправил на нозе, и трештил право удолу. Рипнале двајцата арачлии и му се пуштиле по него да го фатат.

– Стој бре, ќерата – му велеле – да те видиме кој си ти!

Бре, брате, ич не стоел татко ми, кога можел да бега како некој стршен.

– Бегај, бегај, еве ние те пишавме, ќе си го платиш арачот!

– На, на-а арачо! – му замавнал со десната рака и побегнал.

Иако тогаш не платил арач, ама малку како да се сетил оти треба да биди домаќин и побарал да се зафати со некоја работа. За среќа, тргнал зет му да оди в планина, да му бичи греди и штици на некој бег, и татко ми нашол за мунасип да оди и тој да биде бичкиџија. Отишле во планината Рамна Бука и се сместиле таму да работат. За првиот и вториот ден имале леб од дома, ама на третиот веќе почнале да варат бакрданик и да јадат.

„Автобиографија" – МАРКО ЦЕПЕНКОВ

* На два часа оддалеченост од градот Прилеп на исток.

** Долни бавчи близу до гр. Прилеп на западната страна.

Ако зборувам за себе, досега и повеќе од доволно сум го искусил ова извонредно уживање, и тоа во толкава мера што многу години во животот ми минаа речиси во еден непрекинат занес. Ми оддаваат признание кога велат дека сум еден од оние што најнапорно работат: можеби и сум таков, ако размислувањето е исто што и физичката работа, зашто токму на размислувањето досега сум му ги посветил сите часови од животот кога сум бил буден. Но, ако работата се толкува како некакво дефинирано извршување во прецизиран рок и според некое строго правило, тогаш можеби сум најмрзлив од сите. Секој напор под присила налага одредена жртва во смисла на животна енергија. Јас таква цена никогаш не сум платил. Напротив, се насладував од сопствените мисли.

.....

Нашите први потфати се чисто инстинктивни: ги поттикнува фантазијата, која е жива и недисциплинирана. Како што растеме, разумот си го зазема приматот, а ние стануваме сè посистематични и порационални. Па, сепак, тие рани импулси, иако не непосредно продуктивни, се од најголемо значење и е можно да ни ја обликуваат дури и судбината. Всушност, денес чувствувам дека да сум ги сфател и да сум ги негувал своевремено тие свои импулси наместо што сум ги потиснувал, ќе му додадев значителна вредност на она што му го оставам на светот како свое наследство. Но, дека сум пронаоѓач, сфатив дури кога станав возрасен.

Вака беше од неколку причини. Како прво, имав исклучително надарен брат – беше еден од оние ретки феномени на умствен капацитет што биолошките истражувања ниту денес не можат да ги објаснат. Родителите ми останаа неутешни по неговата предвремена смрт. Имавме еден коњ, подарок од драг пријател. Прекрасно животно од арапската раса, а поседуваше речиси човечка интелигенција, и сите во семејството се грижевме за него и го галевме откако во една пригода му го беше спасил животот на татко ми во речиси неверојатни околности. Една зимска ноќ, татко ми го беа повикале да изврши една итна должност; додека со коњот минувале преку планините, ги нападнале волци, коњот се исплашил, силно го исфрлил татко ми од грб и избегал. Стигнал дома кај нас крвав и истоштен, но откако сите се кренале на нозе, веднаш повторно брзо истрчал, се вратил на местото на настанот, па додека луѓето од потрагата оделе кон местото за да го спасат татко ми, тој им се појавил, откако претходно се освестил и повторно се качил на коњот, притоа не сфаќајќи дека неколку часови лежел во снегот. Овој коњ беше виновникот за повредите од кои почина брат ми. Бев непосреден сведок на таа трагична сцена и, иако оттогаш минаа 56 години, сликата за неа и ден-денес со иста сила ми стои пред очи. Во споредба со сеќавањата за неговите достигнувања, секој мој напор изгледаше здодевен.

.....

Мајка ми доаѓаше од едно од најстарите семејства во земјата и потекнуваше од лоза пронаоѓачи. И татко ѝ, и дедо ѝ, ги беа смислиле појдовните идеи за многубројни помагала за во домаќинството и разни алати. Таа навистина беше голема жена со ретка вештина, смелост и сила, која беше совладала многубројни животни бури и беше минала низ многу искушенија. Кога имала 16 години, низ целата земја се раширила некаква заразна болест. Татко ѝ го повикале да им даде последно помазание на болните пред умирачка, а таа сама отишла кај едно семејство соседи кои се разболеле од страшната болест. Сите членови на семејството, вкупно петмина, во брз след еден по друг ѝ подлегнале на болеста. Таа ги искапила, ги облекла и ги наместила, а и ги украсила со цвеќе според народниот обичај, па кога татко ѝ се вратил, затекнал сѐ подготвено за христијански погреб. Мајка ми беше првокласен пронаоѓач и верувам дека ќе постигнеше големи нешта да не живееше толку далеку од токовите на современоста и од многубројните можности што таа современост ги нудела. Смислуваше и сама конструираше најразлични алатки и средства и изработуваше најфини ракотворби од конец што самата го предеше. Дури самата сееше, негуваше растенија и калемеше. Неуморно работеше од мугри до доцна навечер, најголем дел од облеката и од покуќнината беа творби на нејзините раце. И постара од 60 години, имаше доволно вешти прсти за во миг да сплете три котелци.

„Моите изуми" – НИКОЛА ТЕСЛА

Дневник е литературно дело во кое авторот пред сѐ ги опишува луѓето и настаните од својата околина, времето во кое живее и своите чувства и мисли. Ако во дневникот има значајни историски податоци, тогаш тоа е од големо значење за историчарите.

Најчестата форма на започнување на текстот во дневникот е датумот и местото на настанот или суштинската мисла за која се пишува. Тоа е лична сторија, но содржи и историски настани кои влијаеле и на општеството и на судбината на авторот. Оваа форма на литературно научен вид најчесто ја создаваат автори со силен дух кои сакаат истовремено да ги сочуваат сопствените чувства и мисли, но истовремено и да ги споделат со читателот.

Дневникот има различни форми на изразување, па може да се читаат дневници како приказни, песни, монолози, дијалози. Авторот има слобода да го избере начинот на изразување и со тоа да ја прикаже сопствената уметничка оригиналност. Научните елементи во дневникот се согледуваат во веродостојноста на прикажаните настани, историските факти и случувања. Записите во дневникот авторот може да ги организира во врзан текст кој ќе претставува расказ, роман или друг вид на прозно дело.

Сабота, 14 февруари
Св. Валентин

Добив само една честитка за Св. Валентин. Беше со ракописот на мајка ми, па не се важи. На мајка ми ѝ испорачаа голема честитка, толку голема што поштенското комби мораше да ја донесе на врата. Сета поцрвене кога го отвори пликот и ја виде честитката. Баш беше супер. Голем сатенски слон држеше купче пластични цвеќиња со сурлата и му излегуваше меур од устата со зборовите: „Здраво, миличка! Никогаш нема да те заборавам!" Немаше напишано име внатре, само нацртани срца со натписот „Полин" во нив. Честитката на татко ми беше многу мала и напред имаше купче виолетови цвеќиња. Татко ми внатре напишал: „Ај да се обидеме повторно".

Еве ја песничката што ја напишав на честитката за Пандора.

О, Пандора!
По тебе јас горам.
Една молба, може ли?
Не заборавај ме ти.

Ја напишав со лева рака за да не знае дека е од мене.

.....

Недела, 15 февруари
Седумдесетница

Г. Лукас сноштн се врати во празната куќа. Претпоставувам дека му се смачи од кавгата околу слоновската честитка за Св. Валентин. Му реков на татко ми дека мајка ми не е виновна ако некој потајно ѝ се восхитува. Татко ми мачно се насмевна и рече: „Имаш уште многу да учиш, синко".

Спраштив кај баба ми за вечера. Таа ми зготви вистинска неделна вечера со сос и со јоркширски пудинг. Никогаш не е презафатена ни за вистински крем.

Го зедов кучето и сите тргнавме на попладневна прошетка за да ни слегне јадењето.

Баба ми не зборува со мајка ми откако се скараа за џемперите. Баба вели дека никогаш нема да стапне пак во таа куќа! Ме праша дали верувам во живот по смртта. Реков дека не верувам, и ми рече дека се придружила на спиритуалистичката црква и го слушнала дедо ми како зборува за своите цвеќиња. Дедо ми е мртов четири години!!! Ќе оди во среда навечер за да се обиде повторно да стапи во контакт со него и сака да одам со неа. Вели дека поседувам аура околу себе.

Кучето се задави од пилешка коска, но го држевме со главата надолу, го удиравме силно и коската испадна. Го оставив кучето кај баба за да се поврати.

Го побарав зборот „седумдесетница" во џебниот речник.

Го немаше. Ќе побарам утре во училишниот речник.

Долго лежев буден и размислував за Бога, животот и смртта и за Пандора.

„Тајниот дневник на Адријан Мол" – СЈУ ТАУНСЕНД

Есеј е дело во кое авторот на оригинален начин го презентира своето мислење за темата за која пишува. Овој вид творба во себе содржи уметнички и научни елементи што се согледува во оригиналната композиција на презентираните мисли и заклучоци со користење на фигуративен јазик. Есејот како литературно научно дело најчесто го користат литературните критичари, историчари за да расветлат некоја тема од нивната област. Во литературата постојат и есеи во кои авторот пишува за еден сегмент од својата професија кој во одредено време од нивниот креативен живот е главната инспирација за создавање дела. Исто така, постојат есеи во кои авторот дискутира со истомисленици или со противници за иста тема од одредена област.

...Боговите го осудиле Сизиф без престан да тркала една карпа до врвот од некоја планина, од каде што таа се враќала поради својата тежина. Тие сметале, донекаде и со право, дека не постои пострашна казна од бескорисна и безнадежна работа.

Според Хомер, Сизиф бил најмудриот и најразумниот меѓу смртниците. Меѓутоа, според некое друго предание, тој бил склон кон разбојништво. Јас тука не гледам никаква противречност. Се разликуваат само мислењата за мотивите кои му обезбедиле да стане бескорисен работник во пеколот. Пред сè, му забележувале за некаква непромисленост кон боговите. Ги оддавал нивните тајни. Егина, ќерката на Азоп, ја грабнал Јупитер. Таткото се зачудил од нејзиното исчезнување и му се пожалил на Сизиф. Тој, знаејќи за киднапирањето, му понудил на Азоп да му даде сознанија, под услов тој да даде вода за коринтската тврдина. Со небесни молњи го претпоставил благословот на водата.

Затоа бил осуден на пекол. Хомер исто така кажува дека Сизиф ја беше оковал Смртта. Плутон не можел да поднесе неговото царство да остане пусто и глуво. Тој го пратил богот на војната да ја избави Смртта од рацете на нејзиниот поробувач.

Се раскажува и тоа дека Сизиф пред смртта сакал неразумно да ја преиспита љубовта на својата сопруга. Тој ѝ наредил да го фрли неговото тело насред плоштад, наместо да го погреба. Сизиф повторно се нашол во пеколот. И таму, разгневен од послушноста која е толку спротивставена на човечката љубов, тој од Плутон издејствувал дозвола повторно да се врати на земјата за да ја казни својата жена. Но кога повторно го здогледал лицето на овој свет, кога ги искусил водата и сонцето, топлите камења и морето, не сакал повторно да се врати во темнината на пеколот. Повикувањата, бесот и опомените не помогнале многу. Уште многу години тој живеел во заливот, покрај блескавото море и насмевката на земјата. Била потребна пресуда од боговите. Меркур дошол да го фати за врат безобзирникот, и одделувајќи го од неговите наслади, сосила да го врати во пеколот, каде што го чекала неговата карпа.

Веќе сфативме дека Сизиф е апсурден јунак. И тоа колку според своите страсти, толку и според својата мака. Неговиот презир кон боговите, неговата омраза кон смртта и страста за живот го чинеа неискажлива казна целото свое битие да го вложува во работа која никогаш нема да може да ја заврши. Тоа е цената која требало да се плати заради овоземните страсти. Ништо не се зборува за Сизиф во пеколот. Митовите се создадени за да бидат оживеани од фантазијата. Во овој се гледа целиот напор на едно тело кое се напрега да го придвижи големиот камен, како го тркала и турка по стопати поминатата

стрмнина; се гледа згрченото лице, образот потпрен на каменот, подметнатото рамо кое ја прима масата покриена со глина, ногата која го запира, и одново, само рацете, сосема човечка сигурност на две раце полни со земја. На самиот крај на тој тежок напор, одреден со простор без небо и време без длабочина, целта е постигната. Тогаш Сизиф го набљудува каменот како за само неколку мигови се спушта кон тоа пониско место, од каде што повторно треба да го истурка до врвот. И тој повторно слегува до подножјето. Токму за време на неговото симнување, на тој одмор, ме интересира Сизиф. Лицето кое се мачи во непосредна близина на каменот веќе и самото станува камен! Го гледам тој човек како одново слегува со бавен, но рамномерен чекор кон маката на која не ѝ се знае крајот. Тој час кој е како одмор и кој со сигурност се враќа исто како и неговото страдање, тој час е час на свесност. Во секој момент од тој час, кога го напушта врвот и се спушта малку по малку кон засолништата на боговите, тој е надмоќен во однос на својата судбина. Тој е појак од својата карпа.

Ако овој мит е трагичен, тоа е поради фактот што неговиот јунак е свесен. Каде би била неговата мака кога на секој чекор би имал надеж дека ќе успее? Денешниот работник работи секој ден во својот живот на исти задачи, и таа судбина е еднакво апсурдна. Но трагична е само во ретките моменти кога тој станува свесен за тоа. Сизиф, пролетерот на боговите, немоќен и огорчен, ја познава цела суштина на својата бедна положба: слегувајќи надолу, тој размислува за неа. Проникливоста која мора да му донесе страдање, истовремено ја заокружува и неговата победа. Не постои судбина која не е обвиткана со презир...

Тоа е целата тивка радост на Сизиф. Нему му припаѓа сопствената судбина. Неговата карпа е негова работа. Така апсурдниот човек, кога размислува за својата мака – ги замолчува сите фетиши. Во светот на неговиот одеднаш вратен молк се подигнуваат илјадници ситни воодушевени земни гласови. Несвесни и тајни повици, повици упатени од сите лица, нужно се опачина и цена на победата. Нема сонце без сенка и треба да се запознае ноќта. Апсурдниот човек вели „да" и неговиот напор ќе биде непрекинат. Ако постои лична судбина, нема понадмоќна судбина или постои барем една таква која тој ја држи кобна и достојна за презир. За останатите, тој знае дека е господар на својот живот.

Во таков момент, кога човекот се грижи за својот живот, Сизиф, враќајќи се на својата карпа, размислува за низа неповрзани работи што стануваат негова судбина, судбина што ја создал самиот, што ја обединил во своите сеќавања и набрзо ја потврдил со сопствената смрт. Така, уверен во целото човечко потекло на сè што му припаѓа на човекот, како слеп човек кој има намера да прогледа, а знае дека ноќта е бескрајна, секогаш е во движење. А карпата сè уште се тркала. Го оставам Сизиф во подножјето на планината! Секогаш се пронаоѓа сопствениот товар. Но, Сизиф нè подучува на повисока верност што ги негира боговите и ги подигнува карпите. И тој смета дека сето тоа е добро. Овој свет, отсега без господари, не му изгледа ниту јалов ниту ништожен. Секое зрно од тој камен, секој минерален блесок на таа планина полна со ноќ, за него се посебен свет. Самата битка да се достигне врвот е доволна да се наполни човечкото срце. За Сизиф треба да се размислува како за среќен човек...

„Митот за Сизиф" – АЛБЕР КАМИ

Постои еден анти-паста манифест на футуристите, во кој Маринети се подбива со традиционалната кујна и ја посочува токму неа – храната, како основен материјал од кој треба да се обликува идното современо општество. Идејата се протега од трпезата на семејниот ручек до елитните коктел собири и нејзината света задача е да направи симбиоза од уметноста, културата и прозаичноста на секојдневниот живот.

Најмногу ја критикува пастата, кралицата на италијанската кујна, подеднакво сакана и од остатокот на светот, обвинувајќи ја за растење на тромаво, мрзеливо и апатично граѓанство. Според него, толку љубената паста служи единствено за општонародно гоење, убиствена е за духот, креативноста и интелектуалниот потенцијал на луѓето. Но, еден совршен оброк од иднината треба да биде повеќе од само добро избалансирана храна во чинијата, тој мора богато да ги нагости и сите останати сетила.

Масата треба да биде наместена на начин што ќе поттикнува силно и изострено уживање во вкусот и бојата на оброкот, јадењето да е приготвено според оригинален рецепт, а начинот на којшто се јаде едноставно мора да кореспондира со идејата за оброкот, замислен како уметничка инсталација и перформанс. Музика која ќе го надополнува амбиентот со емоција и светлина која ќе го потенцира, се само дел од останатите сценски елементи на овој мал театар. Притоа, разговорите што се водат, треба да ја инспирираат мислата и имагинацијата, а корисно е да се вклучат и други стимуланси кои ќе придонесат за уште поинтензивна надреална атмосфера, нагли изненадувања, па дури и хемиски индикатори кои би помогнале вкусот на храната по потреба да се измени.

Можеби звучи како непотребно комплицирање на една толку проста активност која подразбира, пред сè, одржување во живот. Но, ако се успее во намерата со отворени очи да се замисли живата сценографија од луѓе, светло, маса чиишто чинии не се само обичен предмет кој бегло зјапа во нас и чека да биде искористен, туку средство преку кое се патува подалеку од нашето миговно постоење и се (раз)открива некој непознат универзум, лесно е да се вирне во зачетокот на една нова реалност.

„Зошто сакам да правам чинии?" – АНЕТА ПОПОВА

Запомни!

Литературно-научни видови во стручната литература најчесто се творби во кои според начинот на прикажување имаат карактеристики на уметничка литература, а според предметот на презентација припаѓаат на науката.

Во групата на литературно-научни видови спаѓаат биографија, автобиографија, дневник, есеј.

Биографија е дело кое опишува живот на значајна личност: државник, политичар, уметник, научник, спортист итн.

Автобиографија е дело во кое авторот го опишува својот живот, обично од раѓање до старост, или само некои делови од сопствениот живот.

Дневник е литературно дело во кое авторот, пред сѐ, ги опишува луѓето и настаните од својата околина, времето во кое живее и своите чувства и мисли, означувајќи го датумот на случувањето.

Есеј е дело во кое авторот на оригинален начин го презентира своето мислење за темата за која пишува.

Прашања и задачи:

1. Кои се основните белези на делата кои спаѓаат во групата на литературно-научни творби?
2. Во кои елементи се разликуваат биографијата и автобиграфијата?
3. Што е карактеристично за формата на изразување во дневникот како литературно-научна творба?
4. За што пишуваат есеистите во своите дела?
5. Истражи во училишната библиотека за да откриеш дали има дела кои припаѓаат на литературно-научни творби.
6. Од пронајдените наслови на дела во библиотеката избери една творба која ќе ја прочиташ и за која ќе напишеш есеј во кој ќе го искажеш своето мислење за прочитаното.
7. Во твојата тетратка напиши дневник со следните насоки:
   - наслов: Еднонеделен дневник или Дневник за случувањата на училишните големи одмори;
   - за секој ден во неделата опиши ги настаните кои се случуваат на големите одмори.

2.2 ИСТОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРА

Периодизација на литературата

- Потсети се што научи за постанокот на литературата и поврзаноста на древниот човек со неа.
- Подискутирај за древните цивилизации кои си ги изучувал/а досега, за нивните верувања, обичаи, писма.

Литературата како вид уметност има задача со помош на зборот да го претстави животот на човекот, неговата природа, размислувањата и доживувањата. Точната класификација на литературата тешко може да се направи, но теоријата на литературата најчесто го користи **дијахрониско-синхронискиот критериум** за поделба на литературата. **Дијахронискиот критериум** се однесува на периодот кога е создадена творбата, а **синхронискиот** – на стилските особености на книжевното творештво во одреден период од развојот на литературата. Врз основа на овие критериуми и направената периодизација, таа се дели на **книжевни епохи** (стилски формации) и **книжевни правци**. Книжевните епохи се подолги и пообемни периоди во историскиот развој на литературата, а книжевните правци се по-кратки временски периоди, стилски формации кои припаѓаат на книжевните епохи. Така, литературата се класифицира во основните книжевни епохи: антика (античка литература), среден век (средновековна книжевност), хуманизам и ренесанса, барок, класицизам, просветителство, романтизам, реализам, модернизам и постмодернизам. Во рамките на овие епохи се појавуваат одредени **книжевни правци** како соцреализам, натурализам (во реализмот), симболизам, футуризам (во модернизмот).

Книжевните епохи и правци не се развивале во ист временски период кај сите европски народи бидејќи секој од нив живеел во различни историски, општествени и економски услови.

Најстарите литератури

За најстари литератури во светот се сметаат староегипетската, сумерско-вавилонската, индиската, еврејската, арапската, персиската, кинеската, јапонската и античката (старогрчка и староримска) литература. Староегипетската и сумерско-вавилонската литература се едни од најстарите светски литератури и тие влијаеле врз подоцнежниот развој на античката литература.

Сумерско-вавилонската литература на човештвото му го оставила своето најголемо и најзначајно дело, епот „Гилгамеш", кој датира од вториот милениум пред нашата ера. Епот е напишан на јазикот на Сумерите, народ кој бил населен во долниот дел на Месопотамија, меѓу реките Тигар и Еуфрат. Главни културни центри биле градовите Вавилон и Урук. Се

смета дека тие се творци на првото писмо во историјата на човештвото. Нивното писмо било сликовно и се состоело од околу 1 500 знаци, налик на клинови. Писмото го втиснувале на меки глинени плочи кои ги печеле, па така станале отпорни и сочувани со векови.

Најстарите записи на **египетската литература** се наречени **Текстови на пирамидите** затоа што се пронајдени на ѕидовите на фараонските гробници. Во значајни записи на египетската литература, исто така, се вбројуваат **Текстови на саркофазите** и **Книга на мртвите**. Овие записи најчесто биле пишувани со хиероглифско и хиератско писмо и биле создавани во период од 26 век пр. н. е. до 22 век пр. н. е.

Во староегипетската литература биле застапени различни литературни родови. Најзастапениот лирски вид била химната, посветена на боговите и на владетелите, а најзастапени епски творби биле приказните, сказните и расказите.

Од оваа литература потекнува и полемиката која се смета за прва во историјата на светската литература. Таа претставува сведоштво за односите меѓу писателите пред повеќе од 3 000 години пр. н. е.

Околу 500 година пр. н. е. се смета дека е создадена **Авеста** – збирка од најпознатите свети книги на **персиската литература**. Во овие книги се опишува учењето на Заратустра. За персискиот народ, односно за следбениците на Заратустра, овие книги се значајни како што е Библијата за христијаните, односно Куранот за муслиманите.

Во книжевната историја на **кинеската литература** е запишано дека зачетоците се во пророчките списи на династијата Шанг. Се смета дека првата збирка од 305 песни (**Книга на песните**) ја составил Конфуциј, во периодот од 11 до 7 век пр. н. е. Збирката се состоела од народни и дворски песни, како и од религиозни химни.

Индиската, санскритската литература настанала во VI, IV или II милениум пред нашата ера. Најпознати текстови на оваа литература се **ведите** – текстови кои имале религиска функција. Во нив спаѓале збирки на молитви, химни и литургиски песни и прозни текстови со теолошки објаснувања. Најважни дела од оваа литература се еповите **„Махабхарата"** и **„Рамајана"**, како и староиндиската збирка раскази **„Панчатантра"**. **„Махабхарата"** е најобемното дело во светската литература кое е создадено од 4 век пр. н. е. до 4 век од н. е. Епот „Рамајана" датира од 3 век пр. н. е. до 3 век од н. е.

Еврејската литература е запишана во првиот милениум пред нашата ера. Таа, иако е усна, се вбројува меѓу најстарите литератури во светот. Врз литературата на Евреите големо влијание имале сумерската и египетската култура. Најважна книга во јудаизмот е **Талмудот**, кој претставува збирка учења, закони, коментари и расправи од страна на еврејските мудреци кои го објаснуваат и го развиваат светото писмо на Евреите, **Тората**. Талмудот претставува темел на еврејската религиозна традиција.

Најпозната литературна творба е **Библијата (Свето писмо)** која претставува еден од најстарите и највлијателните книжевно-религиски споменици во светот. Библијата е зборник на свети книги на јудаизмот и на христијанството. Составена е од два дела, **Стар** и **Нов завет**. Стариот завет е составен од 24 книги во кои се опишува еврејската историја, од доселувањето во Ханаан, па сè до потпаѓањето под влијанието на хеленистичките држави. Тој започнува со Првата книга Мојсеева, наречена Битие. Во неа се објаснува создавањето на светот од аспект на монотеизмот. Така, Бог го создал светот за шест дена, а седмиот ден одморал од

делата што ги создал. Стариот завет содржи многу литературни жанрови: митови, сказни, басни, легенди, приказни, изреки и песни. Она што ги поврзува текстовите во Стариот завет е идеологијата за еден бог (монотеизмот). Стариот завет е света книга на Евреите, а Библијата, со Стариот и со Новиот завет, е света книга на христијаните.

Новиот завет е дел од Библијата кој е признат само од христијаните. Тој е составен од четири евангелија (според Матеј, Марко, Лука и Петар), кои на различни начини раскажуваат една иста приказна, животот и смртта на Исус Христос. Најголем дел од проучувачите на Библијата сметаат дека „Евангелието според Јован" има најмногу литературно-естетски особености. Освен евангелијата, во Новиот завет има и откровенија, посланија и делата на светите апостоли. Новиот завет, исто како и Стариот завет, изобилува со литературни текстови кои се богати со метафори, симболи и алегории. Првиот словенски превод на Библијата датира од 9 век и го направил Методиј.

Арапската литература е литературата напишана на арапски јазик. Таа се пишувала на просторот од Персија до Шпанија и влијаела на европската литература, преку поезијата и зборникот приказни „Илјада и една ноќ". **Куранот** на арапски значи „она што е за читање" и тој е света книга на исламот. Неговата конечна редакција е објавена за време на халифот Осман (644 – 656). Куранот содржи 114 глави (сури), со морални, правни и религиски поуки во форма на изреки на пророкот Мухамед. Напишан е како ритмизирана проза, со метафоричен стил. Јазикот на Куранот станал норма за класичниот арапски јазик. Дополнение на Куранот се **хадисите** кои претставуваат збирка преданија кои се однесуваат на зборовите и на делата на Мухамед.

Јапонската литература е најмлада од сите древни литератури и со својот развој започнува во 8 век, со збирката **Коџики**, составена од песни и од проза. Во почетокот делата се пишувале на кинески јазик, а дури подоцна на јапонски. Најпозната лирска форма во јапонската книжевност е **танка**, составена од една строфа од пет стиха и 31 слог. Од древната јапонска книжевност потекнува и поезијата **хаику** (песна која се состои од една строфа од три стиха со 17 слога).

Античката литература претставува најстарата литература во Европа. Таа постоела долг временски период од 15 века, односно од 10 век пр. н. е., па сè до 5 век од н. е. Во неа спаѓаат **старогрчката** и **староримската литература**. Старогрчката литература е најстара, најавтентична и единствена европска литература. Основни извори за создавање во старогрчката литература се митовите, најчесто поврзани со божествата кои живеат во дворци на планината Олимп. Литературата во старогрчката култура морала да биде пишувана во стих, па така, поезијата ја делеле на **епска, лирска** и **драмска поезија**.

Покрај **епските песни** и циклуси, најпознати епови во старогрчката литература се еповите „Теогонија" од Хесиод, „Илијада" и „Одисеја" од Хомер. „Теогонија" претставува митолошки еп кој го обработува создавањето и уредувањето на светот, а „Илијада" и „Одисеја" се херојски епови кои обработуваат важен историски настан.

Лириката во старогрчката литература била поделена на декларативна (рецитаторска) лирика и пеена лирика (мелика). Во античката поезија се создадени лирските видови: ода, химна, дитирамб, елегија, епиграм, епитаф и слично. Најпознати поети се: Алкеј, Сафо, Пиндар, Анакреонт, Мимнермо и други.

Драмата е создадена во 5 век пр. н. е. и оваа поезија ги подразбирала видовите: трагедија, комедија и сатирска драма. Најголемо општествено, политичко и религиско значење имала трагедијата. Нејзиното прикажување било поврзано со државниот религиски култ кон богот Дионис. Најпознати драмски автори кои и денес имаат значење во светската литература се: Есхил, Софокле и Еврипид. Комедијата се појавила паралелно со трагедијата и се поврзувала со култот кон божицата Деметра. Најпознат комедиограф од овој период е Аристофан.

Во античката литература, освен пишувањето во стих, се пишувало и во проза. Прозата била застапена во историографијата, филозофијата, басните и ораторската проза. Развојот на ораторството (беседништво, говорништво) довело до развивање на реториката како научна дисциплина. Најпознат оратор бил Демостен.

Староримската литература се појавила во 3 век пр. н. е. и била пишувана на латински јазик. Литературните жанрови биле во тесна врска со старогрчките. И покрај сличностите со старогрчката, сепак, римската лирика создавала уникатни творби: химни, нении (погребни песни), фесценини (потсмешливи песни) и триумфалните песни кои се изведувале за време на воените паради.

Епската поезија во римската литература ги негувала свечените песни во кои се славеле подвизите на римските јунаци или, пак, се преработувале легендите за создавањето на Рим. Прозната литература ги подразбирала реторските и законските текстови. Најпознат оратор кој ја поттикнувал прозата во римското општество бил Цицерон. Во златниот век од развојот на римската литература, во владеењето на Октавијан Август, доминира поезијата. Тогаш се појавиле мецените (луѓе што финансиски ја поттикнувале уметноста) кои создавале интелектуални кругови во кои се создавала литературата. Најпознати поети од овој период се: Вергилиј, Хорациј и Овидиј.

Најпознати комедиографи во староримската литература биле Плаут и Теренциј. Римскиот театар, исто како и старогрчкиот, бил поврзан со религиски култ. За разлика од Стара Грција, каде што драмите имале натпреварувачки карактер и специјален систем на оценување, во римскиот театар најважно било мислењето на публиката која изведбата ја вреднувала со аплауз. Плаут пишувал комедии и правел преработки на грчки текстови кои ги адаптирал на потребите на Римјаните, со што ја заслабувал новата комедија и воведувал фарсични елементи (лесна комика). Плаут ги исмевал негативните човекови особини и неговите комедии биле омилени меѓу народот во стариот Рим. Тој со своите комедии извршил големо влијание врз европската комедија.

Запомни!

Старите цивилизации зад себе оставиле книжевни споменици кои сведочат за нивното постоење, за верувањата и за културата. Иако постоеле во различно време и на различни територии, сепак, заедничка одлика на нивните дела е слеаноста на религијата и литературата. Во своите творби пишувале за боговите, ги претставувале сопствените перцепции за светот и за човекот, во кои многу често може да се сретне и иста основа на приказната.

Прашања и задачи:

1. Кој критериум најчесто го користи теоријата на литературата при поделба на литературата?
2. Како се нарекува критериумот кој литературата ја дели според периодот на создавање на литературната творба?
3. Набројги основните литературни епохи.
4. Наведи ја разликата меѓу поимите книжевен правец и епоха.
5. Кои се најстарите литератури во светот?
6. Кои литератури имале влијание врз античката литература?
7. Кои литератури се именуваат со поимот античка литература?
8. Кој е најстариот книжевно-религиски споменик на европската култура?
9. Како се викаат најстарите текстови во индиската литература?
10. Истражувај за боговите во старогрчката цивилизација и претстави го нивниот живот и уредувањето!
11. Спореди ги старогрчките богови со боговите во староримската литература. Изработи Венов дијаграм!
12. Поделете се во осум групи. Прочитајте по еден дел од „Песна над песните" и анализирајте ја. Изделете стихови кои укажуваат на целината на Песната.
13. Направи споредба на приказната за потопот во Библијата и во Куранот.
14. Спореди ги карактеристиките на воведните делови (песни) во Библијата, Куранот и Талмудот. Напиши осврт за сличностите и разликите на воведните делови на овие значајни дела.
15. Истражи го значењето на сурите во арапската литература.

Сумерско-вавилонска литература

„Гилгамеш"



▲ Гилгамеш

„Гилгамеш" е најголемо и најважно дело на асиро-вавилонската литература. Тоа претставува најстара литературна творба за која знае литературната наука. Научниците сметаат дека е создадена во 19 или во 20 век пр. н. е. Напишана е на сумерски јазик, а потоа преработена на новоасирски јазик од дворските поети на кралот Асурбанипал во 7 век пр. н. е. Примероците на „Гилгамеш" биле уништени (загубени) во 612 г. пр. н. е., при разурнувањето на кралската библиотека и повторно откриени, во втората половина на 19 век.

Интерпретација на „Гилгамеш"

„Гилгамеш" е епска творба чиј автор е непознат. Јуначко-митолошкиот еп е составен од 12 пеења (глинени плочи). Според тематската застапеност, епот „Гилгамеш" може да се подели во **два дела. Првиот дел** е од 1 до 7 плоча (епска песна) и во нив се опишуваат двата јунака (Гилгамеш и Енкиду) и нивните доживувања, а вториот дел е од 8 до 12 плоча и во нив е претставена тагата на Гилгамеш поради смртта на својот пријател и неговата потрага по тревката на бесмртноста. Дејството се одвива во Месопотамија, во градот Урук, за време на владеењето на Гилгамеш.

Првото пеење претставува **експозиција** и во него се дадени описи на Гилгамеш и на Урук, градот во кој владее. Гилгамеш е мудар и силен владетел кај кого преголемата моќ создава неумереност од која страда неговиот народ. Затоа божицата Аруру, на молба на богот Ану, создава јунак рамен на Гилгамеш за да може да завладее мир во Урук.

Во **второто пеење** е претставен двобојот меѓу Гилгамеш и Енкиду, кој откако ќе биде победен, му станува најдобар пријател и соборец на Гилгамеш.

Во **третото пеење** Енкиду, носталгичен по природата и по животот во неа, го напушта градот, но Гилгамеш успева да го наговори својот пријател да се врати назад.

Во **четвртата плоча** Гилгамеш од боговите добива наредба да го убие Хумбаба, чуварот на Кедровата шума, кого го убиваат во **петтото пеење**.

Во **шестото пеење** Иштар, божицата на љубовта, му нуди брак на Гилгамеш, но тој ја одбива нејзината љубов, со што создава бес и желба за казна кај Иштар. Таа го моли својот татко, Ану, да создаде бик кој ќе го убие Гилгамеш, но во битката со волшебниот бик, Гилгамеш и Енкиду се победници. Во **седмото пеење** е претставена болеста на Енкиду кој боледува 12 дена и умира во **осмото пеење**, по што Гилгамеш го оплакува 6 дена и 6 ноќи. Тој сфаќа дека славата, богатството, моќта и големите подвизи не се доволни за да се спаси пријателот и да се победи смртта. Тука завршува среќниот живот на Гилгамеш и почнува живот полн со тага, болка и страв од смртта. Соочен со смртта, Гилгамеш тргнува на пат за да го најде

прататкото Утнапиштим, единствениот смртник кој станал бесмртен. Така завршува првиот дел од херојскиот еп и фабулата се развива во друга насока. За да ја дознае тајната на вечниот живот тој надминал разни препреки и успеал да стигне до богот на сонцето, Шамаш, кој го пратил во градината на боговите зад која се наоѓаат реката на смртта и Утнапиштим.

Во **десеттото пеење** Гилгамеш се среќава со Сабиту, жената која го чува дрвото на животот, но и таа не успева да го наговори да се откаже од идејата за вечен живот. Така, Гилгамеш се среќава со Утнапиштим, кој му кажува дека човекот не е предодреден за вечен живот и му раскажува за потопот од кој единствено тој се спасил. Гилгамеш, по совет на Утнапиштим, ја наоѓа тревката на бесмртноста, но не успева да ја однесе кај своите сограѓани бидејќи додека се капел во езерото, змија му ја зела тревката и ја однела со себе. Гилгамеш, разочаран се враќа во родниот град и умира.

Мотиви во „Гилгамеш"

Во епот „Гилгамеш" се среќаваат неколку универзални мотиви кои можат да се најдат и во хебрејската и во старогрчката литература. Мотивот на потопот, потрагата по бесмртноста, херојската потрага, соочувањето со боговите, како и мотивот на пријателството и жртвата се мотиви кои се застапени во Библијата и во грчката митологија, па така, тие претставуваат дел од колективната културна меморија и имаат длабоки архетипски значења, воопшто во литературата.

Мотивот на потопот е симбол на божествена казна, морално прочистување и нов почеток. Во епот „Гилгамеш" е застапен во приказната за Утнапиштим, кој преживува уништувачки потоп, испратен од боговите. Тие решаваат да го уништат човештвото, но богот Еа го предупредува Утнапиштим да изгради брод и да ги спаси семејството и животните. Истата приказна е застапена и во Библијата, кога Ное, како праведен човек, добива наредба да изгради ковчег и така да најде спас. И во грчката митологија, кога Зевс го поплавува светот за да ги истреби грешните луѓе, Девкалион и Пира преживуваат во ковчег и така создаваат нов човечки род.

Човечкиот страв од смртта и неговата желба за вечна вредност и значење се отсликуваат во **мотивот за потрагата по бесмртноста**. Гилгамеш, по смртта на Енкиду, се соочува со смртта и тргнува во потрага по вечен живот, барајќи ја тревката на бесмртноста која не успева да ја добие. Исто така, и Адам и Ева се истерани од Едем за да не го вкусат дрвото на животот со кое ќе ја обезбедат својата бесмртност. Истата судбина ја делат и Ахил, Тантал и Сизиф во грчката митологија.

Мотивот на пријателството претставува катализатор за лична трансформација и подготвеност за духовна и телесна жртва. Длабоката пријателска врска со Енкиду и неговата смрт го трансформира Гилгамеш. Истата трансформација се доживува и во односот на Давид и Јонатан во Библијата и на Орфеј и Евридика во грчката митологија. Врвот на пријателството се гледа и во Христовата жртва од љубов кон луѓето како и односот и одмаздата на Ахил по смртта на Патрокло.

Мотивот на потрагата е симбол на внатрешно созревање, тестирање на вредностите и на личната судбина на херојот. Патувањето на Гилгамеш, на Мојсеј и на Одисеј се класични примери за преминувањето на сите граници, соочувањето со опасности и за духовниот раст кај секој од нив.

Соочувањето со боговите е мотив преку кој се нагласува границата меѓу човекот и божествата. Непослушноста и непочитувањето на човекот кон боговите донела казна за Гилгамеш и Енкиду, Адам и Ева, за Прометеј..., со што се искажува немоќта на човекот да го достигне недостижното.

Ликовите во „Гилгамеш“

Гилгамеш е господар на Урук кому му нема рамен. Тој е 1/3 човек и 2/3 бог. Секогаш е убаво облечен и подготвен на сѐ. Тој е убав, силен, моќен и мудар. Живее сам во својата палата, но никогаш не е осамен. Бестрашен и непокорен, тој живеел неумерен живот кој им го наметнувал и на своите поданици. Носен од желбите и страста, не почитувал ничие достоинство и не му биле важни ничии чувства. Бесчувствителното и сурово владеење го поттикнало народот да бара спас кај боговите кои му го пратиле Енкиду.

Гилгамеш, по средбата и двобојот со Енкиду, претрпува трансформација. Тој во Енкиду открил некој сличен на него и првпат почнал да чувствува потреба за некој кој ќе му биде близок, некој со кој ќе ги дели сите подвизи, радости, добрини и зла. Средбата со Енкиду кај него го поттикнува човечкото. Присуството на другите и поврзаноста со нив го омекнува и го претвора во суштество кое чувствува страв и е свесно за минливоста на моќта, славата и на сѐ што е човекот.

Пријателството влијае на Гилгамеш и тој не мисли само на себе и на боговите, туку и на народот и на пријателите. Станува човек кој има душа и чувства, а пријателот го доживува како свое второ јас. Кога ќе го изгуби пријателот, тој губи сѐ: смислата за живот, богатството, моќта. Оној силен и нескротлив јунак, Гилгамеш, сега пред другите страда, плаче и го идеализира мртвиот пријател. Ги остава престолот, палатата, Урук и заминува во осаменост и потрага по бесмртноста. Неговата несебичност се покажува со желбата тревката на бесмртноста да ја однесе кај луѓето и да ја сподели со нив.

И покрај неговите божествени моќи, сепак, човечката третина му ја одредува судбината на Гилгамеш. Тој умира и завршува како и многу други пред него, како победник, но и како губитник. Губитник кој ја изгубил сопствената борба со смртта, но и победник бидејќи во смртта со себе го понел сето она што духовно можел да го стекне и да го живее. Тој зад себе оставил неизбришлива трага која е единствената работа што постои по смртта на човекот.

Запомни!

Сумерската литература е една од најстарите литератури. Најголемо и најзначајно литературно дело кое сведочи за постоењето на асиро-вавилонската цивилизација е епот „Гилгамеш“. Тој е пишуван со пиктографско (клинесто) писмо, на глинени плочи. Во „Гилгамеш“ се застапени јуначки и митолошки мотиви во кои може да се сретне многу херојство и филозофски прашања, кои и денес се преокупација на современиот човек.

Прашања и задачи:

1. Објасни го, со факти од делото, тематското јадро на првиот и на вториот дел од епот!
2. Изработи фабула на соновите во епот, толкувај ги и подискутирај за нивното значење.
3. Атрибутизирај го ликот на Енкиду и најди што е заедничко со ликот на Гилгамеш.
4. Кои се причините поради кои Гилгамеш не успева да стане бесмртен?

5. Каков е односот на Енкиду кон смртта (7 плоча)?
6. Прочитај го крајот на третата плоча и посочи кој им е заеднички непријател на Гилгамеш и Енкиду?
7. Што го советува Сидури, крчмарката божја, Гилгамеш во десеттата плоча?
8. На што се темели контрастот во десеттата плоча во разговорот меѓу Гилгамеш и Сидури?
9. Препиши ја табелата во тетратка и пополни ја според насоките.

епски елементи	епот „Гилгамеш“
настан	
раскажувач	
раскажување	
тема	
фабула	
ретардации	
детални описи	
опејување	

10. Наведените мотиви во првата колона од епот „Гилгамеш“ можат да се најдат и во литературите на другите цивилизации. Обиди се да ги пронајдеш во старогрчката митологија и во Библијата.

мотив	опис	други дела
создавање на Енкиду		
светот на боговите (градината)		
симнувањето на Гилгамеш во подземниот свет		
змијата		
Енкиду ја проколнува жената		
потопот за кој зборува Утнапиштим (11 плоча)		

11. **Опиши ја повторната средба на Гилгамеш со Енкиду во дванаесеттата плоча.**

Дадените извадоци од првата плоча нека ти помогнат во интерпретацијата.

Згазнувајќи врз бедемот на Урук,
Наоколу одел барајќи од јата следи;
И оградите ги набљудувал,
Темелите ги испитувал:
Од печена тула ли е ѕидот граден
Неговите темели?

Две третини од него е бог,
Една третина е човек,
Никој во светот ширум него сличен не е.
Со восхит и стравопочит
Сите негови го гледаат лик,
Според убавина и сила
Никогаш не виделе на него сличен.
Тој е како бодење на рогови,
Или како замав на сабја...
Неговиот магичен барабан, чудотворниот,
Секаде го опкружува во секое дело.
Лавот го тера од неговото засолниште,
Го заграпчува за брадата и го забодува.
Дивиот бик го лови
Со брзина на својот лак.
Неговите зборови и неговиот говор
Закон се во градот.
На синот поважна му е кралската волја
Отколку татковата желба.

Мрморејќи се збираат дома благородниците, баботат:
„Во пустината го гониш народот,
Дење-ноќе ѕидови да гради;
Не те смекнува желба и лелек, дење-ноќе ѕидови градиш
Син од мајка делиш, дење-ноќе ѕидови градиш;
Маж од жена си делиш, дење-ноќе ѕидови градиш;
Свршениците ги делиш, дење-ноќе ѕидови градиш.

Таков зар е Гилгамеш? Таков ли е чуварот на Урук?
Нашиот пастир, мудрец, нашата гордост,
Нашата сила, убост, леле, зар таков е?“

Го слушаат боговите човечкото чкртање со забите
И кон Ану, богот на Урук,
Вртејќи со главата, вака се огласуваат:
„Јунак си создал, бог-човек, непобедлив небесен бик –
Зар таков е Гилгамеш, две третини бог, една третина човек?

Ја слушна Аруру заповедта громка
И виде видение, и во мислите свои,
Според тоа видение го создаде новиот јунак
Достојно на ликот на Ану. И веднаш тргна
Да се отелотвори околу сенката.
Аруру вода тури на раката своја
И со чиста крпа раката ја брише.
Од стрмен брег иловица зема,
Со свежи прсти ја обликува,
Плукнува на неа, ја гмечи,
И влажно ја меси во човечки облик;
Така е создаден јунакот Енкиду.

Од теме до пети покриен со влакна,
Како кај жените му се бранува косата долга.

Ништо тој не знае за градовите,
Ниту за луѓето;
Телото му е како на Ану,
Косата му се бранува како кај жените.
Неговото руво е како на Сумукан,
Богот на нивите и стадата.
Трева јаде како газелите,
Живее јадејќи корења, бобинки и овошје,
Со жедни елени пие од заеднички извор.
Срцето му се пополни со живиот жубор на водата.

ПЛОЧА ШЕСТА

Гилгамеш се изми од глава до пети,
Во свежата вода на изворот,
Долгата коса што му паѓаше на вратот
Ја исчешла со прстите
И ја фрли крвавата облека своја,
Па облече чиста руба, празнична,
Шамија врза крстум на градите,
Круната на глава ја стави.
Го здогледа така Иштар, божицата на убоста
И пламна во неа желба љубовна.
„Сакај ме, о Гилгамеш! Љуби ме!
Да живееме како маж и жена!
Твое нека биде овошјето на моите гради,
Мое нека биде твоето семе!
Биди ми ти маж, јас ќе ти бидам жена!
Ќе наредам да ја впрегнат бојната кола,
Таа е од скапоцени камења и злато.
Во запрегата ќе ги имаш секој ден
Најубавите и најсилните коњи.
Со мирис од кедрови
Влези во мојот дом!
Кога ќе влезеш во мојата куќа,
Нозете ќе ти ги бакнуваат
Оние кои седат на престолот,
Ничкум пред тебе ќе паднат
Великаните и кралевите на царството!
И сè што ќе посака твоето срце,
Од раскошните брегови и долини,
Тие ќе ти го носат
Како данок скап.
Говедата, овците и козите на твоите стада
Нека се облизнат редум.
Нека ти дојдат натоварени со богат плен
Маски и слонови тешки,
А пред сите нека пројури
Коњот на твојата бојна кола.

На твојот пастув што е сличен на брз ветер,
Нема му рамен во целото царство земско!"
На ова вака ѝ одговори славниот Гилгамеш:
„Задржи ги за себе убостите свои,
Доволна ми е мене драгоцената шамија!
Го презирам твоето бесрамно, заводливо тело.
Не ми треба твојот леб,
Ниту ја сакам храната што ти ми ја нудиш.
Никаква радост не ми дава твојот пехар,
Иако ми ветуваш напивки од боговите.
Жешко е твоето настојување,
Но срцето ти е студено,
Ти си како отворена врата:
И најмал ветер ја удира отстрана,
Ти си како сјајна палата
Која ги убива редум силните,
Како слон кој го фрла своето седло,
Како смола си што ја жеже раката на факлоносецот,
Како запечатена мешина: твојата вода
Не ја гасне жедта,
Ти си како вар што не ги зацврстува градските ѕидини,
Како украден јаспис ти си:
Со тебе никој не се фали!
Ти си како тесен чевел:
Те проколнуваат сите што те зеле!
Си имала ли маж кого не си го оставила?
Си имала љубовник, кого не си го излажала?
Има ли барем еден кој не пропаднал,
Меѓу оние кои те сакале?
Каде е твојот пастир на кого би му била верна?
На Тамуз, момчето на љубовта,
На убавиот бог со сончево чело,
– тој прв те привлекол кон себе –
Со што си му платила?
Многу години тажеше за тебе,
И плачеше за тебе тој измамен љубовник!
А вториот? Накитениот со перје шарено:
На дива љубов си го терала,

Па безглаво трчал по тебе,
И крилја си му скршила
Кога те стигнал!
Тој сега талка во шумата и вика:
'Крилјата ми се скршени!'
Си се заљубила и во лав еден,
Бидејќи кипел од сила,
Седум и уште седум пати
Си му ископала јама!
И зар не си го камшикувала коњот,
Жеден за победа?
Прво си го запалила со сласт,
Потоа си го јавнала,
И по седум милји, кога стигнал кај изворот чист,
За да ја згасне својата жед –
Водата си му ја заматила!
Неговата стара мајка оттогаш те колне!
Си засакала и еден овчар силен,
Кој секој ден ти жртвувал младо јагне,
А откога си се заситила од него,
Зар не си го преобразила во волк?
Исплашеното стадо бегало од него,
А неговите верни кучиња му го раскинале крзното.
Си го засакала и Ишулану, градинарот на татко ти,
Цвеќиња ти собирал, масата ти ја красел,
Но ти си го мамела со овие зборови:
'Ишулану, прелеј ја во мене својата машка сила!
Дојди, да јадеме од лебот на боговите,
Пробај го со мене слаткиот плод.
Кога со мене ќе легнеш в кревет!'
Тогаш Ишулану, силниот момок, ти рекол:
'Што сакаш од мене?
Зар мојата мајка не ми готвела јадење
И зар треба сега да јадам за својата гибел?'
Кога тоа си го чула, си го нападнала гневно
И си го претворила во лилјак, зар не?
Сега ја бараш мојата љубов,
Но јас гледам каква судбина ме чека!"

Кога ова Иштар го слушна,
Ја обзеде силен бес,
И веднаш се вознесе кон небесната палата
На татка си и мајка си, со многу кули и бедеми.
Таа застана пред богот Ану и божицата Анту.
„Татко – му рече Иштар на Ану –
Гилгамеш ме понижи
Со жестоки зборови, набројувајќи ги како пакосни
Моите направени дела, па затоа те молам
Да го казниш за гревот срамен!"
А Ану вака ѝ одговори на Иштар:
„Па, ти си барала лубов од Гилгамеш,
А тој те навредил со јазик груб,
Набројувајќи ги пакостите твои".
Тогаш Иштар му рече на својот татко:
„О, Создателу! Небесен оче,
Создади ми волшебен бик,
Да го убие Гилгамеша! Создади го
Од пламења и од ветрот на црн виор,
Од земјотрес и од ладен град, од сѐ што е опасно,
Градите да му бидат како ридој, а четирите нозе
Како мермерни столбови, челото како карпа базалтна,
Очите да му фрлаат молњи, а роговите негови
Да го бодат остро небесното платно,
Страв и трепет на Гилгамеш да му влее!
Зар се противиш? Со главата вртиш?
Но знај: ако го поштедиш и не го казниш со смрт,
Ќе слезам кај Долните порти, кои го чуваат
Царството на мртвите, и ќе ги скршам...
Наземи ќе паднат разлабавените катанци,
Шарките ќе чкрипат и наеднаш ширум
Ќе се отвори крилото на портата!
Па светрум ќе нагрвали немиот, безјазичен табор,
Во бели наметки и со вкочанети раце,
Со срчести студни очи,
А јас ќе го водам горе, во светлината,
Во расцветаната површина на земјата!
И таа изгладнета шкобава војска

Едностојно ќе чкрапа со пожолтените заби:
Ќе изеде сѐ живо, ќе ги проголта новороденчињата,
Ќе ги изгризе набрекнатите дојки,
Од кои ќе блика млекото мајчинско,
А плотта на мажите алчно мртвите ќе ја глодаат,
ќе им ја испијат на воините крвта,
И најпосле, тие тела од сенки, бесплотните скелети,
Ќе станат поживи и од живите смртници..."
Воомјазен, Ану ѝ рече на гневната ќерка:
„Што бараш од мене, мила моја ќерко?
Ако создадам таков силен бик,
За седум години тој ќе ги изеде сите класја
И ќе настапат седум гладни години!
Што ќе му дадеш на народот?
Имаш ли собрано доволно жито во амбарите?
Има ли сено за гладниот добиток?"
Се насмевнува итрата божица и со мил глас
Вчас го успокојува Ану:
„Татко, веќе мислев на тоа!
Годинава имаше богата жетва,
Собрано е доволно жито, за луѓето,
А за стоката има доста храна и сено!
Нека дојдат седумте лоши години!
Никој нема да умре од глад,
Ниедно добиче нема да цркне, ти ветувам!
Татко! Затоа создади волшебен бик,
Силен, шестмесечен,
И дај ми го јажето мене!
Сакам да уживам кога
На Гилгамеш ќе му се приближи
Бревтањето на бикот страшен!"
Богот на небото ги слушна нејзините зборови
И ја услиша молбата нејзина:
Откај Брегот на боговите го создаде страшниот бик
И го прати против градот Урук.
Бикот бесно пројури преку посевите полски
И ја опустоши земјата пред ѕидините на градот.
Неговото пламено бревтање уништува

Едночудо кутри луѓе.
Трипати накај Енкиду се втурна,
И му го впери своето роглесто чело;
Но Енкиду итро скокна настрана,
Потоа го зграпчи за роговите небесниот бик:
Бикот крвав млаз дувна во лицето на Енкиду
И со еден замав на опашката далеку го фрли.
Тогаш Гилгамеш му зари меч во градите
И бикот 'ркајќи наземи се струполи.
Енкиду ја отвори устата и на Гилгамеш му рече:
„Пријателе, ние ги прославивме нашите имиња,
Го убивме небесниот бик!"
Како ловец искусен на лов на диви бикови,
Гилгамеш ја одвои главата од моќниот труп
Меѓу шијата и роговите.
Кога го убија бикот и срцата им се смирија,
Тие ничкум паднаа пред Шамаш,
Богот на Сонцето,
И му искажаа благодарност голема.
Тогаш Иштар се качи на ѕидините на Урук
И изрече страшна клетва:
„Тешко тебе, Гилгамешу,
Со смрт и пропаст те проколнувам
Зашто повторно ми стори зло,
И го уби небесниот бик!"
Слушајќи ја Енкиду нејзината клетва,
Се втурна накај биковиот труп,
Му го откина од корен удот
И го фрли во лицето на божицата.
„Само кога би те фатил – ѝ рече –
И тебе би ти го сторил истото како на ѕверот,
И би те украсил со неговите црева!"
Тогаш Иштар ги повика сите девојки од храмот свој,
Сите жени и свештеничките на љубовта,
И им заповеда да го оплакуваат бикот.
И тие редум го оплакуваа
Откинатиот уд на волшебниот бик.
Гилгамеш, пак, ги повика сите мајстори,

Сите вешти занаетчии.
Мајсторите не можеа да им се изначудат
На извиените рогови на бикот:
Тежеа по триесет фунти од лазурни камења,
А два прста им беше дебела кората,
Повеќе од шестотини литри масло
Можеа да соберат двата рога.
Во светиот храм на Лугалбанда
Гилгамеш ги подари за помазание,
Ги однесе роговите во храмот на богот заштитник
И ги зацврсти на неговиот златен престол.
Во Еуфрат си ги измија рацете
И тргнаа накај утврдениот град Урук.
Сите луѓе на градот се собраа,
Мажи, жени и дечишта, викајќи.
А двајцата пријатели го носеа на колец
И го покажуваа гордиот плен.
Гилгамеш на прагот од својата палата,
Им се обрати на робинките:
„Меѓу мажите кој е наубав?
Меѓу јунаците кој е најхрабар?"
А тие во еден глас одговорија:
„Гилгамеш е најхрабар меѓу јунаците!
Енкиду е најубав меѓу мажите!"
Цел град празнува, се весели. Таламбаси татнат,
Песни се орат, игри се вијат.
На полноќ вревата стивнува сосем;
Војниците почиваат во ноќните лежишта.
И Енкиду заспива, но кошмари го будат.
Растревожен, со поглед Гилгамеш го бара
И го буди својот брат-пријател.

Старогрчка литература

Една од најстарите европски литератури е старогрчката литература која започнува со митот и народното творештво, кои станале инспирација за создавање обемно и разновидно творештво. Старогрчката литература се дели на **поезија** и **проза**.

ПОЕЗИЈА	ПРОЗА
Епска поезија	Историографија
Лирска поезија	Филозофија
Драмска поезија	Басни
	Ораторска проза

Најпознат филозоф и теоретичар на литературата од тој период е Аристотел, кој во своето дело „**За поетиката**" (околу 330 г. пр. н. е.) ги искажал своите ставови за поезијата и уметноста кои имале големо влијание врз развојот на западната уметност. Основната карактеристика на сите форми на поезијата, како уметност, според Аристотел е **мимесисот** (*mimesis*) – имитацијата. Тој идентификува **три аспекти** во кои поетските жанрови можат да се разликуваат едни од други: **медиумот** преку кој ја презентираат својата имитација, **предметот** на имитација и **начинот** на имитирање. Аристотел во своето дело го воведува концептот на **катарсата** (*katharsis*) за кој смета дека е неизоставен елемент на уметноста. Толкувањето на катарсата се разликува во зависност од научниот приод, но, во основата, се прифаќа значењето дека претставува „прочистување" на емоциите сожалување и страв кои се јавуваат кога гледаме трагедија.

Глава 4 – Потекло и развиток на поезијата. – Почеток и развиток на трагедијата.

Што се однесува до зародувањето на поетиката,
се гледа дека, општо земено, има две и тоа (сосем)
природни причини: зашто подражавањето им е вродено
на луѓето уште од детска возраст; по тоа тие
и се разликуваат од другите живи суштества што се
најмногу склони кон подражавање, што своите први
знаења ги постигнуваат преку подражавање и што
сите луѓе уживаат во подражавањето.

.....

Како што Хомер главно бил поет на достојни
(сериозни) дела – зашто единствено тој составил
не само епови ами и драмски подражавања, така
тој и формите на комедијата прв ги показал прикажувајќи
го смешното на драм(ат)ски начин а не како
ругање; бидејќи неговиот *Маргит* стои кон комедиите
1449a така како *Илијадата* и *Одисејата* кон трагедиите.

Глава 6 – За трагедијата. – Дефиниција и делови на трагедијата.

Трагедијата е, значи, подражавање на сериозно (цело) и завршено дејство со определена должина во дотеран говор, и тоа одделно за секој вид во неговиот дел преку лица што дејствуваат а не со (пре)раскажување, а што со жал и страв го исполнува составот на такви (т. е. жални и страшни) событија. – *Дотеран говор* го викам оној говор што има ритам, хармонија и песна, а *одделно за видовите* значи дека едните се исполнуваат само со стихови а пак другите со пеење. (...)

.....


Глава 24 – За видовите и деловите на епот. – За должината и метарот на епот. – Некои препораки за епските поети.

Од Хомера секако најмногу имаат научено (и) другите поети како треба да кажуваат невистини. А тоа се состои во погрешното заклучување. Зашто луѓето си мислат, ако е присутно А, дека е присутно и Б, или ако се случува А, дека се случува и Б, и тогаш мислат, ако е Б вистинско, дека и А е или станува исто така; а тоа е лажно. Затоа треба, ако е првото лажно а второто вистинско, да се додаде дека и првото е или станува вистинско. Зашто поради знаењето дека второто е вистинско нашиот ум погрешно заклучува дека е и првото. Пример за тоа имаме во сцената на *Миењето* (нозете на Одисеј) во *Одисејата*.

Хомер

Био-библиографија

Хомер е прв старогрчки поет од античко време со кој се поврзува појавата на старогрчката и на европската литература. Преку неговите дела се дознава за античкото време и за животот на старите Грци. Прецизни податоци за Хомеровиот живот има малку, па затоа тој прераснал во мит, не само во својата епоха, туку и векови подоцна. Се смета дека потекнувал од Јонија и живеел во деветтиот или десеттиот век пр. н. е. За негово родно место се натпреваруваат седум града: Смирна, Род, Колофон, Саламина, Хиј, Арг и Атина, но ниту еден не успеал да се избори за таа чест.



▲ Хомер



▲ Хефајст ѝ го покажува на Тетида новиот оклоп на Ахил

За името на Хомер се нижат многу претпоставки и толкувања, од тоа дека Хомер е прекар и значи собирач, слепец, пејач, составувач на песни. Во многу легенди Хомер е претставен како сиромашен, слеп и стар поет.

Нему му се припишуваат еповите „Илијада", „Одисеја", комичните епови „Маргит" и „Бојот на жабите и глувците", песните од епскиот циклус „Тебаида", „Епигони" и др.

Во книжевната наука се поставува т.н. Хомерско прашање кое се занимава со потеклото на Хомеровите дела „Илијада" и „Одисеја". И пред почетокот на новата ера се поставувало прашањето дали Хомер е автор на сите овие дела. Во тој период познатиот антички историчар Херодот, кој живеел во првиот век пр. н. е., ја признал „Тебаида" како Хомерово дело, но не и „Епигони" и „Киприја". До крајот на 4 век, на почетокот на Александриската ера, списокот на дела од овој поет бил сведен само на „Илијада" и „Одисеја".

Во современата книжевна историја е познато дека прашањата околу потеклото на Хомер, како и преиспитувањето на структурните и вредносните аспекти на неговата поезија, започнуваат со будењето на интересот за античките духовни и естетски вредности во текот на ренесансата. Во 18 век, продолжува дебатата за потеклото на Хомеровите дела со критиката на германскиот филолог Фридрих Волф, кој сметал дека песните не биле ниту напишани, туку се пееле многу години пред некој да ги собере и да ги состави во епови.

„Одисеја"

Најпознати дела зад кои стои Хомер се еповите „Илијада" и „Одисеја". „Илијада" датира во периодот од 11 до 8 век пр. н. е. и во неа се опишува Тројанската војна. „Одисеја" е создадена по епот „Илијада" и во неа се опишуваат патешествијата на Одисеј. Тој, по десетгодишната војна, тргнува со својот брод кон Итака, но боговите му прорекле дека 20 години нема да се врати дома. Тој се закотвил на островот Огигија кај нимфата Калипсо, ќерка на богот на небото, која се вљубила во Одисеј и десет години го држела кај себе. По наредба на боговите, тој, конечно тргнал на пат кон Итака, каде заедно со своите војници доживува различни авантури и средби со киклопи, морски сирени, чудовишта и со јунаци од подземниот свет кој попатно го посетил. Кога стигнал во Итака, видел дека неговата палата е полна со додворувачи, кои се обидуваат да ја освојат неговата жена, преубавата Пенелопа. Таа верно го чекала Одисеј и долго време го одложувала мажењето, иако била под голем притисок од поданиците со кои не можел да управува нејзиниот син, Телемах. Одисеј, со помош на боговите и преоблечен како питач, влегол во палатата, се претставил пред Пенелопа, која го познала, откако слугинката го видела белегот на неговата нога. Утредента се одржал натпреварот на кој додворувачите требале да го спроведат условот што го поставила Пенелопа, т. е. дека ќе се омажи за оној што ќе успее да стрела со оружјето кое само Одисеј можел да го управува. Бидејќи никој не можел да ја изврши задачата, Одисеј победил во натпреварот и, заедно со својот син, ги убил сите додворувачи, кои истовремено некогаш му биле блиски поданици.

Прочитај го Митот за златното јаболко и посочи ги деловите кои се поврзани со епот „Илијада".

Интерпретација на „Илијада"



▲ Ахил и Агамемнон

„Илијадата" датира од периодот меѓу 11 и 8 век пр. н. е. Иницијален мит за создавање на „Илијада" е **Митот за златното јаболко**. Епот има 15 696 стиха (хексаметри) поделени во 24 пеења, според бројот на буквите во старогрчката азбука. Темата е земена од митовите и преданијата за Тројанската војна. „Илијада" е јуначко-историски еп во кој се обработуваат последните денови (51 ден) од Тројанската војна. Дејството започнува со караницата меѓу Ахил и Агамемнон, а завршува со погребот на најсилниот тројански бранител, Хектор.

Нарацијата во „Илијада" започнува *in medias res*. Поетот веднаш нè воведува во центарот на настаните, информирајќи нè за темата на песната. Како воспоставен дел од епот, повикот се појавува на почетокот, барање упатено до божицата (т. е. музата на епската поезија – Калиопа) да му помогне на поетот. Оваа стилска фигура (обраќањето до музата за инспирација) е еден вид апострофа.

> „Гневот, божице, спеј го на Ахила, синот Пелéјев,
> пустиот гнев што им задал н' Ахајците безбројни болъки
> силни во ад испраќајќи многубројни јуначки души (...)"

Војската на Ахајците е сместена под Троја, но поради лутината на богот Аполон, во нивните редови владее чума. За да ја избркаат несреќата, Ахил бара од Агамемнон да му ја врати Хрисеида на Аполон. Тој со тешко срце се согласил на тоа, но за да му се одмазди на Ахил, Агамемнон му ја зема за себе неговата убава робинка Брисеида. Ахил, најсилниот ахајски јунак, лут и навреден од постапката на Агамемнон, одбива да се бори во битките кои се водат под опседнатиот град Троја.

Ахајците се безмалку поразени од Тројанците, а кога Хектор, брат му на Парис, ќе дојде за да ја круниса победата, Патрокло, најверниот пријател на Ахил земајќи го неговото оружје се бори со Хектор. Патрокло е убиен во борбата со Хектор, а Ахил полн со гнев и желба за одмазда се враќа на бојното поле. Боговите му изготвуваат ново оружје на Ахил, кој обземен од болка и од одмазда, сее смрт меѓу Тројанците. Тој го пресретнува и Хектор кого го убива во безмилосна борба, телото му го врзува на својата бојна кола и го влече трупот низ бојното поле околу градот. Сето ова го гледало неговото семејство, па Пријам, таткото на Хектор отишол во шаторот на Ахил со татковска молба да му го даде телото на синот. Кај Ахил се разбудило сочувство и тој му го предал мртвото тело на Хектор. Епот завршува со оплакувањето и закопот на Хектор од страна на Тројанците.

Композицијата во „Илијада" е едноставна и полна со епска драматичност бидејќи во неа преовладуваат сцени на борба кои не се масовни, туку станува збор за двобој.

Ликовите во „Илијада“



▲ Теракотен лекит – Ахил го оплакува Патрокло

Ликовите во „Илијада“ можат да се гледаат двострано: **светот на јунаците и светот на боговите. Епските јунаци Ахил и Хектор** се двигатели на дејството. Тие се водачи на своите заедници и имаат голема почит од народот. Убави, храбри и со натприродна физичка сила, тие се благородни, со желба за чување на сопствената чест и на честа на сопствениот народ. Иако двајцата јунаци имаат иста физичка сила, сепак, тие се сосема различни. Ахил е полубог и неговиот единствен движечки мотив е гневот, кој се провлекува од првиот до последниот стих на епската нарација Ахил е прикажан како немилосрден воин, освојувач и одмаздник. За разлика од него, Хектор е воин со високо морално достоинство и јунаштвото е негова главна особина. Тој не е претставен само како јунак, туку и како грижлив татко и сопруг, син и брат.

Најсилен и највпечатлив **женски лик** во „Илијада“ е ликот на **Андромаха**. Таа е жена на Хектор, верна сопруга и нежна мајка. Нејзини главни одлики се убавината, смиреноста и достоинството. На прво место во нејзиниот живот е среќата на нејзиното семејство. Таа нема разбирање за херојските принципи на нејзиниот сопруг, но ја почитува неговата одлука за одбрана на честа.

Боговите како и луѓето во „Илијада“ се рељефно опишани. Тие се антропоморфни и преку нив се претставуваат свеста, моралот и општественото уредување кај Старите Грци. Во војната меѓу Тројанците и Ахајците предводникот на боговите, Зевс, не зазема страна бидејќи тој е одговорен за реализирање на судбината, но останатите богови заземаат страна и им помагаат во заплетот на дејството. Боговите имаат лик на луѓе. Тие знаат да сакаат, да мразат, да прават прељуби, да бидат суетни, а единственото по што се разликуваат од луѓето е нивната семоќност и бесмртност. Но, и покрај присуството на боговите, сепак, судбината определува сè, волјата на човекот не може да ја победи судбината, а боговите не можат ништо против неа бидејќи тие се само извршители на судбината.

Стилски одлики на Хомеровите творби

Централно место во Хомеровата поезија заземаат **сложените епитети**, како што се: сјајноката Атена, брзоногиот Ахил, белолактата Хера, краснокоси Тројки, лесноногите коњи и многу други. **Компарациите** кај Хомер се разликуваат од другите епски творби по својата развиеност. Така, Хомеровите споредби некогаш можат да зафатат и неколку стиха: „таја од кожата неја ја тераше, како што мајка / тера од детето мува, во сон штом ќе заспие сладок“. **Хиперболата** е застапена во двобоите кои се дадени низ „Илијада“. Тие се претставени низ епските описи кои се дадени реалистично и натуралистички. Како стилско средство што Хомер го употребил уште на самиот почеток на епот, е **инвокацијата**. Тоа е повик кон боговите или музите за да го вдахноват поетот. (Пронајди ја во првото пеење!)

Запомни!

Хомер е најпознатиот старогрчки поет. Тој ги напишал еповите „Илијада“ и „Одисеја“ кои имаат трајни уметнички вредности. Одлики на Хомеровата поезија се стихот (хексаметарот), сложените епитети и развиените компарации. Хомеровите дела и ликови и денес претставуваат инспирација за создавање во филмската уметност.

Прашања и задачи:

1. Спореди ги ликовите на Ахил и Хектор и посочи ги нивните сличности и разлики!
2. Пронајди ги и посочи ги епските елементи во „Илијада“!
3. Направи споредба на јунаците од „Гилгамеш“ и „Илијада“ и определи ги заедничките одлики!
4. Прочитај го извадокот од шестото пеење и откриј ги причините зошто Андромаха не сака Хектор да замине во бој! Проследи ги нејзините емотивни трансформации!
5. Прочитај го 18 пеење и опиши го оружјето што Хефајст му го ковал на Ахил!

Извадоците нека ти помогнат во интерпретацијата.

Тогаш го погледна синот и час му се насмевна молком,
а, Андромаха крај мажот застанала солзи ронејќи,
за рака потем го зела и збор му прозборила нему:
„Хекторе мил, ќе ми загинеш в својата смелост,
оти ни синот го жалиш ни клетата мене што скоро
вдовица твоја ќе станам, Ахајците бргу зар тебе
кога ќе сипаат сите, ќе те убијат, за мене тога
поарно в земја ќе биде да потонам, утеха друга
веќе ќе нема, штом црната судбина ќе ми те земе...
...туку сал јад, зашто ни татко ни госпоѓа мајка си имам...
Хекторе, ти си ми сега и госпоѓа мајка и татко,
ти си и братец мој роден, ти моето момче си младо.
оти божескиот Ахил ми го отепал милиот татко
и ни го разурнал градот киликиски населен добро.
Туку смилувај се сега и остани овдека в кула,
да не ме оставиш вдовица ти, а детено сирак,
војска кај смоквана дива ти клај, зашто најлесно онде
можат да навлезат в град и најизложен онде е ѕидот...“
Нејзе ѝ прозборе потем големиот вршител Хектор:
„Сето ова жено и јас го сонувам, туку се срамам
страшно од нашите Тројци и Тројанки с' облеки долги,
ако се повлечам јас како страшливец беден, од бојот;
зашто не ме пушта духот и секогаш свикнав да бидам
чесен и бестрашен јас, да сред Тројци се борам

славата таткова велја и својата да си ја спазам.
Зашто го знам ова добро во срцето свое и умот
дека ќе дојде ден кога светиот Илиј ќе падне
и копјоборецот Пријам и целиот Пријамов народ.
Туку за Тројците јас посетне нема да жалам
ниту за сама Хекаба и ни за господарот Пријам,
ниту за моите браќа, многумина јунаци вредни,
кога ќе паднат во правот од оние душмански мажи,
колку за тебе, кога Ахајците панзироносци
ќе ми те одведат тебе и одземат слобода слатка".

(VI пеење)


Најпрво започна штитот тој голем и јак да го прави
вешто длабејќи го сегде: наоколу сјаен му ковал
триплочен раб, сиот светкав, а на него сребрена рачка.
Пет пак на самиот штит биле пластови, врз него многу
мајсторски претставил дела со својата вештина вредна:
земјата, морето оној и небото ги изрезал згора,
и неуморно сонце па и месечината полна,
уште и ѕвездите сите, што небото ги накитуваат,
тие Плејади, Хијади и снажниот оној Орион
уште и Мечката згора, што некои Кола ја викаат,
што се во местото врти и спроти Ориона гледа;
што само таа од сите не се бања во Океанот.
На него претставил уште два прекрасни града од смртни
луѓе: во едниот биле претставени свадби и гозби,
невести како си водат под борина светло што гори,
вон од одајте низ градот, а свадбените песни се пејат;
момци играјорци онде се вртеле, а сред нив се слушаат
кавали, тамбури шумни кај свиреле; а жените со нив
се восхитуваат сите крај портите свои стоејќи
Уште и силниот ток Океанов го претставил Хефајст,
Надвор на самиот раб од прекрасниот штит на Ахил.

.....

Откога штитот тој го изработил голем и тежок,
после му направил оклоп ко зажарен оган што светел;
потоа шлем му изработил тежок за главата токмо,
убав изнакитен вешто, и златна му наместил вршка; (...)

(XVIII пеење)

Софокле



Софокле

Био-библиографија

Софокле е роден во 495 година пр. н. е. во Колон, близу Атина. Бидејќи потекнувал од угледно семејство, имал можност да се школува. Покрај поетската дејност, тој ѝ служел на државата и заземал високи државни позиции. Имал дипломатска служба на островите Хиос и Лезбос, но и свештеничка служба, бидејќи бил свештеник на боговите Амин и Хелон. Првата награда за најдобро драмско дело ја добил на 27 години. Напишал 123 драми, но во целост се сочувани само седум: „Ајант", „Електра", „Кралот Едип", „Антигона", „Тројанки", „Филоктет" и „Едип на Колон". Драмите „Кралот Едип", „Антигона" и „Едип на Колон" формираат трилогија.

Интерпретација на „Антигона"

„Антигона" е трагедија составена од четири епизоди, пролог и ексод, како и 5 стазими, односно стоечките песни на хорот, парод (влезна песна на хорот) и комосот, како заедничка тажаленка помеѓу хорот, Креонт и гласникот. Напишана е во стих, а дејството во драмата се случува пред царскиот дворец во Теба. Времето е митско, а просторот драмски. Ликови во драмата се Антигона, Исмена, Креонт (кралот на Теба), Евридика (неговата жена), Хемон (нивни син), Тиресиј (пророк), гласникот, хорот и неговиот корифеј и стражарот. Драмата започнува со дијалогот помеѓу Антигона и нејзината сестра Исмена, во кој се забележува внатрешниот конфликт на Антигона кој е главниот мотив низ драмското дејство. Таа наспроти наредбата на Креонт, понесена од должноста решава да го погреба сопствениот брат Полиник. Заплетот во драмата започнува кога стражарот го известува Креонт дека некој веќе го извршил погребот на Полиник со фрлање на сува пепел врз неговото тело. Се сметало дека со непогребување на телото на мртвиот, истиот бил обесчестен, но за да се сметал за погребан доволно било да се фрли малку земја врз телото. Креонт, бесен поради непочитувањето на неговата наредба, наредил да се најде виновникот кој го погребал Полиник и најжестоко да се казни. Заплетот ја покажува страната на која Антигона ѝ се спротивставува со нејзината лична волја наспроти волјата на Креонт како олицетворение на законите и тиранијата. За ладниот однос кон ладното тело на Полиник вината е во честа што Креонт ја брани. Неговата волја ја придвижува принципот на лојалност кон градот, чувството за припадност на заедница поширока од крвното сродство. Неговиот хабитус е воден од разумот сметајќи дека Полиник е виновен за предавство на Теба со тоа што го нападнал градот со туѓа војска. Во битката помеѓу честа и љубовта, дејството во драмата кулминира во четвртата епизода во која ликот на Антигона преку дијалог со Корифејот ги изразува своите чувства за сопствената тажна судбина, смртната пресуда изречена од Креонт. Зборовите на Антигона одекнуваат со тага и искрена љубов кон сопствениот брат. Оваа нејзина истрајност и прифаќање на сопствената судбина ја прават Антигона егзистенцијален лик во историјата на светската драма. Нејзината големина е во нејзината силна намера, волја и љубов кои ги плаќа со сопствената смрт.

Ликовите во „Антигона“

Антигона е ќерка на тебанскиот тиранин Едип, кој од незнаење бил во брак со сопствената мајка, Јоказта. Деца од тој брак се: Антигона, Исмена, Полиник и Етеокле. Антигона е трагичната хероина која е растргната од семејната трагедија и е водена од сопствените верувања и етика. Спротивставувајќи се на Креонтовата наредба и извршувајќи ја својата сестринска должност, Антигона решава да го погребе сопствениот брат Полиник, кој по борбата со својот брат бил оставен на птиците. Таа е чесна, достоинствена и посветена, не може да им го остави својот брат на мршојадците, па решава да го погребе, со што се жртвува во име на сопствената верба наспроти тиранијата на нејзиниот вујко Креонт. Умна, силна и храбра, таа е жена која им пркоси на традицијата и на родовите бариери. Длабоко човечна и полна со љубов, таа се спротивставува на законите и покрај тоа што ја знае последицата на својата постапка. Таа свесно си го одзема животот, во име на сопствената жртва за „долгот кон брат ѝ“ и им пркоси на традицијата, кралот и на боговите. Антигона е симбол на херој кој се спротивставува на насилството со сопствената истрајност и морал. Таа е стремеж кон слобода и синоним за борбеност во името на општите хумани одлики.

Креонт е тебанскиот тиранин кој доаѓа на власт по заминувањето на Едип. Тој е брат на Јоказта и вујко на Антигона и на нејзините браќа и сестра. Тој смета дека Антигона е злосторничка бидејќи не ја почитувала неговата намера и го погребала својот брат, предавник. Неговите животни принципи се должноста и одговорноста кон законите кои ги поседувал како крал на Теба. И покрај обидите да го стопат ледот од неговото срце, сепак, тој цврсто стои зад даденият збор и не ја менува одлуката, иако неговиот син е свршен со Антигона. За него не било важно што мислат другите, туку секогаш се водел од сопствените убедувања. Горд и самобендисан, своите одлуки Креонт ги засновал на принципиелноста, даденият збор и волјата на боговите. За него емоциите немале никакво значење, па така во своите постапки ја занемарил крвната блискост со Антигона. Тој е човек чиј разум е заслепен од гордоста и од моќта кои ги поседува како водач на градот. Длабоко убеден дека предавникот треба да се осуди бидејќи тоа е божја волја, тој го занемарува припадништвото на сопствената фамилија, а во преден план го става припадништвото на поголемата заедница – градот. Грижата за сопствениот син го покажува лицемерието на Креонт кон сопствените принципи поради кои го губи синот. Тогаш сфаќа дека кога човекот е воден од емоциите, семејството е секогаш пред граѓанството.

Запомни!

Софокле е еден од најзначајните драмски автори во старогрчката литература. Тој своите драмски јунаци ги обликувал според идеалните морални норми. Тој вовел и новини во старогрчката драма: внел трет артист, користел декор и го зголемил хорот. Софокле победил 24 пати на поетските натпревари, а неговите драми му служеле како пример на Аристотел при изработката на теоријата на драмата. Митот за Едип му послужил во изработката на трилогијата „Кралот Едип“, „Едип на Колон“ и „Антигона“. Во трите драми се проследува проклетството, кое го носат Едип и неговото потомство.

Прашања и задачи:

1. Посочи аргументи со кои ќе потврдиш дека драмата „Антигона" се темели на судирот помеѓу две добра, а не помеѓу доброто и лошото.
2. Откриј ги етапите на дејството во драмата!
3. Каде во драмата се гледа ривалството помеѓу емотивното и рационалното толкување на божјата волја?
4. Определи го тројното единство (време, место и дејство) во трагедијата! Потсети се од темата Теорија на литература!
5. Каква е улогата на хорот во драмата?
6. Кој лик е носител на дејството низ сите чинови?
7. Дали Антигона и Креонт сами ја креираат сопствената судбина или тоа е дело на боговите?
8. Атрибутизирај го ликот на Исмена и спореди го со ликот на Антигона.
9. Изработи Венов дијаграм за ликовите на Антигона и на Креонт.
10. Напиши есеј на тема: Дали човечноста е во принципите или во чувствата?
11. Препиши ја табелата во тетратката и пополни ја според дадените барања.

Елементи на античка трагедија	
пресврт (промена на текот на дејствување во спротивен правец)	
препознавање (премин од незнаење кон знаење)	
страдање (нешто што причинува штета/болка)	
трагичен ефект (што е направено и како е тоа направено)	
трагичен лик	
луѓе од висок слој	
незнаење	
заслепеност	
грешка	
сопствена вина	
препознавање на грешката	
каење/страдање	

ПРОЛОГ

АНТИГОНА

Исмено, мила сестро моја родена
дал знаеш некакво ти зло, што уште Зевс
нам не ни нанесол заради Едипа?
Не постои ниедна несреќа и скрб,
ни срам, ни дело нечесно што веќе јас
не согледав во сите наши неволи.
И сега пак се носи глас низ сиот град
за нова заповед што издал кралот наш.
Дал слушна, или не знаеш што ново зло
за наши мили готви, ко за душмани?

ИСМЕНА

Јас, Антигоно, не чув глас за милите
ни тажен, ниту радосен од оној ден
во кој и двата брата ни загинаа
во ист час, заемно погубувајќи се;
и ништо не знам освен дека оваа ноќ
на пат се дала сета војска аргивска,
па не сум ниту тажна, ниту радосна.

АНТИГОНА

Го дознав тоа, затоа те повикав
пред портиве, да слушнеш сега самата.

ИСМЕНА

Но што е? Некаква ли вест те возбуди?

АНТИГОНА

Да. Креонт едниот наш брат го погреба,
а другиот го остави непочестен.
Кажуваат, Етеокле со должна чест
по законот во земја тој го погребал;
а за Полиника, кој клето загина,
се вели, на граѓаните заповедал
да не се погребе ни да се оплаче;
неоплакан, непогребан да остане
и мртов да им биде сласт на птиците.
Кажуваат, тоа Креонт го заповедал
и тебе, но и мене, велам, и мене,
па сега ваму доаѓал да соопшти

на сите, што за ова уште не чуле.
Тој цврсто стоел зад оваа одлука
и тој што ќе ја прекрши заповедта
со камења од народот ќе загинел.
Па ете, тоа е; ти сега покажи
дал достојна за родот си ил ништожна.

ИСМЕНА

Но, ако така е, о клета, како јас
да помогнам, па дур и да сум согласна?

АНТИГОНА

Дал спремна си на маки и на содејство?

ИСМЕНА

Во каква невола, на каква мисла си?

АНТИГОНА

Умрениот со мене да го погребеш.

ИСМЕНА

Зар нема забрана да биде погребан?

АНТИГОНА

Се разбира, но ако ти не прифаќаш
за твојот брат и мој – јас не сум предавник.

ИСМЕНА

О, кутра, а забраната на Креонта?

АНТИГОНА

Тој не може од моите да ме оттргне.

ИСМЕНА

Ој, леле, сестро, спомни си за татко ни
и како омразен и презрен пропадна
штом јавно си го призна гревот свој, па сам
со своја рака очи сам си ископа.
А потем, мајка му и жена – двоен збор
со јаже плетено си живот одзеде.
И трето, двата брата наши несреќни
во еден ден ги стигна судба еднаква.
Загинаа погубувајќи се меѓусебно.
Останавме сал ние две, но, слушни ме,

нѐ чека страшна смрт, штом против законот
прекршиме на кралот моќна заповед.
Па треба и да мислиш дека жени сме,
за борба против мажи сили немаме.
И уште, штом посилниот не владее
и тоа, па и полошо ќе слушаме.

АНТИГОНА

Јас не ти налагам, но и да посакаш
со тебе нема веќе да содејствувам.
Што сакаш мисли си, но среќна ќе сум јас
да умрам, ако братот свој го погребам.
Ќе легнам смилена до него милиот
штом свето согрешам, бидејќи подолго
на долните ќе треба да сум угодна
отколку на овие што се овдешни.
Ќе лежам вечно таму. Но штом сакаш ти
на чест кај бозите што е – ти презри го.

ИСМЕНА

Јас не го презирам, но сепак не можам
да одам против моќта на граѓаните.

АНТИГОНА

Со тоа правдај се. Јас сега поаѓам
на братот премил гробот да го подготвам.

ИСМЕНА

Се плашам премногу за тебе, несреќна!

АНТИГОНА

За мене немај страв – за твоја судба сал!

ИСМЕНА

За ова бар не кажувај ти никому;
ко тајна чувај го, ќе молчам исто јас.

АНТИГОНА

О, кажувај, поомразна ќе си ми, знај
да молчиш, отколку да го разгласуваш.

ИСМЕНА

Ти врело срце имаш за студенила.

АНТИГОНА

Но знам да угодам, кога е најнужно.

ИСМЕНА

Да можеш бар; но бараш ти невозможно.

АНТИГОНА

Ќе престанам штом снага не ми довтаса.

ИСМЕНА

Неможното и да се почне не личи.

АНТИГОНА

За вакви зборови јас ќе те намразам
омразена ќе лежиш и до мртвиот.
Остави ме со мојата неразумност
да страдам зарад дело стравотно, но пак
за една дивна смрт, тоа не е премногу.

.....

ХОР

Да почиташ мртви благочестиво е,
но не и да згазиш на владетел закон.
Те погуби тебе упорноста твоја.

АНТИГОНА

Од мили неоплакана, немажена
по патот суден мој јас сега еве одам.
Не ќе можам јас веќе да го здогледам
ни лачот сончев сјаен сега никогаш.
За мојта клета судба неоплакана
да жали нема никој да се изнајде.

(*Завршува комот*)

КРЕОНТ

На осудените да им помагаа
плач или лелек – тие не би сопреле.
Водете ја! Што поскоро во сводест гроб,
ставете ја онака, ко што реков јас.
Пуштете ја, нек' самотна да загине
ил в таков затвор, ако може – живее.

АНТИГОНА

О, гробе, брачна одајо, дом подземен
што вечно чуван си! Јас сега поаѓам
кај моите; од нив многумина загинати
Ферсефала ги прибра во гробовите.
При нив, јас последна и многу жалосно
се спуштам пред свој живот да изживеам.
Но в срце силна надеж гори дека јас
при татко љубена ќе стигнам. Мила и
о, тебе малко драга, брате, и тебе.
Штом умревте со раце свои, сама јас
ве измив, наредив и жртви надгробни
ви излеав. А кога тебе, Полиник,
ти тело погребав, јас с тоа спечалив.
Те почестив јас добро, според умните,
на стравотно сум се осмелила, о, брате мој!
Но според Креонта, јас грев сум сторила.
Ме грабна сега и ме води невина
без песни свадбени. Ни среќа свадбена
не дочекав, ни чедо мило отхранив.
Напуштена од блиските, ој, кутрата
јас одам во подземјето, кај мртвите.
Но каков закон божески јас прегазив?!
И зошто уште, клета јас, на бозите
се молам, кого викам на помош,
штом набожност се смета како безбожност.
Па ако тоа право е кај бозите,
ќе признаам и мртва дека согрешив.
Но ако грешат тие, нека поднесат
и тие исто зло, што ми го сторија.

ХОР

Но сѐ уште не попушта
на гневот нејзин налет виорен.

КРЕОНТ

Но плач заради бавност велја
ќе спечалат тие што неа ја водат.

ХОР

Ој, за многу скора смрт
овие зборови се весници.

КРЕОНТ


Ти велам надеж немај сега никаква
поинаку да биде од решеното.

АНТИГОНА

На земјата тебанска, о граде татков
и богови родни!
Ме водат. Заминувам веќе.
О, првенци вие на Теба, гледајте ме сега!
Единствена останав јас од кралскиот род,
а колку страдам, од какви луѓе,
за тоа само, што набожност честев.

Аристофан

Биографија



Аристофан

Аристофан (околу 450 – 385 пр. н. е) според историјата на уметничката литература се смета за главен претставник на старата грчка комедија и на комедијата воопшто како драмско дело.

Постојат малку податоци за неговиот живот. Од податоците кои историчарите на старата грчка литература досега ги имаат собрано, се вели дека неговиот живот и творештво се сместуваат во време на 30-годишната Пелопонеска војна, која му нанела неизлечиви рани на грчкиот свет, а особено на Атина. Потекнувал од познато атинско семејство.

Творештво

Аристофан напишал 44 комедии или, ако се отфрлат четири од нив, чија автентичност ја негираат старите граматичари, остануваат 40 значајни дела. Последните две комедии, „Еолосикон" и „Кокало", ги објавил под името на неговиот син, Арарот. Од неговото творештво се зачувани 11 комедии.

Неговите комедии обично биле именувани по она што го прикажувал хорот („Оси", „Облаци", „Жаби", „Птици"). „Ахарњани", „Витези" и „Жаби" освоиле прва награда на книжевните натпревари, додека „Оси", „Мир" и „Птици" биле второнаградени.

Делата на Аристофан се проткаени со традиционализам. Тој ги критикува реформаторите и оние кои се залагаат за иновации, особено во образованието. Во комедијата „Облаци", тој го претставува Сократ како софист кој може да ја изврти секоја вистина и да излезе како победник во секоја ситуација, дури и кога видливо греши. Аристофан не се согласувал секогаш со ставовите на Сократ.

Во комедијата „Оси" ја исмева страста на Атињаните да прават и да учествуваат во судски спорови. Во комедијата „Жаби", прикажал натпревар меѓу Есхил и Еврипид и нивната умешност во создавање на уметнички дела. Аристофан, критикувајќи го Еврипид како лош поет, истовремено ја дава и првата аргументирана и детална критика во современа смисла на зборот. Тоа го прави еден вид зачетник на книжевната критика. Неговата комедија „Птици" претставува еден вид сатирична утопија за потрагата по земја во која може да се живее среќно. Во напишаните комедии Аристофан е внимателен набљудувач на апсурдното и помпезното кај луѓето. Во своите дела најчесто ја користи пародијата, сатирата и претерувањето до степен на фантазија, а како личности кон кои ја упатува критиката се истакнати политичари, современи писатели, музичари, научници и филозофи и сите оние појави кои претставуваат некакви културни или општествени промени.

Аристофан бил ангажиран мислител во Атина кој своите ставови за општествениот живот ги искажувал директно и најчесто со критика кон аристократијата, на која и самиот ѝ припаѓал.

Најчесто бил фокусиран на современите настани и случувања на познати личности во Атина. Неговите комедии се општествено-политички слики во кои тој критикува одредена појава, личност или човекова особина. Аристофан ја изложува општествената расипаност на потсмев со цел да го истакне негативното влијание за секој поединец на Атина.

Во секојдневниот живот, а и во своите дела, Аристофан ги критикува своите партиски другари Критија, Терамен и нивните истомисленици и со сета своја жестокост ги напаѓа Клеон, Хипербола, Аргир и другите демократи, прикажувајќи ги како демагози, измеќари, лакомици. Тој ги критикувал и Еврипид и Сократ, но имал и остри зборови и за обичните луѓе, сметајќи ги за лековерни и суетни личности.

Одликите кои како личност ги поседувал Аристофан се отсликуваат во неговите дела.

Интерпретација на комедијата „Жаби"

Делото „Жаби" е една од многуте оригинални комедии на Аристофан. Сите тројца големи грчки трагичари се мртви, Есхил, Софокле, Еврипид, а Пелопонеската војна е сè уште во тек. Градот држава Атина е исцрпена, и покрај победите над Пелопонезите во поморската битка на Аргиските Острови. Во тој период на општеството на Атина ѝ се потребни совети од умни поети. Токму во овој опис на состојбата на Атина, Аристофан ја наоѓа темата за комедијата „Жаби". Самиот наслов на комедијата претставува пародија на софистичко надзборување, кое Аристофан го критикува и тој смета дека треба да престане аристократско-олигархиското интелектуално брборење и демократско-демагошкото гласно крекање, како што говорат жабите. Композицијата на комедијата „Жаби" е составена од пролог, парод (влезот на хорот), парабаза (обраќањето на хорот до публиката), книжевен агон (спор меѓу ликовите кои бранат спротивставени ставови) меѓу Есхил и Еврипид и весел комос (појава на хор) на крајот од делото. Како централен лик во комедијата, Аристофан го поставува Дионис кој е загрижен за состојбата на трагедијата како творба по смртта на Еврипид, па затоа оди во Подземјето за да го врати во светот на живите. Авторот му наметнува тешка задача на Дионис во донесувањето одлука како да го врати Еврипид меѓу живите. Вметнувањето на агонот, односно мисловното надмудрување меѓу Есхил и Еврипид ѝ дава посебна уметничка вредност на оваа комедија. Овие двајца трагичари наизменично низ монолози ги кажуваат и ги бранат своите ставови за своите дела, за политичката состојба во Атина. Дионис сфаќа

дека одлуката, а и разбирањето на овој конфликт нема да биде лесна задача за него. Затоа им наредува на сите да прочитаат по еден ред, а тој со тегови во рацете ќе одреди кој од нив има поголема тежина. Во мисловниот натпревар Есхил победува затоа што претставува носталгична визија, незагадена од малоумноста на секојдневниот живот, од корумпираното и неспособно раководство и од загубите во војната, од минато време на атинскиот херој. Кај Еврипид стиховите се гломазни и несмасни, додека кај Есхил се хармонични и полни со мисли и емоции. Богот на виното, Дионис, верува дека Есхил има поцврсти ставови од Еврипид и тоа размислување го одредува решението кој од овие двајца трагичари ќе го врати во земниот живот. Во следниот круг поетите ги искажуваат ставовите за политичката ситуација во Атина. Но и овде е тешко да се одреди најдоброто. Сите реагираат мудро. Дионис не може да одлучи кој од нив да го извади од подземјето. На крајот, тој го прави изборот во корист на Есхил. Неговото враќање меѓу живите не е како лик од книга, туку како човек што претставува утописка замисла типична за Аристофан. Во Подземјето се одржува натпревар помеѓу духовите на Есхил и Еврипид за да се одлучи подобриот трагичар, а Есхил, на крајот, победува. Некои научници веруваат дека Аристофан не ја сакал експерименталната природа на трагедиите на Еврипид кои се отцепиле од потрадиционалните формати на Есхил и Софокле, но нема дефинитивен одговор зошто Аристофан го пародирал трагичарот во двете од овие дела.

Ликовите во комедијата „Жаби"

Дионис е бог на театарот и главен лик во оваа комедија. Тој е одреден да оди во подземјето за да го врати Еврипид на земјата. Дионис е прикажан како Атињанец од тоа трагично време: слаб, вообразен, лековерен и вљубеник во трагедиите на Еврипид. Иако е бог, Аристофан не го прикажува Дионис како многу умен човек и во најголемиот дел од делото тој се однесува како страшливец и неумешно постапува во повеќе ситуации во дејството. Во дијалозите со слугата Ксантија, Дионис е постојано надмудруван. Во ликот на Дионис, авторот комбинира многу од недостатоците кои ги исмејувал кај своите сограѓани Атињани – кукавичлук, егоизам, лукавство, женственост и мрзливост. Неговата мудрост е видлива во моментот кога решава да го врати Есхил во земниот живот и покрај неговата видлива поддршка на Еврипид.

Еврипид е еден од големите старогрчки автори на трагедија. Во комедијата „Жаби", Аристофан го претставува Еврипид во многу неповолна светлина како омаловажувач на поезијата и драмата, снабдувач на корумпирани идеи и празна реторика. Во комедијата Еврипид е насликан како сентименталист кој со своите постапки негативно влијае на јавниот морал. Авторот го претставува како автор трагичар кој е самобендисан, без можност да ја согледа вистинската вредност на неговите дела.

Есхил е, исто така, претставен како еден од големите старогрчки автори на трагедија. За време на натпреварот, Есхил нуди практичен совет дека Атињаните треба да стават поблагородни луѓе на функција и да ја зајакнат својата морнарица. Овие негови размисли укажуваат на неговото рационално размислување и способност реално да ја проценат состојбата во Атина. Во ликот на Есхил Аристофан го претставува како одмерен мудар мислител кој не користи непотребни зборови за да ги искаже сопствените ставови.

Ксантија е слуга на Дионис. Во делото е претставен како подуховит и похрабар од Дионис. Во многу ситуации величејќи го својот господар тој, всушност, му се потсмева и го надмудрува Дионис во секоја прилика што ќе ја добие.

Хорот на жабите се состои од натпреварувачки пејачи кои живеат во езерото. Хорот на жабите ги исмеваат бучните гледачи во театарот. Живеат на влезот од подземјето, тие пеат за дождот и за мочуриштата. Преку нивниот глас, поточно крекање, Аристофан ја прикажува особината на луѓето постојано да зборуваат, и кога треба и кога не треба. Во преносна смисла, крекањето на жабите се празните зборови, неразумните мисли кои особено биле присутни во Атина во времето на Аристофан.

Запомни!

Аристофан, според историјата на уметничката литература, се смета за главен претставник на старата грчка комедија и на комедијата воопшто како драмско дело.

Неговите комедии се општествено-политички слики во кои тој критикува одредена појава, личност или човекова особина. Аристофан ја изложува општествената расипаност на потсмев со цел да го истакне негативното влијание за секој поединец на Атина.

Токму во овој опис на состојбата на Атина, Аристофан ја наоѓа темата за комедијата „Жаби". Самиот наслов на комедијата претставува пародија на софистичко надзборување, кое Аристофан го критикува и тој смета дека треба да престане аристократско-олигархиското интелектуално брборење и демократско-демагошкото гласно крекање, како што говорат жабите.

Прашања и задачи:

1. Набројги одликите кои го карактеризираат делото „Жаби" како комедија!
2. Зошто Аристофан го поставува Дионис како главен лик во комедијата?
3. Одреди дијалог, настан од целата комедија што претставува најзначаен дел од комедијата.
4. Анализирај ја улогата на хорот на жабите во дејството на комедијата.
5. Спореди ги Еврипид и Есхил како ликови во делото.
6. Во даденият извадок подолу, посочи ги внатрешните состојби на ликот Дионис во моментот кога треба да донесе одлука – кого да го врати во земниот живот.

ДИОНИС

Не знам како да објаснам.
Ај со загатка да пробам.
Дали ти се случило одеднаш да ти се пријаде гравче?

ХЕРАКЛЕ

Гравче? Мммм... мњам, мњам, стопати, не еднаш.

ДИОНИС

Дали е ова доволно јасно или „уште да објаснувам"?

ХЕРАКЛЕ

За гравчето не треба, сè си знам.

ДИОНИС

Е па токму таква страст ме разнесува
по Еврипида...

ХЕРАКЛЕ

По мртовец, сакаш да кажеш.

ДИОНИС

...и никој жив не ќе ме убеди
кај него да не појдам.

ХЕРАКЛЕ

Дури и во Адот долу?

ДИОНИС

Жими Зевса, и подолу ако треба.

ХЕРАКЛЕ

А притоа бараш што?

ДИОНИС

Вешт поет ми треба.
„Некогаш имаше, ама испоумреа, а сегашниве не ги бива."

ХАРОН

Многу лесно; штом ќе завеслаш
и песна ќе чуеш убава, преубава.

ДИОНИС

Чија?

ХАРОН

На жаби-лебеди, чудесна една.

ДИОНИС

Ајде, викни ги, ај!

ХАРОН

Еј хој, еј хој!

ЖАБИ

(*надвор од сцената*)
Брекекекекс, коакс коакс,
Брекекекекс, коакс коакс,
Чеда на бари и врутоци,
мелодичен на химна звук
да пуштиме, слатката наша песна
да ја запееме,
коакс коакс,
како во чест на нисејски
Дионис Зевсов
во Барите што правиме,
кога поворка испијанета
во време на Светите Грниња
Танцува во дворот мој посветен.
Брекекекекс, коакс коакс.

КСАНТИЈА

Сфаќам.

СЛУГАТА

...сè додека не пристигне поумен
некој од овој; тогаш треба да си замине.

КСАНТИЈА

А зошто тоа го вознемирува Есхила?

СЛУГАТА

Тој го држеше тронот на трагедијата,
најмоќен беше во таа вештина.

КСАНТИЈА

А сега кој е?

СЛУГАТА

Штом слезе Еврипид овде, им се покажа
на крадците, на дрпачите,
на таткоубијците и на зидорушачите,
ги има во Ад цел куп, слушаа тие
говори, приговори, лаги, изговори
полудеа, за најмудар го прогласија;
а тој во занес падна, престолот го грабна,
Есхил каде што седеше.

КСАНТИЈА

И не го соборија?

АГОН

(Се менува сцената. Плутон седи на својот престол. Влегува Дионис со Есхил од едната страна и со Еврипид од другата страна.)

ЕВРИПИД

(кон Дионис)

Тронот не го испуштам, совети не давај.
Во уметноста снага имам поголема од овој.

ДИОНИС

Есхиле, зошто молчиш? Сигурно слушна што рече оној.

ЕВРИПИД

Прво ќе се дуе, така секогаш
во трагедиите заведува.

ДИОНИС

Еј, ти бог меѓу луѓе, со зборовите не претерувај!

ЕВРИПИД

Го знам јас добро, го проучував сосем темелно,
човек е недоделкано што твори, дрско збори,
без узда јазик има и без сила, со ширум отворени порти,
на слепо не оди, надуено и во сложенки говори.

ЕСХИЛ

„Вистината зар ја кажа, еј чедо на божицата селска"
Зар за мене така, еј ти на озборувања собирач,
на просјаци создавач, на партали крпач?
Радост да не видиш од зборувањето свое!

ДИОНИС

Еј, сопри се, Есхиле,
немој во лутина душата со гнев да ја палиш.

ЕСХИЛ

А не, прво да му покажам на овој јасно
сакати создава, а со фалби се расфрла.

ДИОНИС

Јагне, црно јагне носете, деца;
Тифон еве го иде, луња страшна се готви.

ЕСХИЛ

О критски ти песни што збираш,
и бракови непосветени во уметноста воведуваш...

ДИОНИС

Човеку, застани, еј пречесен Есхиле.
Од градов што истура, о Еврипиде страдалнику,
спаси глава, мудрост ако имаш,
слепоочница со зборови главни
во бес Телеф да не ти го срамни;
А ти, немој во гнев, Есхиле, туку со мера
испрашувај, па биди испрашуван; навредувањето
не прилега на мажи поети, туку на жени лебови што прават.
А ти веднаш пиштиш ко бор во пламен.

Словенска писменост и литература

Општествено-историски услови за појава на словенската писменост и литература

Големите преселби на Словените, во текот на 6 и 7 век, предизвикале градење на нови духовни и културни процеси во средините каде што тие се доселувале. Јужните Словени, доселени на Балканот, дошле во директни врски и влијанија со тогаш моќната Византиска Империја, од каде што постепено почнале да се приспособуваат на феудалните односи и да доаѓаат во контакт со христијанската духовна и културна традиција.

Словенските племиња (Драговити, Велегизити, Берзити, Сагудати, Струмјани, Смољани и др.) ја населиле Македонија во 7 век. И покрај кренатите востанија и бунтови, не успеале да создадат своја држава, па ја прифатиле врховната власт на Византија. Во 8 век Византија ги покорила словенските племиња во околината на Солун, а во првата половина на 9 век воспоставила своја власт во многу области населени со Македонски Словени.

При бугарските обиди воено да навлегуваат на територијата на Византија, во првата половина на 9 век, како стратегија за нивно попречување биле користени Македонските Словени од североисточните области на Македонија. Ним Византија им доделувала посебен воено-административен статус на словенски кнежевства. Во 40-тите години од истиот век Методиј Солунски бил испратен да управува со Словенското кнежевство на Стримонската склавинија (Струмичко-брегалничката област). Словенското население покажувало низок морал и недисциплина, веројатно заради отпорот кон византиското подаништво. Но, ваквата ситуација требало да се неутрализира преку активирањето на словенскиот фактор, за што бил вклучен во мисионерска активност неговиот брат Константин – Кирил Солунски. За повеќето истражувачи на кирилометодиевската традиција тоа е времето и местото каде што почнало ширењето на христијанството на словенски јазик и афирмацијата на словенската писменост. Но, овој историски духовен и културен процес привремено бил прекинат, кон крајот на 855 година, кога бугарскиот кнез Борис воено го завладеал Методиевото словенско кнежевство.

Искуствата од постоењето на Методиевото словенско кнежевство и на Брегалничката мисија во Византија побудиле активна политичка и црковна стратегија за заживување на словенска цивилизациска свест, а овој процес добил вистинска афирмација во времето на императорот Михаил III (842 – 867) во моравско-панонските кнежевства на Ростислав и на Коцељ, преку дипломатската реализација на Моравската мисија, предводена и спроведувана од светите браќа Константин – Кирил и Методиј Солунски. Токму Моравската мисија го отворила активниот историски процес на словенската писменост и литература, а истовремено ја имала клучната улога за да се официјализира во Европа третата по важност христијанска цивилизација – словенската, веднаш по латинската и по грчката.

Афирмацијата на словенската писменост од страна на Византија, а подоцна и од папата во Рим, се покажала како вешта политичка стратегија и за бугарските владетели Борис и Симеон, кои ги прифатиле во бугарската држава (веќе е проширена и на територијата на Македонија) кирилометодиевите ученици прогонети од Моравија и ги поставиле во служба да го шират христијанството на словенски јазик и да ја развиваат словенската писменост. Но, со одлуките на Преславскиот собор од 893 г., во кои се извршиле компромиси со интересите на Цариградската патријархија и се ускратила предноста на глаголското писмо пред кирилицата, најактивните кирилометодиеви ученици, Климент и Наум, го оформиле Охридскиот духовен и книжевен центар и таму продолжиле да ги афирмираат изворните идеи од Моравската мисија. Настанатите натамошни разлики во Преславскиот и во Охридскиот книжевен центар ги одразуваат посебните историски развои на словенската духовна и писмена традиција во Македонија и во Бугарија.

Св. Кирил и Методиј

Историјата на словенската писменост започнува со делото на светите браќа Кирил и Методиј, основоположниците на словенската писменост, литература и култура. Тие живееле и работеле во 9 век од кој останале малку сигурни историски документи. Науката црпи податоци за нивниот живот од различни извори, кои според јазикот на кој се напишани се делат на: **словенски, грчки и латински**.

Најважни **словенски извори** се нивните опширни житија познати како „Панонски легенди". Во најважните грчки извори се вбројуваат: „Бугарската легенда" (Климентовото пространо житие од Теофилакт во 11 век), „Охридската легенда" (Климентово кратко житие од Хоматијан во 13 век), „Македонската легенда" (животот и делото на Св. Наум Охридски).

Латинските извори ги сочинуваат Моравската служба, Италијанската легенда, Моравската легенда, Чешката легенда, Краковската легенда, писмата за кореспонденцијата на папите и други историски текстови.



▲ Св. Кирил и Методиј

Животописот на светите браќа Кирил и Методиј

Светите браќа Кирил и Методиј се родени во Солун, во семејството на Лав и Марија. Мајка им, Марија, потекнувала од угледно семејство, познато во царскиот двор, додека татко им, Лав, бил потстратег на солунската област.

Постојат неколку **хипотези** за народната припадност на Константин и Методија. Според првата, родителите им биле Грци, според втората, Лав бил Грк, а Марија Словенка, а третата хипотеза ја застапува тезата за нивното словенско потекло. Во поновите истражувања се истакнува тезата дека светите браќа се потомци на старото домородно македонско население кое знаело словенски јазик и веќе живеело сродно со другите народи во Византија и со Словените.

Методиј е постариот брат. Роден е меѓу 815 и 820 година. Методиј му е монашко име, а не е познато кое било неговото мирско (крстено) име. Уште од млади години Методиј бил ангажиран од византискиот двор, воено и административно да управува со архонтија (т. е. кнежевство, помала управна единица) во својство на архонт. Ваквата должност ја вршел десет години, меѓу 845 и 855 година, а неговото кнежевство се наоѓало северно од градот Солун, по долното течение на реките Струма и Брегалница (во струмичко-брегалничкиот крај). Со неговата дејност во овој крај од Македонија се поврзува функционирањето на Словенското кнежевство и на Брегалничката мисија, кои биле иницирани од Византија за придобивање

на Словените во борбата против сè почестите бугарски аспирации за завладување со Македонија. Во Брегалничката мисија бил испратен и неговиот помал брат, Константин – Кирил Филозоф на мисионерска активност во таа област, за да му помогне на Методиј да ја задржи лојалноста на месното население.

Политичкиот и воен крах на Методиевото словенско кнежевство, а со тоа и на Брегалничката мисија, го натерало да ја напушти световната кариера и да се замонаши во манастирот Полихрон на планината Олимп, во Мала Азија, каде што го добил и името Методиј.

Набргу, Методиј му станал сопатник и соработник на својот помлад брат и заедно со него учествувал во Хазарската и во Моравската мисија, заедно престојувале во Панонија, Венеција и во Рим.

По смртта на Кирил, Методиј ја продолжил просветителската дејност и го спроведувал воведувањето на словенската богослужба. Во 870 година Методиј добил епископски чин од римскиот папа. Дејноста на Методиј била спречувана од германските епископи и духовници, особено по смената на моравскиот кнез Ростислав. По предавството на внук му, кнезот Ростислав заедно со кнезот Светополк и германските свештеници бил симнат од престолот, а на негово место за крал на Моравија дошол Светополк. Ваквите односи ги искористиле германските епископи и духовници кои успеале да го осудат и потоа да го затворат Методиј во Баварија три години (870 – 873). Во 873 година Методиј бил пуштен од затвор и назначен за моравски архиепископ, со што повторно ја започнал својата просветителска дејност. Во 879 година словенската богослужба била забранета од папата Јован VIII, а Методиј повторно бил повикан во Рим каде повторно успеал да се избори за изведување на словенска богослужба по првото посочено барање, првин Евангелието и апостолот да се прочитаат на латински јазик, а потоа службата да се изведе на словенски.

Во 878 година византискиот император Василиј го повикал Методиј во Цариград каде што на патријархот Фотиј и на императорот им ја пренел состојбата во Моравија, Панонија и Рим. Дворот и овој пат бил задоволен од резултатите на архиепископот Методиј. Методиј се вратил во Моравија, каде што останал сè до неговата смрт, 885 година.

Книжевната дејност на Св. Методиј

Книжевната дејност на Методиј може да се подели на **преведувачка** и **оригинална**.

Преведувачката дејност Методиј ја започнал со брат му Константин – Кирил во подготовките на Моравската мисија кога ги превеле „Изборното евангелие", а подоцна и „Псалтирот", „Евангелието со Апостолот и избор од црковните служби". Преводот бил направен на македонски говор од околината на Солун. Овој македонски народен говор лежи во основата на книжевниот старословенски јазик.

Методиј е носител на црковнословенскиот превод на цел корпус библиски книги, со исклучок на макавејските книги кои се сметале за неканонски. Тој е засведочен автор на црковнословенскиот превод на Библијата. Методиј од грчки јазик го превел и текстот на „Номиканонот", т. е. „Правилата на законот и Патерикот (Книги за светите отци)". Во преводната дејност на Методиј спаѓаат и преводите на делата што Константин – Кирил ги напишал на византиско-грчки јазик за време на Сараценската и Хазарската мисија.

Со книжевната дејност на Методиј се поврзуваат и т.н. оригинални творби во кои спаѓаат: правниот состав „Закон за судење на луѓето", „Анонимна хомалија" и „Канонот за Св. великомаченик Димитриј Солунски".

Константин – Кирил Филозоф е помалиот брат, роден во 826 или 827 година. Неговото световно име е Константин, а при крајот на својот живот во Рим го добил монашкото име Кирил. Првите посериозни теолошки и филозофски основи ги стекнал проучувајќи ги делата на еден од големите црковни отци, Григориј Богослов, кого го сметал за свој „учител и просветител". Своето школување го продолжил во Магнаурската школа заедно со децата на највисоките претставници на византискиот двор. На оваа своевидна академија за кратко време ги совладал дисциплините: аритметика, геометрија, астрономија, физиологија, реторика, литература, граматика. Особено било значајно и влијателно неговото учење кај Фотиј, од кого темелно се запознал со дијалектиката и со класичната елинска традиција. По завршувањето на Магнаурската школа се стекнал со титулата „филозоф".

Константин ја одбил понудената кнежевска титула и бил назначен за секретар на патријархот и библиотекар во соборната црква Св. Софија во Цариград.

Познат по својата ученост, бил назначен за професор по филозофија во Магнаурската школа.

Полемичките и ораторските способности на Кирил дошле до израз во полемиката со патријархот Јован Граматик за заштитата на култот на иконите. Тоа претставувало прва јавна промоција на Константин, како вешт оратор и филозоф. Со тоа се впуштил во креација на политичкиот, духовниот и на културниот живот во Византија и надвор од неа.

Мисионерската дејност на Св. Константин – Кирил Филозоф

Константин – Кирил се појавил како еден вид мисионер во Брегалничкото словенско кнежевство на брат му Методиј за да му помогне да ја задржи и лојалноста на месното население при бугарските завојувачки налети кон Македонија.

Првата мисија е Сараценската (Арапската). Византискиот двор го испратил меѓу Сарацените за да го штити христијанството од нападите на новата исламска религија, која масовно ја прифаќале Арапите.

За мухамеданите било спорно христијанското толкување на единството на Света Троица: Отецот, Синот и Светиот Дух, па затоа тоа било и централно теолошко прашање во полемиките со Сарацените.

Втората мисија е Хазарската мисија која се одвивала 860/861 година и во неа учествувал и Методиј. Нејзината задача била да ги неутрализира конфронтациите меѓу идеологиите на еврејството, мухамеданството, христијанството и паганството. Хазарскиот каган сметал дека преку прифаќањето на христијанството за официјална религија ќе успее да воспостави внатрешен мир и да ја централизира својата власт. Константин (Кирил) требал правилно да го толкува учењето за Светата Троица.

На пат кон Хазарската држава светите браќа престојувале во градот Херсон, на брегот на Црното Море, каде што Кирил ги научил еврејскиот, самарјанскиот и роскиот (рускиот) јазик. Овде браќата ги пронашле моштите на римскиот папа Климент I. Во негова чест

Кирил составил **три творби**: расказ за пронаоѓањето на моштите, свечено слово и химна. И оваа мисија браќата успешно ја извршиле и како победници се вратиле во Византија.

Третата мисија е Моравската мисија која првенствено имала воено-политички и црковен карактер, зашто во моравско-панонските краеви од Европа остро се вкрстиле интересите на источниот и на западниот црковен протекторат.

Во 863 година византискиот цар Михаил III добил писмо од моравскиот кнез Ростислав кој барал луѓе кои ќе им го толкуваат христијанството на словенски јазик. Кирил бил предводник на мисионерската дејност, но и креатор на културно-просветителски словенски белег на мисијата.

Афирмацијата на словенските духовни и културно-просветни акции во Моравија можеле успешно да ги спроведат светите браќа поради мисионерското искуство, но и поради потеклото бидејќи сите Солуњанци зборувале чисто словенски. Солунските браќа за потребите на Моравската мисија требало да ги преведат христијанските книги од грчки на словенски јазик. Бидејќи Словените немале свое писмо, Константин – Кирил и Методиј ја создале словенската азбука наречена **глаголица**. Глаголското писмо, по својата форма било оригинално и не презело графеми (знаци) од друга азбука. Глаголицата се устроила според основниот фонетски принцип – за секој глас да има соодветен знак. Со неа Константин (Кирил) и Методиј ги превеле на словенски јазик неопходните богослужбени книги (изборното евангелие, изборниот апостол, псалтирот и неопходните служби), со кои го започнале воведувањето на словенската богослужба во Моравија.

Во Моравија, солунските браќа развиле широка дејност: организирале богослужби, описменувале ученици кои ги подготвувале за свештеници и преведувачи. Ваквата дејност, му пречела на германското латинско духовништво, кое постепено ја губело духовната власт, па ги наклеветило мисионерите кај римскиот папа за ширење ерес. За да се одбранат од нападите, браќата заминале за Рим. Патувајќи кон Рим поминале низ Панонија, а панонскиот кнез Коцељ им дал 50-ина ученици да ги изучат и да ги вратат назад. Во Панонија браќата практично спровеле уште една мисија која траела една година. По враќањето од Панонија во Венеција биле обвинети од тријазичниците (италијански и германски свештеници) за ерес бидејќи, според нив, христијанството требало да се шири само на латински, грчки и еврејски јазик. И на овој полемички мегдан Константин излегол како победник.

Во Рим биле пречекани од Папата Андријан II, кој им дозволил да одржат богослужба на словенски јазик во црквата Света Марија. Таму ги предале моштите на папата Климент I, пронајдени во Хазарската мисија. Папата дозволил христијанството да се шири и на словенски јазик, ги признал словенските книги, ги осветил, а браќата добиле свештенички чинови. Чувствувајќи го крајот на животот, Константин се замонашил и го добил името Кирил. По 50 дена тешко боледување, умрел на 14 февруари 869 година во Рим, каде што бил и погребан.

Книжевна дејност

Првите творби на Кирил биле напишани на византиско-грчки, а подоцна со глаголско писмо и на старословенски јазик. Се смета дека првите творби биле две молитви кои ги напишал во младоста. Пишувал полемички творби на византиско-грчки јазик, кои подоцна Методиј ги превел на црковнословенски (на пример „Беседата против тријазичниците").

Оригинални творби се и оние кои ги напишал по пронаоѓањето на моштите на папата Климент Римски („Расказ или Кратка историја", „Пофално слово" и „Канон"). При крајот на својот живот, напишал една компилативно-преводна творба, „Слово за вистинската вера", третирајќи ја полемиката за прашањето која вера е вистинската. Како негово дело се смета и „Претсмртната молитва на Св. Константин – Кирил".

Запомни!

Св. Кирил и Методиј се создавачи на словенската азбука, преведувачи на првите словенски книги, први словенски писатели, учители и просветители. Нивните заслуги се огромни, значајни и бескрајни за словенската литература и култура. Создавајќи ја словенската азбука, го издигнале старословенскиот јазик на литературен јазик со основа на дијалектот на Македонските Словени од околината на Солун.

Тие ги направиле првите преводи на најпотребните црковни книги од грчки на словенски јазик. Преводот на Библијата претставува четврт библиски превод од оригиналниот староеврејски јазик. Постари од словенскиот превод се: грчкиот, латинскиот и готскиот превод.

Прашања и задачи:

1. Кога Словените почнале да се селат на Балканот?
2. Кога биле покрстени Словените?
3. Како дошло до описменување на Словените?
4. Какви извори постојат за осветлување на животот на солунските браќа?
5. Во што се состои книжевната дејност на Св. Кирил и Методиј?
6. Каква е улогата на Св. Кирил и Методиј во словенската култура, а каква во византиската?
7. Како се надополнувале браќата Св. Кирил и Методиј во својата работа?
8. Зошто е значајна преведувачката работа на Св. Методиј и преводот на Библијата?

„Панонски легенди"

„Панонските легенди" се составени од две житија: „Житието на Св. Кирил" и „Житието на Св. Методиј", а во нив се раскажани животниот пат и делото на браќата Св. Кирил и Методиј. Името го добиле според тврдењето на некои слависти дека овие пространи житија за светите браќа биле напишани во Панонија. Иако тоа не е докажано во истражувањата, сепак останал овој наслов за најтемелните извори на животот и делото на Св. Кирил и Методиј.

Раскажувачот хронолошки го проследува текот на животот и делото на словенските учители задржувајќи се (од позиција на сеприсутност) на настаните кои се значајни во поглед на просветителската дејност.

„Панонските легенди" **жанровски** ѝ припаѓаат на житијната литература. Напишани се под **влијание** на византиските житија и ги следат утврдените постојни правила на хагиографскиот литературен вид.

Житие (*грч.* хагиографија, света биографија) е биографија на светец или маченик проткаена со религиозен мистицизам и идеализација на личноста чија светост е тема на житието. Се одликува со разговорен, живописен стил.

Односот меѓу двете житија е комплементарен, т. е. се надополнуваат. Иако во обете житија се изнесува заеднички споделениот просветителски ангажман на солунските браќа, во нив нема директни повторувања. „Житието на Св. Методиј" е напишано 16-ина години подоцна по „Житието на Св. Кирил".

Авторот на „Панонските легенди" е непознат, па во науката постојат различни мислења. Се претпоставува дека автор би можел да биде некој Моравец, или, пак, дека автор на биографијата на Кирил бил брат му Методиј, а на биографијата на Методиј – Св. Климент Охридски.

Сепак, најгласни се ставовите на славистите кои сметаат дека **автор на „Панонските легенди" е Св. Климент Охридски**.

Голем број слависти сметаат дека „Панонските легенди" се напишани непосредно по смртта на Св. Кирил и Методиј: првин била напишана биографијата на Кирил, а по смртта на Методиј била напишана и неговата биографија. Овие житија, извршиле силно влијание врз натамошниот развој на оригиналната житиеписна традиција во средновековните словенски литератури.

Литературни аспекти на „Панонските легенди"

Покрај историското и културното значење „Панонските легенди" имаат и литературна вредност.

Со умешно изградена композиција, „Панонските легенди" се напишани течно и разбирливо со жив раскажувачки стил, во дијалошкиот сценски приказ на полемичките способности на Св. Кирил Филозоф.

> Хазарите му испратија во пресрет лукав и итар човек кој започна разговор со него и му рече:
>
> „Зошто имате лош обичај да поставувате место еден цар друг од друг род?" А Филозофот му рече: „И Бог место Саула, кој не правел како што му е нему угодно, го одбрал Давида кој му угодувал, и родот негов". Овој пак рече: „Зошто држите книги в раце, кога од нив кажвате само сказни?..."

Застапеноста на метафори, епитети и реторичките прашања само ја збогатува литературната вредност на „Панонските легенди". **Обиди се да ги откриеш во даденият извадок!**

Филозофот им одговори: „Не врне ли дожд од Бога еднакво врз сите? А сонцето не грее ли исто така за сите? Зарем не дишеме воздух сите еднакво? Па тогаш, како не се срамите да признаете само три јазика, а за сите други народи сакате да бидат слепи и глуви. А сега, ако дојдам при вас, браќа, и ви зборувам на разни јазици, каква полза ќе имате од мене, кога не ви се објаснува, или со откровение, или со познавање, или со пророкување, или со поука? И бездушните предмети што даваат глас, како свирката или гуслата, ако не даваат разни гласови, како ќе се разбере што се свири или гуди? Оти ако трубата не дава разбирлив, тогаш кој ќе се готви за битка? Така и вие, ако со јазикот свој изговарате неразбирливи зборови, како ќе се разбере тоа што го зборувате? Ќе зборувате во ветер. Во светот има којзнае колку разни зборови, и ниеден од нив не е без значење".

Во „Панонските легенди" се вметнати и **одломки од писма, интересно раскажани анегдоти и приказни.**

И покрај фантастичните и легендарните елементи во „Панонските легенди" доминантно е **реалистично гледање** на животот. Ликовите се возвишени и **хиперболизирани**, но сепак уверливи и реалистично прикажани.

Огорчени, пак се вратија кон својата злоба, и му дадоа да испие отров; но Бог милостив, кој рекол: И да испиете нешто смртно, нема да ви наштети – го спаси и него и пак се врати здрав во својата земја.

Композициски аспекти на житијата на Св. Кирил и Методиј

Композициски, Житијата на Св. Кирил и Методиј се составени од **три дела: воведен дел** во кој е даден кус теолошки вовед со кој се создава почит и интерес за личноста за која ќе се зборува во житието, **изложување (животниот пат и делото)** кое е хронолошко и во него се раскажува за животот од детството, па сè до смртта. На **крајот од житието** се зборува за маченичка смрт на светецот и судбината на неговите мошти.

„Житието на Св. Кирил" е извор на биографски податоци за Св. Кирил Филозоф. Во **воведниот дел**, солунскиот учител е даден како севишна сила на која треба да се угледаат луѓето и да тргнат по него.

...Тоа го направи и за нашиот род и ни го издигна овој учител што го просвети нашиот народ на кој му се помрачи умот од слабост, а уште повеќе од ѓаволска лукавост, па не сакаше да оди во светлината на божјите заповеди. А неговото житие, макар и на кусо раскажано, покажува каков беше тој, па оној што сака, слушајќи го ова, ќе му стане подобен нему, добивајќи полет и отфрлувајќи ја омразата, како што кажа апостолот: „Угледајте се на мене, како јас на Христа..."

Во **изложувањето** хронолошки се раскажани сегменти од животот на Кирил преку кои се дознава за неговото потекло, раѓање, детство, школување, библиотекарската и учителската дејност, учеството во мисиите кај Сарацените, Хазарите и Моравските Словени, пречекот од папата, престојот во Рим и неговата смрт.

Во **заклучниот** дел се раскажани последните денови од животот на Кирил и пораката која му ја остава на Методија.

Протолкувај го заветот кој му го оставил на Методиј!

По многу дни, Филозофот одејќи на Суд, му рече на брата си Методија: „Еве, брате, ние двајца бевме впрегнати да ораме една бразда и јас паѓам на нивата, окончувајќи ги своите дни, а ти мошне многу ја љубиш гората. Но немој заради гората да го оставиш нашето учење, зашто со него ќе бидеш спасен. Послушај ја мојата молитва и дочувај го твоето верно стадо за кое си ме поставил мене, невреден и недостоен раб твој. Избави ги сите од секаква безбожна и паганска злоба, од каков и да е".

Преку описите на животот се истакнати карактерните особини на Константин, неговите интереси, способности, инспирации и полемичката и реторската моќ, која најмногу доаѓа до израз во учеството на мисиите.

„Житието на Св. Методиј" е напишано 16 години подоцна од „Житието на Св. Кирил", и е помало по обем. Започнува со сличен, но подолг **теолошки вовед** во кој се разгледуваат **две актуелни прашања за христијанската црква:**

- Прашањето за Св. Троица,
- Одлуките донесени на Вселенските собори.

Во **изложувањето**, авторот ни дава оскудни податоци за животот на Методиј. Учеството во Хазарската и во Моравската мисија и неговата дејност се малку опишани. Секогаш се наоѓал во сенка на својот брат. По смртта на Кирил, тој е централна личност во Моравската мисија. „Житието на Св. Методиј" изобилува со прецизни податоци за неговото одење во Цариград за да поднесе извештај за својата мисионерска работа во Моравија и во Панонија.

Завршниот дел е сличен како оној во „Житието на Св. Кирил". Во него се опишани последните денови од животот на Методиј и назначувањето на Горазд за свој наследник, како и денот и годината на Методиевата смрт, погребната служба одржана на латински, грчки и словенски јазик и погребот во соборната црква.

Кога сиот народ се собра на Цветници, тој влезе в црква и, изнемоштен да искаже благослов на царот, и на кнезовите, и на свештениците, и на сиот народ, рече: „Пазете, деца, на мене, до третиот ден – и така стана". На разденување на третиот ден рече уште: „Во твои раце, Господе, ја полагам мојата душа".

„Панонските легенди" и мисиите на браќата Св. Кирил и Методиј

Житијата во „Панонските легенди" особено место посветуваат на **мисиите во кои учествувале** браќата Св. Кирил и Методиј. **Мисионерството била важна религиозно- дипломатска активност на Црквата за ширење на христијанството.**

Во **Мисијата кај Сарацените** (Арапите) учествувал само Св. Кирил, а полемиките биле поврзани со нападите на христијанското верување во Светата Троица т. е. полемики со исламот.

...Кога стасаа таму, видоа дека имаше насликани демонски ликови насекаде по вратите на сите христијани и дека пред нив правеа неприлични призори. Тогаш Филозофот го прашаа вака: „Можеш ли, Филозофе, да го разбереш ова што значи?" А тој рече: „Гледам демонски ликови и мислам дека внатре живеат христијани, па бидејќи овие не можат да живеат заедно со нив, бегаат од нив надвор, а таму каде нема такви слики однадвор, таму тие се внатре, заедно со домашните".

Во оваа мисија, Св. Кирил ја покажал својата длабока поврзаност кон христијанството, но и познавањето на другите религии. Освен толкувањето на Евангелието тој ги употребил и другите знаења кои ги стекнал во текот на образованието.

Хазарската мисија имала цел да им помогне на Хазарите (турско племе во Јужна Русија и на Кавказ) да ги неутрализираат конфронтациите меѓу идеите на еврејството, мухамеданството, христијанството и паганството. За таа цел тие побарале мисионери кои ќе им го олеснат изборот. Св. Кирил го бранел верувањето во Светата Троица, раѓањето на Исус од смртна жена, крштевањето, иконите, дозволената и забранетата храна, пророците и друго.

Пак му рекоа Евреите: „Зошто вие, употребувајќи за храна свинско и заечко месо, не постапувате против божјите заповеди?" Им одговори: „Првиот завет заповеда: јадете сè како зелени билки оти на чистите сè им е чисто, а на поганиот и совеста му е осквернета. И Бог во Книгата на Битието вели: Ете, сè е мошне добро. Но, заради вашата лакомост нешто малку од тоа се одзеде. Оти Јаков го изеде кажаното и се насити и се откажа љубимецот. И пак луѓето седнаа да јадат и да пијат и станаа да играат".

Моравската мисија е мисија од воено-политички црковен карактер. Во неа, Св. Кирил водел полемики со германското свештенство кое во недостиг на аргументи настапило со тријазичната догма. Според нив, христијанството можело да се проповеда само на трите од Бога избрани јазика: хебрејскиот, латинскиот и грчкиот затоа што на овие јазици бил испишан крстот на кој бил распнат Исус.

Со кои аргументи настапил Св. Кирил?

Ако се молам на туѓ јазик, духот мој се моли, а умот мој не дава плод. Тогаш што е? Ќе се молам со духот, а ќе се молам и со умот; пеам со духот, пеам и со умот. Ако благословуваш со духот, како тој што стои на местото на неразумниот ќе рече амин на твојата молитва кога

не разбира што зборуваш? Имено, ти добро славиш, но друг не се изградува. Му благодарам на мојот Бог, подобро од сите вас ги познавам јазиците. Но во црква сакам пет збора да кажам од својот ум, за и други да поучам, одошто илјада зборови на разни јазици. Браќа, не бидете деца во умот, но со злото бидете деца, а со разумот бидете совршени. Во законот, како што знаете, пишува: со други јазици и со други усни ќе му говорам на овој народ, и ни така нема да ме послуша – кажува Господ. Затоа јазиците не се за верните, туку за неверните, а пророштвото не е за неверните, туку за верните.

Запомни!

„Панонските легенди" се најважни и најкомплетни извори за браќата Св. Кирил и Методиј напишани на словенски јазик. За разлика од другите извори „Панонските легенди" даваат вистинска биографија исполнета со прецизни податоци и книжевни квалитети. Книжевно-историската вредност на „Панонските легенди" е огромна бидејќи тие претставуваат најстари словенски книжевни оригинални дела. Со мошне умешно изградена композиција, богат жив дијалог, метафори, епитети, реторички прашања; одломки од писма, интересно раскажани анегдоти, се зголемуваат уметничките вредности на „Панонските легенди".

Прашања и задачи:

1. Кои се белезите на хагиографиите?
2. Под чие влијание се пишувани житијата?
3. Каква е композициската структура на житијата?
4. Кој се смета за автор на „Панонските легенди"?
5. Опиши како е претставен ликот на Св. Методиј во следниот извадок.

На едни тој им беше рамен, од други беше малку помал, а од трети поголем, красноречивите надминувајќи ги со дело, а трудбениците со збор. Привлечен за сите, во себе го одразуваше образот на сите: со страв божји, со исполнување на заповедите, телесна чистота, со усрдност на молитвите и светост, со збор силен и кроток – силен за противниците, а кроток за послушните кон поука – со јарост, спокојство, милост, љубов, страст и трпение – беше сè за сите, за сите да ги придобие.

6. Опиши го ликот на Св. Кирил Филозоф претставен во „Панонските легенди" во следниот извадок.

Кога беше детето на седум години, сони сон, па им го раскажа на татка си и мајка си и им рече: „Собирајќи ги сите девојки од нашиот град стратегот ми рече: Одбери една од нив која сакаш за сопруга и помошничка спрема тебе". А јас ги погледнав

сите и откако ги разгледав, ја догледав неа, најубава од сите, со светло лице, богато украсена со златни ѓердани и бисери и со секаков накит. Името ѝ беше Софија, т. е. мудрост. Ја одбрав неа. По многу дни, Филозофот одејќи на Суд, му рече на брата си Методија: „Еве, брате, ние двајца бевме впрегнати да ораме една бразда и јас паѓам на нивата, окончувајќи ги своите дни, а ти мошне многу ја љубиш гората. Но немој заради гората да го оставиш нашето учење, зашто со него ќе бидеш спасен. Послушај ја мојата молитва и дочувај го твоето верно стадо за кое си ме поставил мене, невреден и недостоен раб твој. Избави ги сите од секаква безбожна и паганска злоба, од каков и да е".

7. Како се надополнувале Св. Кирил и Методиј во нивната работа?
8. Која од мисиите е најважна за Словените?
9. Препознај ги елементите од Библијата во „Панонските легенди"!
10. Направете дебата на тема: Значењето на Моравската мисија.
11. Напиши есеј на тема: Политичкото и историско-книжевното значење на Моравската мисија.
12. Пронајди ги фантастичните елементи во житијата на Св. Кирил и Методиј!
13. Направи дневник со двоен запис од полемиките кои ги водел Св. Кирил.
14. Од даденият извадок открий ги аргументите со кои полемизирал Св. Кирил Филозоф!

Кога беше тој во Венеција, се собраа против него епископи, попови и црнорисци, како врани на сокол, и ја подигнаа тријазичната ерес зборувајќи: „Човече, кажи ни како си им ги создал на Словените книгите и ги учиш од нив, што досега никој не измислил, ниту апостолите, ниту римскиот папа, ниту Григориј Богослов, ниту Евроним, ниту Августин? А ние знаеме само три јазика на кои е достојно во книгите да се слави Бог – еврејски, елински и латински". Филозофот им одговори: „Не врне ли дожд од Бога еднакво врз сите? А сонцето не грее ли исто така за сите? Зарем не дишеме воздух сите еднакво? Па, тогаш како не се срамите да признаете само три јазика, а за сите други народи сакате да бидат слепи и глуви? Кажете ми дали Бога го сметате толку бессилен, што не може да го даде тоа, или толку завидлив што да нејќе? А ние познаваме повеќе народи што се вешти на книга и го слават Бога секој на својот јазик. А тие се токму овие: Ерменците, Персијанците, Авазгите, Иверците, Сугдите, Готите, Обрите, Турсите, Хазарите, Арабјаните, Египтјаните, Сирците и многу други. Ако не сакате да разберете врз основа на тоа, тогаш барем од светите книги запознавајте го судијата. Зошто Давид извикува: Пејте му на Господа, сета земјо, пејте му на Господа нова песна! И пак: Извикнете му на Господа, сета земјо, пејте и веселете се и запејте!

...Ви велам и вам, на учителите на законот: тешко вам, книжевници и фарисеи, лицемери, што им го затворате на луѓето царството небесно, оти вие не влегувате и не ги пуштате да влезат тие што сакаат. И пак: Тешко вам, книжевници, што сте го зеле клучот на сознанието и сами не влегувате, и не ги пуштате да влезат тие што сакаат..."

Св. Климент Охридски

Средновековната книжевност по смртта на браќата Св. Кирил и Методиј

По смртта на Методиј, папата Стефан V ја забранил словенската богослужба во Панонија и во Моравија. Учениците на Методија биле жестоко прогонувани, измачувани и продавани како робови и биле принудени да се упатат кон југ. Дел од нив стигнале до Далмација. Климент, Наум, Ангеларије, Горазд, Константин и Сава преку Белград стигнале во Преслав (бугарска престолнина во 9 век) каде кнезот Борис организирал религиско-просветителски и книжевен центар од кој се ширела просветата. Учениците на Св. Кирил и Методиј биле добро засилување, па кнезот Борис со радост ги пречекал и им одредил должности. Наум бил задржан во Преслав, а Климент бил испратен во областа Кутмичевица (Југозападна Македонија), каде што требало да создаде просветителски центар со кој ќе се намалело црковно-просветното влијание на Византија.



▲ Св. Климент Охридски

Животописот на Св. Климент Охридски

Св. Климент заедно со Св. Наум Охридски се најистакнатите ученици на Св. Кирил и Методиј кои доследно го продолжиле нивното дело. Словенските, грчките и латинските извори ги даваат основните биографски и библиографски податоци. Најмногу податоци за Св. Климент се дознаваат од „Климентовото пространо житие на охридскиот архиепископ Теофилакт" од 11 век, „Климентовото кратко житие на охридскиот архиепископ Хоматијан" од 13 век.

Постојните извори за животот на Св. Климент не ги определуваат основните биографски податоци. За Св. Климент се смета дека е најверојатно роден во Македонија, во 30-тите години од 9 век. Според житијата, Св. Климент учествувал во Моравската мисија и неговата животна патека се поистоветува со активностите на солунските браќа за описменување на Словените. Прогонувањето го натерало да се најде во Плиска и во Преслав од каде бил испратен во словенска мисионерска работа во областа Кутмичевица со главни центри: Девол, Охрид и Главиница, каде престојувал 30 години, првин како учител (од 886 до 893 година), а потоа како прв епископ кој меѓу верниците проповедал и богослужел на словенски јазик (од 893 до 916). Охрид го одбрал како место за живеење и изградил свој манастир кој го посветил на Св. Пантелејмон. Св. Климент ја создал Охридската книжевна школа во која се продолжила кирилометодиевата традиција и се развила силна културно-просветителска дејност.

Како епископ на Величката област (Дебарца, Кичево и Полог) развил широка просветителска дејност. Ги поучувал луѓето на правилно празнување на верските празници, уредување на нивните домови, калемење на овошките и други полезни работи, со што станал многу познат меѓу народот. Често ја напуштал Величката област и заминувал во својот манастир во Охрид каде ги имал најубавите мигови на одмор. Св. Климент умрел 916 година и бил закопан во манастирот Св. Пантелејмон, во гробот кој самиот си го подготвил.

Охридска книжевна школа

Охридската книжевна школа е најзначаен центар за просветна, преведувачка, литературна и друга културна дејност во средновековна Македонија. Св. Климент Охридски ја основал кон крајот на 9 век и поради својата дејност уште била наречена Прв словенски универзитет.

Во кругот на Охридската книжевна школа се одвивала мошне активна книжевна дејност во која покрај Св. Климент и Св. Наум големо учество зеле и голем број нивни соработници, ученици и следбеници. Активноста Охридската книжевна школа се реализирала во различни насоки: се создавале оригинални литературни дела, преведувале книги од грчки на словенски јазик, се пишувале книги за потребите на црковната служба. Една од основните насоки во развојот на Охридската книжевна школа, секако е и химнографската дејност на Св. Климент и на другите книжевници од неговиот литературен круг.

Во Охридската книжевна школа се вршела и обемна преведувачка дејност. Книжевниците од Охридската книжевна школа биле активни пишувачи на ракописни книги кои биле неопходни за извршување на црковната служба по македонските цркви и манастири. Со писмената традиција на оваа средновековна школа се поврзуваат голем број стари словенски ракописи меѓу кои се: „Асемановото евангелие", „Синајскиот псалтир", „Синајскиот требник", „Битолскиот триод", „Охридскиот апостол", „Македонското евангелие на поп Јован", „Болоњскиот псалтир" и други.

Овие книжевни споменици имаат свои палеографски, графиски, орнаментолошки, текстолошки, литературни, јазични и други обележја по кои се разликуваат од текстовите создадени во круговите на другите книжевни школи.

Карактеристично за ракописите поврзани со Охридската книжевна школа е големата конзервативност и архаичност на нивниот јазик, употребата на глаголското писмо во почетниот период, двоеров правопис, честа вокализација на големиот 'ер' во текот на редакцискиот период и сл.

За време на својата седумгодишна дејност во Охридската книжевна школа, Св. Климент оспособил 3 500 ученици за учителска и за книжевна дејност. Најголем дел од нив биле свештеници и учители на словенски јазик, книжевни дејци и преведувачи. По завршување на школото, тие заминувале на различни места во Македонија и во Албанија и дејствувале како: подѓакони, ѓакони, свештеници, учители, книжевници, уметници, лекари или агрономи. На тој начин Св. Климент изградил и посебен црковен центар, кој еден век подоцна, во Самоиловата држава, ќе биде олицетворен во познатата Охридска архиепископија.

Творештвото на Св. Климент Охридски

Паралелно со просветителската и црковно-пастирската дејност се развивала и книжевната дејност на Св. Климент Охридски, која се состоела од преведување и препишување на постојната црковна византиска литература и пишување на свои оригинални дела.

Преведувачката дејност била мошне значајна бидејќи се смета дека уште во текот на Моравската мисија им помагал на Св. Кирил и Методиј при преведување на библиските и литургиските текстови од грчки на словенски јазик. Се смета дека пред смртта го напишал „Цветниот триод".

Климентовата книжнина

Св. Климент Охридски пишувал **слова и химнографски** (црковно-поетски) творби. Дел од неговите слова го содржат неговото име во насловите, а во некои од химнографските творби авторскиот потпис е во вид на акростих.

Химнографските творби се со пофално-опеан карактер, а го величат и го слават култот на определен канонизиран светител или на определен црковен празник. Во последните десетина години се откриени поголем број химнографски творби напишани до Св. Климент Охридски – циклус претпразнични трипеснеци за Раѓањето Христово, разни канони, циклус за општите служби, песнопеење за октоихот и слично.

Св. Климент пишувал различни **поучителни и похвални слова**, кои жанровски се групирани во т.н. ораторска проза.

Поучителните слова се религиозни творби со религиско-просветна содржина кои биле наменети за поучување и просветување на неукиот народ.

Похвалните слова се творби посветени на животот и делото на некој истакнат пропагатор на христијанската религија, кого црквата го прогласила за светец.

За неговото творештво се врзуваат и „Панонските легенди" бидејќи според средновековната византиска литература, оној што пишувал пофално слово требал да има напишано и житие за личноста воспеана во похвалата.

Поучителните слова на Св. Климент Охридски

Поучителните слова се меѓу најстарите Климентови творби. Тој е родоначалник и прв класик на овој жанр во старомакедонската литература. Тие претставуваат запишани беседи што ги држел меѓу верниците.

Поучителните слова биле посветени на празниците. Словата биле наменети за неукиот народ кој не бил доволно запознаен со христијанското учење и новоформираната црковна организација. Пишувани се на прост и разбирлив јазик без многу мудрости. Некои од нив се практични поуки, со општ карактер и можат да се приспособат на различни ситуации. Во нив Св. Климент го толкувал христијанското учење и морал, без апстрактности, со примери на библиски личности, евангелиски настани и празници.

Тематски, поучителните слова се поврзани за општохристијанските светители: Св. Ѓорѓи, Св. Тома, Св. Антониј, Св. Петар и Павле, евангелистот Марко, Св. Богородица и Исус Христос.

Поучителните слова можат да се поделат на: општи поученија, претпразнични поученија, празнични поученија, поученија во врска со постот и поученија за црковни таинства.

Потсети се и направи паралела меѓу библиското гледање на Велигден и откриј ја поврзаноста со поучителното слово!

Поука за Велигден

Послушајте возљубени браќа и синови, да ви раскажеме за силата и за честа на овој ден, во кој нашиот Господ Бог го сотре ѓаволот и разрушувајќи ја власта на смртта, воскресна од гробот, како бесмртен, и сите умрени праведници ги воскресна со себе и сега како пророк нѐ повикува: „Елате да му се израдуваме на Господа, да му воскликнеме на Господа Бога, нашиот Спасител, да одиме пред неговото лице со исповедание и со псалми да му воскликнеме; како слезе од небеси да го побара заблудениот и да го спаси загубениот човек". Затоа што ние бевме како овци без пастир што ги грабаат волци, тоест подјармени од злото. И не можејќи да го истрпи тоа Господ наш Исус Христос, го наведе небото и слезе кај нас и се облече во нашето тело, сакајќи да го исцели од гниење, она што го прими нашиот прв прадедо Адам, престапувајќи ја заповедта божја во рајот со змиската измама; и оттогаш во нашето тело влезе смртта и му бевме потчинети на гревот. И заради тоа дојде лекар кај болните, ослободител кај заробените, незајдувачка светлина кај оние што седат в темнина, живот бесмртен кај мртвите, за да оживеат оние што умреле заради Адама и заради Христа. Затоа што тој е нашиот мир којшто нѐ примири кон татка си со своето оваплотување и доброволно страдајќи заради нас, пострада со телото, бестрасен бидувајќи со својата божественост. Оти никако не можеше без страдање да го очисти ова тело, па се подаде на страдање и на смрт. Заради тоа беше закован на крст и вкуси жолчка и оцет за да нѐ избави од горчливиот вкус што ни го создаде прадедото Адам уште во рајот. Со тоа јадење од дрвото испаднавме од рајот, па затоа посака да биде закован на крст, тој, Бог бестрадален, којшто со дрво ја излекува нашата прастара клетва; и заради нас со телото вкуси од смртта, тој самиот бидувајќи бестрадален по своето божество, сакајќи да нѐ оживи и да нѐ ослободи од смртните окови. Сонцето, кога го виде распнат, премина во мрак, и месечината во крв, и земјата се потресе, и камењата се распаднаа, и гробовите се отворија, и многу тела на светители упокоени во Господа станаа и им се јавија на многумина. Слегувајќи во пеколот ја разруши неговата власт и ги извојува неговите пленици и со себе ги воскресна сите праведници од првиот Адам. Затоа, браќа, сега е добро време да се спомене пророкот и да се извика заедно со него: „Во овој ден што го создал Господ да се израдуваме и да се развеселиме". Затоа што е убаво да се радуваш на неговата најчудесна милост што ја стори денеска заради нас. Денеска со својата смрт тој го затре ѓаволот и воскресна како од сон, источувајќи му на човечкиот род негниење и живот; денеска се урна вратата на пеколот и затворените во него станаа озарени од неискажана светлина за да пеат ликувајќи со ангелите: „Слава му на Бога во вишини, на земјата мир и меѓу луѓето добра волја". Денеска со радост, нашиот прадедо Адам првата клетва ја сотре и ги пружи рацете со Ева, станати заради Господа; денеска и небото и земјата се исполнети со радост, здружени заедно на радост на бестелесните сили, го собираат човечкиот род; денеска апостол Павле извикува: „Како наша пасха, за нас беше жртва Христос"; денеска црквата одзива од високата проповед: „Придете чеда и послушајте ме, да ве научам на страв од Господа!" Се приготви бања која се обновува за нашиот род оштетен од грев; се приготви божја трпеза на која има божјо јагне кое ги прима гревовите на сиот свет, Христос нашиот

Бог, заклан заради нас и подаден на сите верни заради простување на гревовите и вечен живот. Затоа, браќа, да не се лишуваме поради мала похода или гнев од оваа страшна и неискажана тајна, создадена заради нашето спасение, но со чиста душа и тело, со страв да пристапиме и со мир, и така да се насладиме на пречистото тело и крв Христова. Примајќи ги нив, ќе станеме чисти од секаков грев, и нема да се враќаме на првиот обичај, како пците на своите блујаници или како свињите, што ќе си ја измијат и пак ќе се извалкаат во кал. Не, браќа! Такви не можеме да се покажеме, туку како Христос што нѐ искупи со својата крв, чисти, непорочни, совршени во љубовта божја: да останеме заедно славејќи ги Таткото и Синот и Светиот дух сега и секогаш.

Со поучителните слова, Св. Климент настојувал да помогне во создавањето на новиот човек кој ќе живее во сообразност на етичките норми на новоприфатената вера.

Похвала на нашиот татко и учител словенски Св. Кирил Филозоф

Жанровски, „Похвала на Св. Кирил" припаѓа во групата похвални слова преку кои во средновековната литература авторите поетски и уметнички се изразувале. Напишана е во стих и под влијание на византиската панегиричка литература (пофална беседа во чест на определена личност).

Композициски, похвалите биле составени од два дела. Во првиот дел се изнесувале податоци за животот и делото на личноста, а во вториот дел се искажувала пофалбата.

Внимателно прочитај го насловот на похвалата и објасни што дозна од неа.

Тој, месец, на 14 ден, похвала на нашиот блажен отец и учител словенски Кирил Филозоф, напишана од преподобниот отец наш Климент папа римски, Владико благослови!

„Похвалата на Св. Кирил" **е составена од два дела**. Во првиот дел Св. Климент изнесува податоци за животот и делото на Св. Кирил Филизоф. Во воведниот дел ја нагласува важноста за појавата на Св. Кирил и неговото значење за народот и писмеността. Во продолжението на првиот дел, Св. Климент ни го претставува Св. Кирил како победник против иконоборците; неговото откажување од животните вредности во името на ширењето на христијанството и писмеността; подвизите и заслугите во борбата против тријазичниците и избавувањето на словенскиот народ од греовниот мрак.

Подискутирај за извадоците!

Еве, ни светна, христољупци, светлозрачниот спомен на нашиот преблажен отец Кирил, нов апостол и учител на сите земји, којшто огреа на земјата како сонце со вистинска вера и убавина, како сонце на трисушното божество, осветлувајќи го сиот свет.

На словенскиот народ, којшто беше во незнаење и греовен мрак, по милоста и човекољубието на Господа нашиот Исус Христос, му стана пастир и учител. И им ги затна устите на волците, на тријазичните еретици, пророчки укажувајќи на тревливиот јазик и упатувајќи ги сите со писмо кон спасение. И Господ Бог благоволи да почине неговото пречесно тело во Рим.

Во **вториот дел** од „Похвалата" сугестивно преку лирско обраќање и градација, Св. Климент ги искажува своите чувства, љубов и почит кон учителот. Употребата на изразните средства уште повеќе ја зголемува уметничката вредност на одата која ја испеал Св. Климент. Во похвалата може да се забележи спецификата на сложените зборови кои се употребени како епитети и употребата на суперлативни именки и придавки христољупци, светлозрачни, богоразумен, животворна, ангеловидни, златнозрачни и многу други. Освен епитетите во похвалата застапени се компарации, метафори, реторски прашања, метонимија.

Открај ги стилските фигури во извадоците!

Затоа, да биде блажена твојата уста, о блажен оче Кириле, од неа на мојата уста се источи духовна сладост. Блажен го наречуваме твојот многугласен јазик од кој му огреа на мојот народ светлина на триж вечниот Бог. Ти го разгони мракот на гревот. Блажено е твоето пресветло лице озарено од Светиот дух, од него на моето лице богоразумен блесок сјае и многубожечката измама се искорени.

Блажени да се твоите златозрачни очи кои го одземаа неразумното слепило од моите очи и им огреа богоразумна светлина. Блажени да се твоите ангеловидни зеници озарени од божествена слава, тие ми го разгонија слепилото на срцето и го просветија со боговдаховени зборови.

.....

...сепак надмина сè, како Деница, која иако огрева најпосле, со својата светлина ги облева сите ѕвезди кои имаат сончева светлина.

...И од неговата уста потече изворот на животворни зборови исполнувајќи ја нашата суша пресушена и преку неа се покажа како серафим којшто го прославува Бога.

Ги прелета како орел сите страни од исток до запад и од север до југ, меѓу Козарите и Сараценитe и заради светата вера се најде и на соборите. Како сонце грееше со трисветли зраци и секоја нивна заблуда ја отклонуваше...

Божјата премудрост си сосида храм во неговото срце и на неговиот јазик, како херувимски, почиваше секогаш Светиот дух разделувајќи дарови според верата,...

...народот којшто лежеше во мракот на незнаењето.

Којшто ќе каже дека ме љуби како Господа и јас ќе го заљубам, ќе му се покажам самиот и во него ќе си направам манастир, и тој ќе ми биде син, а јас ќе му бидам татко.

.....

Нема место што не е осветлено од неговите стапки и ниедна итрина не се сокрила од неговата блажена душа, оти на сите народи скриените тајни во формите на зборовите им ги откри разумно толкувајќи, на едни со писмо, на други со поука. Божја благодат се изли низ неговата уста и затоа го благословил Бог за вечно.

Затоа, која уста да ја искаже сладоста на неговото учење, а кој јазик ќе може да ги каже неговите подвизи и трудот и добрината на неговиот живот. Оти таа уста, посјајна од светлината, ја покажа Господ. Таа ги просветува помрачените од лагата на гревот, тој јазик источи слатки и животворни зборови, тие пречесни усни расцутија со премудрост, неговите пречесни прсти поставија духовен органон и го украсија со златозрачни букви, со таа богогласна уста се напоија жедните за божји разум, со неа мнозина се насладија со животворна храна.

Како најчести симболи и метафори во „Похвалата", се јавуваат светлината и сонцето како директно влијание од Библијата која започнува и завршува со објаснувањето за светлината. Симболиката на ѕвездата ја открива божествената сила и љубов (мудреците над Витлеем ги довела ѕвездата, круната на Дева Марија); златото е светлината, но и знак на земно богатство и идолопоклонство; ангелите – божји благовесници, небото – божја севишност; изворот – симбол на мудроста, на вечноста; орелот – симбол на воскресението бидејќи се верувало дека орелот ги обновува своите пердуви и младост, со тоа што лета прво кон сонцето, а потоа кон водата.

Запомни!

Св. Климент и Св. Наум Охридски имаат голема историска заслуга за развојот на словенската писменост и литература. Образовани и способни, словенските учители и просветители неуморно ја ширеле словенската култура и го подучувале неукото население. Св. Климент го формирал првиот словенски универзитет во кој се школувале 3 500 ученици со кој Св. Наум успешно продолжил да ја чува кирилометодиевската традиција.

Св. Климент Охридски е првиот оригинален словенски писател, автор на дела со религиозна содржина, но и со вистински уметнички вредности. Тој има посебно значење во словенската книжевност бидејќи е автор на голем број преводни и оригинални дела. Иако дел од нив спаѓаат во црковната книжевност, некои од нив имаат голема книжевно-историска, а наместа и чиста книжевна вредност. Се смета дека со него започнува книжевната историја на Јужните Словени.

Прашања и задачи:

1. Каква е улогата на Св. Климент Охридски во ширењето на словенската писменост?
2. Како Св. Климент и Св. Наум Охридски ги просветлувале луѓето?
3. Зошто била формирана Охридската книжевна школа?
4. Кои се одликите на Охридската книжевна школа?
5. Од што се состои книжевната дејност на Св. Климент Охридски?
6. Како тематски се дели творештвото на Св. Климент Охридски?
7. Каква е разликата меѓу поучителните и похвалните слова?
8. Како Св. Климент го претставил Св. Кирил Филозоф во „Похвалното слово"?
9. Изработи дневник со двоен запис на фрагменти од „Похвалното слово".
10. Прочитај легенди и преданија поврзани за Св. Климент и Св. Наум Охридски и откриј зошто биле актуелни со векови кај народните маси.
11. Прочитај го делото „Климент Охридски" од Томе Арсовски и пронајди ги биографските елементи за Св. Климент Охридски кои ги користел авторот.

Црноризец Храбар

Обиди се да го протолкуваш поимот **црноризец храбар**!

Црноризец Храбар е анонимен писател во словенската средновековна литература. Славистиката располага со малку податоци за неговиот живот. Некои од нив сметаат дека под псевдонимот Црноризец Храбар се крие името на Св. Климент или Св. Наум Охридски, или, пак, некој нивни ученик кој добро бил запознаен со изворните учења на Св. Кирил и Методиј. Други, пак, сметаат дека Црноризец Храбар е припадник на Преславската школа и кругот на царот Симеон.


Псевдонимот Црноризец Храбар означува „калуѓер храбар". Во науката има претпоставки дека храбар може да биде придавка, но и словенско име кое многу често можело да се сретне во тој период. Се претпоставува дека живеел во 9-10 век. За Црноризец Храбар се знае дека е автор на делото „О писменех" (За буквите). Преку оваа творба тој се претставил како одличен полемичар, како автор на завидни научни познавања и како смел поборник за словенската писменост според изворните идеи на браќата Св. Кирил и Методиј.

„О писменех" е полемика околу словенското азбучно прашање на бугарската држава на цар Симеон, за време на „заменувањето на буквите". Се смета дека трактатот е пишуван пред Преславскиот собор во 893 година, а е читан на јавна трибина за одбрана на глаголицата.

Постојат различни објаснувања и за **местото каде се појавил овој текст**. Едни ги наведуваат границите на византиската империја, Македонија, Албанија или Солун т. е. местата каде нападите против словенското писмо биле најсилни. Приврзаниците на идејата која го поистоветува Црноризец Храбар со Преславската книжевна школа сметаат дека текстот е напишан таму.

Дискутабилно е и **прашањето за писмото** на кое бил напишан овој текст. И покрај поделеноста во науката, сепак голем дел од аргументите наведуваат дека текстот бил напишан на **глаголица** бидејќи во неговата содржина се препознава одбраната на таа азбука.

Текстот „О писменех" (За буквите) фигурира во повеќе словенски преписи, во сите јужнословенски редакции, а најмногу во руската редакција што укажува на широкиот интерес на Словените за овој текст.



„О писменех"

Интерпретација на „О писменех“ (За буквите)

Жанровски „О писменех“ претставува трактат (расправа) во кој Црноризец Храбар со силна и научна аргументација го брани правото на Словените за своја писменост. **Композициски** делото е составено од два дела: **историско-јазичен** и **полемички**.

Историско-јазичната основа на „О писменех“

Првиот дел започнува со историски развој на словенската писменост која минала низ неколку фази; од паганството, кога Словените пишувале со рески и цртки, па сè до појавата на писмеността и создавањето на словенската азбука – глаголицата, а подоцна и на кирилицата.

Во почетокот од трактатот Црноризец Храбар употребил зборови кои ги дал како пример за несоодветноста на латинските и на грчките букви за испишување словенски зборови. Зборовите *бог, живот, многу, црква, човек, широчина, дарежливост, младост, јазик* и *отров* не се случајно дадени примери од старословенскиот јазик туку имаат своја симболика.

Согледај! Ако ги поделиш зборовите во вертикала и во хоризонтала што добиваш?

Така ја претставил човековата егзистенција – *живот*, Бесконечната вертикала меѓу *човекот* долу на земјата и бог горе на небото е дополнета со *широчината* која хоризонтално се надополнува со постоењето на човекот. Оваа заедница е претставена преку христијанството и *црквата* како заедничка врска. *Младоста* е најважниот и најсилниот период од човековиот живот кој треба да биде исполнет со христијанската идеја – *дарежливоста*. *Јазикот* е еден од најважните алки на овој синџир кој се растегнува меѓу неговите поборници и непријатели кај кои е *отровот*.

Полемиките во „О писменех“

Вториот дел има полемичен карактер зашто е предаден во дијалошка форма на прашања и одговори изградени врз антитези. Авторот полемизира со противниците на словенската писменост и култура. Со противаргументи Црноризец Храбар се обидува да докаже дека словенската азбука и писменост не заостануваат зад грчкото и латинското писмо.

Првиот приговор на противниците се однесува на **бројот на буквите, вториот** на мислењето дека христијанската култура може да се изградува исклучиво на еврејски, грчки и латински и **третиот** во кои противниците тврделе дека словенската азбука не била совршена и дека се правеле обиди за нејзино доусовршување. Во сите свои полемики Црноризец Храбар рационално посочува аргументи што се научно образложени, прецизни, вистинити факти и стилизирани противаргументи.

Запомни!

Црноризец Храбар е писател, стилист и полемичар. Тој претставува значајно име во средновековната словенска литература. Неговиот трактат е значајна словенска полемика во која се претставил како смел заштитник на словенската писменост и поборник за еднаквост меѓу луѓето.

Прашања и задачи:

1. Кој се крие зад псевдонимот Црноризец Храбар?
2. Со кого полемизирал Црноризец Храбар?
3. Од колку развојни фази се состоел развојот на словенската писменост?
4. Набројгиаргументитесокоиавторотјабранелазбуката!
5. Посочи ги противаргументите со кои полемизирал Црноризец Храбар.
6. Стави се во улога на Црноризец Храбар и од денешна дистанција изработи трактат.
7. Направи замислено интервју со Црноризец Храбар!

О писменех

Порано Словените немаа книги, но со црти и рески читаа и гатаа, бидејќи беа јазичници. Откако се покрстија беа принудени да ги пишуваат словенските зборови со римски и грчки букви без устроение. Но како може да се пишува добро со грчки букви: **богъ** (бог), или **животъ** (живот), или **зѣло** (многу), или **цр҃ковь** (црква), или **чаѧнїе** (очекување), или **широта** (ширина), или **ѥдь** (отров), или **ждоу** (каде), или **юность** (младост), или **ѧзꙑкъ** (јазик), и други слични на нив. И така беше многу години.

Потоа човекољубецот бог, кој уредува сѐ и кој не го остава човечкиот род без разум, но сите ги доведува кон разум и спасение, се смилува над човечкиот род, му го испрати свети Константин Филозоф, наречен Кирил, праведен и вистинољубив маж и им состави триесет и осум букви: едни по образецот на грчките букви, а други според словенскиот збор. Во почетокот започна по грчки: тие, така, велат алфа, а тој аз. И двете (азбуки) започнуваат со аз. И како што тие ги направија своите букви според еврејските и тој (ги направил) според грчките. Првата буква кај Евреите е алеф, што значи „учење". Кога се води детето на училиште му се вели „учи" – тоа е алеф. Поддржувајќи го тоа и Грците рекоа „алфа". Тој еврејски израз се вклопи во грчкиот јазик што место да му говорат на детето „барај учење", велат „алфа", што на грчки значи „барај". Угледувајќи се на тоа и свети Кирил ја создаде буквата аз. Но, како прва буква аз и дадена од Бога на словенскиот род за отворање на устата на оние кои преку азбуката се вразумуваат, се изговара со широко отворање на устата, а другите букви се изговоруваат и се произнесуваат со мало отворање на устата.

Ете тоа се словенските букви и вака треба да се пишуваат и изговоруваат: а, б, в, г.

Некои велат: „Зошто создал триесет и осум букви, кога може да се пишува и со помалку, како што Грците пишуваат со дваесет и четири?" Но тие не знаат со колку букви пишуваат Грците. Навистина тие имаат дваесет и четири, но не ги исполнуваат со нив книгите, но додале единаесет двогласни и три за броевите: 6, 90, 900. И се собираат триесет и осум. Слично на тоа и на ист начин Кирил создаде триесет и осум букви.

Други пак велат: „Зошто се словенски книги? Нив ниту бог ги создал, ниту ангелите, ниту се првични како еврејските, римските и грчките, кои се уште од почетокот и се примени од бога". А други мислат дека бог ни ги создал буквите. И не знаат што зборуваат окаените – дека бог заповедал на три јазици да се пишуваат книгите, како што пишува во Евангелието. „И имаше натпис напишан на еврејски, римски и елински. А словенскиот јазик го немаше таму, затоа и словенските книги не се од бога." Што да кажеме кон тоа, или што

да им кажеме на таквите безумници? Но, сепак, да им го кажеме она што сме го научиле од светите книги – дека сѐ по ред доаѓа од бога, а не од друг. Бог не го создал еврејскиот јазик понапред, ниту пак римскиот, ниту елинскиот, но сирискиот, на кој зборувал и Адам, и од Адама до потопот и од потопот, кога бог ги разделил јазиците при столопотворението, како што пишува: „размешани беа јазиците". И како што се размешаа јазиците, така и карактерите, и обичаите, и наредбите, и законите, и искуствата според народите: на Египќаните – геодетството; на Персијците, Халдејците и Асирците – астрономијата, гатањето, магионичарството и сите човекови искуства; на Евреите – светите книги, во кои е напишано дека бог ги создал небото и земјата и сѐ што е на неа, и човекот и сѐ по ред, како што пишува; на Грците пак им ги даде: граматиката, реториката и филозофијата.

Но, пред тоа Грците немаат букви на свој јазик, а пишуваа со филикиски букви. И така беше многу години. Потоа, кога дојде Панамид, започна од алфа и вита и им најде 16 букви на Грците. Кон нив додал уште три Кадим Милиски. Со тие 19 букви пишуваа долго време. Потоа Симонид пронајде и додаде две букви, а писателот Епихариј пронашол три букви. И се собраа 24. По многу години Дионисиј Граматик пронашол 6 двогласни, потоа друг 5, и друг 3 за броевите. И така мнозина за многу години одвај собраа 38 букви. Потоа, откако изминаа повеќе години, се најдоа по божја волја 70 мажи кои го преведоа од еврејски на грчки јазик (Светото писмо). А словенските книги самиот свети Константин наречен Кирил, ги правел и буквите ги создаде за малу години, а оние мнозина 7 души, и за многу години ги создадоа нивните букви, а 70 преводот. Затоа словенските букви се посвети и почесни, бидејќи свет маж ги создал, а грчките – елините јазичници.

Ако пак некој рече дека не ги устроил добро, бидејќи и сега се доустројуваат, ќе го додадеме овој одговор: и грчките, исто така, многупати биле поправени од Акила и Симах, а потоа и од многу други. Полесно е нешто да се поправи покасно, отколку да се создаде прв пат.

Ако ги запрашаш грчките книжевници, велејќи: „Кој ви ги создал буквите, или ви ги превел книгите, или во кое време?" ретко од нив тоа го знаат. Но, ако ги запрашаш словенските книжевници велејќи: „Кој ви ја создал азбуката и ви ги превел книгите?"сите знаат и ќе одговорат: „Свети Константин Филозоф, наречен Кирил, тој ни ја создаде азбуката и ни ги преведе книгите и брат му Методиј". И ако запрашаш во кое време, тоа го знаат и ќе речат: за времето на грчкиот цар Михаил и на бугарскиот кнез Борис, и на моравскиот кнез Растица, и на блатенскиот кнез Коцел, во годината 6363 од создавањето на светот.

Има и други одговори кои ќе ги кажеме на друго место, а сега нема време. Така, браќа, бог им дал разум на Словените. Нему слава, чест и власт сега и засекогаш во бескрајните векови. Амин.

Средновековни книжевни школи

Како најстара средновековна книжевна школа на територијата на Македонија се смета Охридската книжевна школа. Таа е формирана во 886 година од Св. Климент Охридски, а од 893 година му се придружил и Св. Наум Охридски. Остатоците од оваа школа не се зачувани, но се лоцираат во охридската месност Имарет. Охридската книжевна школа се засновала врз работата на изворните идеи од Моравската мисија, што, всушност, значело создавање на една препознатлива традиција, чие влијание во јазичниот израз се согледува во македонската писменост во текот на целиот среден век.

Од работата на оваа школа произлегуваат повеќе ракописи кои се историски сведоштва за културата и писменоста на македонскиот народ. Како значајни споменици на писменоста се сметаат најстарите канонски глаголски текстови со библиска содржина, односно евангелијата како што се „Асемановото изборно евангелие" од втората половина на 10 век, потоа „Синајскиот псалтир" и „Синајскиот требник" од 11 век. Од кирилските текстови се споменуваат: „Битолскиот триод", посен триод од 12 век, „Македонското евангелие на поп Јован", „Болоњскиот псалтир" со коментар од почетокот на 13 век.

Скрипторската дејност била раширена и во северна Македонија, особено во 13 и во 14 век. И во повеќето цркви и манастири, под влијание на охридскиот духовен центар, се развила богата книжевна дејност во познатата Кратовско-Лесновска книжевна школа. Во рамките на Кратовската книжевна школа, како книжевни центри се среќаваат македонските манастири Св. Прохор Пчињски, Св. Јоаким Осоговски и Св. Гаврил Лесновски.

Во Кратовско-Лесновскиот книжевен центар се негувале текстолошките, јазичните и правописните карактеристики на една поширока територија и од оваа книжевна школа, произлегле ракописи што со своите карактеристики дале обележје на една цела епоха од историјата на македонскиот јазик.

Ракописите од оваа школа со своите карактеристични обележја претставуваат редакциска врска меѓу старословенските текстови од 12 век и текстовите од подоцнежниот црковнословенски период. Од богатата книжевна дејност од Кратово и Кратовско се споменуваат: „Хлудовиот триод", посен и цветен триод од крајот на 13 век, „Струмичкиот апостол", краток изборен апостол од втората половина на 13 век, „Радомировото евангелие", полн апракос од втората половина на 13 век и други.

Појавата на средновековните книжевни центри има мошне значајна улога во градењето на континуитетот на македонската традиција, книжевноста, јазикот. Голем дел од ракописите се монографски обработени од истакнати македонисти и странски слависти, притоа потенцирајќи го значењето на јазичните карактеристики препознатливи за охридската и за кратовско-лесновската книжевна традиција.



„Лесновски паренезис"

Средновековни книжевни жанрови

Воспоставување на средновековниот книжевен жанровски систем

Во средновековната литература се интегрира богат систем од жанрови и родови. Нивните творечко-структурни и тематско-изразни форми произлегуваат од основите на христијанските идеолошки сознанија, а главно се стандардизирале во византиската литература. Заради директните влијанија на јужнословенските средини (а потоа и на македонската) од феноменот на византиската духовна и културна традиција, скоро сите книжевни жанрови биле преземени од византиската литература преку директните преводи или, преку творечкото структурно усогласување со нив при пишувањето на т.н. оригинални словенски творби.

Основната структура на средновековниот жанровски систем се градела според текстуалниот и стилско-изразниот концепт на библиските текстови, а еден дел од нив е окарактеризиран и строго како библиски жанрови (старозаветни библиски текстови: псалтир, палеата, паримејник; новозаветни: евангелието, апостолот и откровението на Јован Богослов). За потребите на богослужбената практика се преведувале и се препишувале т.н. литургиски текстови, кои ги интегрираат најтесните врски меѓу црквата и книжевноста, религијата и естетиката. Во овој жанровски систем спаѓаат литургиските зборници со химнографски творби пишувани од византиските писатели и дел од словенските автори: триодот, минејот, октоихот, каноникот, службеникот, часословот, требникот и други.

Во средновековниот жанровски систем постојат и жанрови што третираат структури и содржини надвор од богослужбените потреби. Овие текстови издвоени надвор од библиските и од литургиските содржински ангажмани изложуваат богословско-проповедна и поучна цел за манифестирање на христијанската идеологија, но истовремено ги доразвиваат уште етичките, филозофските и естетските книжевно-творечки доживувања. Во нив се препознава и суштината на надрелигиозните обрасци во литературното творештво од средновековниот период. Станува збор за патерично-хагиографските текстови: патерикот и прологот, за панегирично-проповедните текстови: панегирикот и хомилијарот, за патристичките текстови со разновидни дела од црковни писатели, за текстовите со правно-канонска содржина, историско-летописните текстови, средновековната белетристика: расказот, повеста и романот, како и неканонските (апокрифни) текстови.

Дел од воспоставените книжевни жанрови во средновековната литература имаат третман на оригинални словенски творби, но треба условно да се прифаќа ваквата терминолошка определба. Во нив отсуствува прецизна творечка самостојност на содржински и на структурен план, зашто до израз доаѓа поддржувањето на основните поставености од византиското книжевно искуство. Дури и средновековните книжевни преводи се разликуваат од современите, зашто преводната акција се сведувала само во границите на јазичната различност и имала за цел да се пренесе ретроспективата на христијанската идеологија до степен на филозофско и книжевно восприемање на животот.

Хагиографија – житие

Еден од најзастапените жанрови во средновековната словенска книжевност се хагиографиите кои се појавиле со појавата на христијанството и биле актуелни сè до крајот на средниот век.

Терминот потекнува од грчкиот јазик и означува „свет опис". Житието е уште познато како биографија на видни христијански дејци кои црквата ги прогласила за светци. Првите словенски житијни творби се поврзани за Св. Кирил и Методиј и нивните ученици Св. Климент и Св. Наум Охридски.

Композициски, житијата се пишувале по една установена шема. Се состоеле од три дела: кус воведен дел, основен и завршен дел на житието.

Во **воведниот дел** се истакнувала ползата од познавањето на животот на светецот и потребата за негово почитување. Тука се „прославувал" достојниот живот на светецот.

Главниот дел имал биографски карактер. Во него се изнесувале податоци за родителите на светецот, за родното место, за неговата преданост кон Бога, за неговото учење и неговите подвизи.

Житието **завршувало** со маченичката смрт на светецот, чудата што се јавувале по неговата смрт и судбината на неговите мошти.

Житијата глобално се делат на: **општохристијански** – во кои се зборува за светци познати во христијанската религија (Св. Павле Кесариски, Св. Марија Египетска, Св. Петар и др.) и **локални** – во кои се опишува животот на локални светители (аскетскиот живот на Св. Гаврил Лесновски, Св. Прохор Пчињски, Св. Јоаким Осоговски, Св. Ѓорѓи Кратовски, Св. Злата Мегленска и др.) кои биле измачувани и умреле во одбрана на христијанството.

Житијата се делат на: **кратки** (пролошки) житија и **опширни** (пространи) житија. Во кратките житија, животот на светците е претставен во збиена форма, без подробности и небитни епизоди од нивниот живот. Тие се подредени по календарски ред и се наоѓаат во служба предвидена за соодветен ден.

Во опширните житија се даваат повеќе биографски податоци за светецот во кои се изнесуваат разновидни епизоди од неговиот живот кои би требало да предизвикаат интерес кај средновековниот читател.

Кратко Гаврилово житие од 1330 г., 15 јануари, во тој ден спомен на преподобниот отец наш пустиножител Гаврил Лесновски.

Тој преподобен отец наш Гаврил беше син на благородни и богати родители. Беше даден да учи книги и, со Божја волја, беше ревносен. Кога дојде време, го свршија за невеста од добар род. Но тој не се допре до неа и, откако зеде многу богатство, отиде во манастир и стана монах. Со претскажување на великиот архистратиг Михаил, отиде во Лесновската гора и сосида храм во име на светиот Архистратиг и назначи игумен и собра монаси. Тука го остави и сиот свој имот, па отиде во гората и молчеше во бдеење, молитви, минувајќи ден и ноќ без сон и, откако претрпе многу маки од бесовите, помина 30 години. Кога дојде во манастирот, се успокои и неговото тело помина во земјата други 30 години. Потоа се јави на некој Русин во градот Средец, кој дојде и го извади, му направи ковчег и тука ги положи неговите мошти. Направи многу чудеса: слепи прогледуваа, куци проодуваа, поразените од нечисти духови – сите добиваа исцеление со допирот на светите мошти. По многу време, неговите мошти беа пренесени во бугарскиот град Трново и беа положени во трпезата на Светите апостоли каде што лежат и до сега, давајќи исцеленија и до овој ден.

Апокрифи

Апокрифната книжевност потекнува од старата еврејска литература која преку земјите на Средниот Исток и Византија се појавила на овие простори во периодот на зацврстувањето на црквата и христијанската религија. Терминот „апокриф" доаѓа од грчкиот збор што означува таен, скриен, обвиткан. **Апокрифите се книжевни состави со библиска тема кои црквата ги забранила и ги отфрлила бидејќи биле во спротивност со традицијата на библиските канони.** Тие претставувале одраз и огледало на социјалните, политичките, верските, материјалните и духовните состојби во средниот век, преку кои доаѓале до израз и најсмелите и најреволуционерните идеи. Апокрифите биле застапени во сите словенски култури.

Содржински, апокрифите претставуваат различни варијанти на основните библиски и христијански теми и мотиви. Се делат на: **старозаветни** и **новозаветни.**

Старозаветните апокрифи тематски можат да се поделат на: апокрифи за создавањето на светот, апокрифи за библиските патријарси и цареви и старозаветни апокалиптички апокрифи. Овие апокрифи најчесто обработуваат библиски епизоди врзани за Аврам (Сара и Исак), пророкот Исаија, Енох, Адам и Ева, Прекрасниот Јосиф, царот Давид, Самсон, пророкот Илија.

Новозаветните апокрифи се класифицираат во: Апокрифни евангелија и евангелиски раскази, Апокрифни апостолски дела и посланија и Новозаветни апокалиптични апокрифи. Во нив се обработуваат теми од Новиот завет, а најчести ликови се ликовите на Богородица, Исус и апостолите.

За Тиверијадското Море

1. Кога немаше небо, ниту земја, имаше само едно Тиверијадско Море, и тоа немаше брегови. Слезе Господ по воздухот до Тиверијадското Море и виде патека како плови. Таа патека беше Сатанаил, заокружен со морска песна. И му рече Господ на Сатанаил, како да не го знае: „Кој си ти?" Сатанаил рече: „Јас сум Бог". „А мене како ќе ме наречеш?" И Сатанаил одговори: „Ти си Бог над боговите и господар над господарите". Ако Сатанаил не би му ги кажал овие зборови на Господа, тој веднаш би го исфрлил од Тиверијадското Море. Господ рече: „Сатанаиле, гнурни во морето и донеси ми земја и кремен!" Сатанаил го послуша Господа, гнурна во морето и изнесе земја и кремен. Господ зеде земја и песок, ги расеа во Тиверијадското Море, и рече: „Да се создаде врз морето земја, дебела и широка!" И го зеде Господ од Сатанаил кременот, го скрши на два дела, дел од десната рака го остави за себе, а тој од левата му го даде на Сатанаил. Потоа Господ ја зеде патерицата, започна да удира по кременот, и рече: „Да излезат од овој кремен ангели и архангели, според мојот лик и лика, и да бидат бестелесни!" И започнаа да излегуваат од кременот огнени сили. Така Господ ги направи ангелите и архангелите, и сите девет чина. Сатанаил виде како постапи Господ и почна да удира по каменот, што му го даде Господ од левата рака. И започнаа да летаат од Сатанаил неговите Сатанаилови ангели, се создаде голема војска. Господ го направи Сатанаил началник на сите ангелски степени, а самиот дојде во деветтиот чин.
2. Сатанаил виде дека произлегоа од Бога и дека е славен од сите ангели, и науми да му стане рамен на Бога. Тој помисли во својата гордост: „Ќе поставам престол на облаците и ќе

му бидам сличен на Вишниот". А Господ знаејќи ја неговата итра мисла, посака да го фрли на земјата со сето негово итро воинство. И го испрати Господ Михаила кај Сатанаила. Михаил отиде, но бил опламенет од Сатанаил и се вратил кај Господа: „Го направив тоа што ми нареди, но оганот од Сатанаил ме изгоре". Господ го потстрижи Михаила во монах и му го даде името Михаил, а Сатанаил го нарече Сатана. Господ го испрати својот ангел и му нареди на Михаил да го удри Сатанаил со скиптарот и да го фрли на земјата со сето итро воинство. Господ го зеде од Сатанаил „ил" и му ги даде на Михаил, со тоа Михаил бил наречен архангел, а Сатанаил – Сатана. Господ го испрати Михаила кај Сатаната, и уште Сатаната не го пушти Михаила до својот престол, а беше поразен. Архангелот Михаил дојде, го удри со скиптарот Сатаната и го фрли на земјата со сето воинство. И паѓаа три дена и три ноќи како капки дождовни. На третиот ден беше свикан ангелски собор и Господ го постави архангелот Михаил за началник на сите ангелски сили. И проговорија ангелите и му раскажаа на Бога каде и кого огнот го пресретнал, едни на планините, други во стрмнините, трети летаа во воздухот, а други со рацете и нозете пливаа во калишта. Кој каде застана, таму до ден-денешен останува.

3. Потоа го создаде Господ рајот на исток и помисли да го создаде првиот човек Адам. Тој му го создаде телото од седум делови: од земјата – телото, од каменот – коските, од морето – крвта, од сонцето – очите, од облакот – мислата, од ветерот – дишењето, од огнот – топлината. Потоа Господ отиде на небото кај својот татко, за да му ја земе душата на Адама. Сатаната, не знаеше што да му направи, го издупчи телото на Адам со прстите. И дојде Бог при својата творба, го зеде телото Адамово и го виде целото издупчено. И рече Господ: „О, ѓаволу, како се осмели тоа да го направиш во моето дело?" Ѓаволот одговори: „Господи, ако некој човек нешто го заболи, тебе ќе те споменува". А Господ ги затна внатре раните на Адам и оттогаш започнаа болестите. Сатанаил направи така, што ако некој се разболи, да викне: „Ох, ох, Господи помилувај!". Господ го оживеа Адама и му даде да владее во рајот над сите птици, ѕверови и домашни животни. Но, Господ виде дека на Адама не му беше добро да живее сам во рајот, и посака да му создаде сопруга. И го запраша Господ Адама: „Адаме, што виде на сон?" Адам рече: „Го видов апостолот Петар, распнат во Рим, со главата надолу, апостолот Павле во Дамаск, Јован во Едеса, а тебе Господи во Ерусалим, распнат на крстот на Голготата и прободен со копје во реброто".

   И посади Адам три дрвја: едното дрво – негов дел, второто дрво – Евиниот дел, а во средината дрвото на Господа. Господ му дозволи на Адам да јаде од сите дрвја, само од едно не му дозволи да јаде. Му порача: „Адаме, ако пробаш од тоа дрво, ќе умреш".

Средновековна белетристика

Средновековната книжевност е создадена во духот на актуелните општествени сознанија, со доминантен акцент на црковната христијанска идеологија. И покрај напливот на христијански, теолошки и библиски содржини, интересот на средновековниот човек бил свртен кон новите светови и аспекти на расудување. Средновековните романи и раскази претставувале омилени жанрови за читателската публика.

Средновековните раскази и романи биле преводи или преработки на најпознати светски дела. Тие претставувале содржинско богатство бидејќи во нив навлегле светови и личности од најдалечната митологија, од антиката, од историјата. Иако поголемиот дел од оригиналните

дела биле напишани во стихови, кај нас биле преведувани и преработувани во проза, на народен словенски јазик со глаголско и кирилско писмо. Првите оригинални раскази настанале во периодот од 9 до 12 век. Средновековните раскази и романи излегуваат надвор од рамките на црковната христијанска религија и внесуваат нови теми и содржини од световен карактер со феудални специфики и белези на рицарски морал.

Средновековните раскази се покуси прозни форми кои изобилуваат со галерија интересни ликови, царици, цареви, но и обични луѓе од народот. Најпознати раскази во средновековната книжевност се: „Премудри Акир", „Теофана Крчмарката", „Маките на блаженият Грозие", „Слово за стариот Александар", „Велизириј", „Девојка без раце", „Дванаесет сонови на царот Шакиш", „Премудриот Соломон и неговата жена" и други.

Теофана Крчмарката

Расказот „Теофана Крчмарката" има историско-легендарни мотиви. Во него се изнесува заверата на Јован Цимискиј и царицата Теофана против Никифор Фока, византиски цар од 10 век. Царот Фока одлучил да се ожени со онаа девојка на која ќе ѝ биде точен еден мал чевел. Теофана, ќерката на крчмарот, била предодредена да стане царева жена, но и заговорник во убиството на царот. Заговорот го постигнала преку благородникот Цимискиј, но казната брзо ја стигнала, па од народот била осудена на смрт. Според историјата, царицата Теофана не била казнета на начинот од расказот, туку завршила во манстир. Промените се за извлекување на што подобри поуки за средновековните владетели да се женат само со рамни на себе.

Средновековните романи се најобемните белетристички текстови во средновековната книжевност. Нивната тема е современа и излегува надвор од богослужбената тематика, а се врзувале за животните сфаќања според феудалниот систем. Содржината на романот изобилува со богата композициска структура во која биле изложени новите видувања на световниот живот. Историско-легендарните содржини во средновековните романи изобилуваат со фантастични и романтичарско-витешки елементи, но не изостануваат и поучително-проповедните тенденции. Познати дела во средновековната книжевност биле: „Александар Македонски", „Троја", „Тристан и Изолда" и други.

Романот „Александар Македонски" потекнува од периодот на 2 и 3 век, напишан од Псевдо-Калистен од Александрија. Во средниот век се шири низ Блискиот Исток и доаѓа на Балканот како омилена литература за феудалните дворци. Во 14 век се шири меѓу народот и станува фолклорен мотив во народните песни и легенди. Романот претставува историско-легендарен раскажувачки текст за животот и воинствените подвизи на еден од најголемите светски освојувачи, Александар Македонски. Првата словенска редакција настанала во 10 и 11 век. Кон крајот на 14 век настанала и третата словенска редакција позната како „Александрида".

Запомни!

Средновековната литература се стандардизирала по урнекот на византиската литература. Според тематската застапеност, таа се дели на: канонски и неканонски жанрови, како и средновековна белетристика.

Царицата Теофана

Беше цар Фока и имаше осум браќа, сите храбри; кога ќе чуеја за војна не ја собираа својата војска, туку секој од браќата сам одеше и ги разбиваа војските на другите цареви и ја обиколуваа сета земја за да не стане некој на нив, со итрина или со злоба. И така мируваше сета земја за време на царот Фока и немаше во неговото царство ни савест ни прахтор, ни царска војска, туку земјата живееше мирно.

Им се собраа бољари и кнезови и велможи, епископи и патријарси, направија совет и рекоа: „Овие цареви се свети, не сакаат да земат жени секогаш да ни бидат цареви од тоа семе, светот секогаш да почива мирно. Тие ќе го минат својот живот и пак ќе дојдат цареви како порано, и ќе стане насилство над светот. Туку, да се собереме браќа, да одиме кај цар, да му се помолиме да си земе жена и да створи род и ќе биде благочестиво царството за навек".

И се собра целата земја и дојдоа кај царот и му рекоа: „Помилуј, господаре царе. Една молба имаме до тебе. Исполни ја!"

А кога виде царот како го молат, со радост рече: „Тако ми творецот на царјето и на сета вселена, ќе ја исполнам молбата ваша". А тие рекоа: „Господине, земи си жена и створи си чеда, синови и ќерки, да биде сега и секогаш царството твое".

Кога ја чу царот нивната молба, се уплаши од проклетство. И направи чевли мали и рече: „Земете ги чевливе, и на таа на која ќе ѝ се фатат на нозете, таа ќе ми биде царица".

Ги зедоа чевлите и ги минаа сите села и градови и никаде не се погодија. Кога дојдоа во Никомидија, ја најдоа ќерката на една крчмарка, чие име беше Теофана. И нејзе ѝ се фатија чевлите.

И се збраа кнезовите и патријарсите и цел народ и со голема радост ја доведоа Теофана при царот. Царот се венча со неа заради светот, но не ѝ се доближи. Царот имаше навик во својата палата да чита псалтир. Кога сакаше да се почине, во својата палата имаше камења, остри како ножеви и на нив починаше, а царската постела стоеше само заради светот.

И порасна Теофана, и стана голема убавица. И еден ден му рече на царот: „Господине, твоите јаболки стасаа, а твојата цреша узреа. Време е да ги береш!" А царот рече: „Молчи, Теофано, молчи! Почекај малку дури да појдам во Ерусалим, да се помолам за себе и за тебе. И кога ќе се вратам, себе ќе се направам игумен, а тебе игуменица, и ќе ги исповедам најпрво нашите гревови. И така ќе биде со нас".

Од тој час проклетата Теофана смисли зла мисла во своето срце и побара за себе маж. Кај царот живееше во голема милост еден велможа по име Цимискиј. Му дојде Теофана и му рече: „Биди со мене". А тој се иставаше и говореше: „Нема тоа да му го направам на својот господар". А таа му се умилкуваше, го соблазнуваше и му доаѓаше во неговата постела. И така легна со неа. Тогаш Цимискиј се штрекна како од сон, заплака и рече: „О тешко мене! Каде сега со себе и со Теофана?" Теофана рече: „Молчи, молчи, Цимискиј, јас ќе те одведам и ти ќе го погубиш царот, и ти ќе бидеш цар".

И го доведе при царот во палатата, каде што царот го читаше псалтирот. И му се приближи одзади, го зеде мечот царев кој се прелеваше како вода. И му го даде на Цимискиј и му рече: „Удри, не плаши се!" И одзади го удри и го пресече надве. А царот, така расечен, го фрли псалтирот и го удри по глава. И така двајцата умреа.

Имаше голема бездна во палатата на царот и таа со други две девици ја отвори бездната и го фрли царот, а Цимискија го сокри на друго место. И ја покри бездната со килим. И ги викаше браќата на царот, еден по еден, зборувајќи им: „Дојди, царот те вика!" А, тие мислејќи дека стигнала некоја вест, доаѓаа. Таа ги пресретнуваше со свеќи и ги дочекуваше со бакнежи и ги доведуваше до бездната. А, тие мислејќи дека е послано, стапнуваа и паѓаа во јамата. И така до зората сите ги погуби. И си најде за себе друг маж.

Утредента прати по сиот град и се собраа мало и големо, велможи и епископи. И им рече: „Послушајте, мали и големи бољари. Вашиот господин цар, а мој маж со браќата отиде во Ерусалим, а овој човек го постави на престолот, да ви биде цар, а мене маж". Сите бољари со плачење и со големо липање тргнаа по море и по суво да го вратат. Отидоа дури до Ерусалим, не го најдоа и се вратија. „Кажи ни царице, што стори со нашиот цар и со браќата негови?"

И излегуваше благоухание од телата нивни и го покриваше сиот град. И се чудеа луѓето од каде излегува тоа благоухание. Едната од девиците кажа. И дојдоа и ја отворија бездната и ги видоа светите телеса. Сакаа да ги извадат светите телеса, но тие не излегуваа.

А на проклетата Теофана цревата ѝ ги растурија по градот, а на Господа наш слава во веки и амин!

Македонска народна литература

Не постои цивилизација на нашата планета која своето постоење не го потпира на творбите на народното творештво кои се создавани од анонимен народен творец. Творбите на народната литература датираат од времето на родовските заедници и тие се пренесуваат од генерација на генерација. И песните и приказните на почеток биле создавани од подаровит човек, а во процесот на пренесување се менувале, дотерувале и усовршувале и на тој начин станале колективна народна творба. Најпрвин се создале песните, па потоа и приказните, преданијата, легендите, пословиците, гатанките...

Усното пренесување на народното творештво значи создавање врска за непосредна комуникација меѓу народниот творец и публиката која слуша, а таа со своите невербални реакции активно учествува во креирање и обликување на народната творба. Групата слушатели наликува на театарска публика која се става во улога на восприемач на творбата. Во процесот на слушање публиката ја прима народната творба, ја меморира и истовремено ја пресоздава кога ја пренесува. Така, човекот, од слушател, почнува да прераснува во пресоздател и пренесувач на народните творби. Следствено на ова, ниту една творба создадена од народниот творец никогаш не останува иста, верна на оригиналот.

Историјата не познава примери на народи кои својот опстанок не го темелат на усно пренесените норми, закони и канони, па оттука и на народните творби и благодарејќи на тоа, тие успеале да го зачуваат сопствениот идентитет и посебност. Токму преку традицијата и фолклорот и македонскиот народ се осознавал низ вековите, растел во сопствените, но и во очите на другите народи и станувал свесен дека е жител на светот, дека има своја историја, традиција и култура.

Народното творештво кај Јужните Словени

Се смета дека првото сведоштво за постоењето на народно творештво кај Јужните Словени, во кое спаѓа и творештвото на Македонците, е записот од 7 век на византискиот писател Теофилакт Симокат. Овој запис за постоење на народната поезија го објавил Ватрослав Јагиќ, кој смета дека китарите се, всушност, јужнословенските гусли во чија придружба се слушале народните песни.

Во „Поучителното евангелие на Константин Филозоф" од 9 век се споменуваат бесовските песни како народни творби. Податоци за постоењето на народната поезија во 10 век се наоѓаат и во црковните записи. Презвитер Козма во „Беседата против Богомилите", жестоко ги осудува оние христијани коишто не се откажале од паганските обреди и обичаи и создаваат творби кои отстапуваат од христијанското учење. Ширењето на усната народна литература не можело да се сопре меѓу луѓето кои преку народните творби ги искажувале своите чувства и мисли. Согледувајќи го тоа, црквата во народните творби сè повеќе внесувала религиозни елементи со што го придобивала обичниот човек и го ширела христијанското учење. Тие творби се зачетокот на создавање на обредните, религиозните, трудовите песни.

Општествениот развој на Јужните Словени значел и развој на народната литература кај сите народи. Периодот меѓу 17 и 18 век е време кога се создаваат творби кои го отсликуваат

времето на ајдутските движења, на војводите. Народните творби од овој период се зачеток на ајдутските, комитските, јуначките песни.

Деветнаесеттиот век според историските податоци се смета за најзначаен период за народната литература на Јужните Словени, па оттука и на македонскиот народ. Во овој век се јавуваат собирачите на народните творби, се објавуваат зборници во кои со собрани народни умотворби. Оттогаш, па сè до денес, не може да се запре создавањето на народната творба.

Одлики на македонската народна литература

Усното творештво во постоењето на македонскиот народ има длабоки корени кои се вткаени во бројните дела кои се дел од македонската народна литература. Народниот творец ја користел својата богата фантазија да создава песни, приказни, легенди со цел истовремено да го појасни и да го олесни животот. Пренесувањето на народната мисла од генерација на генерација е основа на македонскиот фолклор кој во длабоката сушност на своето значење ги опфаќа сите аспекти на културното и цивилизациско движење на човекот низ времето. Фолклорот, односно народната литература, има значајна улога во зачувувањето на самобитноста на македонскиот народ.

Собирачката дејност на народни умотворби во Македонија

За богатото народно творештво во Македонија се дознава од значајните собирачи на умотворбите во 19 век и објавените зборници. Како најзначаен таков документ е Зборникот на браќата Миладиновци објавен 1861 година во Загреб. Овој зборник претставува прв научен труд за македонската народна песна. Во Предговорот Миладинов ќе запише: „Народните песни се показалька на степенот од умственото развитие од народот и огледало на неговиот живот. Народот в песни изливат чувствата си, в них увековечвит животот му и давнешните му подвиги, в них находвит душевна храна и развлечение; затова в жаљба и в радост, на свадба и хоро, на жетва и грозјебрање, на везање и предење, по поле и по гори, штедро изливат песните како од богат извор; затова можит да се речит, че народот је секогашен и велик певец".

Објавувањето на овој Зборник има специфична историја во која се вели дека собраните умотворби Димитар ги испраќал во Москва кај Константин, кој умотворбите ги редактирал и ги подготвувал да бидат објавени во Москва. Но, незаинтересираноста на руската јавност за ова дело го принудува Константин да ја напушти Русија. На пат за Македонија тој престојува во Загреб каде се среќава со хрватскиот бискуп Јосип Јурај Штросмаер од кого добива стручна и материјална помош за составување и објавување на Зборникот.

Собирачката дејност на браќата Миладиновци била поттик за повеќе културни дејци кои го продолжуваат собирањето на народните умотворби. Се појавуваат големите собирачи како што се Марко Цепенков, Кузман Шапкарев кои ќе остават специфични траги во собирачката дејност со нивните оригинални интервенции во народните умотворби. Од сите собирачи на македонското народно творештво, Марко Цепенков има временски најдолга запишувачка практика – повеќе од 40 години собирал народни умотворби.

Македонска народна поезија

Во македонската наука за народната литература постојат неколку обиди за класификација на народната поезија. Првите обиди за класификација на песните се среќаваат во Зборникот на браќата Миладиновци и песните се поделени на: самовилски, други стари, црковни, јуначки, овчарски, ајдутски, жалбовни, смешни, љубовни, свадбени, лазарски и жетварски. Стефан Верковиќ во својот Зборник објавен во Белград 1860 година лирските песни ги подредил како жетварски (аргатски), свадбени, лазарски и ороводни. И Кузман Шапкарев во својот Зборник ги поделил песните на четири групи и тоа на дел I и II на: самовилски, религиозни, обредни, во дел III – политички песни и во дел IV – песни од општествениот, семејниот и приватниот живот.

Лирски народни песни	
Основни видови	Подвидови на лирски песни
Митолошки народни песни	
Религиозно-легендарни песни	
Обредни народни песни	Календарски (празнични) народни песни: Коледни, Василичарски, Водичарски, Лазарски, Велигденски, Ѓурѓовденски, Додолски
	Рожбени песни
	Свадбени народни песни
	Тажачки народни песни
Трудови, семејни, хумористични песни	
Љубовни народни песни	
Борбени народни песни	
Епски народни песни	Лирско-епски поетски форми
Јуначки народни песни	Балада
Ајдутски народни песни	Романса
Комитски (револуционерни) народни песни	
Песни за Народноослободителната борба	

Во современата македонска фолклористика најприфатена е поделбата на лирски народни песни во кои спаѓаат: митолошките, религиозните, обредните, трудовите, семејните, хумористичните, љубовните и борбените народни песни.

Обредните народни песни се најстарите видови лирски песни кои водат потекло од времето на паганството. Во оваа група песни се опеј уваат народните обичаи и обреди кои

се поврзани со најважните христијански празници: Коледе, Божиќ, Водици, Ѓурѓовден, Велигден, Спасовден и др.

Во митолошките народни песни е присутен изразот на народната фантазија и примитивните верувања и претставите на нашите предци.

Трудовите и семејните народни песни ги опејуваат народниот живот и основните дејности на човекот, најчесто кога луѓето ја обработуваат земјата. Препознатливи трудови песни се аргатските и жетварските народни песни.

Со развојот на општествените збиднувања во Македонија и со создавањето на граѓанската класа се создаваат и народни песни кои го отсликуваат тоа време. Постојат бројни народни песни поврзани со мајстори, занаетчии, калфи и мотиви кои говорат за градскиот живот. Една од најпознатите „граѓански" песни во која се поврзани социјални и љубовни мотиви е народната песна „На Струга дуќан да имам".

На Струга дуќан да имам

Што ми е мило ем драго,
на Струга дуќан да имам.
Оф леле, леле либе ле
срцево ми го џанам изгоре.

Во Струга дуќан да имам,
на кепенците да седам.
Оф леле, леле либе ле
срцево ми го џанам изгоре.

На кепенците да седам,
струшките моми да гледам.
Оф леле, леле либе ле
срцево ми го џанам изгоре.

Кога ми одат на вода,
со тие стомни шарени.
Оф леле, леле либе ле
срцево ми го џанам изгоре.

Со наланите тропаат,
срцево ми го копаат.
Оф леле, леле либе ле
срцево ми го џанам изгоре.

Елено, моме Елено

Елено, моме Елено,
Елено, пиле шарено!
Чула си нешто, разбрала
От' болен лежа, ќе умра
Од тешка болест неверна,
Со два куршуми удрено,
На десно рамо удрено.
И двете беа тељлии,
На тенка срма нижани
На Оризарски чаири,
На бела Ружанска.

(337. Зборник на Миладиновци)

Ќе те питам бабо

– Ќе те питам, бабо, да ми кажеш,
што е Скопје, бабо, умирено,
петли пеат, бабо, пци 'рвјачат,
нема луѓе, бабо, да вреворат;
дали оган Скопје го изгоре,
дали Вардар го однесе?
– Ко ме питаш, дете, ќе ти кажа,
што е Скопје, дете, умирено;
нити огон Скопје го изгоре,
нити Вардар Скопје го однесе,
јас сум, дете, Скопје умирала,
за три дена, дете, за три ноќи.
Ја не сум си, дете, стара баба,
тук сум си, дете, црна чума.

Имам жена работна

Имам жена работна,
Често куќа метеше,
На трети ден, на петти ден,
Наокулу метеше,
Стред куќи го береше,
Него ми го вадеше
Да ми растет печурки,
Да ми месит печурници.
Кога дојде Велигден,
Со глаата в ношвите,
Со носете в пепелта,
Со устата в бочвата.
Кога дојде Велигден,
Ми немаше кошуља.
И ја си се зачудив,
Та си појдов планина,
Набрав колје габрои,
Набрав праќе смрекои,
Та је сплетов кошуља,
Ја променав жената,
Ја изваив на оро,
Сит' играе по клекум
А мојата по простум;
Колјето је дупее,
Праќето је плускее,
И краците водени.

Епски народни песни се песни во кои спаѓаат јуначките, ајдутските, комитските, партизанските народни песни. Во епските песни народниот творец ги опејувал поважните историски настани и ликови. Македонската јуначка народна поезија е со доминантен мотив кој ја опишува физичката борба меѓу јунаците или се слика за јунаците кои се прикажуваат како заштитници на населението, најчесто преку борбите и победите над турските јунаци.

Во македонската народна јуначка епика познати се песните за народните јунаци: Марко Крале, Болен Дојчин, Момчило војвода, Секула детенце и др. Како вистински заштитник на народот е јунакот Кузман Капидан, кој му послужил како модел на Григор Прличев за уметничка креација на херојскиот лик на Кузман во поемата „Сердарот". Македонските јуначки песни се создадени со приказ на детални описи, развиено епско дејствие во кое има чести повторувања и дијалози. Појавата на ајдутското движење во 17-18 век е време кога се создадени бројните ајдутски песни. Во нив се опејува народниот револт против поробувачот и социјалната неправда. Најзначајни ликови кои се опејани во песните се: Иљо Малешевски,

Сирма војвода од Тресонче, Мануш војвода, Јане Плетикоса и други. Кон крајот на 19 век народниот пејач ги создава револуционерно-комитските песни во кои се опишува храброста и остроумноста на македонските револуционери. Најпознати се песните за: Гоце Делчев, Питу Гули, Јане Сандански, Александар Турунџев, Даме Груев...

Ѓурѓа самовила и Крал Марко

Кула прави Ѓурѓа самовила,
Кула прави на Косово рамно:
Темељ клава старите дедови,
Ај, дзидишта, ајди, стари баби;
Прозор, врата, ај, дробни дечиња,
Ај, покривач јубави девојки,
Ем девојки, јубави невести;
Ај, потпори све млади јунаци,
Све јунаци по један на мајка,
– Ами један, један кусо дошло!
Ми се чуди Ѓурѓа самовила:
Кај да најди један млади момок,
Млади момок, ај, један на мајка?!
Она с' чуди, она ми се дума;
Го намисли Марковото дете,
Марков' дете од Вароша града,
Да го носи на Косово рамно,
Да го клаве потпор на кулата,
На кулата кај јуначки табур.
Што ми летна Ѓурѓа самовила,
Што ми летна, летна ем прелетна
Од Косова дури до Вароша;
Што му дојда, право му кажува,
Му кажува на Крал Марко,
Му кажува што е намислила.
Марко вели, ј' вели ем говори:
„Ман' се, мани, Ѓурѓо самовило,
Да не земам коњче фрљокрило,
Да не с' видиш на Косово рамно!"
Ами шега, шега се не прави,
Не се прави со самовилите:
Кога духна Ѓурѓа самовила,
Кога духна силните ветрове,
Го јодвеја Крале Марко,
Го јодвеја во синьото море!

Една комитска

Се собрале комитите
ќе ги бркаат душманите:
– Кажи, кажи чедо мое мило,
дал' ја сакаш Македонија?

– Ах, живот давам, земја не оставам
да ја гази куче душманско.
Наш'та крв е стара македонска,
Гоце Делчев, Карев, Сандански.

Среде Скопје, град Македонски,
пак се прочу по 100 години –
тука има уште комити,
клетва даваат, срце им гори.

– Ах, живот давам, земја не оставам
да ја гази куче душманско.
Наш'та крв е стара македонска,
Гоце Делчев, Карев, Сандански.

– Ах, живот давам, земја не оставам
да ја гази куче душманско.
Наш'та крв е стара македонска,
Александар Македонски.

А бре Македонче

А бре Македонче, за каде се спремаш?
Борба те чека, борба за слобода.
Борба за слобода, за Македонија,
за Македонија, земја поробена.
Момци наредени, моми накитени,
борба ќе одат, борба за слобода.
Борба за слобода, за Македонија,
за Македонија, земја поробена.
Нека разберат клетите фашисти,
македонско име нема да загине!

Во **лирско-епски поетски форми** спаѓаат баладите и романсите. **Баладите** се творби кои се појавиле во средновековниот период. Народните творци во баладите најчесто го опишувале судирот меѓу доброто и злото, љубовта и омразата. Во баладите се испреплетени натприродни и реални елементи и најчесто имаат трагичен крај.

Од македонските народни балади најпозната е „Стојан и Бојана", „Убава Јана", „Брат и сестра" и други.

Романсите се народни творби во кои има нагласени емоции што го означуваат лирскиот елемент, искажан со повторувања и нарација кои ѝ ги даваат епските белези на творбата. Најчестиот мотив е љубовта меѓу двајца млади кои, поминувајќи низ перипетии и заплети, на крајот, ја остваруваат својата љубов.

Од македонските народни романси најпозната е „Стојан и Лилјана", која е позната и под името „Учи ме мајко, карај ме".

Облагала се девојка

Облагала се девојка,
сос славеј пиле да пое,
да пое да се натповја:
ако натпое девојка,
да му отсече крилјата,
крилјата до рамењата;
и да му отсече нозете,
нозете до колената;
ако натпое пилето,
да ѝ пресече рацете,
рацете до рамењата;
да ѝ изврти очите,

Девојче тенко високо

Девојче тенко високо,
не минувај ми през двори,
моите двори друм не са,
бели сарае пушчини;
не задавај ми јадове,
та малко ли са моите,
дека да тура твоите?
– Тури 'и лудо, тури 'и,
тури 'и в десни пазуви,
та иди на нови пазар,
та купи севгар волове,
и купи рало позлатно,

очите од руса глава.
Па станаа, та ојдоа,
ојдоа в гора зелена,
најдоа дрво високо,
појаа три дни, три ноштu.
Еле је пусто пиленце,
оно је водно ѓаволче:
појаски предремало,
натпојало ја девојќа.
Зема раце да ѝ сече,
девојќа му се молеше:
– Пиленце, мило славејче,
една ми рака отсечи,
една ми рака остави,
грозна је мома без раце;
едно ми око изврти,
едно ми око остави,
грозна је мома без очи;
една плетенка отсечи,
една плетенка остави,
грозна је мома без коса.
– Девојќо, мори, девојќо,
зошто се тизе облагаш,
сос славеј пиле да поеш?
Не оставам ти рацете,
ни ти оставам очите,
ни ти оставам руса коса,
оти сам те натпојало,
оти смо облог чинили.
Па ѝ пресече рацете,
рацете до рамењата,
нозете до колената,
косата до руса глава;
изврте ѝ очите,
очите од руса глава.

изори рани дворове,
та насеј, лудо, јадове,
па гледај шо ќе ти никне:
ако ти никне страторо,
фното ќе страдаш за мене;
ако ти никне невено,
фното ќе вејнеш за мене;
ако ти никне босиљок,
гол, бос ќе одиш за мене;
ако ти никне ружено,
ќе ружаш коња за мене;
ако ти никне здравецо,
со здраве че се земеме!

Питал је Стојан Бојана

Питал је Стојан Бојана,
питал је за три години,
мајка је не ја даваше,
Бојана ми го сакаше.
Ми стана бела Бојана,
ми влезе в земни керали,
откључи ковчек шарени,
бело си руво изваде,
и лепо ми се промена;
Си посла рамни дворои,
си посла мека постеља,
легна Бојана да спиет,
от нахол ми је умрела.
И је догледа мајка је,
расплети коса нат неа,
Викна со т'ги по неа:
„Бог да те прости Бојана!"
Браке је лепо говорет:
„Мајка ле, мила мајко ле!
Да појме в гора зелена,
да зејме змиа љутица,
да је кладиме в пазуа;
Дан је от нафол умрена".
Појдое в гора зелена,
најдое змиа лутица,
и је кладое в пазуа;
Бар не Бојана мрднала.
Пак је говорет браке је:
„Мајка ле, мила мајко ле!
Да зејме живи јаглења,
да је клаиме в пазуа,
ак је от нафол умрена,
Бојана ке се разбудит".
Зедое живи јаглења,
и је кладое в пазуа;
Бар не Бојана мрднала.
Пак си говорат браке је:
„Мајка ле, мила мајко ле!
Да го викниме Стојана,
Ак је от нафол умрена,
Бојана ке се разбудит".
И го викнее Стојана,
Стојан је сегна в пазуа,
колку је сегна в пазуа,
Бојана ми се разбуди.
Бојана лепо гоорит:
„Мајко ле, мила мајко ле!
Што беф си лепо заспала".
„Керко ле, мила Бојано!
Кога ти змиа кладофме,
как не те тебе изеде?
Кога ти оган кладофме,
как не ми те изгоре?"
„Мајко ле, мила мајко ле!
Кога ми змиа кладофте,
как да ме роса оброси;
Кога ми огон кладофте,
как да ме с'нце угреа."
„Бојано керко рогено!
Кога ти сегна в пазуа,
како не ми се уплаши?"
„Мајко ле, мила мајко ле!
Зашто ми сегна в пазуа,
со него да се кердоса."

Славеј песна запејало

Славеј песна запејало, песна пее, нарачува:
– Ја, бегајте стари, млади, Турци земја ќе попленат.
Што е старо – ќе загубат, што е младо – ќе потурчат,
мали деца ќе одведат в' турска земја да ги турчат.

Уште славеј не допеја, пристигнале јаничари,
наша земја попленија, старците ги загубија.
Младите ги потурчија, децата ги одведоја,
ми зедоја два близнака, брат и сестра, Јане и Јанка.

Јанета го одведоја кај што сонце ми огрева,
Јанка ми ја однесоа кај што сонце ми зајдува.
Нивна мајка солзи рони, солзи рони, коси корне,
си остана да си кука како црна кукавица.
Ми расnaa два близнака, настанаја за женење,
Јане појде да се жени, нигде мома не бендиса,
кај што сонце ми заоѓа, па ја виде лична Јана
Јана грее како сонце.

Јане сестра не си познал, си ја зеде за невеста,
постигнаја машко дете, машко дете, лута змија,
дење-ноќе сѐ да плаче. Проговара лична Јана:
– Ејди Јане, домаќине, иди Јане на нов пазар.

Иди Јане на нов пазар, да си купиш измеќарка,
да го лула машко дете, да го лула, да го бања.
Јане ојде на нов пазар, па си купи измеќарка,
не ми била измеќарка, туку била нивна мајка.

Мајка Јане го познала, па отиде да му лула,
да му лула машко дете, машко дете, нејно внуче.
Па избања машко дете и го лула и си пее:
– Нани, нани, мило внуче, од моите два близнака.
Јана платно ми ткаеше, па заслуша измеќарка
каква песна она пее, па му кажа на Јанета:
– Ејди Јане, домаќине, слушај Јане измеќарка,
каква песна она пее, песна пее, солзи лее.

Кога Јане ми ја дочул, ја распраша стара мајка,
стара мајка му кажала: – Јане сине, Јано ќерко,
јас сум, Јане, ваша мајка! Тогаш ми се прегрнале,
дробни солзи пролеале и среќно си живејале.

Македонска народна проза

Македонската народна проза, како и народната поезија, претставуваат вистинско богатство на нашиот народ. Прозните народни умотворби, без разлика дали станува збор за усно или запишано дело, претставуваат вистинско сведоштво за македонскиот народ во различни временски периоди. Македонската народна проза има специфики и оригиналност што се согледуваат во користената фантазија, специфичниот јазик, богатата нарација и веродостојното сликање на настаните за кои се зборува во делата.

Сведоштвата за постоењето на народното прозно творештво со особено внимание се проучувани од современите македонски фолклористи. Тие, во обидите за класифицирање на народните прозни умотворби, се потпираат на поделбите што се наоѓаат во зборниците на браќата Миладиновци, на Шапкарев, на Пулевски и на другите собирачи. Познатиот македонски фолклорист Томе Саздов, во поделбата на прозните народни умотворби, се обидува да направи поврзување на класификациите кои претходеле, но и на новите согледувања на науката, па тој творбите ги групира во народни приказни (реалистични, фантастични), анегдоти, легенди и преданија, куси народни умотворби (поговорки, гатанки, клетви, благослови).

Првата објава на македонски народни приказни, како најпривлечни народни умотворби, се случува во 1863 година, кога во загрепскиот книжевен алманах „Бисер" се публикувани две народни приказни запишани од Константин Миладинов. Во 1885 година излегува од печат првиот зборник со македонски народни приказни собрани од Кузман Шапкарев, кој содржи околу 250 народни приказни и други прозни записи од Македонија.

Анегдотите покажуваат слични белези со реалистичните приказни, но се пократки и најчесто се сведуваат на една епизода, еден доминантен настан и на ограничен број на ликови. Итар Пејо и Насредин-оџа се најчестите ликови во анегдотите преку кои се прикажува народната мудрост, досетливост и снаодливост.

Македонска народна проза	
	Подвидови
Приказни за животни	
Приказни во потесна смисла на зборот (вистински приказни)	а) Фантастични или волшебни приказни б) Приказни легенди (религиозни) в) Реалистички или новелистички приказни г) Приказни за глупавиот ѓавол
Анегдоти	
Етиолошки приказни	
Приказни – верувања и легенди	

Куси фолклорни видови

1. Народни пословици и поговорки	**5.** Народни здравици
2. Народни гатанки	**6.** Народни клетви
3. Народни прашанки	**7.** Народни заклетви
4. Народни благослови	**8.** Баења

Во преданијата и легендите народниот творец ги обединува реалистичните случувања со сопствената фантазија. Легендите и преданијата се навидум слични и разликата се согледува во поголемото присуство на рационалното во прикажување на појавите од животот и од природата. Во преданијата, народниот творец раскажува за некој историски настан со именување на вистинското место на случување.

Пословиците, поговорките, благословите, клетвите меѓу народот, а и од аспект на научната мисла, се познати како кратко искажани животни мудрости. Изразувајќи ја народната мудрост и филозофија за општествено-социјалните случувања, тие биле често употребувани во секојдневната комуникација меѓу луѓето. Се случувало во секојдневните дружби меѓу луѓето дијалозите да се состојат само од кажувања на овие кратки народни мудрости.

Девојчето и дванаесетте месеци

Си беше еднаш една жена и си имаше две ќерки: едната беше нејзина, родена ќерка, а другата ѝ беше паштерка, ќерка на мажот ѝ. Својата ќерка многу си ја сакаше, а паштерката ич не ја милуваше, само ја караше и ѝ даваше да работи, како да е слугинка. Но, колку повеќе ја тераше да работи, толку повеќе паштерката раснеше во здрава, силна и убава девојка. А пак нејзината родена ќерка, која не мораше ништо да работи и по цел ден одмараше, целата беше сува и слаба, бледа и неубава да ја гледаш.

Маќеата мислеше и коваше злобни планови, сакаше да се ослободи од паштерката, па не знаеше што да смисли и какво зло да ѝ направи за да остане само нејзината ќерка. Една вечер ѝ падна на памет, кога мажот ѝ беше на пат, да ја пушти да донесе вода од чешмата, што беше далеку во шумата. До чешмата имаше едно ветерничаво дрво под кое, како што се прикажуваше, се собираат ветриштата, а наминуваат и самовилите и разни други натприродни суштества; па се понадева дека ќе ја грабнат паштерката и ќе ја однесат и веќе никогаш нема да се врати.

И така, длабоко во ноќта, тргна кутрото девојче до чешмата за да наточи вода. Кога дојде до дрвото, виде дека под него седат единаесет мажи и една стара жена, наредени во круг. Мажите беа и стари и млади, и ниски и високи, и лични и помалку лични, а едниот од нив беше најнизок од сите. Старата жена беше смуртена и непријатна и таа всушност беше баба Марта, а мажите, пак, беа другите единаесет месеци. Најнискиот маж беше впрочем најкраткиот месец во годината – Сечко, или како што го знаеме денес – февруари.

Кога ги здогледа девојчето малку се исплаши, но потоа се созеде и ги поздрави:

„Здраво-живо чичковци, добра вечер тетко, како сте, што правите?"

„Добра вечер девојче", ѝ рекоа месеците, „арни сме, еве малку да одмориме. Туку, ти што бараш во ниедно време на чешмава? Зар не ти е страв сама низ шумата?"

„Ех, чичковци, тетко... страв-не-страв, тоа е. Маќеата ме пушти да одам по вода, а јас, како што ми има кажано татко ми, морам да ја слушам во сѐ и да ја почитувам", им одговори девојчето.

Месеците се погледнаа меѓу себе, па баба Марта проговори: „Туку, слушај девојче, сакам нешто да те прашам. Можеш ли да ми кажеш кои месеци во годината се поубави, а кои полоши?"

„Златна бабичке", рече девојчето, „мене сите месеци во годината ми се убави, кој од кој поубав. За мене нема ниту еден лош месец."

„Тогаш оди со здравје, девојче“, ѝ рекоа месеците, „и биди благословена за твоите преубави зборови. Отсега, со секој збор што ќе го изговориш, по еден златник да ти излегува од устата.“

Девојчето ги поздрави, си налеа вода во стомните и си појде дома. Кога стигна, тропна на вратата, а маќеата излезе да отвори. Кога виде дека девојчето се врати живо и здраво и со полни стомни, ќе пукнеше од мака, но немаше што да направи, па ѝ ја отвори вратата и ја пушти да влезе.

Неколкупати ја праша нешто, а девојчето – колку пати прозбори, толку златници од устата ѝ излегоа. Само паѓаа златници, а девојчето се наведнуваше и ги собираше од подот. Маќеата не можеше да поверува на очите, наместо да се изгуби во шумата, паштерката се врати жива и здрава, па уште златници вади од уста. На зависта и злобата на лошата маќеа им немаше крај.

„Кој те маѓепса вака, никаквице“, ѝ рече, „да вадиш златници од уста? Кажи ми или тешко тебе!“

А девојчето се исплаши од овие зборови, па седна и сѐ ѝ раскажа на маќеата: „Ги сретнав дванаесетте месеци како седат крај чешмата, поразговарав со нив, а тие на заминување ме благословија“.

Следната вечер, завидливата маќеа ја пушти ќерка си со стомните да оди и да налее вода. Се надеваше дека и таа ќе ги сретне месеците, па да ја благословат да вади златници од устата. Ја испрати со стомните и со следниве зборови:

„Ајде, ќерко, оди до чешмата во шумата, да налееш вода и да те благословат месеците, па да вадиш и ти златници од устата како онаа никаквица, сестра ти“.

Отиде девојката кај чешмата и, навистина, месеците си седеа под дрвото исто како и претходниот пат. Девојката се поздрави со нив, а месеците ја прашаа: „Девојко, да те прашаме нешто, па да ни кажеш: кои месеци во годината се подобри, а кои полоши?“

А девојката се помисли малку, па им одговори: „Зар вие не знаете кои се подобри, а кои полоши, па мене ме прашувате? И малите деца знаат кои месеци се подобри. Се знае дека јануари и февруари се најлоши, а Марта е смуртена и со триста ума, па и таа не е подобра. А и другите како кој, некои се арни, некои не се“.

Вака им рече на месеците невоспитаната и разгалена девојка, а месеците ѝ вратија со следниве зборови:

„Да си благословена, девојко, за зборовите што ни ги кажа. Па, отсега, за секој збор што ќе го изговориш, по едно змијче од устата да ти излегува“.

Девојката се исплаши, па побрза да наполни вода и да си замине дома. Кога пристигна, влезе низ врата и само што проговори – од устата ѝ излезе едно змијче.

„Леле ќерко“, вресна маќеата, „зошто вадиш змијчиња од устата? Зошто не вадиш златници како сестра ти? Што се случи, што е оваа несреќа што нѐ снајде?“

А кога се врати од пат таткото на девојчето, разбра сѐ и веднаш ги избрка од дома лошата маќеа и нејзината безобразна ќерка. Си ја гушна и си ја бакна ќерка си и заплака.

Но, во секое зло – добро! Од златниците што паѓаа од устата на девојчето со секој збор, куќата набргу се наполни со злато, а таткото и ќерката си живееја убаво и среќно уште многу, многу години.

Гатанки

Бесна кучка, в гора лае (секира);
Долга Неда сенка нема (река);
Долг Тодор без коски (чад);
Полна кутија со бисери (уста со заби).

Поговорки/пословици

На две глави една капа не се тура;
На едно лице две усти не биват;
Две гнезда (седела) една квачка не може да квачи;
Еден дирек две к'шчи не може да подлира.

Одлики на македонското народно творештво

И поетските и прозните народни умотворби се чувари на македонската самобитност. Народните умотворби се богати историски и културни извори кои говорат за развојот на луѓето што живееле на овие простори.

И во прозните и во поетските дела, народниот творец го зачувува народниот македонски јазик кој ќе претставува основа за создавање на стандардниот македонски јазик. Во народната творба, во својата најчиста форма се чува јазикот на нашите предци, оние творци кои создавале и кога животот бил тежок и токму тоа творење претставувало одбрана од бројните негирања.

Во македонската народна поезија најчесто се се користат десетерецот, хиперболата, епското раскажување, нагласени повторувања, почетни обраќања и слично. Анонимноста е значајна одлика на народното творештво. Авторот останува анонимен и тој, употребувајќи го својот вроден талент за јазично изразување, раскажува уверливо, со користење на драмски паузи, сè со цел веродостојно да го пренесе трагичното, реалистичното и фантастичното.

Народниот творец е свесен дека една творба ќе живее само тогаш кога колективот ќе ја прифати, одобри и пренесе. И токму затоа неговата умешност да испее, да создаде, да пренесе народна умотворба е секогаш на прво место.

Овие одлики стануваат основа за создавање на современите литературни дела.

Запомни!

И песните и приказните на почеток биле создавани од подаровит човек и тие во процесот на пренесување се менувале, се дотерувале и се усовршувале и на тој начин станувале колективна народна творба.

Во процесот на слушање публиката ја прима народната творба, ја меморира и истовремено ја пресоздава кога ја пренесува. Така човекот, од слушател, почнува да прераснува во пресоздател и пренесувач на народните творби.

Се смета дека првото сведоштво за постоењето на народно творештво кај Јужните Словени, во кое спаѓа и творештвото на Македонците, е записот од 7 век на византискиот писател Теофилакт Симокат.

Деветнаесеттиот век, според историските податоци, се смета за најзначаен период за народната литература за Јужните Словени, па оттука и за македонскиот народ.

За богатото народно творештво во Македонија се дознава од значајните собирачи на умотворбите во 19 век и објавените зборници. Како најзначаен таков документ е Зборникот на браќата Миладиновци објавен 1861 година во Загреб.

Марко Цепенков, Кузман Шапкарев, Ѓоргија Пулевски се само дел од собирачите на македонското народно творештво.

Народната литература се дели на народна поезија и народна проза.

Во народната поезија се вбројуваат лирски, епски и лирско-епски народни песни.

Во народната проза се вбројуваат приказни, анегдоти, легенди, преданија и кратките прозни умотворби – поговорки, пословици, благослови, клетви, гатанки.

Најзначајни одлики на македонското народно творештво се силниот емоционален израз, негување на десетерецот како стих, користење на хиперболата, специфичната метафора, епското повторување, користење на народниот јазик.

Прашања и задачи:

1. Како е класифицирана македонската лирска поезија?
2. Каква е е мотивско-тематската структура на трудовите, ајдутските народни песни?
3. Која е тематско-мотивската структура на баладата, а која на романсата?
4. Што претставуваат анегдотите?
5. Кои се сличностите и разликите меѓу пословиците и поговорките?
6. Ако ги слушаш популарните пејачи и групи, кои народни песни се дел од нивниот репертоар?
7. Кои поговорки најчесто ги употребуваш во секојдневниот разговор?
8. Осмисли дијалози за разговор со твоите пријатели во кои ќе користите поговорки и гатанки.
9. На следниот линк – https://rb.gy/jij28d – преслушај ја првата запишана македонска народна песна (ја рецитира Ненад Стојановски) и одреди го видот на народната умотворба.

Хуманизам и ренесанса

Истражувај за општествената и политичката положба во Европа, на крајот од 14 и почетокот на 15 век.

Појава, особености, претставници

Кон крајот на 14 и почетокот на 15 век, европските градови економски зајакнале, граѓанската класа станала помоќна и со тоа моќта на феудалците почнала да опаѓа. Со развојот на науките, нивните научни и географски откритија, слабеел авторитетот на црквата. Раскинот со црковниот догматизам започнал во Италија, а подоцна се проширил и во другите европски држави. Овие динамични општествени промени во Европа овозможиле да се појавуваат две културни, но и научни движења, наречени **хуманизам** и **ренесанса**. За предвесник на ренесансата се смета периодот на предренесанса, кој започнал во втората половина од 13 и 14 век. Таа сè уште ги чувала врските со средновековната литература, но почнала да негува еден нов начин на пишување. Делата кои се создавале биле напишани на латински јазик, а тематски биле поврзани со теми, мотиви и ликови од христијанството.

Хуманизмот се појавил во 15 век и претставува духовна основа за ренесансата. Терминот хуманизам потекнува од латинскиот јазик кој значи човечно, хумано. Ако во центарот на вниманието во средновековната литература бил Бог, во хуманизмот, центар на внимание бил човекот. Граѓаните биле носители на новата култура која била помогната од мецените (моќни и богати луѓе кои ги финансирале уметниците кои професионално се занимавале со тоа). Ваквиот однос кон писателите е забележан и во периодот на предренесансата, но тој е доминантен во хуманизмот. Хуманистите инсистирале на благородноста која не се добивала според раѓањето, туку според духот и доблеста на човекот кој сам ја градел. Делата се пишувале на латински јазик, а основен идеал била античката култура преку имитирање на класиката. Најразвиени книжевни видови во овој период биле љубовните песни и епските творби во стих и во проза. И покрај доминацијата на латинскиот јазик, сепак, авторите почнале да ја наметнуваат употребата на народниот јазик.

Ренесансата се појавила во почетокот на 16 век во Италија. Поимот „ренесанса" потекнува од францускиот јазик и значи „повторно раѓање", „преродба". Оваа преродба означувала новини во општествениот и културниот живот. Ренесансата како книжевна епоха се создавала и се развивала врз отфрлањето и негирањето на средновековните црковни догми. Човекот кој некогаш бил заробеник на црквата, сега бил насочен кон образованието и науката. Ослободен од црковните стеги и верувањето во животот по смртта, човекот уживал во телесните задоволства и духовната исполнетост. Проучувањето на човековото тело претставувало основа за сите уметности. Литературата и ликовните уметности ја изразувале убавината, грациозноста и хармоничноста на човековото тело и душа. Авторите не се губеле во анонимноста на средниот век, туку се потпишувале на своите дела. Народниот јазик полека го истиснал латинскиот јазик и почнал да се употребува во сите сфери на живеењето. Најзначајни претставници на хуманизмот и ренесансата се: Данте Алигиери, Франческо Петрарка, Џовани Бокачо, Лодовико Ариосто, Торквато Тасо, Мигел де Сервантес, Вилијам Шекспир, Франсоа Рабле и други.

Данте Алигиери

Истражувај за политичкиот живот на Данте Алигиери!

Био-библиографија



▲ Данте Алигиери

Данте Алигиери е роден 1265 година во Фиренца. Потекнувал од скромно благородничко семејство, кое во политичките борби било на страна на гвелфите, кои биле партија на средното и крупното граѓанство и се бореле за слободата на Фиренца со помош на папата. Како благородник и надарен млад човек, Данте се здобил со одлично образование. Тој учел кај приватниот учител Брунето Латини, а подоцна своето образование го продолжил во Болоња и во Фиренца, на теолошки и филозофски студии. Ги проучувал Аристотел, Цицерон и Тома Аквински. Како писател се формирал самостојно, читајќи ги класичните автори, особено Вергилиј, кого го сметал за свој учител. Во младоста се сретнал со Беатриче и се вљубил во неа. Оваа љубов никогаш не била реализирана, но претставувала творечки двигател за Данте. Своите први творби ѝ ги посветил на Беатриче, но по нејзината смрт тој се насочил кон филозофските и религиозните теми. Во 1285 година се оженил со Џема Донати бидејќи семејството склучило нотарски брак десетина години претходно. На триесетгодишна возраст почнал да се занимава со политика и неколкупати бил избиран на различни функции во градските совети. Поради политички несогласувања во 1301 година бил осуден, исклучен од политичките позиции и испратен во прогонство две години. Бил осуден без докази за престапи и требал да плати казна, но бидејќи не го сторил тоа бил осуден на смрт. Данте, остатокот од животот го поминал во прогонство и живеел во Верона, Падова, Тоскана, кај благороднички италијански семејства, каде работел како писар или преговарач со другите дворски кралства. Имал можност да го искористи помилувањето кое го добил доколку плати казна и јавно се покае, но тој одбил. Враќајќи се од Венеција, од дипломатска мисија, добил маларија и умрел во 1321 година. Бил погребан во Равена, а неговите останки никогаш не биле вратени во родниот град.

Творештво

Литературни дела (народен јазик)	Филозофски расправи (латински јазик)
„Нов живот“	„Гозба“
„Божествена комедија“	„За народниот јазик“ (расправа)
	„Монархија“
	„Посланија“ (писма на Данте)

Книжевни карактеристики (специфики)

Данте пишувал на латински и на народен јазик. Латинскиот јазик бил јазикот со кој се служела црквата и создавала дела за одреден круг луѓе. Поради тоа Данте се залагал за создавање на еден книжевен јазик познат на сите во Италија. Неговите дела создадени на народен јазик биле наменети за широките народни маси. Литературната дејност ја започнал со делото „Нов живот" во кое доминирале сонетите во кои ја претставил својата платонска љубов кон Беатриче. Подоцна ја објавил и „Комедијата" со која постигнал светска слава.

„Божествена комедија"

„Божествената комедија" од Данте била наречена само „Комедија" бидејќи според средновековната поетика, комедија означува епско дело во стихови кое започнува тажно, а завршува среќно. Атрибутот божествена е додаден подоцна и означува нешто возвишено. Се претпоставува дека оваа додавка е од Бокачо. „Комедијата" е напишана на народен (фирентински) говор. Според средновековната поетика, секое дело требало да има моралистичко јадро и цврста надворешна архитектура со симболично значење, па така „Комедијата" има буквално (реално) и алегориско (преносно) значење.

Делото има тројна архитектонска структура, која го симболизира Светото тројство (Богот Татко, Синот и Светиот Дух). „Божествената комедија" е филозофско-религиски еп составен од три дела: „Пекол", „Чистилиште" и „Рај". Секој од овие три дела има по **33 пеења** (вкупно 99) и една воведна песна со која овој број се заокружува на 100 за кој се смета дека го изразува совршенството. **Бројот 9** е застапен во сите три дела бидејќи „Пеколот" има 9 круга, „Чистилиштето" 9 степени и „Рајот" 9 неба. „Божествената комедија" го илустрира верувањето на христијаните во наградата и казната по смртта, во задгробниот живот, според делата што ги направил човекот додека живеел.

„Чистилиштето" е втор дел од „Божествената комедија", кој се состои од триесет и три пеења. По напорно искачување, поетите излегуваат на површината и се наоѓаат на брегот на планински остров во средината на Океанот, кој го претставува чистилиштето. Поделено е на предчистилиште, вистинско чистилиште и земен рај.

„Рајот" е третиот дел од „Божествената комедија", кој исто така се состои од триесет и три пеења. Данте влегува во Рајот исчистен од сите гревови. Откако се буди, се наоѓа на врвот на еден рид во ливада полна со цвеќе каде што владее вечна пролет. Наскоро се појавува Беатриче, убава жена и симбол на Божјото откровение кое ќе го води Данте понатаму низ небесното царство. Тука Данте и Вергилиј се разделуваат бидејќи на Вергилиј не му е дозволен преминот, затоа што го претставува човечкиот разум и затоа што живеел во време на „лажни богови" (политеизмот).



▲ Данте среде темната шума во Првото пеење од „Пеколот"

Данте претставил различни расположенија во „Комедијата". Во „Пеколот" владее темница, ужас и

страдање, во „Чистилиштето" душите се исполнети со тага, носталгија, но и чувства на надеж за спас, а во „Рајот" блескава светлина, среќа и блаженство. Сите три дела завршуваат со зборот **ѕвезди**. Во „Комедијата" е опишан патот на Данте преку кој го симболизира грешното човештво. Тој тргнува низ задгробниот свет, ги запознава сите гревови и патишта кои водат до добрината и прочистен се искачува до Бога, до спасот. Водачи на ова патување на Данте се Вергилиј, кој е симбол на разумот, и Беатриче, симбол на божјата милост. Данте го започнал патувањето во 1300 година (кога имал 35 години), на Велипеток, пред Велигден, кога слегува во подземниот свет. Откако го минува пеколот заедно со Вергилиј, тој влегува во чистилиштето (висока планина) кое е обратно распоредено од пеколот, со гревови од потешки кон полесни, а на врвот од планината се преминува во небесните сфери на рајот низ кои ќе го води Беатриче.

Интерпретација на „Пеколот"

Во замислата на Данте, „Пеколот" се отвора како бездна во близината на градот Ерусалим и се спушта до центарот на Земјата преку концентрични кругови кои се стеснуваат кон дното, каде се наоѓа Луцифер.


„Пеколот" е филозофско-религиски еп, составен од 33 песни и една воведна песна. Секоја песна е составена од строфи од по три стиха. Нарацијата е хронолошка, а нараторот е во прво лице (лик наратор). Тема во епот е посетата на задгробниот свет.

„Пеколот" започнува со воведната песна во која поетот е изгубен во шумата која го означува човековиот живот. Тој на патот низ шумата е пресретнат од три животни: пантерот, лавот и волчицата кои ги симболизираат човековите особини: зависта, гордоста и сребролубието. Од политички аспект животните може да се толкуваат и како Фиренца (пантерот), Франција (лавот, поради мешањето во политиката на Италија) и папата (волчицата, поради алчноста на црквата). Откако ќе ги одмине, пред него се појавува Вергилиј (староримски поет) кој ќе го води низ страшните предели на пеколот и ќе ги толкува стравотиите кои ќе ги видат на патувањето.


Данте на почетокот минува низ предворјето на пеколот каде се сместени неодлучните луѓе, па се спушта надолу низ деветте круга. Алегорично, пеколот ја претставува христијанската душа преку човековите гревови (хедонистички, насилни и злонамерни) кои служат како главни оддели во пеколот. Во првиот круг, наречен лимб, биле сместени душите на некрстените и неверниците (и оние пред појавата на Христа). Блудните грешници и казнетите за прељуба биле сместени во вториот круг. Во третиот круг се наоѓале лакомците, а во четвртиот скржавците и расипниците. Во петтиот страдале гневните и мрзливите, а во шестиот престојувале безбожниците и еретиците. Седмиот круг бил поделен на три ката и во него биле сместени насилниците. Во осмиот круг се наоѓале измамниците кои биле распоредени во девет долини во зависност од измамата. Деветтиот круг бил поделен на четири појаси, каде што маките и страдањата биле најстрашни. Таму биле сместени душите на предавниците. На дното од деветтиот круг огромниот триглав Луцифер ги голта тројцата најголеми предавници на човештвото Јуда, Касиј и Брут. Во Пеколот нема светлина, сѐ е темно, а единствената светла боја е сивата. Изграден од камен, жив песок, кал, катран, пеколот е студен, влажен, а жештината само ја зголемува болката на душите, кои се изложени на различни дразби. Таму царува ужасот, страдањето и чувството на безнадежност.

Запомни!


Данте Алигиери е предвесник на ренесансата. Тој е автор на филозофско-религискиот еп „Божествена комедија“ составена од три дела: „Пеколот“, „Чистилиштето“ и „Рајот“. Како основа за еповите е земена религиската приказна за животот по смртта, но тоа е само привидно бидејќи тој имал за цел да ги претстави човековите вредности на земјата за да се поведе човекот по вистинскиот пат. Преку епот, Данте алегориски го претставил општеството во кое живеел и укажал на хаосот што владеел и стремежот на човекот за власт, богатство и насилство. Паралелно со ваквиот живот тој го нагласува значењето на светлината на животот, на возвишеното и доброто.



▲ Приказ на „Пеколот“



▲ Приказ на „Чистилиштето"



▲ Приказ на „Рајот"

Извадоците од воведната песна од „Пеколот“ нека ти помогнат во интерпретацијата.

На средина од мојот живот земен
вистинскиот го изгубив јас пат:
се најдов в шума сам, сред густеж темен.

А таа шума, дива, чуден кат
– што да речам? – во трње, в буеж сета,
сред срце раѓа спомен, страв и лад.

Погорчлива одвај е смртта клета!
Но, за блаженството, за ликот мил,
ќе раскажам за сè што таму сретнав.

А како, кога патот ми се скрил,
јас не знам, ништо не можам да речам:
од сонот мора пијан да сум бил.

Подножјето штом почнав да го сечам,
во срцето го сетив стравот сал
и пред да почнам по рид да се влечам.

Јас кренав поглед. Видов: сонце-ал
огледало во таа рана зора
врз плеќите на ридот стрмен мал.

Па, здивна душа, иако бев в гора...
А стравот, што во крвта стана мраз
во ноќта – сетив како топи кора. (...)

Пак страв сред срце почна да се таи.
Од гладот мачен – поглед див ме сретна
и воздухот се стресе и се стаи.

„И волчица!“ Во умов мисла летна.
Исушена од злоба и од жед,
јас видов кога в очи жар ѝ светна.

А, расплакал и тој звер многу свет.
Во мене поглед страшно беше впила.
Да тргнам горе смелост собрав, клет,

но ниту надеж остана, ни сила.
Ко трговец што чука глава в зид
(галијата ја скрши морска спила!)

се мрачи сè пред очниот му вид –
ме стресе така сверон и ме столчи,
следејќи ме од оној стрмен рид

во катон кај што сонцето си молчи.
Бегајќи јас низ рид пред звера три,
пред Лав, пред Пантер и пред поглед волчи,

– пред мене човек никна чии дни
изгаснале пред не знам колку века.
„Смилувај се, па кој и да си ти,“ (...)

(...)
Сал чекор-два: одненадеж под ридот
се јави пантер: шарен, стрвост полн;
а брз и не ме испушта од видот...

Од пред очи не се мавна тој, зол.
Ми пречеше, на патот ми се згоди.
Многупати си реков: назад в дол!

Се зореше. И сонцето се роди,
капејќи ѕвезди ко во денот прв,
во кој за првпат почна да ги води

со божја љубов, за да стигнат врв.
Тој нежен час и она мало мило цвеќе,
ми влеа надеж: ѕверон, жеден крв,

не ме следи со таква стрвост веќе!
За кратко. Одеднаш во овој крај
се најде лав: ми прејде сета среќа!

(...)
„Вергилиј, ти си? Оној певец вечен
од чие срце блика извор стар
од речитост!“ И сетив: срам ме пече.

„За кој поет ти не си светлост, жар?
За љубовта ми спрема твојот стих, о!
– награди ме и подај рака бар!

Учејќи го, ми минел живот тихо.
Па ако стилот мој – внушил сласт
– заслугата е твоја и на твоите стихој.

Ме врати, гледај, оној ѕвер тој час.
О, мудар мажу: в гради срце зајде,
ми мрзнат жили, сам во нивна власт.“

Прашања и задачи:

1. Кои се ренесансните белези во „Пеколот“?
2. Од колку дела е составена „Божествената комедија“?
3. Што означува реченицата: „Вие што влегувате откажете се од секаква надеж“, која стоела на вратата на влезот на пеколот?
4. Објасни ја симболиката на бројот три во епот!
5. Зошто Данте за водачи на неговото патување ги одбрал Вергилиј и Беатриче?
6. Каков е односот на Данте кон Беатриче?
7. Истражи дали проекциите на Данте за задгробниот живот се совпаѓаат со христијанската религија.
8. Пронајди ги стилските фигури во дадениот извадок.

Франческо Петрарка

Биографија


▲ Франческо Петрарка

Франческо Петрарка е роден 1304 година во Арецо. Поради политички недоразбирања, семејството било прогонето и отселено во Авињон (Јужна Франција). Таму, Петрарка го започнал своето образование, а од 1318 г. учел правни науки во Монпелје и во Болоња. По смртта на неговиот татко се враќа во Авињон и како образован и привлечен млад човек бил во центарот на вниманието кај високите општествени слоеви и кај народот. Во 1330 година ја добил позицијата на клерик (низок црковен ред) и стапил во служба кај кардиналот. Во 1327 година во црквата Св. Клара во Авињон за првпат ја видел Лаура де Новес, која станала инспирација за неговите творби. Лаура била мажена, но тој во своите дела ја издигнал до симбол на поетски мит. Петрарка својот живот го подредил на проучување на античките ракописи, љубовниот копнеж, желбата за патувања и осаменоста. Патувал низ Северна Франција, Фландрија и Германија. Покрај Лаура, негова најголема страст била и желбата за слава. Упорната борба за поетско крунисување вродила плод, па во 1341 година во Рим бил овенчан со Ловоров венец. Лаура умира од чума која владеела во 1348 г., а Петрарка се препуштил на патувања низ многу италијански градови. Во Фиренца се сретнал со Бокачо, со кого станал добар пријател. Последните години од животот ги минал во Венеција и во Падова. Од 1371 година се повлекол од јавниот живот во малото место Арква, каде и умира во 1374 година.

Творештво

латински јазик	народен јазик
„Тајна" (интимен дневник)	„Триумфи" (краток еп)
„Африка" (епско дело)	„Канцониерот" (зборник на стихови)
„Посланици" (писма)	
Различни писма	
Расправи: „За знаменитите луѓе", „За самотниот живот", „За религиозната контемплација".	

Интерпретација на „Канцониерот"

Петрарка својата вечна љубов кон Лаура ја опеал во љубовниот дневник „Канцониерот" низ 366 поетски творби (сонети, канцони, сестини, балади и мадригали). Тие се поделени на два дела. Во првиот ја опева Лаура за време на нејзиниот живот, а во вториот по нејзината смрт. Збирката започнува со воведен сонет кој приличи на епилог бидејќи во него поетот ја отфрла сопствената грешка, љубовната страст и на повидок е мирот кој го носи разумот и свесноста од

ништожноста на земските работи. Низ стиховите се забележуваат тематско-мотивски целини во кои се опишани убавината на Лаура, емоционалното доживување на природата, сеќавањето на средбите и безнадежните соништа за враќањето на љубовта. Петрарка во „Канциерот" го претставил судирот на чувствата поделени меѓу доживувањата и средновековниот морал. Неговата вознемиреност, борбата со совеста и еротскиот копнеж се преплетуваат низ стиховите и го нагласуваат двојството на лирскиот субјект.

Петрарка со „Канциерот" извршил силно влијание во европската литература. Сонетите кои ги пишувал биле составени од 14 стиха (единаесетерци) кои се организирани во два катренски стиха и два терцета и се познати како **петраркистички сонети**.

Прашања и задачи:

1. **Обиди се да ги анализираш песните пополнувајќи ја табелата во тетратка!**

Ако љубов не е – што ли сега бладам?	Не, нема мир, ни војна, ниту враг!
Ако љубов не е – што ли сега бладам? Ако е, пак, љубов, Боже! – каква, која? Добра ли е?... Зошто има смртна боја? Лоша ли е?... Зошто тогаш, слатко страдам? Ако пламнав, зошто солзи, клетви бројам? Ако злото расте – помага ли јадот? О, ти жива Смрт! О, ти зла од адот! Јас се гневам на нив, тие ми се појат! Ако, пак, ги барам – не сум прав што кукам. Ветришта ме гонат, сам во дупнат чамец, најден сред бран, на ветришта, без весла. Ако невешт талка и од бранот пука – тогаш не знам сам во каков паднав мамец: Зиме сиот горам; лете в студ се тресам!	Не, нема мир, ни војна, ниту враг! Се плашам в надеж, стинеам и горам; се влечам в прав, со Небото се борам, без прегратка го гушкам светов пак! Во затвор сум, а отворен од згора! Без јако јаже, а ме држат в мрак! Амор не убива, но оковот е јак: ни жив ме сака, ни да умрам мора! Без очи гледам; нем – за болка зборам. Јас барам спас – да загинам со жед! Се мразам сам, го сакам сиот свет. Ме храни бол. Од плачот насмев творам! Ти, Смрт!... Ти, Живот!... Иста беда си! За ова, Жено, виновна си ти!
дилемата на лирскиот субјект:	спротивставеност кај лирскиот субјект:
посочи ги стиховите на незаштитеност:	посочи ги стиховите на љубовните болки:
двојност:	двојност:
променливост:	мешање на логичното и нелогичното:
расположби:	силата на љубовта:
стилски фигури • метафора: • реторско прашање: • оксиморон: • контраст:	стилски фигури • метафора: • оксиморон: • контраст:

Џовани Бокачо

Биографија



▲ Џовани Бокачо

Биографијата на Џовани Бокачо изобилува со многу неизвесности околу местото на неговото раѓање (Париз, Фиренца, Черталдо). Се знае дека е роден 1313 година и дека студирал канонско право. Од 1327 година, во Неапол живеел безгрижен младешки живот. Станал дел од дворот на кралот Роберт Анжујски, каде во кралската библиотека можел да се запознае со француските витешки романи и латинската литература. Тогаш почнал да ги пишува и своите први дела. На дворот се вљубил во вонбрачната кралска ќерка, Марија, која подоцна се омажила за висок благородник од татковиот двор. Одмаздата за болката и разочарувањето со кои се соочил Бокачо стигнала со ликот на Фјамета во истоименото дело кое го напишал. Од 1340 година тој се вратил во Фиренца, каде со текот на годините се стекнал со голем општествен углед и книжевна слава. Пријателството со Петрарка одиграло значајна улога во неговиот културен и книжевен развој. Нема многу податоци за неговата семејна состојба, иако се верува дека имал пет вонбрачни деца. Последните години од својот живот ги минал осамен, со чести духовни кризи посветувајќи им се на класичните студии и на книжевната работа. Умрел 1375 година на својот имот во Черталдо, истоштен од болест и немаштија.

Творештво

Стих	Проза
„Ловот на Дијана" (поема)	„Елегија на госпоѓата Фјамета" (кус психолошки роман)
„Филострато" (еп)	„Корбачо или Лавиринт на љубовта"
„Тезеида" (еп)	„Декамерон" (збирка новели)
„Комедија за нимфите од Фиренца"	„Трактати: Родословот на паганските богови"
„Нимфите од Фиезоле"	„За доживувањата на знаменитите луѓе"
„Љубовна визија" (поема)	„За славните жени"

Интерпретација на „Декамерон"

„Декамерон" е најпознато дело на Бокачо со кое се стекнал со светска слава. Напишано е на народен јазик во периодот од 1348 до 1353 година по големата епидемија на чума, која ја зафатила Фиренца. Овој настан е обединувачка рамка на новелите од кои е составена книгата.

„Декамерон" на грчки јазик означува „десет дена" и содржи сто новели кои се поделени во десет глави (денови). Раскажувањето во „Декамерон" е специфично бидејќи Бокачо внесува раскажување во рамка, која ја сочинуваат воведот и новелите, а ги раскажуваат различни раскажувачи.

Во воведната новела реалистично и детално се опишува болеста што ја зафатила Фиренца и немоќта на луѓето да ѝ се спротивстават. Како реакција на болеста се јавува и пофалбата на животот и младоста. Во експозицијата нараторот ги претставува ликовите кои подоцна во определени делови самите ќе станат раскажувачи. Седум девојки (Пампинеја, Фјамета, Филомена, Емилија, Лаурета, Неифиле и Елиса) и три момчиња (Панфило, Филострато и Дионео) бегајќи од чумата се среќаваат во црквата Санта Марија и решаваат да заминат на еден од нивните имоти на село. За да се одбранат од лошите вести што доаѓаат од градот, тие во вилата организираат живот полн со забава и разонода. Раскажуваат приказни и секој ден бираат крал/кралица на денот кој треба да ја одреди темата на раскажувањето. Секој од нив раскажува по една приказна, а на крајот од денот една од девојките во придружба со музика рецитира по една балада.

Теми во „Декамерон“

Ден	Крал/кралица	Тема
Прв	Пампинеја	Слободна тема
Втор	Филомена	Неочекувани пресврти на судбината
Трет	Неифиле	Оние кои со сопствена интрига ги добиле нештата по кои копнееле
Четврти	Филострато	Љубови со тажен крај
Петти	Фјамета	Љубови со среќен крај
Шести	Елиса	Брзи и остроумни одговори
Седми	Дионео	Начини на кои итрите жени ги мамат и им се потсмеваат на своите мажи
Осми	Лаурета	Измами кои си ги подметнуваат меѓу себе мажите и жените
Деветти	Емилија	Слободна тема
Десетти	Панфило	Пофалба за возвишените, благородни дела и човечките доблести

Најчести теми во „Декамерон“ се љубовта и интелигенцијата. Љубовта е претставена како поттикнувач на животот и причина за радост во него. Таа, природна, отворена и страсна, е двигател на човекот и ослободување на телото од стегите на црковната догма во средновековјето. Освен љубовта, и интелигенцијата како најзначајна човекова особина е застапена во новелите преку ликовите кои се досетливи, интелигентни и остроумни.

Во „Декамерон“ има голем број ликови кои им припаѓаат на различни општествени слоеви и занимања. Сите се претставени мошне живо и со прецизни функции во дејството. Поделени на два табора, во едниот се сместени оние кои подлежат на критика и потсмев, а во другиот привилегираните кои со силата на разумот напредуваат во животот. Женските ликови имаат посебно место во новелите бидејќи тие се претставени како привлечни заводнички кои со својата итрина и снаодливост стигнуваат до посакуваната цел. Особено место им се остава на итрите, млади жени кои ги измамиле глупавите стари мажи.

Запомни!

„Декамерон" е најславниот текст на Бокачо во кој ги вградил раскажувачкиот талент, животното искуство и ренесансниот дух. На еден духовит и ведар начин ги опишал старото и новото време, итрината и лажниот морал. Љубовта е опишана како слободна и природна, полна со страст, комични ситуации, а ретко и авантуристичка со трагичен крај. Вербата кон животот и љубовта е она што доминира низ творештвото на Бокачо. Тој направил еден сериозен чекор кон човековата преродба бидејќи ако Данте љубовта ја гледал како божествена, Петрарка како платонска, Бокачо ја претставил телесната љубов.

Прашања и задачи:

1. Спореди го творештвото на Бокачо со неговите ренесансни претходници и откриј ги нивните сличности и разлики!
2. Пронајди го ренесансниот дух во новелите на Бокачо!
3. Спореди го односот кон жената и љубовта во творештвото на Данте, Петрарка и Бокачо!
4. Напиши есеј на тема: Ренесансното ослободување на љубовта од средновековната заробеност во срамот од желбата.
5. Прочитај ја дадената новела подолу, интерпретирај ја и пронајди ги белезите на ренесансата!

Тофано една ноќ ѝ ја затвори куќната врата на жена си, и таа, кога не можеше да го домоли да ѝ отвори, фрли во бунарот голем камен престорувајќи се дека самата се фрлила; Тофано истрча од куќата таму, а таа влезе внатре, и нему му ја затвори вратата, и го скара викајќи по него.

Тукушто кралот слушна дека новелата на Елиса е завршена, побрза да се сврти кон Лаурета и ѝ даде знак дека сака таа да раскажува; па таа без одолжување вака почна:

О, Амору, какви се и колкави се твоите моќи, какви ти се советите и досетките! Кој мудрец, кој уметник би можел да ги изнајде оние итроштини, оние претпазливости, оние докази што им ги откриваш на оние што ги следат твоите стапки? Навистина сечија поука е бавна во однос на твојата, како што може да се сфати по порано раскажаните згоди; кон нив, вљубени госпоѓи, ќе додадам една со која една проста жена се послужила, а таа е таква што не знам дали некој друг освен Амор можел да ја поттикне.

Си живееше така во Арецо, еден богат човек по име Тофано. Нему му ја дадоа за жена прекрасната госпоѓа по име Гита на која тој, без да знае самиот зошто, веднаш стана страшно љубоморен, па забележувајќи го тоа жената се разлути; и бидејќи повеќепати го праша за причините на неговата љубомора, а тој ниту еднаш не знаеше да ѝ наведе ништо, освен некои општи и неоправдани причини, на жената ѝ падна на ум да го измачи со онаа болест од која без потреба стравувал. И откако забележа дека ѝ се додворува едно момче, според нејзиното мислење мошне примерно, почна внимателно со него да се договара; и кога работите меѓу нив толку напреднаа, што остануваше само со дело да

се поткрепат зборовите, смисли госпоѓата како тоа да се постигне. И бидејќи знаеше дека нејзиниот маж, меѓу другите лоши навики сака и да пие, не само што почна со пофалбите на пијалакот, туку почна него итро и да го нуди. И така свикна на тоа што речиси секогаш кога ќе посакаше можеше да го натера да се напие, па кога ќе забележеше дека е добро пијан, откако ќе го одведеше до постелата во прво време само накусо се среќаваше со својот љубовник, а потоа повеќепати со него подолго се задржуваше, и на крајот почна толку да се потпира врз пијанството на својот маж, што не само што се осмели да го доведува љубовникот дома, туку понекогаш заминуваше кај него да помине поголем дел од ноќта во неговиот дом, што не беше далеку.

И додека вљубената госпоѓа си го тераше ќефот, се случи така, што мажот забележа дека таа нудејќи го него со пијалак никогаш не пие; затоа, во него се роди сомнеж дека, всушност, не е онака како што вистина е, тоест дека жената него го опива за да може потоа до мила волја да се забавува, додека тој спие. И сакајќи да го провери тоа, не испивајќи ни капка една вечер се преправаше со пелтечењето и со однесувањето дека е попијан отколку порано, па жената, верувајќи дека не му треба повеќе пијачка за добар сон, брзо го смести во постелата. И кога тоа го стори излезе од куќата и, како што повеќепати правеше, отиде во куќата на својот сакан и таму остана до полноќта.

Кога Теофано виде дека му ја нема жената, скокна на нозе и отиде до вратата, ја заклучи однатре, и застана на прозорецот да ја здогледа жената кога ќе се врати и да ѝ покаже дека ја има откриено нејзината измама; и така чекаше додека госпоѓата не се врати, а таа, кога по враќањето дома ја најде вратата заклучена, многу се натажи и се обиде со сила да ја отвори. Тофано издржа некое време, па потоа извика: „Жено, залудно се трудиш, внатре веќе не можеш да се вратиш. Врати се онаму каде што досега беше и сигурно знај дека овој праг нема да го пречекориш, додека поради ова пред твоите роднини и соседите не ти искажам чест каква што заслужи".

Госпоѓата почна да се моли за љубов Божја да ѝ отвори, затоа што таа не доаѓа оттаму од каде што мисли тој, туку дека била на седенка кај сосетката, затоа што ноќите се долги, а таа не може ниту да заспие, ниту самата да ги пробдее дома. Од молитвите немаше никаква полза, затоа што оној глупак беше решил сите Аретинци да ја дознаат нивната срамота, иако никој за неа дотогаш не знаеше.

Откако виде дека од молбите нема аир, фати да се заканува и рече: „Ако не ми отвориш, ќе сторам нешто поради што ќе останеш најбедното суштество на светот".

Тофано ја праша: „А што можеш да сториш?"

Госпоѓата на која Амор ѝ го беше изострил умот со своите совети, одговори: „Попрво ќе се фрлам во бунаров тука, отколку да го поднесам срамот што на Божја правда сакаш да ми го нанесеш, па кога ќе ме најдат во него мртва сите ќе поверуваат дека ти пијан во него си ме фрлил, па ќе мораш или да бегаш и да изгубиш сè што имаш и да живееш во прогонство, или ќе ти ја отсечат главата како мој убиец, а тоа навистина ќе бидеш".

Тие зборови воопшто не го трогнаа Тофано во неговата глупа намера; затоа жената рече: „Еве, не можам веќе да ја поднесувам маката што ми ја задаваш, Господ нека ти прости! И тргни ја фуркава што ти ја оставам"; и велејќи го тоа, затоа што ноќта беше темна и прст пред око не се гледаше, жената отиде до бунарот, кревајќи го големиот камен, што стоеше до оградата на бунарот и извикувајќи: „Прости ми Господи!" го фрли во бунарот.

Каменот силно плесна во водата, па кога Тофано тоа го слушна, цврсто поверува дека таа се фрлила; затоа грабнувајќи ги кофата и јажето веднаш излета од куќата за да ѝ помогне и се стрча до бунарот. А госпоѓата, која се имаше скриено близу до вратата, штом го здогледа како трча кон бунарот влезе дома, се заклучи однатре и излезе на прозорецот, и почна да говори: „Виното треба да се разблажува со вода додека се пие, а не потоа".

Кога ја слушна Тофано сфати дека е насамарен и се врати пред вратата, па откако не можеше да влезе, почна да ѝ вели да му отвори.

Таа, оставајќи го тивкиот разговор со кој дотогаш се служеше, речиси викајќи почна да говори: „Жими крстот Господов, пијаницо една, ноќва нема да влезеш; тоа веќе нема да го тргам: морам на секој жив да му покажам кој си ти и во кој час ноќе дома доаѓаш".

Од друга страна, Тофано побеснет почна да ја пцуе и да вика; на тоа соседите што ја слушнаа вревата станаа, и машко и женско, излегувајќи на прозорците се распрашуваа што станува.

Госпоѓата почна плачејќи да зборува: „Еве, погледнете го овој несреќник, кој пијан секоја ноќ се враќа дома, или ќе заспие низ крчмите па потоа во ова време се враќа; долго поднесував и не ми помагаше, па не можејќи да издржам, за резил му ја заклучив куќата да видам дали ќе се поправи".

Од друга страна глупавиот Тофано зборуваше за сè што стана и страшно ѝ сè закануваше.

А госпоѓата им велеше на соседите: „Гледате ли каков човек е! Што ќе речевте јас да сум така на улицата како што е тој, а тој да е вака в куќи како што сум јас? Жими вера, не се сомневам дека ќе поверувавте дека е вистина тоа што го вели тој; според тоа најдобро гледате дека е луд! Вели дека сум му го сторила она што јас верувам дека тој го сторил. Мислеше дека ќе ме исплаши кога нешто фрли во бунарот, ама да даде Господ навистина во него да се фрли, барем она вино што го препи добро да се разводни".

Сите соседи, и машко и женско, почнаа да го караат Тофано и да го обвинуваат, и да го пцујат затоа што зборува така против жената; и на кусо, отиде резилот од сосед до сосед, додека не дојде и до роднините на госпоѓата. Дотрчаа тие таму и кога, од еден на друг, разбраа што се случило го дофатија Тофано и така го натепаа што речиси сите коски му ги испокршија; потоа ги собраа работите на госпоѓата и со неа се вратија дома заканувајќи му се на Тофано дека ќе мине уште полошо. Откако виде дека го извлече подебелиот крај и дека неговата љубомора го вовлече во зло, бидејќи со сето срце ја сакаше таа госпоѓа, прати некои пријатели кај неа; и толку настојуваше, па со жената се смири и повторно ја врати дома, ветувајќи ѝ дека никогаш повеќе нема да биде љубоморен; и уште згора на тоа ѝ даде слобода да се забавува колку сака, ама умно, за да не забележи тој. И така како будала прво плукна, а потоа полижа. И затоа Господ да ја бие скржавоста, а љубовта нека живее и сета дружина.

6. Како започнува дадената новела?
7. Во кој дел од новелата нараторот ги менува раскажувачите?
8. Кој е вметнатиот раскажувач во новелата?
9. Врз која човекова особина се гради фабулата на текстот?
10. Атрибутизирај ги ликовите на Гита и Тофано. Кој е носител на ренесансни белези?

Мигел де Сервантес

Биографија



▲ Мигел де Сервантес

Мигел де Сервантес е шпански поет, драматург и прозаист. Роден е 1547 година во мало гратче близу Мадрид, Шпанија, во осиромашено аристократско семејство. Се претпоставува дека честите преселби со семејството имале влијание врз неговиот начин на пишување. Се школувал во Севилја и во Мадрид, а кога наполнил дваесет години заминал во Италија каде се запознал со ренесансниот начин на живот. По стапувањето во шпанската војска учествувал во поморската битка кај Лепанто (1571), каде бил ранет. Враќајќи се кон татковината бил заробен од пирати и продаден како роб. По неколку безуспешни обиди за бегство, сепак во 1585 година бил спасен и вратен во Мадрид. По враќањето во Шпанија тој ѝ се посветува на литературата. Иако напишал многу дела, сепак не можел да стане славен бидејќи романите не постигнале успех, а тоа го довело на работ на сиромаштија. Пропаѓањето на банкарот кој се грижел за неговите пари го носи в затвор каде почнал да ги пишува првите глави од светски познатиот роман „Дон Кихот" кој на крајот ќе стане пародија и со него ќе го стекне посакуваниот успех. Со овој роман се стекнал со светска слава и станал еден од најголемите писатели во историјата на литературата. При крајот на својот живот, во 1616 година пристапил во редовите на монашкиот ред, но набрзо умрел и бил погребан во блискиот манастир на Босите тринитарки во Мадрид.

Творештво

Творештвото Сервантес го започнал како поет. Тој пишувал елегии и сонети, а во периодот од 1581 до 1587 напишал дваесетина драми од кои сочувани се само „Алжирските нарави" и „Нумансија". Подоцна пишувал љубовно-херојски и битово-плаутовски драми („Лавиринт на љубовта", „Алжирска робија", „Доблесниот Шпанец", „Блаженикот никаквец"). Го објавил и пасторалниот роман „Галатеја" кој не доживеал голем успех. Во 1605 година излегол од печат првиот дел од романот „Дон Кихот" со кој доживеал голем успех. Вториот дел од романот е објавен десет години подоцна во 1615 година. Сервантес пишувал и раскази и новели („Поучни новели", „Патување на Парнас"), а пред смртта го завршил и вториот роман „Патувањата на Персилис и Сигизмунд".

Интерпретација на романот „Дон Кихот"

Романот „Дон Кихот" е пародија на рицарски (витешки) роман кој во тоа време бил многу популарен. Под пародија се подразбира текст во кој се содржат најкарактеристичните белези на еден автор или на литературниот вид кои се пренагласени, карикатурално преувеличени и хиперболизирани, па предизвикуваат смеа. Структурално, романот е составен

од два дела во кои главите се именувани со наслови и во него се вметнати сонети, писма и приказни. Дејството се случува во 17 век во Шпанија, во покраината Манча, а главна тема е да се наслика личност која го изгубила умот поради претерано читање романи за јуначки авантури.

Сиромашниот селски благородник, Алонсо Кихано од областа Ла Манча живеел со својата внука, слугинка и еден момок. Толку многу читал витешки романи што и самиот решил да стане витез. Така Алонсо Кихано самиот си дал име и решил дека ќе се вика Дон Кихот. Нашол стар заѓрѓан оклоп кој со денови го средувал, стар коњ кој требал да го води низ авантурите и го нарекол Росинант. Бидејќи сите храбри витези имале дами за кои се бореле, така и тој ѝ нашол дама на неговото срце од соседното село, селанката Алфонса Лоренцо која ја крстил Дулчинеја од Тобозо. Подготвен и опремен, едно утро тајно го напуштил домот и тргнал да го остварува својот витешки сон. По првата неуспешна авантура, истепан се вратил дома. Додека тој со денови закрепнувал, неговата внука, заедно со берберот и пароход, ги изгореле книгите од неговата витешка библиотека бидејќи сметале дека тие се виновни за состојбата во која се нашол Дон Кихот. Останатите книги ги засидале во една соба со надеж дека така ќе успеат да го спасат од болеста. Но, кога Дон Кихот се разбудил, ништо не се сменило. Тој се сретнал со еден селанец кого го наговорил да стане негов оружоносец и придружник, а за возврат кога ќе спечалел некој остров ќе го назначел за губернатор. Така Дон Кихот и неговиот придружник Санчо Панса тргнале во нови походи. Многубројни се подвизите на Дон Кихот. Тој се борел со ветерници кои ги замислувал како џинови со долги раце, со стадо овци замислувајќи ги како непријателска војска, фратарските мулиња како едногрби камили, окованите заробеници како невини жртви кои ги ослободува, селанките како благородни дами, винскиот мев го замислува како зол дух итн. Сите авантури и подвизи на Дон Кихот предизвикуваат смеа, но и тага. Во нив тој влегува со безумна храброст, а излегува поразен. Својот неуспех секогаш го оправдувал со моќта на лошите духови и магиите. Последна борба која ја имал Дон Кихот е борбата со Витезот од Белиот Месец (преправен пријател на внуката на Дон Кихот) чиј пораз значел прифаќање на поставениот услов, па така Дон Кихот требало барем една година да се повлече дома и да не зема оружје в раце. По враќањето во селото, Дон Кихот се разболел и посакал да остави тестамент во кој се откажал од сите витешки лудории и ги проколнувал витешките романи. Вразумен, тој ѝ го остава имотот на својата внука, но под услов никогаш да не се омажи за човек кој читал такви книги. Така, тој по неколку дена умира како Алонсо Кихано.

Ликовите во „Дон Кихот“

Дон Кихот на почетокот на романот го запознаваме како Алонсо Кихано, 50-годишен сиромашен селски благородник кој живеел со својата внука. Тој е сув, слаб во лицето и со силен раст. Бил голем љубител на лов и читање витешки романи кои му го поматиле умот, па решил да стане витез. За таа цел ги направил сите потребни витешки подготовки (облека, оружје, коњ, сакана и штитоносец) и тргнал во остварување на своите витешки сонови низ Шпанија. Добар, со чисто срце, наивен и прагматичен, тој се бори против неправдата која некогаш е и производ на неговата фантазија. Иако нерационален во своите постапки, сепак неговите мотиви се благородни. Неговите зборови, иако се граничат со лудило, сепак не се луди во толкава мера за да биде исмејуван. Тој се поставува над околината која го опкружува. Неговите идеали се недостижни, но сепак мудри. Тој храбро и непоколебливо

се впуштал во сите авантури иако тие му носеле само ќотек и непријатности. Неговата среќа е во тоа што никој не можел да му го смени мислењето. Независен, се одрекува од сѐ и цврсто се држи за својот идеал. Пред самата смрт ќе се излекува од болеста на витештвото и повторно ќе се врати стариот Алонсо Кихано.

Санчо Панса е наполна спротивност на Дон Кихот, како духовно така и физички. Тој е типичен пример на простите народни маси кој е научен да почитува авторитети, но не и да размислува за умни работи. Бистар и реален, за разлика од својот господар цврсто стои на земја, но кога ќе затреба знае да биде и многу итар. Неговата мудрост не доаѓа од книгите и школите, туку директно од животот и претставува непресушен извор на вистинска народна мудрост. На секоја лудост на својот господар тој секогаш има подготвен одговор или коментар во вид на народна поговорка, мудрост или верување. Свесен е за лудилото на господарот, но никогаш не го напушта во неволите, на почетокот поради ветувањето за гувернерската функција на ветениот остров, но подоцна поради љубов и пријателство.

Запомни!

Мигел де Сервантес е еден од најважните и највлијателни автори во светската книжевност, а неговото значење е особено големо за шпанската и европската литература. Романот „Дон Кихот" се смета за првиот модерен роман во историјата на книжевноста бидејќи ги напушта традиционалните форми и воведува комплексни ликови, реалистичен приказ на светот и хумористична, но длабока критика на општеството.

Прашања и задачи:

1. Како се менува карактерот на Дон Кихот низ романот?
2. Дали Дон Кихот е луд или е само идеалист кој бега од реалноста?
3. Каков е Санчо Панса? По што се разликува од Дон Кихот?
4. Каков е односот помеѓу Дон Кихот и Санчо Панса?
5. Направи Венов дијаграм за Дон Кихот и Санчо Панса. Кој од нив носи одлики на ренесансниот човек?
6. Како споредните ликови влијаат врз Дон Кихот?
7. Протолкувај! Дон Кихот гледа свет полн со витештво, иако тоа одамна исчезнало.
8. Каква е улогата на соништата и имагинацијата во романот?
9. Каква е функцијата на иронијата и сарказмот во романот?
10. Какво е значењето на тоа што Дон Кихот умира „враќајќи се во реалноста"?
11. Какво е влијанието на присуството на „лажниот автор" врз разбирањето на романот?

Во тој миг здогледаа триесет или четириесет ветерници што стоеја во тоа поле, а Дон Кихот, штом ги забележа, му рече на својот коњушар: „Среќата управува со работите подобро отколку што можеме да посакаме; бидејќи таму, брате Санчо Панса, каде што се појавуваат триесет или повеќе огромни џинови, со кои сум расположен да водам борба и да ги погубам сите и со нивниот плен да почнеме да се збогатуваме; затоа што тоа е праведна војна и на господ му се угодува кога таков џган се сотира од лицето на земјата".

„Какви џинови?", запраша Санчо Панса.

„Оние што ги гледаш таму", одговори господарот, „оние со долгите раце, каде што некои имаат подолги и од две милји."

„Но, погледнете", рече Санчо, „она што таму се гледа не се џинови, туку ветерници, а она што ви се присторува дека се раце од две милји, тоа се крилата што ветрот ги врти."

„Јасно се гледа", се спротивстави Дон Кихот, „дека не се разбираш во авантури; тоа се џинови, а ако се плашиш, ти тргни се на страна и моли му се на Бога додека се впуштам со нив во лута и нееднаква борба."

Само што го кажа тоа, го подбодна својот коњ Росинант, не слушајќи го својот коњушар Санчо, кој го предупредуваше дека тоа, без сомнение се ветерници, а не џинови, кои сака да ги удри. Но, тој веќе беше убеден дека неговиот господар не ги слуша повиците на својот коњушар Санчо, туку брзо им се доближуваше, викајќи:

„Не бегајте, подмолни и страшливи гадови, бидејќи на вас удира само еден витез!"

Во тој миг се крена малку ветрот и големите крила почнаа да се движат, а кога тоа го забележа Дон Кихот, викна: „За тоа дека мавтате со рацете повеќе отколку самиот џин Бријарео, повторно ќе ми платите".

Велејќи го тоа, се препорача со сето срце на својата госпоѓа Дулсинеја, молејќи ја во ваквиот страшен час да му помогне, добро се засолни со својот штит, копјето го насочи, тргна со Росинант во најголем трк, се втурна кон првата ветерница пред себе и кога ја удри по крилото, ветрот ова го сврте со толку голема силина што копјето се искрши на парчиња, коњот и коњаникот беа соборени и витезот се стркала на земја. Му притрча Санчо Панса колку што можеше побрзо со своето магаре, за да му помогне, а кога дојде до него, виде дека не може да се помрдне, зашто беше згмечен со Росинант.

„Аман, Боже мој", рече Санчо, „па зарем не ви кажале да внимавате што правите, бидејќи тоа се ветерници и ги нема видено само оној кој самиот ги има во главите!"

„Полека, брате Санчо", одговори Дон Кихот, „бидејќи воените работи се изложени на вечни промени, поголеми од другите, многу поголеми отколку што мислам, а така е, оти оној лудиот Фрестон, кој ми ја украде собата и книгите, овие џинови ги претвори во ветерници за да ми ја одземе славата дека го победив; толку ми е лут, но на крајот на краиштата, тешко дека неговите мајстории ќе му помогнат против мојот добар меч."

„Нека ни помогне добриот Бог", одговори Санчо Панса.

Па, помагајќи му да се исправи, го качи на Росинант, кој речиси беше паднат и, зборувајќи за оваа случка, се упатија кон клисурата Лапис, бидејќи, рече Дон Кихот, не може да помине без многу и разни авантури, зашто на тоа место поминува многу народ; само беше многу нерасположен што немаше копје, па спомнувајќи му го тоа на својот коњушар, му рече: „Се сеќавам дека читав за еден шпански витез, по име Диего Прес Варгас, како го скршил својот меч во некоја борба, па од дабот скршил една гранка или стебло и со тоа тој ден направил такви чуда и отепал толку Арапи, што го нарекле Мачук (мецкало), па така тој, како и неговите наследници, од тој ден ги нарекле Варгас и Мачук. Ова ти го кажувам затоа што од првиот даб на кој ќе наидам, планирам да искршам една гранка, иста како таа на Мачук, бидејќи сакам со неа да направам такви дела, што ти ќе се сметаш за многу среќен што се удостои да ги гледаш и да бидеш сведок за таквите работи на кои одвај ќе можеш да им поверуваш".

„Во божји раце сме", додаде Санчо, „верувам во сето ова што го кажувате; но исправете се малку, зашто изгледате како да сте повредени, а тоа е сигурно од паѓањето."

„Навистина е така", одговори Дон Кихот, „а ако не офкам од болка, тоа е затоа што на патувачките витези не им е дозволено да се жалат на никаква рана, па макар и цревата од неа да излегуваат."

„Ако е така, тогаш немам што да кажам", одговори Санчо, „но, Боже мој, право ќе ми биде ако се жалите кога нешто ве боли. Јас знам да лелекам и при најмала болка, ако не се подразбира дека и коњушарите на скитниците витези не смеат да се жалат."

Дон Кихот не можеше, а да не се насмее на простотијата на својот коњушар, па му рече дека може да лелека колку сака и кога сака, ако сака или не, бидејќи до тој ден нема ништо прочитано спротивно на тоа во витешките правила.

Вилијам Шекспир

Биографија

За Шекспир има малку биографски податоци бидејќи интересот за него како писател се зголемил во 18 век.

Вилијам Шекспир е роден 1564 година во Стратфорд, Англија. Потекнувал од имотно семејство кое имало активен општествен живот. Учел во локалното граматичко училиште, каде ги изучувал латинската, грчката и класичната литература. Во 1587 година дошол во Лондон, каде стапил во најистакнатата театарска група, чии членови подоцна го изградиле познатиот театар „Глобус". Шекспир пишувал драми за лондонските театри, првин преработки на стари драми, а од 1593 година оригинални кои се изведувале во театарот „Глобус". Во 1612 година тој го напуштил Лондон, се вратил во родниот град и ги напуштил пишувањето и театарот. Последните години од животот ги живеел повлечено и тивко. Умрел 1616 година во Стратфорд, каде бил и погребан.



▲ Вилијам Шекспир

Творештво

Литературното творештво на Шекспир е многу богато. Тој напишал 154 сонети и 36 драми. Сонетите на Шекспир се според сонетите на Петрарка, но тој ги адаптирал и во нив внел сопствена форма (три катрена и еден дистих) која е позната како **Шекспиров сонет**.

Драмското творештво на Шекспир според темата е поделено на историски драми кои опфаќаат теми од англиската историја од 13 до 16 век и уште се нарекуваат кралски драми, комедии, трагедии и идили.

Извор на неговото творештво била античката историја, средновековните хроники и легенди, ренесансните новели и анегдоти. Во своите творби тој ги мешал формите (стих и проза) и создал безброј ликови со чувства, страсти и страдања кои без оглед на времето се универзални.

прв период (1590 – 1595)	втор период (до 1608)	трет период (до 1612)
„Хенри VI"	„Ричард II"	„Хенри VIII"
„Ричард III"	„Кралот Џон"	„Перикле"
„Хенри V"	„Хенри IV"	„Симбелин"
„Тит Андроник"	„Јулиј Цезар"	„Зимска бајка"
„Ромео и Јулија"	„Антониј и Клеопатра"	„Бура"
„Комедија на забуни"	„Хамлет"	
„Скротената фурија"	„Отело"	
„Двата витеза од Верона"	„Макбет"	
	„Кралот Лир"	
	„Сон на летната ноќ"	
	„Венецијанскиот трговец"	

Интерпретација на „Ромео и Јулија"

„Ромео и Јулија", заедно со „Хамлет", се вбројува меѓу најпознатите Шекспирови дела. Во светската уметничка литература, овие две дела се вбројуваат меѓу најпознатите и сценски најизведуваните трагедии.

Инспирацијата за оваа трагедија Шекспир ја наоѓа во италијанската приказна, препеана во стихови во делото „Трагичната историја на Ромео и Јулија" од Артур Брук во 1562 г., а потоа преработена во проза во делото „Палатата на задоволствата" на Вилијам Пејнтер во 1582 година. Се претпоставува дека делото е пишувано во периодот меѓу 1591 и 1595 година и дека почетните објавени верзии отстапувале од оригиналниот текст на Шекспир.

Оваа трагедија Шекспир ја создава на специфичен, оригинален начин при што во структурата на текстот користи премини од комедија во трагедија, повеќе споредни ликови со споредни настани и заплети меѓу нив што делото го прави неповторлива авторска трагедија. Во „Ромео и Јулија", Шекспир користи неколку драматични техники кои добија критичка пофалба, особено ненадејните транзиции од комедија во трагедија (пример е хумористичната размена помеѓу Бенволио и Меркуцио непосредно пред пристигнувањето на Тибалт). Пред смртта на Меркуцио во третиот чин, драмата е, главно, комедија. По неговата случајна смрт, драмата наеднаш станува сериозна и добива трагичен тон. Кога Ромео ќе биде протеран наместо да биде погубен, а отецот Лаврентиј ѝ нуди план на Јулија повторно да ја обедини со Ромео, читателот сè уште може да се надева дека сè ќе заврши добро. Овие поместувања од надеж во очај, одмор и нова надеж, служат за да се нагласи трагедијата кога последната надеж пропаѓа и двајцата љубовници на крајот, умираат.

„Ромео и Јулија" е изведувана многупати на сцена, и адаптирана за мјузикл и за опера.

Трагичната љубов на Ромео и Јулија, Шекспир ја претставува низ пет чина во кои драмското дејство го движи низ фабуларни линии кои само навидум се едноставни. Настаните се случуваат во Верона и во нив доминира нетрпеливоста меѓу семејствата Монтеки и Капулети. Под дејството на љубовта, во рок од пет дена (колку што трае дејството во драмата), Ромео созрева во херој, а девојчето Јулија созрева во девојка која знае што сака и бестрашно се стреми кон својата цел.

Љубовта на овој млад пар на почетокот изгледа невозможна, но сепак успеваат тајно да се венчаат. Поради конфликтот меѓу овие две семејства, Ромео го убива братучедот на Јулија и е принуден да ја напушти земјата, но не сакајќи да ја напушти саканата, решава да остане, но да се крие од јавноста.

Шекспир многу умешно го внесува заплетот во делото со тоа што го внесува планот на родителите на Јулија. Тие сакале да ја омажат за угледен благородник, но таа била подготвена да умре наместо да го гази бракот и љубовта со Ромео. Напомош ѝ доаѓа свештеникот кој ги венчал. Тој ѝ дава на Јулија напивка со која само малку ќе ја заспие, за пријателите да помислат дека е мртва, а потоа ќе биде слободна. Ромео не ја примил пораката дека Јулија е, всушност, жива и токму тоа ја прави трагична љубовта меѓу овие љубовници.

Ликовите во „Ромео и Јулија"

Јулија е ќерка на Капулети. Таа е претставена како млада и невина адолесцентка која сè уште нема 14 години. Нејзиниот млад дух е предизвикан во текот на дејството на оваа драма за да се прикаже нејзиниот премин од адолесценција во зрелост и да се нагласи нејзината

улога на трагична хероина. Љубовта на Јулија кон Ромео ѝ дава сила и храброст да им се спротивстави на родителите и двапати да се соочи со смртта. Преку ликот на Јулија, Шекспир ја навестува промента на жената во тогашното општество.

Ромео е син на Монтеки. Граѓаните на Верона го сметаат за сакана и почитувана личност. На почеток Шекспир го претставува како комичен романтичар особено преку неговите изјави за љубов кон Розалија. Средбата со Јулија го менува Ромео во модерен љубовник со сериозен поглед кон светот и околината.

Отецот Лаврентиј е човек кому Ромео често му се исповедал и кој им служел како советник на Ромео и Јулија.

Запомни!

Вилијам Шекспир е еден од најзначајните светски автори чии драми се актуелни како во првиот миг на нивното претставување на сцена. Мислите и гледиштата кои биле актуелни пред четири века сè уште живеат со ист интензитет. Во неговите дела животот клокоти, страстите се силни, заплетите возбудливи, а расплетите крвави. „Ромео и Јулија" е типичен пример за богатството на Шекспировиот свет. Во него се претставени вечните дилеми кои го мачат човештвото.

Прашања и задачи:

1. Наброј одлики кои драмата „Ромео и Јулија" ја карактеризираат како трагедија!
2. Во кој град се случува дејството во драмата „Ромео и Јулија"?
3. Колку дена трае дејството во драмата?
4. Каква е улогата на отецот Лаврентиј во животот на Ромео и Јулија?
5. Одреди ги етапите во драмското дејство низ чиновите на ова дело.
6. Одреди ја непосредната и посредната причина за трагичниот крај на Ромео и Јулија.
7. Во дадениот извадок посочи ги внатрешните состојби на ликот.

ПРОЛОГ

(*Влегува хорот*)

ХОРОТ

Две семејства, по достоинство сосем исти
во убавата Верона, каде што дејството се води
од памтивек раскарани пак се караат, немаат три чисти,
за гуша се фаќаат, секој секого боди.
Кобната пазува на овие два душмани лути,
две ѕвезди заљубени на небото денско ѓитка,

чиј пад несреќен и трагични рути
со смрт ја погребуваат родителската битка.
Делот страшен за со смрт бележаната љубов
и продолжувањето на кавгата од нивните стари
што само децата нивни ги убива, а ништо не менува друго
два часа сега пред вас, на сценава ќе цари.
Ве молиме за трпение, никој нема да ве дави,
она што недостига, трудот наш ќе го поправи.

(*Излегува*)

РОМЕО

Тешко на таа љубов што навидум мила
без очи го наоѓа патот свој без сила.
Каде ќе ручаме? (*Гледа крв*) Боже, каков
мегдан се водел овде?
Сепак не кажувај ми зашто за сè ова слушнав.
Омраза работела овде но повеќе пуста љубов.
Зошто о, љубов борбена, о, омразо љубена
о нешто од ништо исконски зачнато!
О светлино хмурна, суето трезна,
хаосе безобличен од навидум облици складни,
пердуве оловен, чаду сјаен, огну студен, здравје болно,
сону в јаве, што си и не си!
Ваква чувствувам љубов што љубовно чувство не е.
Ти се смееш, не?

БЕНВОЛИО

Не, роднино, туку плачам.

РОМЕО

Добро срце, за што?

БЕНВОЛИО

За тоа што добро едно срце страда.

РОМЕО

Злосторот љубовен е таков, ти си на клада.
Но јадовите мои и сами на срце ми тежат,

а потешки стануваат ако и кај тебе лежат
па ме притискаат двојно. Љубовта што кај тебе ја видов
поголем во мене го прави од чемерот ридот.
Љубовта е чад од баздежот на воздишки без почин,
штом брзгне, оган пламнува во заљубените очи,
штом се стуши, море се полни од љубовнички солзи.
И што уште? Лудило умно што мели,
џвакачка болка и сладок пелин.
Збогум, роднино.

.....

ЧИН 1, СЦЕНА 2

(*Влегуваат Капулети, Парис и слугата Петар*)

КАПУЛЕТИ

Па и Монтаги обврзан е ко мене
под закана со иста казна, да го чуваме мирот
што не е тешко за старци како нас, мислам.

ПАРИС

Обајцата сте чесни, угледни луѓе,
и штета е што толкава кавга меѓу вас изби.
Но, господине, што велите за барањето мое?

КАПУЛЕТИ

Го велам истото што го реков и пред тоа.
Детото мое сѐ уште е туѓинка на светов;
уште ни четиринаесет не навршило лета.
Уште двапати барем крајот на летото нека е виден
пред да мислиме дека е зрела невеста да биде.

ПАРИС

И побргу од неа станале мајки среќни.

КАПУЛЕТИ

Но побргу и прецветувале, мажени толку рано.
Но пробајте, благороден Парис, срцето освојте ѝ го мило;
волјата моја од согласноста нејзина е само крило,
и штом таа се согласи, во изборот нејзин
лежи благословот мој ко печат на сиот тој чин.

Вечерва во домот мој пир старински се прави,
на кој сум поканил гости многу, велмошки глави
мене многу мили, па еве и вас овде ве канам
пирот да ми го удостоите, порадосен да станам.
Во домот мој скромен, ѕвездената свита сета
вечерва ќе ја видите од која темните неба светат.
И чари што ги чувствуваат момчињата празни
кога убаво променетиот април на петицата ќе згазне
од бабуњосаната зима – задоволство значи такво
меѓу свежите женски пупки на гостењето вакво
во домот мој ќе сетите; чујте ги сите, видете ги сите,
највредната изберете ја со вас да ги минува дните;
во таа бројка и ќерка ми ќе биде сред сите една
што не значи дека на крајот ќе испадне и највредна.
Да одиме сега.
Трчај, момче, нека не ти е уѓе;
низ убавата Верона најди ги овие луѓе
запишани овде и кажи им кога забрзан ќе те видат
дека сакам вечерва гости мои да ми бидат.
(Излегуваат Парис и Капулети)

.....

ДАДИЈАРКАТА

О, не вели ништо, господару, само липа, липа,
ќе се фрли в постела па ќе стане,
по Тибалт вика, па Ромео го бара,
па пак в постела се фрла.

РОМЕО

Ко тоа име
испалено од смртоносната цевка на некој топ
да ја уби зашто проклетата рака на тоа име
роднината ѝ го уби. О кажи ми оче, кажи ми,
во кој подол агол од телово мое
името ми пребива? Кажи ми за да го сотрам
тоа одвратно дувло.
(*Сака да се прободи, но Дадијарката му го зема ножот.*)

ЛАВРЕНТИЈ

Запри ја очајната рака.
Дали си маж? Изгледот твој вришти дека си.
Но плачеш ко жена, а дивите постапки твои велат
дека во тебе се разгневила неразумна sверка.
Неприлична жена со изглед на маж
или изобличен sвер истовремено и маж и жена!
Ме чудиш многу. Жими светиов позив
мислев дека си од поинаков ков. Го уби
ли Тибалт? Па сега и себеси ќе се убиеш
па саканата што во твојот живее живот
омразата спроведувајќи ја врз самиот себе?
Што ги колнеш потеклото, земјата, ова небо
кога сите три во тебе се соединуваат во едно,
а ти сакаш сите три да ги загубиш наеднаш?
Пих! Ликот си го срамиш, љубовта, умот
што ко лихвар во изобилство ги имаш,
но не знаеш да ги употребиш право
за целта што ги краси ликот, љубовта и умот.
Благородниот твој лик е само восочен печат
ако е лишен од човечката храброст;
љубовта на која се заколна кривоклетство шупло
што љубовта ја убива што треба да ја коткаш;
умот, тој украс на љубовта и ликот,
неспособен е обата нив да ги води
ко прав од рогот на некој невешт војник
што од сопственото незнаење пламнува,
па те разнесува место од душманот да те чува.
Стануваj, биди маж! Твојата Јулија е жива,
за чиј атер до прееска умираше простум:
тука имаш среќа. Можеше да бидеш убиен од Тибалт
но ти Тибалта го уби: И тука имаш среќа.
Законот што ти се закануваше со смрт кон тебе се сврте
и смртта со прогонство ја смени; и тука имаш среќа.
Море благослови ти се прелева на грбот
среќата ти се насмевнува во промена сјајна
а ти, ко девојка си се распекмезил здурлен,

па плукаш на среќата и својата љубов.
Внимавај ти велам, зашто таквите умираат во беда.
Оди, брзни кај саканата, ко што е договорено.
Изјази се во нејзината соба; оди да ја тешиш.
Но не чекај стражите да се постават,
оти нема да продеш на патот за Мантова,
кај што треба да живееш дури во погодно време
бракот не го објавиме, пријателите не ги помириме,
прошка од војводата не измолиме и назад не ги викнеме
со илјадапати поголема радост
од тагата со која заминуваш сега.
Оди напред Дадијарко, госпоѓата поздрави ја своја,
и кажи ѝ цела куќа в постела да ја прати
во која и самите јадот сега ги тера.
Ромео веднаш трга по тебе.

ДАДИЈАРКАТА
О господе, би можела цела ноќ да останам овде
поуките да ви ги слушам! О, што значи учен човек!
Господару, ќе ѝ кажам на госпоѓицата дека доаѓате.

РОМЕО
Стори така, а саканата нека се спреми да ме кори.

ДАДИЈАРКАТА
(*Му дава прстен*) Еве, господине, прстенов
рече да ви го дадам.
И побрзајте, не стојте многу, зашто веќе е доцна.
(*Излегува дадијарката.*)

РОМЕО
Повторно со ова ми се ободри духот.

2.3 ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

Усно изразување или говорење

Во секојдневниот живот постојано усно се изразуваш во различни ситуации и со различни лица. Низ тие активности можеш да внимаваш на јазикот кој го користиш, но можеш да се изразуваш без да размислуваш кои зборови ги употребуваш и со кого разменуваш мисли и ставови.

И во минатото, а особено во современото општество, усното изразување, говорењето, е значајна способност која треба да се поседува.

Усното излагање или говор во најширока смисла на своето значење претставува манифестација на човековата можност да го користи јазикот. Во повеќе научни проучувања на говорот се смета дека е способност што човекот ја добива од природата. Еден од најпознатите лингвисти, Фердинанд де Сосир, смета дека способноста за артикулирање на зборовите се реализира само со помош на инструментите кои ги создава и овозможува заедницата и затоа во проучување на говорот е најважен јазикот.

Куса историја на говорењето

Говорењето е способност со долга традиција и претставува искуство и потреба на човекот да го употребува јазикот за да го разбере светот околу себе. Како способност на човекот, говорот своето вистинско значење го доживува во античкиот период. Во тој период говорот е, всушност, реторика, древна вештина на убедување на слушателот. Реторската традиција како посебна научна дисциплина, се конституирала во 5 век пр. н. е. и се базирала на грчката филозофија. Во таа смисла, имајќи ја филозофијата како свој извор и упориште, реториката подразбирала негување на три централни категории: вистина, добрина и убавина. Говорите од тој период имале за цел да ја докажат вистината, да покажат добрина и убавина во искажувањето.

Во основата на своето значење, реториката претставувала јавно говорење на поединец на одреден настан и тема. Древниот кинески филозоф, Конфуциј, клучна фигура во проучувањето на јавното говорење, сметал дека говорите можат длабоко да влијаат на поединци, вклучително и на оние кои не се присутни во публиката. Тој верувал дека зборовите поседуваат моќ да инспирираат дела способни да го променат светот. Во Античка Грција, Аристотел, познат филозоф, идентификувал три вида говори: советодавни (политички), судски и демонстративни. За време на Стариот Рим, истакнатиот филозоф и оратор Цицерон во јавното говорење определил три вида говорење и тоа: судско (докажување на вистината), политичко и демонстративно (церемонијално). Реториката (или говорништвото) во средниот век го нема истото значење како во антиката. Бидејќи времето на средниот век е период на христијанското учење, така и убавото говорење ќе се негува во рамките на ова учење. Меѓу истакнатите беседници од овој период се среќаваат имињата Сен Бернар, Јан Хус, Мартин Лутер, Данте Алигиери, а на овие простори се познати браќата Св. Кирил и Методиј и нивните следбеници Св. Климент Охридски, Св. Наум, Св. Горазд.

Во модерните времиња, говорењето останува високо ценета вештина во различни области во секојдневното живеење. Современата поставеност на говорењето не се смета само како вештина на убедување, туку како процес на комуникација меѓу испраќачот и примачот на пораката. Говорењето особено еволуира со доаѓањето на дигиталните технологии кои наметнуваат нови форми на беседништво кои вклучуваат негова примена во видеоконференции, мултимедијални презентации и други иновативни форми на комуникација.

Видови усно изразување/говорење

Постојат повеќе поделби на формите на говорно изразување кои се раководат од различни принципи според карактеристиките на говорните форми.

Најголем број научници кои се занимаваат со говорењето, без разлика дали од гледна точка на лингвистиката, на комуникологијата или друга научна дисциплина, се согласуваат дека, главно, постојат форми на неформално и формално говорење.

И во двете основни форми на говорење постојат и основни елементи кои ги содржат и по кои се одредуваат разликите меѓу различните форми на изразување.

Основни елементи на формите на усно изразување се: јазик, интонација, акцент, дикција, структура на говорот.

Усното говорење се дели на:

- **Неформално говорење** – говорење меѓу две или повеќе лица, во кое се искажуваат индивидуални мисли на разговорен јазик без утврдена форма на исказот.
- **Формално говорење** – говорење во формални или сериозни ситуации со користење на стандарден јазик и со почитување на утврдена форма на изразување според намената на говорот.

И во неформалното и во формалното говорење, според одредени одлики може да разликуваме исти и различни видови. На пример и во формалното и во неформалното говорење се јавува **обраќањето** како форма на изразување. Дали обраќањето ќе е формално или неформално пред сè зависи од користениот јазик.

Во групата **неформално** говорење спаѓаат неформалните разговори меѓу две и повеќе лица, во кои секој кажува што мисли за темата за која се зборува користејќи јазик кој може да има дијалектни елементи, да е сленг форма на изразување. Во неформалното говорење не се води сметка за времето, за начинот на етикетирање (обраќање) кон соговорникот.

За разлика од неформалното говорење, формалното усно изразување има повеќе елементи кои се задолжителни при неговата примена. Во зависност од тоа, формалното говорење се реализира преку повеќе реторички форми.

Формалното говорење се остварува преку реторичките форми како што се:

- **Обраќање** – Воспоставување контакт со одредено лице со користење на специфичен јазик.
- **Посочување** – Воспоставување комуникација преку посочување на одредени односи меѓу соговорниците. Оваа форма на формално говорење е вид етикетирање меѓу соговорниците при што се почитуваат утврдената норма на јазикот, формата на обраќање,

должината на говорењето и сл. Во оваа форма на говорење разликуваме запознавање, претставување, поздравување, искажување на некоја состојба на говорителот...

- **Јавно говорење** – Јавното говорење е *директно говорење, лице в лице со публика во живо*. Јавното говорење претставува структуриран и проактивен формат на говорење кој се користи за комуникација, информирање, презентација и убедување на помала или поголема група слушатели. Јавното говорење и ораторството се сметаат за едни од највреднуваните вештини кои една индивидуа треба да ги поседува во современото општество.
- **Презентација** – Ова е специфична форма на усно излагање со информативна и пропагандна цел. Постојат три клучни елементи на добри презентации: *содржина, организација* и *испорака*. Чекори или елементи на презентација:
  - **Воведен дел** – Самопретставување и претставување на темата на презентацијата. Поставување на клучниот предизвик на темата.
  - **Прашање или теза** – претставување на предметот на разгледување.
  - **Главен дел** – Во главниот дел се изнесуваат клучни информации кои се поврзуваат со поставената теза или прашање. Презентирање на примери поврзани со темата на презентацијата.
  - **Завршен дел** – Поврзување на сите клучни информации во врска со темата.

Во секоја презентација се користи стандарден јазик со добро избрани термини соодветни на темата, јасни и прецизни мисли со правилна дикција и интонација.

- **Дебата** – Дебата како формално говорење претставува усна формална дискусија која се темели на структурни аргументи кои се изнесуваат според строго утврдени правила. Како одредница за дебатата може да се каже дека ова формално говорење е судир на зборови и мисли од спротивставени страни. Дебатата се појавува во Аристотеловото време кога агонот (спор меѓу ликовите кои бранат спротивставени ставови) бил чест начин за меѓусебна комуникација меѓу спротивставените страни. Денес, најпознати форми на дебата, како формално говорење, се:
  - Карл Попер дебата
  - Линколн – Даглас дебата
  - Дебата на ставови
  - Парламентарна дебата
  - Школска дебата

За да се реализира дебатата како формално говорење, без разлика на видот, неизоставно треба да има:

  - Соодветен јазик и терминологија
  - Определено време
  - Презентирање аргументи
  - Распределба на улоги на говорниците
- **Разговор** е специфична форма на говорење и според начинот на спроведување може да биде **неформално** и **формално говорење**. Истовремено, не може да се именува

како разговор секоја комуникација меѓу најмалку две лица. Како разговор не може да се прифати проста размена на неколку збора или комуникација меѓу надредени и потчинети лица. Оваа форма на говорење се проучува од социологјата како наука. Најчестата одредница според одликите на оваа форма на говорење е дека разговор претставува вид говор кој се случува информативно и со цел на воспоставување и одржување на социјални врски.

1. Што подразбираш под усно излагање?
2. Какви видови говорење постоеле во античко време?
3. Која е основната поделба на усното изразување?
4. Набројги одликите на видовите говорење?
5. Во кои видови говорење неизоставен елемент е изнесувањето аргумент?
6. Што е карактеристично за дебатата како форма на усно изразување?

Планови кои може да се користат при практикување на различните форми на усното изразување.

Обраќање	Ситуации во кои се користат различни форми на обраќање: Ситуација 1 – Обраќање кон претпоставен (директорот на училиштето) Од јазичните норми – се користи учтивата форма „Вие“ *Осмисли обраќање за ситуација 1* Ситуација 2 – Обраќање кон нов ученик во класот во кој учиш Од јазичните норми – се користи заменската форма „ти“ *Осмисли обраќање за ситуација 2*
Презентација	Воведен дел Прашање или теза Главен дел Завршен дел *Состави план за презентација според посочената структура на тема по избор*
Дебата	Школска дебата Два спротивставени тима со по четири члена. Се реализираат наизменични говори на трите члена на спротивставените тимови во ограничено време од 5-6 минути за секој говорник. Четвртиот член на тимот говори последен и за време од 4 минути ги кажува завршните зборови. *Подгответе дебата на теза по ваш избор.* Предлог: Видеоигрите придонесуваат за покачување на стапката на малолетнички криминал.

Есеј

Во бројните одредници за есеј како вид текст може да се прочита:

„Есеј е литературен текст во кој е обединета научната и уметничката мисла како одговор на поставено прашање".

„Есеј е текст кој е напишан врз основа на научни аргументи и факти,но со употреба на фигуративен јазик што ја дава уметничката вредност на творбата".

„Есејот е пишувана форма која изложува идеи и мислења за мал дел од определена тема и ги поткрепува со соодветни докази".

Во секоја од наведените одредници, а и во други кои може да се најдат во стручната литература, заедничко е дека ваков вид текстови се темелат на научни сознанија презентирани со специфичен јазик.

Настанување на есејот како писмена форма на изразување

Формата на есеистичко (писмено или усно) изразување е позната уште од античко време. Постоеле повеќе полемични текстови чиј текст се потпирал на научните сознанија од тоа време. Оваа форма на изразување во антиката повеќе се сметала како дел од филозофската мисла. Се смета дека есејот како посебна литературна форма е создаден од францускиот филозоф Мишел де Монтењ во 16 век. Како форма на изразување, есејот се усовршува во периодот на ренесансата, во што најмногу учествувал англискиот филозоф Френсис Бејкон. Во Англија, есејот е сè повеќе присутен меѓу научната и стручна јавност и во 18 век овој вид станува доминантен начин на изразување на мисли и ставови во различни области. Развојот на есејот во 19 век продолжува, и во 20 век е прифатен како незаменлива форма за литературна обработка на многу прашања од повеќе области. Почнувајќи од 20 век, па сè до денешно време, есејот не ги менува основните одлики – научен пристап со фигуративен јазик, но добива повеќе нови формати кои се тесно специфични за конкретни научни прашања.

Видови есеи

Најчест критериум според кој се одредува видот на есејот е намената и темата која се изложува во текстот. Во литературата се среќаваат:

- **Описни есеи** – во овој вид есеи во детали се опишува како изгледа нешто, се опишува чувството кое е клучно во текстот. Ваквите есеи би можеле да се сфатат како приказна во која има научни факти.
- **Проширени есеи** – во овој вид есеи се изнесува сеопфатна анализа на прашањето – теза за кое се пишува текстот. Овој вид есеи најчесто имаат околу 4 000 зборови.
- **Наративни есеи** – овој вид есеј е раскажана приказна за лично искуство на авторот. Во создавањето се користи „јас" форма за да се пренесе индивидуален светоглед на одредено прашање – теза.
- **Аргументативни есеи** – овој вид есеј има цел да го убеди читателот да го прифати гледиштето на авторот. Во овој вид есеј, авторот ги темели сопствените аргументи

на научни вистини, но може да употреби и иронија како стилско изразно средство за да постигне повисок степен на убедување.

- **Критички есеи** – овој вид есеј има цел да ги вреднува аргументите кои се потребни за докажување на прашањето – теза.
- **Училишни есеи** – овој вид есеј е со наједноставна форма на писмено изразување. Најчесто се користи во училиштата како активност за проверка на способноста на учениците за писмено изразување на различни теми.

Етапи (чекори) во пишување есеј

Во процесот на пишување есеј постојат основни чекори кои зависат од авторот и чекори кои авторот ги добива како зададени насоки за создавање текст.

Појаснување на елементите на структурата на есеј	
Тема	Секоја тема, без оглед на тоа дали сами ја формулираме или е зададен наслов, има клучни зборови кои ќе го одредат прашањето – теза, или ќе ја дадат насоката на искажувањето на мислите и ставовите на авторот. На пример: – во насловот „Белезите на романтизмот во делото 'Страдањата на младиот Вертер' од Гете" клучни зборови се белези, романтизам, делото. – во насловот „Митот за Сизиф" од Албер Ками навидум нема клучни зборови. Но, по читањето на овој есеј од Ками се забележува дека митот за Сизиф (лик од старогрчката митологија) за авторот е основа да опише неколку можни патишта за апсурдниот живот.
Вовед	Воведот е почетен дел од есејот. Во овој дел се кажува за што ќе се пишува во есејот и најчесто се посочува прашањето – теза.
Главен дел	Дел на есејот во кој се изложуваат главните ставови и мисли на авторот.
Пасуси/параграфи	Изделени делови од главниот дел кои претставуваат целина на искажан став или мислење.
Заклучок	Дел во кој се сумираат клучните мисли и ставови.
Аргумент, примери, докази	Аргументот е изјава со која се докажува валидноста на тезата или тврдењата. Силината на аргументот се поткрепува со примери.
Користење извори	Извори се сета истражена дополнителна литература за темата за која се пишува.

1. Избор на тема за есеј

Доколку авторот треба самостојно да избере тема за пишување есеј, тогаш треба да се раководи од одговорите на следните предизвици:

- Темата да претставува интерес на авторот.
- Авторот треба да има доволно знаење за темата.
- Колку е широка избраната тема и дали е поврзана само со една научна дисциплина или не?
- Дали може да се истражи и да се најде доволно литература од која ќе се извлекуваат информации?
- Поставувањето на прашањето – теза може лесно да се формулира.

Избраната тема за есеј секогаш треба да се поврзе со видот на есеј што се пишува.

Доколку авторот добива тема за пишување, тогаш треба да ги следи насоките за пишување.

Тема	Определи која тема е подобра. Појасни зошто.	Формулирај прашање – теза за темите.
• Значењето на медиумите во комуникацијата на луѓето		
• Современите човечки и морални вредности се најсуштествените прашања кои му се наметнуваат на човештвото меѓу двете светски војни		

2. Подготвителен период за пишување есеј

- Формулација на темата на есејот
- Дефинирање на прашањето – теза
- Подготовка на план (концепт) за пишување
- Истражување на потребната литература

3. Пишување есеј

Во основата, секој есеј без разлика на видот, има структура која се состои од основните делови на композиција на пишан текст. Секој есеј како пишана форма на изразување има вовед, главен дел и заклучок. Видот на есејот ги одредува соодветниот јазик и термините што ќе се користат, поделбата на пасуси во деловите на есејот, користењето аргументи, цитати, илустрации и сл.



▲ Пишување есеј

Основна структура на есеј	
Вовед	• Се претставува темата (тезата) со најопшта реченица (краток одговор за поимот); • Следуваат реченици (4-5) со кои се претставува (навестува, извлекува) конкретното прашање (проблем, мислење) за кое ќе следува одговор; • Се формулира теза (став, мислење) која ќе се претстави во главниот дел на текстот.
Премин	• Следува преодна реченица што значи поврзување на воведот со главниот дел.
Главен дел	• Се презентира (се пишува) тезата (став, мислење) за темата. Во презентацијата се внесуваат аргументи „за“ и „против“; • Аргументите се поткрепуваат со докази (примери) од различни извори и секој се изложува во посебен пасус; • Секој аргумент се поткрепува со пример доказ кој може да е во форма на цитат; • Авторот, слободно, го искажува својот став за темата користејќи го сето знаење што го има.
Заклучок	• Се сумира сето она што е веќе напишано; • Се извлекуваат клучните ставови на авторот на текстот; • Заклучокот не треба да биде подолг од воведот.

Запомни!

Есеј е текст кој е напишан врз основа на научни аргументи и факти, но со употреба на фигуративен јазик што ја дава уметничката вредност на творбата.

Есејот се јавува уште во античко време, но како посебна литературна форма е создаден од францускиот филозоф Мишел де Монтењ во 16 век.

Поделбата на видовите есеи е тесно поврзана со темата за која се пишува и според тоа постојат најразлични видови.

Чекори за пишување есеј се: подготвителен период, избор и формулација на тема, истражување, пишување есеј.

Постои основна структура на есеј, а разликите во структурата се во зависност од темата.

Прашања и задачи:

1. **Од предложената листа на зборови формулирај 3 теми за пишување есеј.**

Баби	Подобар	сакале	Од
дедовци	Нашиот	имале	На
живот	Училишните	носат	се
таблите	Задолжително	треба	да
униформи	Единствени		за
средства	Потребни		се
Бела креда	Сини		и
сунѓер			
работа			

2. **Избери една од формулираните теми и напиши есеј.**

Напиши есеј на тема: Стихозбирката „Бели Мугри" од Кочо Рацин го означува почетокот на македонската современа поезија

Насоки за пишување:

Вовед:

- Појава на стихозбирката;
- Основни податоци за стихозбирката;
- Одек во времето на објавувањето;
- Извлекување на значењето кое произлегува од насловот.

Главен дел:

- Белези на стихозбирката;
- Примери на специфични песни во кои се отсликуваат современите белези;
- Критиките за стихозбирката порано и сега;
- Сопствено видување за стихозбирката.

Заклучок:

- Сумирање на белезите според кои стихозбирката го носи предзнакот „почеток на македонската современа поезија".

3. Препиши го текстот во тетратка и дополни го со реченици на местата каде што се испуштени. Внеси ги измените за кои сметаш дека се неопходни за да ја добиеш формата на аргументативен есеј.

Луѓето не се гладни само за леб, туку и за љубов и за внимание

Што е гладта? Каква глад постои? Дали под глад ја подразбираме само човековата потреба за парче леб? Зарем ситиот човек е среќен, зарем тоа е дефиницијата за среќа?

Среќата е релативна работа. Секој човек задоволството го наоѓа во различни работи и се задоволува на различен начин. Но, што повеќе ќе го нахрани секое живо суштество на планетава? Дали корка леб или, пак, ронка љубов и внимание? Љубовта и вниманието го хранат духот, љубовта и вниманието можат да заменат тони леб бидејќи духовното е она вистинското во животот, тоа без кое човекот не е човек и неговиот живот не е живот.

Дали тие некогаш се среќни? Наместо планетата Земја да претставува прекрасно место за живеење... таа е претворена во живеалиште на суштества гладни за пари, моќ, суштества кои наместо да помагаат гледаат да ги користат луѓето за остварување на своите цели.

Мајка Тереза. Жена која еднаш се раѓа. Жена која барем на еден ден им го промени животот на оние безнадежните, гладните, очајните, оние кои никогаш не почувствувале љубов, внимание, топлина.

Им се восхитувам на оние кои го оставаат својот живот и одат на друго место каде започнуваат нов само поради хуманоста што ја носат во себе.

Како минуваат деновите, нашиот свет станува сè поизопачен. Денешниот човек не е сигурен во вистинските вредности на животот.

Има ли нешто поубаво од чувството дека ти си должен за нечија среќа? Има ли нешто поубаво од тоа твојата љубов да е онаа која создава сјај во туѓите очи и насмевка на туѓото лице? Секој има потреба од чувства. Тие се есенцијалното во животот. Тие го менуваат човека. Запаметете: „Луѓето не се гладни само за леб, туку и за љубов и за внимание".

Креативно пишување

Креативно пишување е дисциплина која излегува од рамките на стандардното пишување и на авторите им дава можност да ја истражат и да ја искажат својата фантазија при што креираат измислени светови или светот го претставуваат како свое гледање на сè што ги опкружува. За разлика од другите видови писмени форми на изразување, креативното пишување се фокусира на стилот, формата и на специфичната нарација.

Овој вид изразување ги опфаќа сите форми и жанрови на творење, од песни, раскази, романи, па сè до есеи, блогови. Оригиналната употреба на јазичните средства се смета за основна одлика, по што овие форми на писмено изразување се разликуваат од останатите творби. Во групата на други специфики на креативното пишување се издвојуваат слободата во изразувањето во широка смисла на разбирањето, постојаното експериментирање со стилот, тонот и нарацијата во структурата на создадената творба, а сето тоа ја поттикнува фантазијата на авторот.

Настанување на креативното пишување како писмена форма на изразување

Креативното пишување се среќава уште во најраните форми на усно и писмено изразување. Митовите, легендите, епските песни на древните цивилизации се сметаат за први форми на креативно пишување. Оттогаш па сè до 20 век креативното пишување го нема значењето што го добива во овој век. Оваа форма на писмено изразување денешното значење и користење го добива во Соединетите Американски Држави, а познатиот аргентински писател Хорхе Луис Борхес се смета како автор кој креативното пишување го прави различно од секое друго. Во неговите зборови: „Пишувањето е начин на сонување и треба да се обидете искрено да сонувате. Кога пишувам сонувам, знам дека сонувам, но се трудам искрено да сонувам", се согледува основното значење на креативното пишување.

Креативното пишување до почетокот на 21 век се изучува, анализира и се практикува најчесто во филолошките студии за мајчиниот јазик и литературата. Меѓутоа, во последно време сè повеќе се пробива сфаќањето дека креативното пишување не мора секогаш да биде поврзано со традиционалното разбирање на литературата. Бројни програми за креативно изразување, кои вклучуваат многу форми на креативно пишување, инсистираат на тоа дека креативното пишување како процес може да се одвои од литературата и дека може да се смета за посебна академска вештина што може успешно да се изучува и да се користи во академската заедница во која било област.

Видови форми креативно пишување или креативни стилови на пишување

Тргнувајќи од фактот дека творбите во креативното пишување, во основата, се потпираат на фантазијата и на стилот на авторот, тогаш и поделбата на делата е според вообичаени типови на креативни стилови на пишување. Основната поделба на творби од креативно пишување е:

Фикција – фантастични приказни со измислени ликови, легенди, научна фантастика, уметничко-литературна фантастика, романи.

Силјан штркот – македонска народна приказна

Тие две пилиња и ти сам си ги видел и си ги чул, синко, в поле кај си стојат по шипјето и глогјето и си пеат; едното си пее: сиве, сиве, а другото – чуле, чуле. Ете тие две пилиња, синко си биле некогаш брат и сестра. Многу биле лоши, разлавални (палави, бесни); татко и мајка ич не ризале (слушале), многу ги огорчувале, и зер татко им бил многу лут, така и мајка им, та беа ги колнале многупати, ете зер ѓавол натемаго беше се погодил, чедо, некој лош саат, кога ги колнала мајка им вака:

– Синко Сиве и ти ќерко Чуле! Пилци да се сторите и од куќава наша да одлетате, да в поле да појдете по трњето да стоите и еден-други да се барате, та да не можете никогаш да се најдете. Така куртулија (спас) од вас да имаме, од вашиве маки што ни ги давате.

. . . . . .

– Ах мајче! ах татче! ах мое мило синче, и ти моја мила сестро, и ти моја мила домаќинко! Дали ќе видите некој сон оти јас се избавив од улавото море што ќе ме удавеше? Дали ќе видите некој сон оти јас сум во една пуста земја кај што петел не пее! Ќешке со пушка да бев убиен, мајче, и тамо да бев умрен, во нашите гробишта да бев закопан, за ти, мајко да ми идеш на гробот да ми палиш свеќа и да ми раздаваш задужбина! Ами тука, мајко, во оваа пустелија ќе умрам и орли и врани месата ќе ми ги јадат. Ах, татко, татко, зошто толку лошо ме колна за да дојдам во оваа пустелија!

. . . . . .

– Еве зошто ние знаеме сѐ што имате дома, Силјане – му рекле – оти ви седиме на куќите; ние се правиме штркови, Силјане, и ви идеме во вашето село и во сиот вилает ваш.

– Ами кога се правите штркови – им рекол Силјан – зошто сте сега луѓе?

– Оти луѓе сме, затоа луѓе сме – му рекле – а за штркови што се правиме, си имаме од деда прадеда клетва да се правиме, чунки тука ние, Силјане, не е чаре да родиме челад според една клетва што ни е оставена од деда прадеда како што ти кажав уште од понапред.

Животот на Силјан меѓу луѓето штркови

Откога беа го довршиле муабетот, легнале и си спале. Утрото станале и го зел Силјана Аџи кљак-кљак, та го прошетал низ неговото гратче и го однесол кај двата извора, што се правеа штркови и човеци.

– Ако не веруваш, Силјане, оти човек се прави штрк, еве јас ќе се искапам за да поверуваш.

Влегол Аџи Кљак-кљак во изворот, се искапал и се сторил штрк. Летнал вамо, летнал тамо, прокљакал и пак се искапал, па се сторил човек. Брго-брго, Силјан и тој така се обишол и се сторил штрк и пак човек. Со тоа се уверил Силјан оти ќе си одел дома.

Почетниот пасус на романот „**Приказна за два града**“ на Чарлс Дикенс:

Тоа беше најдоброто време, тоа беше најлошото време, тоа беше доба на мудроста, тоа беше доба на глупост, тоа беше доба на верување, тоа беше доба на неверување, тоа беше доба на светлината, тоа беше доба на темнината, тоа беше пролетта на надежта, тоа беше зимата на очајот, имавме сè пред нас, немавме ништо од другата страна директно пред нас, накратко, периодот беше толку сличен на сегашниот, што некои од неговите најгласни авторитети инсистираа тој да биде примен, во добро или во лошо, само во суперлативен степен на споредба.

Кратки раскази – Куси наративни творби во кои се зборува најчесто за една тема со или без ликови и заплети со ограничен број зборови.

Пример на краток расказ од 224 збора. Напишан е во Ирска од Овен Мур, кој учествувал на литературен натпревар на поштата во Ирска во 2010 година. Овој негов расказ е објавен во форма на поштенска марка.



▲ Расказ – поштенска марка

Драма – Креирање на специфични сценарија како драмски текст за театарски претстави со користење дијалози во монолошка форма, карактери на ликови кои не се движат низ драмската приказна.

Чекајќи го Годо

Естрагон (со напор): Гого – лесен!... Гранката – не се крши!... Гого – мртов. Диди – тежок!... Гранката – крши... Диди – сам. Додека, меѓутоа –

Владимир: Види, на тоа воопшто и не помислив!

Естрагон: Ако успееш ти да се обесиш на неа, ќе успеам и јас.

Владимир: Зарем јас сум потежок од тебе?

Естрагон: Тоа ти го рече. Јас не знам. Шансите изгледа се подеднакви. Или барем приближни.

Владимир: Па тогаш што да правиме?

Естрагон: Да не правиме ништо. Тоа е најсигурно.

Владимир: Да причекаме додека да видиме што ќе ни каже тој.

Естрагон: Кој?

Владимир: Годо...

Естрагон: Добра идеја...

СЕМЈУЕЛ БЕКЕТ

Креативно публицистички текстови – Создавање есеи, патописи, мемоари во форма на приказни, дневници и сл.

Митот за Сизиф

...Тоа е целата тивка радост на Сизиф. Нему му припаѓа сопствената судбина. Неговата карпа е негова работа. Така апсурдниот човек, кога размислува за својата мака – ги замолчува сите фетиши. Во светот на неговиот одеднаш вратен молк се подигнуваат илјадници ситни воодушевени земни гласови. Несвесни и тајни повици, повици упатени од сите лица, нужно се опачина и цена на победата. Нема сонце без сенка и треба да се запознае ноќта. Апсурдниот човек вели „да" и неговиот напор ќе биде непрекинат. Ако постои лична судбина, нема понадмоќна судбина или постои барем една таква која тој ја држи кобна и достојна за презир. За останатите, тој знае дека е господар на својот живот. Во таков момент, кога човекот се грижи за својот живот, Сизиф, враќајќи се на својата карпа, размислува за низа неповрзани работи што стануваат негова судбина, судбина што ја создал самиот, што ја обединил во своите сеќавања и набрзо ја потврдил со сопствената смрт. Така, уверен во целото човечко потекло на сè што му припаѓа на човекот, како слеп човек кој има намера да прогледа, а знае дека ноќта е бескрајна, секогаш е во движење. А карпата сè уште се тркала. Го оставам Сизиф во подножјето на планината! Секогаш се пронаоѓа сопствениот товар. Но, Сизиф нè подучува на повисока верност што ги негира боговите и ги подигнува карпите. И тој смета дека сето тоа е добро. Овој свет, отсега без господари, не му изгледа ниту јалов ниту ништожен. Секое зрно од тој камен, секој минерален блесок на таа планина полна со ноќ, за него се посебен свет. Самата битка да се достигне врвот, е доволна да се наполни човечкото срце. За Сизиф треба да се размислува како за среќен човек...

АЛБЕР КАМИ

Поезија – Специфични поетски творби со креативна употреба на испревртени стихови и строфи, рима, ритмички стапки, стилски изразни средства.

Акростих – Поетска творба во која почетните, а понекогаш и последните букви даваат некое име или збор.

Етимолошкото потекло на поимот „акростих" е грчко. Потеклото на оваа поетска композиција се зборовите *акрос* (екстремен) и *стихос* (стих). Првите акростихови се запишани од патувачки поети од Прованса. Акростихот имал златна доба во средниот век. Овие форми на пишување биле карактеристични во време на барокот. Во тој период читателите се натпреварувале во откривање на пораката што е релативно скриена во песната.

Поетот ја одредува положбата на буквите што ја сочинуваат песната, поточно негова креација е дали буквите што ќе се користат ќе бидат првите од секоја линија, од средината или оние на крајот од стиховите. Најчесто вертикалната линија формирана од буквите на скриената порака е почетниот чекор во развојот на акростих. Потоа, авторот ги комплетира речениците или ги изговара сите редови од стиховите.

АКРОСТИХ ЗА ТАТКОВИНАТА

Македонијо, самороднице,
Арманасице на иднината,
Кораб, заскитан низ времињата,
Едностолбие на добрината,
Дарба гласна си на можењето!
Оснажувај нѐ, озарувај нѐ
Низ маглините на премрежјата,
Илинденствувај, македонствувај
Јадрожилава и стаменита
Алал да ти е вековечнице!

ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

Латерна – Поетска творба во 5 реда подредени во облик на т.н. јапонски фенер со определен број слогови во редовите. Слоговната шема во петте реда е еден, два, три, четири, еден.

Латерната како вид песна е релативно нов вид во описната поезија која потекнува од Јапонија. Слично на хаику, латерната има фиксен број слогови на секоја линија. Некои поети сметаат дека за оваа форма на пишување е потребно визуелно гледање на песната, при што се добива форма на фенер.

Шум
Дува
Закана
Торнадото
Смрт.

Цвет
слика,
о убост
милина и
сон.

Ред 1: именка (еден слог)

Ред 2: опиши ја именката (два слога)

Ред 3: опиши ја именката (три слога)

Ред 4: опиши ја именката (четири слогови)

Ред 5: синоним за именката од првиот ред (еден слог)



▲ Јапонски фенер

Хаику е поетска форма што првично била развиена во Јапонија во 17 век. Се карактеризира со многу кратка и специфична форма која често ги опишува природата и годишните времиња.

Стандардната структура на хаику: 5, 7 и 5 слогови во три стиха кои не мора да содржат рима. Бројот на слогови од секој ред мора да биде точен.

Одлики на поетската форма хаику

- Структура: Хаику се состои од три реда, при што првата линија има пет слога, втората има седум, а третата има пет. Целата песна има вкупно 17 слогови. Хаику често содржи зборови или фрази кои укажуваат на сезоната или атмосферата поврзана со одредено време од годината. Ова помага да се подобри сликата и да се создаде атмосфера.
- Слики и едноставност: Хаику често опишува едноставни и забележливи природни феномени или моменти од секојдневниот живот. Тие се стремат кон едноставност и јасност.
- Убавина во едноставноста: Целта на хаикуто е да пренесе краток, но длабок впечаток или емоција користејќи минимум зборови. Тие се стремат да предизвикаат чувство на мир, задоволство или размислување кај читателот.
- Иако хаикуто првично беше поврзано со јапонската култура и традиција, стана популарен формат во поезијата на многу други култури и земји. Во западниот свет, хаикуто често се приспособува на нивните јазици и културни контексти и има послободна форма.

Жолт снег во дворот
целиот е послан од
липови лисја.

Гол црв ме гледа
од скинатиот дрт чевел
палецот sирка.

Ливче-акробат
од оградата виси
стара пајажина.

Врз прегорена
светилка стои светулка
се разденува.

Пречка во редот
две-три букви повеќе
или капки џем.

ЖАРКО КУЈУНЏИСКИ

Александар Прокопиев (1953) е впечатлив хаику автор кој во 1998 година се појавува со својата хаику книга под наслов „Слика-тркало". Соработува со хаику автори од целиот свет и е застапен во хаику антологии...

стигна петелот
токму на време за ручек
нашиот ручек

Владимир Мартиновски (1974) е автор кој се стреми да соработува со хаику творци од неговата околина и да разменува мислења и есеистички текстови за самото хаику творештво. Ги објавил хаику збирките „Морска месечина", „И вода и земја и оган и воздух" и „Скриени песни". Тој е еден од уредниците на хаику списанието „Мравка".

колку се меки
боровите иглички
по првиот снег

пливаме грбно
ние во морето а
облакот на небо.

Дијамант е форма на поезија која претставува структурирана песна во форма на дијамант (оттука и името). Дијамантот се состои од седум линии кои формираат шема почнувајќи од еден збор, потоа се проширува до најширокатa линија и повторно се стеснува во еден збор. Секоја линија содржи одреден број зборови или слогови, што се одредува според структурата на шемата.

Првиот чекор кон пишувањето на дијамант како песна е авторот да одреди две именки кои се со спротивно значење или две именки кои се синоними.

Бидејќи дијамантот како песна има форма на дијамант, таа мора да започне и да заврши со еден збор кои го формираат горниот и долниот дел.

Ред 1 (еден збор): Овој збор ја опишува главната тема или предмет на првиот дел од дијамантот.

Ред 2 (два збора): Овие зборови ги опишуваат карактеристиките или карактеристиките на темата од првиот дел.

Ред 3 (три збора): Оваа линија преминува кон темата на вториот дел од дијамантот, обично спротивна или спротивна на првата тема.

Ред 4 (четири збора): Овие зборови ги опишуваат карактеристиките или карактеристиките на темата од вториот дел.

Ред 5 (пет збора): Овој ред содржи именка што се однесува на првата тема и глагол што се однесува на втората тема. Ова обично се случува во средината на дијамантот и служи како премин од првиот дел во вториот.

Ред 6 (четири збора): Овие зборови ги опишуваат карактеристиките или карактеристиките на темата од третиот дел.

Ред 7 (три збора): Овој збор ја опишува главната тема или предметот на третиот дел од дијамантот.

- **Прва линија:** именка
- **Втора линија:** две придавки кои ја опишуваат именката во првата линија
- **Трета линија:** три глаголски именки или глаголи кои ја опишуваат именката во првата линија
- **Четврта линија:** четири именки – првите две мора да се однесуваат на именката во првата линија, а вторите две ќе се однесуваат на именката во седмата линија
- **Петта линија:** три глаголи кои ја опишуваат именката во седмата линија
- **Шеста линија:** две придавки кои ја опишуваат именката во седмата линија
- **Седма линија:** именка која е спротивна на значењето на именката во првата линија (antonym diamante) или има исто значење (synonym diamante) како именката во правата линија

Именка

Придавка, придавка

Гл. именка, гл. именка, гл. именка

Именка, именка, именка, именка

Глагол, глагол, глагол

Придавка, придавка

Именка

Сонце

Златно, сјајно

Затоплување, греење, жолтеење

Ден, светлина, ноќ, црнина

Осветлува, трепка, кружи

Сребрена, млада

Месечина

Војната

Насилна, смртоносна

Убивање, пукање, страдање

Оружје, стратегија, војник, ров

Ранување, плачење, неразбирање

Сурова, непотребна

Смрт

Тема 3

МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Медиумите се дел од човековото секојдневје бидејќи животот не може да се замисли без телевизијата, радиото и социјалните мрежи. Таа поврзаност на медиумите со сите општествени сегменти се нарекува медијатизација (mediatization). Напливот на информации овозможува ширење на невистини, лажни вести, дезинформации, со што се овозможува и профитирање од лагите.

За да се разберат пораките и вредностите примени преку медиумите треба критички пристап кон пласираните содржини, а за тоа е потребна медиумска писменост.

Медиумската писменост е развивање вештини и стекнување знаења и навики со кои подобро се разбираат медиумските содржини. Со медиумската писменост се поттикнува анализирање на содржини, нивно креирање и можност за дејствување. Тоа значи дека читателот/слушателот треба да биде критички настроен кон медиумската содржина и да ја процени нејзината вистинитост, а потоа и да може креативно да ги решава проблемите со помош на вистинските информации што му се достапни. Само така секоја општествена личност ќе биде реален учесник во создавањето на медиумската култура, најпрво на својот мајчин македонски јазик, а потоа според можностите и на другојазичните медиуми.

Поподробно за толкувањето на сите поими вклучени во темата Медиумска писменост прочитај на:

https://recnik.medium.edu.mk/



Резултати од учењето

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- да анализираш медиумски содржини за да одделиш факти од мислења;
- да препознаеш пристрасност и манипулации во медиумските содржини;
- да користиш достапни алатки за проверка на факти, а воедно да утврдиш веродостојност на информациите;
- да идентификуваш техники за создавање лажни вести и да објасниш како тие влијаат врз перцепцијата на публиката;
- да анализираш онлајн дебати за да го утврдиш влијанието на дезинформациите, манипулациите и говорот на омраза.



3. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Факти и мислења

Во медиумите секојдневно гледаме вести, анализи и коментари. Но, како да знаеме што е факт, а што е мислење? Разгледај ги примерите и поврзи ги со дефинициите соодветни за нив.

- Скопје е главен град на РС Македонија.
- Скопје е најубавиот град во Македонија.
- Водата врие на 100 Целзиусови степени.
- Чоколадото е највкусниот десерт.

Факт е информација што може да се провери и докаже. Фактите се точни, независно од тоа кој ги кажува. Овие информации можат да се проверат и секогаш ќе бидат точни.

Мислење е личен став или верување за нешто. Тоа може да биде различно за секој човек. Овие реченици не можат да се докажат како точни или неточни бидејќи зависат од личниот вкус и став.



Зошто е важно да ги разликуваме?

Во медиумите често се мешаат фактите и мислењата. Некои новинари или автори можат да претставаат мислење како факт, што може да доведе до дезинформација. Затоа е важно да размислуваме критички и да проверуваме извори пред да поверуваме во нешто што го читаме или гледаме.

→ Како да разликуваме факт од мислење?

Фактите можат да се проверат во повеќе извори: енциклопедии, учебници, списанија, а може да ги прашаме и нашите најблиски.

Мислењата често содржат зборови како „мислам", „верувам", „според мене".

Фактите се исти за сите, додека мислењата можат да бидат различни.

→ Како да утврдиш дали авторот комбинира факти и мислења?

1. **Прочитај го текстот внимателно.** Прво, фокусирај се на темата и на пораката на текстот. За што зборува?
2. **Идентификувај факти.** Барај информации што можат да се проверат и да се докажат со независни извори. На пример, бројки, статистики, цитати од официјални извори.

3. **Најди мислења.** Забележи делови каде што авторот користи емотивен тон, зборови со лично гледиште (на пример: „според мене", „очигледно", „верувам").
4. **Провери дали има рамнотежа.** Дали текстот ја претставува само едната страна или разгледува различни перспективи?
5. **Провери дали има извори на информациите.** Дали авторот ги наведува изворите за фактите? Ако нема основани извори, можеби се работи за мислење што е само претставено како факт.
6. **Анализирај ги заглавието и сликите.** Дали насловот и визуелните елементи сугерираат одреден став? Честопати сензационалистичките наслови користат емоција за да влијаат врз читателите.

Вежба за анализа на текст

Најбрза испорака досега – „ајфон" и „ерподс" сега можат да „се симнат од небо"

Американските клиенти сега можат да нарачаат „ајфон" и да го добијат за помалку од еден час благодарение на доставата со дрон на „Амазон". Компанијата објави дека добила дозвола од Федералната администрација за воздухопловство на САД (ФАА) да користи дронови за испорака на поширок спектар на производи, вклучувајќи уреди со литиумски батерии, како што се „ајфон" и „ерподс".

„Амазон" ја лансира својата услуга „Прајм ер" во 2022 година, ветувајќи дека ќе достави нарачани производи за помалку од еден час директно до дворот или до друга одредена локација. Моментално оваа услуга е достапна само во ограничени области на Феникс, Аризона и Тексас, и тоа само во текот на денот и под поволни временски услови.

За достава се користи нова генерација на дронови „MK30", кои можат да носат само еден предмет со максимална тежина до 2,27 килограми. Клиентите можат да изберат опција за достава со дрон при нарачката и да изберат локација, како што е патека за возење, преден или заден двор.

„Амазон" планира да ја прошири технологијата на други пазари, вклучувајќи ги Велика Британија и Италија, под услов да добие регулаторно одобрение во тие земји. Оваа иницијатива е важен чекор кон побрза и поефикасна испорака, користејќи автоматизирани решенија што го менуваат начинот на кој ги добиваме нашите уреди.

Извор: benchmark.rs; преземено и уредено на: https://www.fakulteti.mk/news/25052025/najbrza-isporaka-dosega---ajfon-i-erpods-sega-mozhat-da-se-simnat-od-nebo (пристапено на 25.5.2025 г.)

1. Прочитај го текстот внимателно. Текстот зборува за новата услуга на „Амазон", испорака на „ајфон" и „ерподс" со дронови.
2. Идентификувај факти: „Амазон" добил дозвола од Федералната администрација за воздухопловство на САД (ФАА) за испорака со дронови; Услугата „Прајм ер" е лансирана во 2022 година; Дроновите „MK30" можат да носат предмети до 2,27 кг.

Овие информации можат да се проверат од официјални извори.

3. Најди мислења: „Оваа иницијатива е важен чекор кон побрза и поефикасна испорака“ – ова е мислење, затоа што изразува став за технологијата. „Го менува начинот на кој ги добиваме нашите уреди“ – ова е мислење, затоа што не може да се докаже како факт.
4. Провери дали има рамнотежа. Текстот главно ги истакнува позитивните страни на услугата, но не споменува можни предизвици, како недостатоци (безбедност, цена, достапност).
5. Анализирај го насловот: „Најбрза испорака досега – 'ајфон' и 'ерподс' сега можат да 'се симнат од небо'“ користи сензационалистички тон, што може да привлече внимание, но не е целосно неутрален.

Овој текст комбинира факти и мислења. Фактите се засновани на официјални информации, но има и субјективни изрази што го обликуваат начинот на кој читателот ја согледува темата.

Задачи за час:

1. **Прочитај ги следните реченици и одлучи дали се факти или мислења. Дискутирај со другите ученици зошто секоја реченица е факт или мислење.**

Водата е составена од водород и кислород.	Сонцето е централна ѕвезда во нашиот Сончев Систем.
Најдобрата боја за автомобил е црвена.	Читањето книги е најинтересната активност за слободно време.
Слоновите се најголемите копнени животни во светот.	Луѓето дишат кислород за да преживеат.
Јадењето сладолед во лето е најдобриот начин да се разладиш.	Фудбалот е најзабавниот спорт на светот.

2. **Дебата на тема: Наставникот има голема улога во одредување на идната професија.** Класот се дели на два тима. Едниот тим треба да ги брани фактите, а другиот тим мислењата. Дискутирајте зошто е важно да се разликуваат фактите од мислењата во секојдневниот живот.

Задача за дома:

1. **Направи интервју со некој наставник или со родител за тоа како тој / таа ги разликува фактите од мислењата во секојдневниот живот. Напиши краток текст со неговите/ нејзините одговори.**

Извори на информации

Дали информациите секогаш се пренесуваат правилно? Дали секоја информација е точна? Зошто е важно да ги препознаеш лажните информации и обидите за манипулација?

Многу е важно да сме информирани за случувањата околу нас и да не станеме „плен" на разни лажни информации. Некои медиуми за да остварат одредени цели и да го измамат јавното мислење создаваат дезинформации. Дезинформацијата е намерно создавање и ширење на лажни информации за да се манипулира со јавното мислење. Информациите се добиваат преку разни гласила.

Традиционални медиуми – овие извори обично следат професионални стандарди и проверка на фактите, но сепак треба да се анализира дали има пристрасност. Вклучуваат телевизиски и радиостаници, весници и новинарски портали. Тие се законски регулирани и од нив очекуваме да шират вистински информации на стандарден македонски јазик.

Нови медиуми – портали, платформи (лични или професионални), блогови и сл., каде што авторите споделуваат мислења и анализи. Некои блогови се добро истражени, но други можат да содржат непроверени информации. Новите медиуми се само делумно вклучени во законските рамки и затоа треба внимателно да ги примаме информациите добиени од овие медиуми.

Социјални медиуми – „Фејсбук", „Екс", „Инстаграм" и други платформи, каде што секој може да споделува информации. Овде често се шират непроверени или лажни вести, па затоа е важно да се проверуваат изворите.



Како да ја процениме доверливоста на изворите?

- **Проверка на авторот.** Дали авторот е експерт или новинар со кредибилитет?
- **Извори на информации.** Дали текстот се повикува на официјални податоци или истражувања?
- **Објективност.** Дали текстот ги разгледува сите страни на темата или е пристрасен?
- **Датум на објава.** Дали информацијата е актуелна или застарена?
- **Вкрстена проверка.** Дали истата информација е потврдена од други независни извори?

Вежба за анализа на текст

Дали косата навистина може да побели од стрес? Еве што вели науката

Во поранешни студии истражувачите ги замолувале учесниците да пополнат прашалници за бојата на косата и нивото на стрес и се обиделе да ги поврзат. На пример, во една студија објавена во 2016 година научниците анкетирале повеќе од 1.100 млади Турци и откриле дека 315 од оние што пријавиле предвремено побелување на косата имале повисоко ниво на стрес од оние што не го сториле тоа.

Но, студија на глувци објавена во 2020 година го однела истражувањето чекор понатаму. Во неа истражувачите им предизвикувале стрес на глувците на различни начини, вклучително и со инјектирање хемикалија слична на чили-пиперките што предизвикала реакција „бори се или бегај". Ова предизвикало ослободување на хормонот на стрес норепинефрин, кој ги исцрпил фоликулите на косата од матични клетки вклучени во додавањето пигмент на крзното на глушецот. Косата потоа побелела.

– Истражувачите покажаа слични ефекти од високите нивоа на норадреналин врз човечките матични клетки во лабораторија, што ја поддржува идејата дека хормонот на стрес е поврзан со побелувањето на косата кај луѓето – вели Ја-Чие Хсу, професор на „Харвард" и еден од авторите на студијата.

Но, студиите на оваа тема е тешко да се спроведат кај луѓето бидејќи истражувачите не можат етички да предизвикаат вештачки високи стресни реакции кај луѓето како што можат кај животните, додал д-р Хсу.

Сепак, една мала студија објавена во 2021 година го унапредува наративот: истражувачите кинеле различни прамени коса од 14 волонтери кои имале барем малку седа коса. Неколку влакна биле целосно сиви, некои биле делумно сиви, а некои воопшто не биле сиви. Потоа научниците создале дигитални слики со висока резолуција од влакната и пресметале кога секое влакно побелело, користејќи процени за стапката на раст на косата.

Тие, исто така, ги замолиле учесниците да ги евидентираат стресните искуства од изминатата година на временска рамка и да ги рангираат од најмалку до најстресно искуство. Истражувачите откриле дека моментот кога праменот коса побелел честопати одговарал на најстресниот момент на волонтерот во претходната година.

– Ова беше прв пат една студија да поврзе специфични стресни настани со точниот момент кога косата почнала да побелува – истакнал Мартин Пикард, вонреден професор по бихевиорална медицина на Универзитетот Колумбија и автор на студијата.

Извор: 24sata.hr; преземено и уредено на: https://www.fakulteti.mk/news/07052025/dali-kosata-navistina-mozhe-da-pobeli-od-stres-eve-shto-veli-naukata (пристапено на 8.5.2025 г.)

1. **Преглед на содржината:** текстот истражува дали стресот може да предизвика побелување на косата, користејќи научни студии и експерименти.
2. **Факти во текстот:** *студија од 2016 година анкетирала 1.100 млади Турци и открила дека оние со предвремено побелување имале повисоко ниво на стрес. Истражување на глувци од 2020 година покажало дека хормонот норепинефрин исцрпува матични клетки во фоликулите, што доведува до побелување. Студија од 2021 година анализирала 14 волонтери и открила дека моментот на побелување на косата често се совпаѓал со најстресниот период во нивниот живот.* Овие податоци се засновани на научни истражувања, што ја зголемува веродостојноста на текстот.
3. **Елементи што можат да бидат мислења:** „Истражувачите покажаа слични ефекти од високите нивоа на норадреналин врз човечките матични клетки" – ова е **интерпретација** на резултатите, но не е директен доказ за луѓето. „Ова беше првпат една студија да поврзе специфични стресни настани со точниот момент кога косата почнала да побелува" – ова е **тврдење**, но потребни се дополнителни истражувања за потврда.
4. **Извор на информацијата:** текстот се повикува на **научни студии** и **изјави од експерти**, што го прави релативно доверлив. Сепак, добро е да се проверат оригиналните истражувања за дополнителна потврда.

Текстот се заснова на научни истражувања, но не нуди директни докази за луѓето. Фактите се засновани на студии, но потребни се дополнителни истражувања за целосна потврда. Веродостојноста е висока, но секогаш е добро да се спореди со други извори.

Споредба: новинарски текст наспроти објава на социјални медиуми

Новинарски текст („Факултети.мк")	Објава на социјални медиуми („Д-р Митов")
Факти: се повикува на научни студии (2016, 2020, 2021) и изјави од експерти.	**Факти**: објавата објаснува како меланинот ја одредува бојата на косата и како генетиката игра улога во побелувањето.
Веродостојност: информациите се засновани на истражувања, но некои тврдења се интерпретации на резултатите.	**Веродостојност**: некои информации се точни, но објавата не наведува конкретни научни студии.
Објективност: текстот е релативно неутрален, но користи фрази што можат да влијаат врз перцепцијата на читателот.	**Објективност**: објавата има популарно-научен тон, но содржи и лични интерпретации („Стресот не предизвикува побелување, но може да го забрза процесот.").

Новинарскиот текст се потпира на научни истражувања, но има интерпретации на резултатите. Објавата на социјалните медиуми користи едноставно објаснување, но недостигаат конкретни извори. Социјалните медиуми можат да бидат корисни за брзи информации, но новинарските текстови обично имаат подлабока анализа.

Задачи за час:

1. Поделете ги следните извори на информации во категории: примарни, секундарни и терцијарни, потоа дискутирајте зошто е важно да се разликуваат овие извори.
   – Интервју со сведок на настан.
   – Учебник по историја.
   – Научна статија објавена во списание.
   – Фотографија од историски настан.
   – Интернет-страница со општи информации за здравје.
2. Прочитајте краток текст од непознат извор (измислен или реален). Одговорете на прашањата: Дали изворот е доверлив? Кои информации ви се потребни за да ја процените неговата точност? Дали авторот е експерт за темата?

Задача за дома:

1. Избери три интернет-страници што содржат информации за иста тема. Анализирај ги според следниве критериуми: Кој е авторот? Дали информациите се ажурирани? Дали изворот е објективен или пристрасен? Напиши заклучок за тоа која интернет-страница е најдоверлива.

Проверка на факти

Креирањето манипулативни содржини е со различна цел и намера. За да соберат што поголем број реакции од корисниците, онлајн или на социјалните медиуми, некои медиуми преку своите онлајн канали создаваат и користат дезинформации. Дел од медиумите заработуваат од реклами со написи „кликомамци" (clickbait). Понекогаш луѓето им веруваат на некои информации затоа што ги потврдуваат нивните ставови и убедувања, а не ги земаат предвид спротивните.

Проверката на факти е клучен дел од медиумската писменост, затоа е важно да се знае дека може да се користат различни алатки и ресурси за да се провери дали информацијата е точна. Неколку од нив се:

Fact Check Explorer – алатка на „Гугл", што овозможува пребарување на проверени факти за различни теми. Може да се внесат клучни зборови и да се дознае дали информацијата е проверена од независни организации.
Snopes – позната интернет-страница за проверка на факти, која анализира гласини, митови и лажни вести.
PolitiFact – корисна алатка за проверка на политички изјави и тврдења.
FactCheck.org – нуди детални анализи на информации поврзани со јавни политики и актуелни настани.
TinEye – алатка за проверка на автентичноста на слики. Може да се користи за проверка на сликата, дали е изменета или преземена од друг контекст.

Методите што се употребуваат за проверка на факти се следните:

1. **Проверка на изворот** – дали информацијата доаѓа од кредибилен медиум или од непознат блог?
2. **Вкрстена проверка** – дали е истата информација потврдена од повеќе независни извори?
3. **Датум на објава** – дали информацијата е актуелна или застарена?
4. **Проверка на авторот** – дали авторот е експерт или анонимен профил на социјалните медиуми?
5. **Анализа на пристрасност** – дали текстот е неутрален или има емоционален тон, што може да влијае врз читателот?



Чекори за проверка на факти преку објавен текст: https://www.fakulteti.mk/news/07052025/dali-kosata-navistina-mozhe-da-pobeli-od-stres-eve-shto-veli-naukata

1. **Проверка на изворот:** Текстот е објавен на „Факултети.мк“, што е познат медиум за образовни и научни теми. **Дополнителна проверка:** Дали други научни портали ја обработиле истата тема?
2. **Вкрстена проверка на информации:** Текстот се повикува на три научни студии (2016, 2020, 2021). Студијата на глувци од 2020 година покажала дека норепинефрин исцрпува матични клетки во фоликулите, што доведува до побелување. Студијата од 2021 година анализирала 14 волонтери и открила дека моментот на побелување на косата често се совпаѓал со најстресниот период во нивниот живот. **Дополнителна проверка:** Дали овие студии се објавени во реномирани научни списанија?
3. **Проверка на авторот:** Текстот е преземен од хрватски портал, а го подготвила новинарката Маја Пероска.
4. **Анализа на пристрасност:** Текстот користи научни податоци, но не наведува линкови до оригиналните студии. Изјавите на експертите се интерпретации, а не директни докази за луѓето. Насловот „Еве што вели науката“ сугерира дека има цврсти докази, но истражувањата сè уште се во тек. **Дополнителна проверка:** Дали други научни извори имаат спротивни резултати?

Фактите се засновани на научни истражувања, но потребни се дополнителни докази за луѓето. Веродостојноста е висока, но добро е да се проверат оригиналните студии. Најдобар начин за проверка е да се спореди со други научни извори и експертски анализи.

Задача за час:

1. **Дискусија на тема: Зошто е важна проверката на факти? Дискутирајте во групи за тоа како дезинформациите можат да влијаат врз општеството. Секој да се потруди да даде пример за ситуација каде што проверката на факти била клучна за некое случување.**

Пристрасност и манипулација во медиумите

Пристрасноста и манипулацијата во медиумите се моќни техники што можат да влијаат врз начинот на кој јавноста ја перципира реалноста.

Пристрасност се јавува кога информациите се прикажани на начин што фаворизира одредена идеја, група или став, наместо тие да бидат неутрални. Ова може да се случи преку изборот на зборови, визуелни елементи или селективно претставување на фактите.

Манипулација подразбира целно искривување на информациите за да се постигне одредена цел – да се влијае врз јавното мислење, да се промовира идеологија или да се поттикне одредена реакција. Ова може да се реализира преку дезинформации, вадење факти од контекст или сензационалистички наслови. Со манипулацијата со информации може да се намали довербата на корисниците во автентичноста на информациите. Се користат новите и традиционалните медиуми за да се зајакне подвоеноста во некое општество, а некогаш е придружена од нелегални киберактивности.

Некои медиуми избираат кои вести да ги објават и кои да ги игнорираат, што може да создаде искривена слика за реалноста, а тоа ни ја доловува **пристрасноста во изборот на информациите**. Користењето емоционално обоени зборови („скандалозно", „шокантно") за да се влијае врз реакцијата на читателите, ни ја прикажува пристрасноста во јазикот. Изборот на фотографии или видеа може да создаде позитивен или негативен впечаток за одредена личност или настан, претставувајќи ја пристрасноста во визуелните елементи.

Манипулација во медиумите

Дезинформација – целно ширење лажни или искривени информации.
Пропаганда – систематско користење на медиумите за промовирање на одредена идеологија или став.
Кликомамци – сензационалистички наслови што привлекуваат внимание, но не секогаш ја одразуваат вистинската содржина.

Како да ги препознаеме? Проверка на изворите – Дали медиумот е кредибилен? Вкрстена проверка – Дали истата информација е потврдена од повеќе независни извори? Анализа на јазикот – Дали текстот користи неутрален тон или емоционално набиени зборови?

Вежба за анализа на текст

Седењето може да го намали мозокот (а вежбањето нема да помогне)

Седењето може да биде удобен и практичен начин да се помине поголемиот дел од денот, но една нова студија спроведена врз постари возрасни лица посочува дека тоа може да доведе до намалување на мозокот и когнитивни проблеми, без оглед на тоа колку вежбате.

Истражувањето се спротивставува на идејата дека периодите на седење можат да се избалансираат со периоди на активност, барем кога станува збор за здравјето на мозокот, кај луѓе на возраст од 50 години или повеќе.

Истражувачите на студијата, од Универзитетот „Вандербилт", Универзитетот во Питсбург и Националниот универзитет во Сеул, сметаат дека премногу седење или лежење може да влијае врз мозокот и да го зголеми ризикот од различни видови деменција подоцна во животот, вклучително и Алцхајмеровата болест.

– Намалувањето на ризикот од Алцхајмерова болест не е само вежбање еднаш дневно. Минимизирање на времето поминато во седење, дури и ако вежбате секојдневно, ја намалува веројатноста за развој на Алцхајмерова болест – вели невропогот Мариса Гогњат од Универзитетот во Питсбург.

Истражувачите регрутирале 404 волонтери, следејќи ги нивните нивоа на активност со преносни уреди во текот на една недела. Потоа, во текот на следните седум години биле користени когнитивни тестови и скенирање на мозокот за да се процени здравјето на нивниот мозок.

Иако 87 проценти од волонтерите ги исполнувале препорачаните неделни упатства за најмалку 150 минути вежбање со умерен интензитет, оние што седеле повеќе генерално покажале полоша когнитивна функција. Тие, исто така, покажале повеќе знаци на невродегенерација – вклучително и побрзо истенчување на хипокампусот, дел од мозокот клучен за функцијата на меморијата и една од првите области што покажуваат оштетување од Алцхајмеровата болест.

Поврзаноста не била огромна и не докажува директна причина и последица, но била забележлива: поминувањето повеќе време седејќи се чини дека го старее мозокот побрзо, а намалувањето на тоа време е најдобриот противотров.

– За здравјето на нашиот мозок, клучно е да правиме паузи од седењето во текот на денот и да се движиме за да го зголемиме нашето активно време – вели невропогот Анџела Џеферсон од Медицинскиот центар при Универзитетот „Вандербилт".

Секако, овие наоди не се причина да се откажеме од поенергично вежбање. Знаеме дека активноста прави чуда за нашето физичко и ментално здравје, па дури и мали количини вежбање можат да ја одржат острината на мозокот.

Ова не е првпат седењето да се поврзува со деменција и Алцхајмерова болест, но тоа е уште еден важен и сеопфатен збир на податоци на кои истражувачите и здравствените професионалци можат да се потпрат.

– Клучно е да се проучат изборите на начин на живот и влијанието што го имаат врз здравјето на мозокот како што стареееме – заклучува Џеферсон.

Извор: sciencealert.com; преземено и уредено на: https://www.fakulteti.mk/news/22052025/sedenjeto-mozhe-da-go-namali-mozokot-a-vezhbanjeto-nema-da-pomogne (пристапено на 23.5.2025 г.)

Анализа на објективност наспроти пристрасност

→ Објективност

Текстот се повикува на научни истражувања спроведени од Универзитетот „Вандербилт", Универзитетот во Питсбург и Националниот универзитет во Сеул. Наведени се изјави од експерти, како Мариса Гогњат и Анџела Џеферсон, кои се невролози. Истражувањето е спроведено врз 404 волонтери, што е релативно мал примерок, но сепак доволен за почетни заклучоци.

→ Пристрасност

Насловот „(...) а вежбањето нема да помогне" е категоричен, но текстот подоцна признава дека вежбањето е корисно за здравјето. Текстот не ги разгледува спротивните научни ставови, што може да создаде впечаток дека врската меѓу седењето и когнитивниот пад е целосно докажана. Изјавите на експертите се интерпретации, а не директни докази за причинско-последична врска.

Анализа на точност наспроти манипулација

→ Точност

Истражувањето користи клинички тестови и скенирање на мозокот за да ги процени ефектите од седењето. Фактите за хипокампусот и неговата улога во меморијата се научно потврдени.

→ Манипулација

Насловот сугерира дека вежбањето нема никакво влијание, но текстот признава дека физичката активност е важна за здравјето. Текстот користи емоционален тон во делови каде што се зборува за „стареење на мозокот", што може да влијае врз перцепцијата на читателот.

Текстот е заснован на научни истражувања, но не ги разгледува спротивните ставови. Фактите се точни, но недостигаат директни линкови до студиите. Пристрасноста е умерена, но начинот на кој се претставени резултатите може да влијае врз читателот.

Задача за час:

1. Учениците работат во неколку групи. Разгледуваат различни медиумски содржини (https://vecer.mk/; https://time. mk/; https://mkd.mk/).

Задача за истражување:

1. Идентификувај барем три примери на пропаганда. Образложи според кои елементи препознаваш пропагандна порака. Спореди ги наодите со тие на другите ученици и дискутирајте. Обидете се да дознаете повеќе информации за воената пропаганда! Како дејствува? Како се изведува? Што предизвикува кај луѓето?

Дезинформации и лажни информации

Дезинформациите и лажните информации се најголемите предизвици со кои се соочува медиумскиот простор. Нивното неконтролирано ширење може да доведе до многу несакани последици: ширење страв и паника, нереди и конфликти, па дури и насилство, бидејќи најчесто се користат емоционални и чувствителни теми. Тие предизвикуваат сомневање и недоверба, па така можат да влијаат врз креирањето на јавното мислење. Со помош на лажните информации може да се манипулира со јавното мислење и да се влијае на избори, јавни политики и одлуки на локално и глобално ниво. Лажните вести брзо се шират преку социјалните мрежи како „Фејсбук", „Екс" и „Инстаграм" бидејќи корисниците често ги споделуваат без проверка. Сензационалистичките наслови привлекуваат внимание, но не ја одразуваат вистинската содржина. Ботовите и лажните профили масовно споделуваат дезинформации за да создадат лажен впечаток дека информацијата е широко прифатена, а монтираните слики и видеа користат визуелни манипулации што ја искривуваат реалноста.

Техники што се употребуваат при манипулација: **полувистини** и **вадење информации од контекст**.

Полувистини – Информации што содржат делумно точни податоци, но се претставени на начин што ги води читателите кон погрешен заклучок.
Вадење од контекст – користење цитати или факти без нивната целосна заднина, што може да го промени нивното значење.
Пристрасно прикажување – претставување само на едната страна од приказната, без балансирање со различни перспективи.
Лажни експерти – користење луѓе без релевантна експертиза за да се даде привид на кредибилност.

Како да ги препознаеме? Проверка на изворите – Дали медиумот е кредибилен? Вкрстена проверка – Дали истата информација е потврдена од повеќе независни извори? Анализа на јазикот – Дали текстот користи неутрален тон или емоционално набиени зборови?

Анализа на текст: дезинформација, полувистини и манипулација

„Зошто се важни протеините во исхраната и колку протеини ми се потребни мене?", објавен на *WellnessMK*.

https://wellnessmk.com/zoshto-se-vazhni-proteinite-vo-ishranata/ (пристапено на 25.4.2025 г.)

→ Факти во текстот

Протеините се основен градежен материјал на телото и се присутни во сите органи. Протеините помагаат во контролирање на апетитот, што е научно потврдено. Дневниот внес на протеини за мажи е 100 г, а за жени 70 г, според препораките во текстот. Протеините се присутни во растителни и животински намирници.

Овие податоци се реални, но треба да се проверат со официјални нутриционистички препораки.

→ Полувистини и вадење информации од контекст

Тврдењето дека денешната храна има огромен недостаток на протеини е генерализирано, затоа што немаат сите диети низок внес на протеини. Изјавата „за да внесеме доволно протеини со класична храна, треба да поминеме неколку часа на ден во кујна" е преувеличена, затоа што постојат брзи и нутритивно балансирани оброци. Препораката за заменски оброци и протеински додатоци е пристрасна, затоа што текстот промовира конкретни производи без да разгледа алтернативи.

Овие делови покажуваат избор на податоци, каде што дел од информациите се претставени без поширок контекст, што може да доведе до погрешно толкување.

→ Дезинформација или манипулација

Текстот не содржи директна лажна информација, но начинот на кој е формулиран може да влијае врз начинот на кој читателот ја интерпретира содржината. Промоцијата на производи *Хербалајф* е маркетиншки пристап, што може да создаде впечаток дека тие се неопходни за здрав начин на исхрана. Текстот не е класична дезинформација, но содржи полувистини и пристрасно интерпретирани податоци. Некои тврдења се генерализирани, што може да доведе до погрешно разбирање. Добра практика е да се спореди текстот со научни извори за да се добие целосна слика.

Задача за час:

1. Од понудените примери, определи за каков вид лажни вести станува збор!

(сликите и текстот се за употреба, извлечени од интернет, https://factcheck.afp.com/doc.afp.com.36XQ9G4)



Откако на 18 февруари 2025 година во Филаделфија се запали возило на американската служба за имиграција и царина (ICE), противпожарната служба на градот соопшти дека пожарот е случаен. И федералната агенција соопшти дека не се сомнева оти е подметнат пожар. Но, конзервативните корисници на социјалните мрежи шират снимка од инцидентот за да тврдат дека намерно бил запален од луѓе кои се противат на депортациите.



Производите за нега на кожа кои содржат жива, забранети од малезиските власти, се промовирани на интернет како „без хемикалии".



Меси – договор од 400 милиони американски долари со Ал-Хилал од Саудиска Арабија.

Се појавија вести на социјалните мрежи за огромен годишен договор од 400 милиони американски долари со Ал-Хилал од Саудиска Арабија.

Во реалноста, Меси му се придружи на Интер Мајами на Дејвид Бекам во Големата фудбалска лига (МЛС).

Задача за истражување:

1. **Дознај повеќе за лажните вести. Разгледај ги следните линкови:**
   - https://factcheck.afp.com
   - https://www.reuters.com/fact-check/
   - https://www.factcheck.org/

Манипулација со слики и видеа

Манипулацијата со слики и видеа е една од најмоќните техники за создавање дезинформации. Еве како тоа се случува и кои методи се користат:

Како се менуваат сликите за да се создадат дезинформации?

Фотошопирањето овозможува изменување на сликите преку додавање или отстранување елементи, создавајќи лажна реалност, како што е додавањето луѓе во сцена каде што не биле присутни. Покрај тоа, **изменувањето на контекстот** значи прикажување слика или видео во погрешен контекст, што го менува нивното значење, како стара фотографија од протест кога се претставува како актуелен настан. **Селективното прикажување**, пак, се користи за да се создаде погрешен впечаток, при што се прикажува само дел од слика или видео, а исеченият кадар го менува вистинското значење на сцената. Дополнително, технологијата **дипфејк (Deepfake)** користи вештачка интелигенција за создавање лажни видеа во кои луѓето кажуваат или прават нешто што никогаш не се случило.

Како да ги препознаеме манипулираните слики и видеа?

- **Проверка на изворот** – Дали сликата доаѓа од кредибилен медиум?
- **Вкрстена проверка** – Дали истата слика е објавена на други извори со ист контекст?
- **Фотофорензика** – Алатки како **Google Reverse Image Search**, **TinEye** и **FotoForensics** можат да помогнат во откривање на изменети слики.
- **Алатки за препознавање кога нешто е направено со вештачка интелигенција** – Hive moderation, GPTZero, Winston, Decopy AI итн.
- **Анализа на детали** – Дали има невообичаени сенки, искривени линии или несоодветно осветлување?

Наједноставен начин е **обратното пребарување слики** на пребарувачот „Гугл“. Следи ги следните чекори:





1	Десен клик на сликата.	Допри ја сликата за да ја отвориш на цел екран.

2	Кликни на „Пребарај слика на Гугл“ (Search Google for image).	Притисни со прстот на екранот, задржи и избери „Побарај ја оваа слика на Гугл“ (Search Google for this image).
3	Лизгај надолу – каде што пишува „Страници што содржат слики што се совпаѓаат“ (Pages that include matching images).	
4	Побарај го најраниот прикажан датум од понудените (честопати резултатите се со измешани датуми).	

Задача за час:

1. **Поделете се во групи и започнете обратно пребарување слики со користење на следниве линкови/пребарувачи:**
   - Тинај (TinEye: https://tineye.com/)
   - Јандекс (Yandex: https://yandex.com/)
   - Ревај (RevEye – Reverse Image Search: Google Chrome Extension)
   - Гугл Имиџ срч (Google Image Search: https://images.google.com/)
   - Гугл Ленс (Google Lens [Android mobile phone]: https://lens.google/)
   - Фотофорензика (Foto Forensics: https://fotoforensics.com/)
   - Форензикли (Forensically: https://29a.ch/photo-forensics/#forensic-magnifier)
   - Инвидео (InVid) – апликација на која можеш да провериш видео, но целата верзија се плаќа.

   На крајот на часот споделете ги добиените информации.

   Корисни се и интернет-страниците за проверка на факти, како, на пример, американската страница Снопс (www.snopes.com), на Ројтерс (www.reuters.com/fact-check/) и Асошиејтед прес (https://factcheck.afp.com).

Задача за дома:

1. **Анализирај некоја фотографија од интернет со помош на Фотофорензика (Foto Forensics: https://fotoforensics.com/). Тоа е корисна алатка со која може да се проверат метаподатоците за прикачената фотографија, на пример: каде, кога и со каква камера е направена и сл.**

Онлајн дебати и говор на омраза

Онлајн дебатите се важен дел од дигиталната комуникација и овозможуваат размена на идеи и ставови меѓу луѓе од различни средини. Тие можат да поттикнат критичко размислување и конструктивна дискусија, но истовремено можат да станат простор за говор на омраза. Говорот на омраза во онлајн средината често се јавува преку навредливи коментари, дискриминација и поттикнување негативни емоции, што може да има сериозни последици врз индивидуите и општеството. Препознавањето и спречувањето на говорот на омраза е клучно за создавање позитивна и безбедна онлајн комуникација, каде што различните ставови се изразуваат со почит и аргументи, наместо со напади и омаловажувања. Разбирањето на динамиката на онлајн дебатите и ефектите од говорот на омраза ни помага да бидеме одговорни дигитални граѓани и да придонесеме за поинклузивен и конструктивен медиумски простор.

Онлајн дебатите имаат позитивен одраз, овозможуваат размена на идеи и различни перспективи, поттикнуваат критичко размислување и аргументирана дискусија и ги поврзуваат луѓето од различни култури и средини. Сепак, имаат и негативни страни, тие често се претвораат во неосновани напади наместо конструктивна дебата, а анонимноста на интернетот може да доведе до агресивно однесување. Дополнително, лесно се шират дезинформации и манипулативни аргументи, што ја намалува вредноста на дискусиите и создава простор за погрешни интерпретации. Затоа, важно е да се одржи балансиран пристап во онлајн дебатите и да се промовира почит кон различните мислења.

Говор на омраза: како се препознава и како се спречува?

Што е говор на омраза? Говорот на омраза вклучува навредливи, дискриминаторски или запаливи изјави насочени кон одредени групи или поединци.

Како се препознава? Користење навредливи зборови или стереотипи. Поттикнување насилство или дискриминација. Намерно исклучување или омаловажување на одредени групи.

Како да се спречи? Модерирањето на содржината е клучно, затоа што платформите треба да имаат јасни правила за говор на омраза со цел да спречат ширење штетни и дискриминаторски пораки. Покрај тоа, едукацијата за медиумска писменост игра важна улога бидејќи корисниците треба да знаат како да го препознаат говорот на омраза и да реагираат на него. Дополнително, пријавувањето на штетни содржини е механизам што го нудат социјалните мрежи, овозможувајќи им на корисниците да сигнализираат несоодветни објави и коментари, со што се одржува побезбедна и конструктивна онлајн средина.

Анализа на онлајн дебатата: говорот на омраза и медиумската писменост

1. **Контекст на дебатата**

   Дебатата се фокусира на одговорноста на платформите за кориснички содржини и ширењето на говорот на омраза. Истражувањата покажуваат дека младите се ранливи на дезинформации и говор на омраза, што укажува на потребата од поголема едукација за критичко размислување. Европскиот акт за дигитални услуги (DSA) и други меѓународни политики се споменати како можни решенија за регулирање на онлајн содржините.

2. **Елементи на говор на омраза во дебатата**

   Навредливи коментари – интернет порталите често не ги модерираат коментарите што содржат говор на омраза. Дигитално „тролање“ – намерно провоцирање на корисниците преку употреба на навредлив и распалувачки говор. Дезинформации – некои корисници користат лажни или искривени информации за да поттикнат негативни емоции.

3. **Објективност наспроти пристрасност во дебатата**

   → Објективност – дебатата ги разгледува различните перспективи, вклучувајќи ги и регулаторните мерки и потребата од едукација.

   → Пристрасност – некои коментари фаворизираат одредени групи и користат емоционален тон за да влијаат врз читателите.

Дебатата покажува дека говорот на омраза е сериозен проблем, особено кај младите корисници на интернет. Потребни се механизми за модерирање на содржините и поголема едукација за медиумска писменост. Регулаторните мерки како *Европскиот акт за дигитални услуги* можат да помогнат во намалување на говорот на омраза.

Пример: Говор на омраза на социјалните мрежи

Ситуација: На социјалните мрежи се појавува коментар под објава за спортски натпревар: „Овие играчи се катастрофа! Треба да ги исфрлат од тимот, не знаат ништо! Срамота за нашата земја!“

→ Анализа на говорот на омраза

Навредлив тон – коментарот користи зборови што омаловажуваат и дискредитираат група луѓе.

Генерализација – сите играчи се претставени како „катастрофа“, без аргументи или факти.

Поттикнување негативни емоции – наместо конструктивна критика, коментарот создава негативна атмосфера.

→ Како да реагираме?

Културен одговор – „Секој тим има добри и лоши моменти. Наместо да навредуваме, можеме да ги поддржиме или да дадеме конструктивна критика.“

Пријавување на содржината – социјалните мрежи имаат опција за пријавување на говор на омраза.

Едукација за медиумска писменост – разбирање дека критиката треба да биде аргументирана, а не навредлива.

Говорот на омраза често се појавува во секојдневни ситуации, но важно е да знаеме како да го препознаеме и да реагираме на него.

Пример: Говор на омраза во онлајн дискусија

Ситуација: Во онлајн дискусија за музички стилови, некој коментира: „Сите што ја слушаат таа музика се глупави и немаат вкус! Треба да престанат да ја слушаат, само ја уништува културата!"

→ Анализа на говорот на омраза

Навредливи зборови – коментарот користи зборови како „глупави" за да ги омаловажи луѓето што имаат различен вкус. **Дискриминација врз основа на вкус** – наместо да се почитува различноста, се напаѓаат луѓето што слушаат одреден музички стил. **Негативно влијание** – овој тип на коментари може да ги натера луѓето да се чувствуваат несигурно за своите избори.

→ Како да реагираме?

Позитивен одговор – „Секој има право на свој музички вкус. Наместо да критикуваме, можеме да споделиме што ни се допаѓа и да научиме нешто ново."

Едукација за толеранција – разбирање дека различноста е дел од културата и треба да се почитува.

Задача за час:

1. Анализа на говор на омраза

Цел: Учениците да научат како да препознаат говор на омраза и да реагираат конструктивно.

Инструкции: Прочитајте го следниот коментар: „Сите што играат видеоигри се мрзливи и никогаш нема да постигнат ништо во животот! Треба да престанат да губат време!"

Одговорете на следните прашања:

- Кои зборови во коментарот покажуваат говор на омраза?
- Како би требало да реагирате на овој коментар за да го намалите негативниот тон?
- Зошто е важно да се почитуваат различните интереси на луѓето?
- Напишете позитивен коментар што би можеле да го поставите наместо навредливиот.

Речник на помалку познати зборови

автентичен – оној што е изворен, оригинален, од грчкото авто – сам, свој, личен;

антрополошки – човек, човечки, за човекот – од грчки *антропос*;

архонт – владетел, поглавар;

аскетски живот – испоснички, покајнички, богоугоден живот;

аспект – агол на гледање, изглед, поглед – од латински *аспектус*;

астрономија – наука за небесните тела – од латински *астра* – ѕвезда, *номен* – име;

афоризми – кратки изреки;

белетристика – секаков вид убава литература;

битие – она што секогаш постои, суштествува. Трајната суштина на нештата кои се појавуваат во разни облици;

варијација – нешто слично, со мали разлики;

генеалогија – настанување, проучување на семејно стебло;

дидактички – поучен, оној од кого може да се извлече поука;

дилема – двоумење, избор меѓу две можности;

егзистенцијално – што се однесува на живејачката/постоењето, од животно значење;

есхатолошки – последен, краен, од грчки есхатос. Она што се однесува на крајот на светот;

елементарен – едноставен, што не е сложен;

егзистенција – живејачка, постоење;

жиг – печат;

индивидуализам – стремеж за осамостојување на поединецот во однос на општеството; издвоеност, себичност;

инерција – мирување, неподвижност или дејствување без мотив, праволиниско движење;

институција – здружение, установа, завод, закон, уредување од латински *институцио*;

интуиција – чувство со кое се насетува вистината, остроумност;

катакомби – подземни ходници;

катарза – прочистување на духот;

кодекс – закон, прифатени правила;

концентрира – сосредоточува, собира на едно место;

космогонија – настанување на светот;

космос – свет, вселена, од старогрчки *космос*;

култура – обожавање, во поширока смисла сè што создало умното човештво, а се разликува од природата, од латински култ;

микрокосмос – мал космос, човекот се сметал за космос во мало, особено во тајните науки и во митологијата;

милениум – илјадалетие, од латински *милле* – илјада;

минеј – литургиска книга во која се поместени служби и други текстови посветени на црковните празници и христијанските светители;

мистика, мистично – искуство што не може научно да се објасни, а сепак човекот го доживува, од грчкиот корен *мист*, таинствено, тајно;

морал, морално – она што е чесно, правилно, доблесно, спротивно на нечесното;

музи – натприродни суштества кои ги вдахновувале луѓето, придружнички на богот на уметноста, Аполон;

нарација – раскажување;

наративно – раскажувачко;

наратор – раскажувач;

номоканон – зборник со правна содржина во која се соединети нормите на световното и црковното право;

октоих – богослужбена книга во која песните се поделени на осум гласови, од старогрчкото *октоих* – осмогласник;

оптимизам – најдобро, она што се однесува на најдоброто, начин на мислење на најдоброто, од латински *оптимум*;

оратор – говорник,од латинското *оратор*;

оригинален – изворен, посебен, единствен од лат. *оригис* – извор;

откровение – свето искуство во кое Бог ги пренесува своите пораки, подоцна пишан текст со свето значење;

панегирик – зборник со слова за поголемите празници во годината;

паримејник – книга што содржи паримии (четива од Стариот завет);

паримија – четиво од Библијата што се чита на вечерната богослужба спроти поголеми празници;

перспектива – изгледи за иднината или можност да се направи нешто; подобар поглед на работите;

песимизам – начин на мислење на најлошото, неверување во иднината;

полис – град на старогрчки;

прагматично – она што е практично, што се однесува на практиката и е корисно;

предлошка (литературна) – текст што послужил како извор на дадената литературна творба;

пролог – зборник со кратки житија и раскази за поважни христијански празници;

псалми – црковни песни од составот на псалтирот;

психолошки – она што се однесува на внатрешниот живот, не на телото на човекот, од грчкото *психе* – душа;

религија – повторно поврзување (со изворот на светот), особен поглед на светот во кој со целокупното постоење управува обмислена интелигенција Бог од латинското *религио*;

реплика – одговор;

ритуал или обред – свет, симболичен чин во кој се отелотворува митолошката приказна;

санскрит – еден од најстарите запишани јазици на светот, од него се истражува основата за индоевропската група јазици;

симбол – знак што означува поим, знак што поврзува, што обединува од старогрч. *симболо* (обратно од *диаболо* – разделува, раздвојува);

скиптар – жезло што го носеле царевите како знак за владетелска моќ;

стихира – кратка химнографска форма која се развила врз основа на припевите кон псалмите;

стихирар – химнографски зборник во кој се поместени стихири за разни денови во годината;

теологија – наука за Бог, од старогрчки *теос* и *логос*;

технологија – вештина, вешто произведено од човештвото, од грчки *техне*;

типик – зборник во кој се даваат упатства за извршувањето на црковната служба; традиција, традиционално – она што како вредност е потврдено во времето, прифатено за вредно, значајно и правилно;

трансформација – преобликување, видоизменување;

триод – литургиски зборник кој содржи песнопенија за деновите од подвижниот круг на црковната година;

синкретизам – сè уште неразлачено единство, првична маса од која се издвојуваат посебни нешта;

универзален – општоприфатен, сеопшт, сеопфатен;

фабула – приказна, од латинското *фабула*;

фарисеј – одвоен член од религиозно-политичка група кај Евреите од 2 век пр. н. е. кој бил за строго проповедање на Мојсеевиот закон; лицемер;

физичко, физички – она што е појавно, материјално и видливо од грчкото *физис*;

филозофија – љубов кон мудроста, од грчките зборови *филос* – љубов, *софија* – мудрост; наука за крајните вистини;

фолклор – уметност создадена од народот, од германското *фолк* – народ;

форма – облик на грчки;

хаос – безредие, без поредок, кога не се знае што е важно и што е вредно, спротивно на космос;

хомилијар – зборник од проповеди (хомилии);

хронологија – линеарно во времето, од грчкото *хронос* – време;

хуманистички, хуман – човечен, добар, од латинското *хомо* – човек;

хумор – смешно, духовито;

циклично – кружно, што се повторува во одреден интервал: Месечевите мени, приливот и одливот, месеците, деновите во неделата итн.;

циклус – круг, она што се повторува на ист начин; часови – делови од секојдневното богослужение меѓу *утрената* и *вечерната* богослужба (први, трети, шести и деветти час).

Користена литература

Тема 1: ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

Бојковска С., Минова-Ѓуркова Л., Пандев Д., Цветковски Ж., 1997. *Македонски јазик за средното образование*. Просветно дело, Скопје.

Велев, И. 2025. *Континуитетот на македонската културноисториска традиција и современост*. Скопје.

Конески, Бл. 1981. *Историја на македонскиот јазик*. Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, Скопје.

Конески, Бл. 1996. *Граматика на македонскиот литературен јазик*. Просветно дело, Детска радост, Скопје.

Македонски споменици со глаголско и со кирилско писмо, 2008. (Илија Велев, Лилјана Макаријоска, Емилија Црвенковска), ИМЈ „Крсте Мисирков", Скопје.

Правопис на македонскиот јазик, 2017. (Цветковски, Живко, гл. редактор), Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков", Друштво за издавачка дејност „Култура".

Савицка, И. и др. 2021. (И. Савицка, Б. Геразов, В. Лаброска, А. Цихнерска, А. Травињска). *Фонетика и фонологија на македонскиот стандарден јазик, Супрасегментална фонетика и фонологија*. МАНУ, Скопје.

Савицка, И. и др. 2022. (И. Савицка, А. Травињска, В. Лаброска, А. Цихнерска, Б. Геразов). *Фонетика и фонологија на македонскиот стандарден јазик, Сегментална фонетика и фонологија*. МАНУ, Скопје.

Угринова-Скаловска, Р. 1979. *Старословенски јазик*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

Тема 2: ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

Кирилична

Алигиери, Д. 1988. *Пеколот*. Мисла, Скопје.

Андреев, Љ. 1990. *Општа теорија на литературата*. Македонска книга, Скопје.

Бикај, М. 2003. *Библијата, Куранот и науката*. Логос-А, Скопје.

Велев, И. 2005. *Византиско-македонски книжевни врски*. Илија Велев, Скопје.

Витанова Риганчева, А. *Скрипта по македонска народна книжевност*. Универзитет „Гоце Делчев", 152 стр., 2023. https://eprints.ugd.edu.mk/31669/

Гилгамеш: сумерско-вавилонски еп, 2006. Матица македонска, Скопје.

Димитру, Ј. (избор) 1991. *Македонска лирска фаланга: антологија на современата македонска поезија*. Култура, Скопје.

Дрваров, Д. 2000. *Уметноста на говорот: сценски говор, говорна интерпретација на уметнички текст* [основен учебник]. Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

Ѓурчинова, А., Узуновиќ, Л. 2011. *Италијанска книжевност од XIII до XVI век*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

Ѓуриќ, Н. Милош. 1986. *Историја хеленске књижевности*. Завод за уџбенике и наставна средства, Београд.

Капушевска-Дракулевска Л., Бојациевска М. (прир.) 1994. *Антологија на светската лирика низ македонскиот препев*. Македонска книга, Скопје.

Конески, Бл. 1986. *Блажена гора зелена: антологија на македонска народна лирика*. Македонска книга, Скопје.

Лукач, Ѓ. 1978. *Теорија на романот*. Македонска книга и др., Скопје.

Миловска, Д. (прир.). 1996. *Македонски житија: IX-XVIII век*. Табернакул, Скопје.

Митевски, В. 2001. *Античка епика: Хелада и Рим*. Матица македонска, Скопје.

Младеновски, Р. 2014. *Практикум по теорија на поезијата*. Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

Младеновски, Р. 2018. *Теорија на книжевноста*. Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

Мекдоналд, М. и др. 1996. *Теорија на прозата*. Детска радост, Скопје.

Ќулавкова, К. 1984. *Фигуративниот говор и македонската поезија*. Наша книга, Скопје.

Ќулавкова, К. (прир.) 1996. *Црни овци: антологија на светскиот расказ*. Детска радост, Скопје.

Ќулавкова, К. 1999. *Теорија на книжевноста*. Култура, Скопје.

Ќулавкова, К. (прир.) 2007. *Поимник на книжевната теорија*. МАНУ, Скопје.

Младеновски, Ранко. *Теорија на книжевноста*. Универзитет „Гоце Делчев", 270 стр., 2018. https://e-lib.ugd.edu.mk/755

Наневски, Д. 1990. *Македонска поетска уметност: избрани студии и есеи*. Култура, Скопје.

Николовска, В. 2012. *Култура на изразувањето*. В. Николовска, Скопје.

Николовска, Е. (прир.) 2003. *Македонска народна поезија и проза*. Матица македонска, Скопје.

Охридски, Климент св. 1996. *Похвали и поуки*. Табернакул, Скопје.

Пандев, Д. 2004. *Говорење и пишување: вештини [изборен предмет за втора година гимназиско образование]*. Просветно дело, Скопје.

Петрарка, Ф. 1997. *Од Канциерот*. Детска радост, Скопје.

Поленаковиќ, Х. 1988. *Во мугрите на словенската писменост*. Македонска книга, Скопје.

Поленаковиќ, Х. 2007. *Избрани дела (1-7)*. Култура, Скопје.

Поп-Атанасов, Ѓ. 1989. *Речник на на старата македонска литература*. Македонска книга, Скопје.

Поп-Атанасов, Ѓ., Велев, И, Јакимовска-Тошиќ, М. 2004. *Творци на македонската литература (IX-XVIII век)*. Институт за македонска литература, Скопје.

Поспелов Н., Шаблиовски П., Зерчанинов А., 1947. *Руска књижевност Кн. 1*. Просвета, Београд.

Саздов, Т. 1970. *Преглед на македонската народна проза*. Култура, Скопје.

Саздов, Т. 1997. *Усна народна книжевност*. Детска радост, Скопје.

Силјан, Р. (прир.). 1989. *Македонска поезија XIX век*. Македонска книга, Скопје.

Софокле. 1991. *Ојдип тиранин; Ојдип на Колон*. Мисла, Скопје.

Стаматоски, Т. (гл. уред.) и др. 1986. *Климент Охридски: студии*. Одбор за одбележување на 1100-годишнината од доаѓањето на Климент во Охрид и формирањето на Охридската школа за словенска култура и писменост, Скопје.

Стојчевска-Антиќ, В. 1988. *Пораки од дамнина*. Наша книга, Скопје.

Стојчевска-Антиќ, В. 1997. *Македонската средновековна книжевност*. Детска радост, Скопје.

Тадић, Д. 2013. *Основе креативног писања*. Cekoms, Београд.

Тодоров, Ц. 1998. *Поетика*. Детска радост, Скопје.

Тодоровски, Г. 1990. *Македонската книжевност во XIX век*. Наша книга, Скопје.

Тодоровски, Г. 2004. *Книга за Џинот*. Матица, Скопје.

Шваб, Г. 2004. *Најубавите митови*. Просветно дело, Скопје.

Латинична

Brend, D. 2004. *Kreativno pisanje*. Babun, Beograd.

Buchberger, I. 2023. *Kritičko mišljenje: peace, love & rock and roll [priručnik za edukatore]*. Udruga za razvoj visokoga školstva Universitas, Rijeka.

Francuska književnost (1, 2, 3/1, 3/2), 1976-1982. Sarajevo: Svjetlost; Beograd: Nolit; Beogradski izdavačko-grafički zavod.

Kohan, Semjanovič P. 1959. *Istorija stare Grčke književnosti*. Veselin Masleša, Sarajevo.

Njemačka književnost (1, 2), 1979-1987. Sarajevo: Svjetlost; Beograd: Nolit.

Povijest svjetske književnosti (1-7), 1982. Mladost, Zagreb.

Ristić, S. 1984. *Mit i umetnost: leksikon*. Vuk Karadžić, Beograd.

Solar, M. 1979. *Teorija književnosti*. Školska knjiga, Zagreb.

Živković, D. (ur.). 1992. *Rečnik književnih termina*. Nolit, Beograd.

Žužul, Ivan. „Razvoj drame od početaka do danas kroz metodički osvrt", *Život i škola, br. 13 (1/2005)*: 16-33. https://hrcak.srce.hr/en/file/39675

Тема 3: МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Лахтов, М. 2023. *Прирачник за работа на училишните медиумски клубови* [онлајн]. Достапно на: https://mim.org.mk/wp-content/uploads/2024/05/MIM-Prirachnik_za_rabota_na_uchilishnite_mediumski_klubovi-4f2.pdf.

Никодиноска, В. 2021. *Истражување: Професионалното новинарство и медиумската писмена јавност – клучни за зголемување на довербата во медиумите* [онлајн]. Достапно на: https://mim.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/Izvestaj_istrazuvanje_doverba-d93.pdf.

Никодиноска, В. 2020. *Истражување: Политичка и економска основа на медиумските и на комуникациските модели што шират дезинформации и говор на омраза* [онлајн]. Достапно на: https://seenpm.org/wp-content/uploads/2020/09/Resilience-publication-1-NMK-national-language.pdf.

Прирачник за обучувачи: Учиме да распознаваме [онлајн]. Достапно на: https://mim.org.mk/wp-content/uploads/2025/03/l2d-trainers-manual-n-macedonia.pdf.

Прирачник за образование и обука по новинарство: Новинарство, „лажни вести" и дезинформации [онлајн]. Достапно на: https://mim.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/Priracnik-za-obrazovanie-i-obuka-po-novinarstvo-c39.pdf.

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3(075.3)
82(075.3)

МАКЕДОНСКИ јазик и литература I: учебник по предметот Македонски јазик и литература за I (прва) година гимназиско образование / Веселинка Лаброска... [и др.]. – Скопје: Арс Ламина – публикации, 2025 (Скопје: Бранко Гапо). – 336 стр.: илустр.; 200x270 мм

Останати автори: Емилија Величкова, Тања Андонова-Митревска, Наташа Ацевска. – Користена литература: 333-335. – Содржи и: Речник на помалку познати зборови

ISBN 978-608-259-768-3

1. Лаброска, Веселинка [автор] 2. Величкова, Емилија [автор]
3. Андонова-Митревска, Тања [автор] 4. Ацевска, Наташа [автор]

COBISS.MK-ID 66770181